архивисти

историја

документи

архивистика

МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ

Број 35-36
2024

Списание на Државниот архив на Република Северна Македонија

Редакциски одбор / Editorial Board

Марјан Гијовски (секретар) / Marjan Gijovski (secretary)
Јасмина Дамјановска (Главен и одговорен уредник) / Jasmina Damjanovska (Editor-in-chief)
Наташа Диденко / Natasha Didenko
Васко Дукмеџиев / Vasko Dukmedjiev
Армен Жарноски / Armen Zharnoski
Марјан Иваноски / Marjan Ivanoski
Данијела Трајковска-Крстиќ / Danijela Trajkovska-Krstikj
Невен Радически / Neven Radicheski
Светлана Успрцова / Svetlana Usprcova

Меѓународен редакциски одбор / International Editorial Board

Ен J. Гилиланд / Anne J. Gilliland (Los Angeles)
Милена Петкова Енчева / Milena Petkova Encheva (Sofija)
Влатка Лемиќ / Vlatka Lemić (Zagreb)
Александар Стикалин / Aleksandar Stikalin (Moskva)
Бојан Цвелфар / Bojan Cvelfar (Ljubljana)

© Државниот архив на Република Северна Македонија за ова издание. Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми, или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ

Година XXVIII
Број 35 – 36

Скопје, 2024

СОДРЖИНА

СТАТИИ

Емел Шериф-Мифтар:
Фотографијата како архивски материјал за културното наследство: Македонија низ збирката албуми „Јилдиз“ на султанот Абдул Хамид II 9

Благица Пеливанова и Емил Пеливанов:
Анализа на регистарот за одгледување свилена буба во нахијата Пијанец во составот на Османлиската Империја во последната четвртина од XIX век ..33

Здравко Стојкоски:
Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија и нејзината актуелност 47

Ивана Хаџиевска:
Фонд 904 „ОО АФЖ – Ресен“: Архивските фондови во светлината на одбележувањето на 80 години од формирањето на АФЖ на Македонија (студија на случај) 57

Евгениј Литовски:
Турнејата на Димитар Влахов во Пиринска Македонија и Бугарија во октомври – ноември 1947 г. 95

Сашо Додевски:
Лоренс Иглбергер (Лоренс од Македонија) – дипломат и хуманист 107

Наташа Диденко:
Самоуправното планирање на културно-уметничките дејности во Општината Охрид низ необјавен архивски материјал на Самоуправната интересна заедница за култура – Охрид (1986 – 1990).....123

CONTENTS

ARTICLES

Emel Sherif-Miftar:
The Photograph as Archival Material of Cultural Heritage: Macedonia through Yildiz Albums Collection by Sultan Abdul Hamid II 9

Blagica Pelivanova and Emil Pelivanov:
Analysis of the Register for Silkworm Breeding in the Nahiyah of Pijanec as part of the Ottoman Empire in the Last Quarter of the 19th century 33

Zdravko Stojkoski:
ASNOM Declaration on the Basic Rights of the Citizen of Democratic Macedonia and its Contemporariness 47

Ivana Hadjievska:
Fund 904 "OO AFŽ – Resen": Archive Funds in the Light of Celebrating the 80th Anniversary of Establishment of AFŽ of Macedonia
(Case Study) 57

Evgenij Litovski:
The Tour of Dimitar Vlahov through Pirin Macedonia and Bulgaria in October – November 1947 95

Sašo Dodevski:
Lawrence Eagleburger (Lawrence of Macedonia) – Diplomat and Humanitarian 107

Nataša Didenko:
The Self-administrative Planning of the Cultural and Artistic Activities in the Municipality of Ohrid through the Unpublished Archive Material of the Self-administrative Interested Association on Culture – Ohrid (1986 – 1990) 123

Дејвид Гнифке:
Со мала помош од пријателите – Дигитализација и индексирање на матичните книги (Personenstandsregister) во Хесенскиот државен архив 139

ПРИЛОЗИ И МАТЕРИЈАЛИ

Марија Третјакова:
Архивски материјал од Државниот архив на Руската Федерација за и од Крсте Петков Мисирков 157

Борче Ценев:
Доселувањето на македонските семејства од Егејска Македонија во Струмичко, 1949 – 1951, фонд 7, Околиски народен одбор – Струмица 203

Данијела Трајкова-Крстиќ:
Омаж за Анте Поповски
(3 јуни 1931, с. Лазарополе – 1 октомври 2003, Скопје) 241

Васко Дукмециев:
Списанието „Македонски архивист“ 1972 – 2024 251

Марија Дурлова:
Одбележување на 70-годишнината од формирањето на битолскиот Архив и промоција на монографското издание „Битолски архивски хронотоп – 70 години Архив Битола“ 259

ИЗЛОЖБИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ ВО 2024 263

ПУБЛИКАЦИИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ
(список на објавените трудови во 2024) 303

ХРОНИКА НА НАСТАНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ
во периодот декември 2023 – ноември 2024 305

Ин меморијам 311

David Gniffke:
With a Little Help from our Friends – Digitizing and Indexing of the Civil registers (Personenstandsregister) in the Hessian State Archives 139

ADDENDUMS AND MATERIALS

Maria Tretyakova:
Archive Material of the State Archives of the Russian Federation on and from Krste Petkov Misirkov 157

Borče Cenev:
The settlement of Macedonian Families from the Aegean Macedonia in the region of Strumica, 1949 – 1951, fund 7, District Popular Committee – Strumica 203

Danijela Trajkova-Krstić:
Homage on Ante Popovski
(3 June 1931, village of Lazaropole – 1 October 2003, Skopje) 241

Vasko Dukmedjiev:
The Makedonski Arhivist Magazine 1972 – 2024 251

Marija Durlova:
Celebrating the 70th anniversary of the establishment of the Bitola Archives and promotion of the monograph publication "Bitola Archival Chronotope – 70 years of the Bitola Archives" 259

EXHIBITIONS OF THE STATE ARCHIVE IN 2024 263

PUBLICATIONS OF THE STATE ARCHIVES
(list of published works in 2024) 303

CHRONICLE OF EVENTS OF THE STATE ARCHIVES
in the period of December 2023 – November 2024 305

In memoriam 311

СТАТИИ

UDK 930.85:77(497.7)”1862/1917”(084.12)

Emel Sherif Miftar[1]

THE PHOTOGRAPH AS ARCHIVAL MATERIAL OF CULTURAL HERITAGE: MACEDONIA THROUGH YILDIZ ALBUMS COLLECTION BY SULTAN ABDUL HAMID II[2]

Апстракт: Фотографијата, како архивски материјал за културното наследство, претставува примарен извор за историчарите, овозможувајќи директен физички доказ за одреден историски момент. Султанот Абдул Хамид II (Abdulhamid II) го користел фотографирањето како доказна алатка од различни аспекти, особено како материјал за промовирање на Османлиската држава. Тој испраќал албуми со фотографии до многу држави и институции како библиотеката на Американскиот Конгрес и Британската музејска библиотека во Англија. Со тоа што фотографијата била доста користена за време на неговото владеење од Османлиската палата Јилдиз (Yildiz Sarayi), бил формиран многу значаен и импресивен албум со фотографии, познат како Колекцијата од Јилдиз или Архивата на Султанот Абдул Хамид II – која денес се наоѓа во Универзитетската библиотека во Истанбул, а негативите од оваа колекција се чуваат во Истражувачкиот центар за Исламска историја, уметност и култура (ИЦИИУК – IRCICA).

Оваа колекција го опфаќа периодот 1862 – 1917 г. и се состои од 962 албуми и 28.599 квадрат-принтови кои може да се класифицираат според различни наслови. Фотографиите потекнуваат од целиот свет, а најмногу биле направени во Истанбул, односно во градови од Османлиските територии.

Целта на овој труд е да даде краток преглед и да се фокусира на важните фотографии поврзани со Македонија во Колекцијата на албуми од Јилдиз собрани од Султанот Абдул Хамид II. Претставени се 37 фотографии од албумот како значаен архивски материјал од интерес за прикажување на историските и социјалните случувања од минатото.

[1] PhD in Historical Sciences, Assoc. Prof. at the Institute of National History in Skopje, e-mail: e.miftar2018@gmail.com

[2] This research was presented at ICARUS Convention #31, *Common Archival Heritage - Preservation, Accessibility, Digitization*, November 8-10, 2023, Skopje-Ohrid.

Клучни зборови: фотографија, архивски материјал, културно наследство, Султан Абдулхамид II, колекцискиот албум од Јилдиз

Photography in the mid-1800s was considered to be a technique where light was used to record the images of objects on light-sensitive surfaces. This technique, as the essence of photographing, was first developed by contribution of many scientists in this field, including the Frenchman Joseph Nicephore Niepce (1765 – 1833), Louis-Jacques-Mandé Daguerre (1787 – 1851), the Englishman William Henry Fox Talbot (1800 – 1877) and few others.[3]

The name photograph is a blend of the Latin words *photos* (light) and *graph* (picture), being used as such for the first time by John Herschel. He proposed to William Henry Fox Talbot to use this word and for the first time the word was used in the article written by Johann von Maedler, who was in correspondence with Herschel. The article where the word was used for the first time was published in *Vossiche Zeitung* in February 25, 1837 in Berlin.[4]

The general problem of photographs was that they were changing color when the materials were exposed to light, and the photographs produced in the darkroom were not permanent. This problem was sorted out by Joseph Nicephore Niepce in 1825. His method needed several hours of exposure under strong daylight.[5] Soon after, together with Louis-Jacques-Mandé Daguerre, they started searching for a new method, but in 1833, Joseph Nicephore Niepce died. Daguerre continued his research in this field, and in 1839 he found a method for producing a permanent positive, called *Daguerreotype*. This method, compared to the older one, was much easier and needed only a few minutes of exposure.[6] The new discovery was announced worldwide by François Arago, a scientist from the French Academy of Sciences, on 19 August 1839, with the following words: "Dear Sirs, nature was pasted onto a surface by means of light. Founder: Daguerre, found: Daguerreotype."[7]

Similar to Daguerre, William Henry Fox Talbot discovered another method called Calotype, which was producing indefinite number of positives. Talbot patented his invention, called *Calotype* (in Greek: beautiful method), on February 8, 1841.[8] Talbot has two great achievements: firstly, he achieved creating negative images on paper; secondly, he managed to get countless positives by using the negative image, which made photographing a tool of making copies. This technique created the most

[3] Özer Kanburoğlu, *A'dan Z'ye Fotoğraf*, Say Yayınları, İstanbul, 2007, 25.
[4] Serkan Dora, *Büyüyen Fotoğraf Küçülen Sosyoloji*, Babil yayınları, İstanbul, 2003, 100.
[5] Levend Kılıç, *Fotoğrafa Başlarken*, Dost Kitabevi Yayınları, Ankara, 2007, 19.
[6] Ibıd, 20.
[7] Ibıdem.
[8] Ö. Kanburoğlu, *A'dan Z'ye Fotoğraf ...,* 29.

remarkable photographs of the 19th century and today, it has become a major branch of the industry.[9]

In 1852, a French production engineer, Ernest de Caranza, came to Istanbul and by using the Calotype technique, he took many photos in Anatolia and prepared an album which he gifted to the Sultan of that period, consequently being awarded medals for his work. Caranza prepared an album with 55 photographs, and during his stay in Istanbul, he was given the title "Photographer of the Sultan".[10]

In general, in 1880s, studio photography began to increasingly spread out in the centers outside the capital of the Ottoman Empire, such as in the Balkans, Anatolia, Syria, Palestine and Iraq. Almost all of the established studios were run by Armenian and Greek photographers, including Emanuel Foscolo and Dimitri Mihailidis in Edirne; Paul Zepdji[11], Gamliel and Baubin in Thessaloniki; Manaki Brothers[12] in Bitola; and Pietro Marubbi, as one of the leading names in studio photography, operating regularly in Skoder.[13]

Photography on the Balkans became known mainly through the local press and western mobile photographers by 1880s. As foreign photographers started to open their own studios on the Balkans, the local photographers were trained and their popularity grew in the area. In Albania - Marubbi with Italian origin, and in Greece – a French photographer, Philibert Perraud, were the pioneers of photographing. The rulers of the Balkan countries, such as the Greek, Roman and Serbian kings, appreciated and supported the invention of photography. The founder of modern Romania, Carlo I, was especially renown for his support of the photographers.[14]

[9] Ibıd, 21.

[10] Engin Özendes, *Türkiye'de Fotoğraf*, Tarih Vakfı Yayınları, İstanbul, 1999, 11.

[11] Paul Zepdji, was Armenian, mostly known as "The photographer of Thessaloniki", who in the early 1870s settled in Thessaloniki and photographed people, streets, rail stations, the construction of railways, bridges, workers while working on construction of railways, etc., for the following decades.

[12] The Manaki Brothers were born in a small family in the Kostur region of Greece, in a village known as Avdela during the Ottoman rule there. Their families were wealthy landowners, and their parents were cattle traders and financiers. They both attended Romanian primary school in Avdela. Milton studied in the Romanian High School in Janja, whereas Janaki studied in the Romanian High School in Bitola. They started to work together in 1898. While Janaki (1878 – 1954) was lecturing in a high school in Janja, the younger brother Milton (1882 – 1964) opened his own photo studio. Later, in 1905, they moved to Bitola and opened their famous photography studio in Bitola that was an important political, economic and cultural center for the Balkans at that time. In 1906, they participated in the Great World Exhibition in Sinai (Romania) at the invitation of King Carol I of Romania. They won a gold medal for their photography collection they showcased there, and were awarded with the title *Photographer of Carol I*. With their extraordinary photographing skills, they took photos of important figures, such as Sultan Mehmet Reshat, famous rebels who revolted against the State, etc. 18,513 negative films of the Manaki Brothers, 7,715 of which are glass, are stored in the Regional Directorate of the Macedonian State Archive in Bitola. Milanka Todić, "Ottoman Empire: European (Bulgaria, Serbia, Macedonia, Albania and Bosnia)", *Encyclopedia of ineteenth-Century Photography,* John Hannavy (ed.), Taylor& Francis Group, New York 2008, 1039.; Orhan M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda …, 60.

[13] Orhan M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda Balkanlar , Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, YTB yayınları, Ankara, 2022, 59.

[14] O. M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda ..., 59.

During the Ottoman rule in Balkan Peninsula in 19th century, Sultan Abdulhamid II (reigned from 1876 – 1908, and this period was known as 'Hamidian' period) was very interested in photography. He wanted to use photography in the utmost beneficial way, chiefly as a material to promote the Ottoman State worldwide. For this reason, Sultan Abdulhamid II sent albums to many countries, among which are the American Library of Congress and the British Museum Library in England[15]. [16] As photography was widely used in his period by the Ottoman Palace-Yildiz Sarayi, a very valuable and monumental photograph album was created, named as Yildiz Collection or Sultan II Abdulhamid Archive, which today is found in the Istanbul University Library collection, and the negative copies of this collection are kept in the Research Centre for Islamic History, Art and Culture (IRCICA).[17] The project for digitization of these photographs is still ongoing. At *Rare Books Library of Istanbul University*, under the *Catalog* title, at *Photography Albums*, these extraordinary photographs are accessible if searched by *index of Photography Albums,* either with topics given by alphabetical order or by location number.

Yildiz album Collection, created by Sultan Abdulhamid II, represents a primary source for the researches that intend to study the period of transition in the Balkans from 19th to the 20th century from various aspects. More precisely, this collection covers the period from 1862 to 1917, and it consists of 962 albums, including duplicates and 38,599 squares, photos, among which 2,000 are gravure, a few are printed and most of them are original photos, that could be classified as follows: 1- Various settlements; 2- Various architectural works, various buildings; 3- Industrial, sanitary, agricultural establishments, education and training institutions, health institutions, etc.; 4- Reconstruction activities, railway and bridge constructions; 5- Individuals; 6- Tradition and traditional activities; 7- Some activity reports; 8- Inventory; 9- Detections related to trips; 10- Manufacturing and sales catalogues of goods; 11- Mainly photographs of horses and farm animals; 12- Weapons catalogues; 13- Ship photographs; 14- Versatile photographs that can be grouped under various headings. These photographs were shot from all over the world - from the United States of America to Japan, and mainly from Istanbul and the Ottoman territories.[18]

When comparing data about the era of photographing in the Ottoman state, what comes as a conclusion is that the Sultan Abdulaziz era could be considered the era of foreign photographers and the era in which domestic photographers were trained as well. In contrast, the era of Sultan Abdulhamid II is regarded as the era of the Ottoman photographers.[19]

---

[15] Engin Özendes, *Osmanlı İmparatorluğunda Fotoğrafçılık (1839 – 1919)*, İletişim Yayınları, İstanbul, 1995, 30.

[16] Orhan M.Çolak, "II. Abdülhamid Döneminde Vilayetleri Fotoğraflama Teşebbüsleri ve Fotoğrafçı Ahmed Fuad Bey", *Prof. Dr. Şevki Nezihi Aykut Armağanı*, Gülden Sarı Yıldız, Niyazi Çiçek, İshak Keskin, Sevil Pamuk (editors.), İstanbul 2011, 57-58.

[17] Orhan M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda ..., 58.

[18] Adnan Genç-Orhan M. Çolak, *Sultan II. Abdülhamid Arşivi İstanbul Fotoğrafları,* İBB Kültür Aş-IRCICA yay., İstanbul 2008, 44-46.

[19] Orhan M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda …, 58.

The Yildiz Album Collection represents a noteworthy archival material of cultural heritage, viewed as a primary source for historians and researchers that provides direct physical evidence of a historical moment. This album collection consists of many photographs that cover the Balkan countries, such as Albania, Bulgaria, Kosovo, Macedonia, Romania, Serbia and Greece. Among these photographs, namely 2,675 in total, there are no photographs regarding Bosnia-Herzegovina, probably due to the Austria-Hungarian rule on its territory in 1878. Most of the photographs in Yildiz Album collection related to Balkans are from Greece, 1,231 in total, and fewest in number are from Kosovo, 18 photographs in total. On the other hand, there are 452 photographs from Romania, 352 from Bulgaria, 204 from Montenegro, 156 from Albania, 118 from Serbia and 146 photographs from the territory of today's Macedonian state, the North Macedonia.[20]

In the second half of the 19th century, many mobile photographers from Serbia, Bulgaria, Turkey, Greece and Austria came to the territory of today's Macedonian state. In addition to photography, the people who first brought cinema to the Balkans were the brothers Yanaki and Milton Manaki.[21]

My paper aims to give a brief view and concentrate on the important photographs related to Macedonia in the Yildiz Albums collection by Sultan Abdulhamid II. I will be mainly presenting and shortly describing 37 photographs in the album, which are regarded as significant archival material of cultural heritage to evidence moments from the past. Among these photographs, there are 21 from Skopje, 5 from Bitola, 3 from Prilep, 3 from Štip, 3 from Veles, 1 from Kriva Palanka and 1 from Dojran. Accordingly, these photographs, representing different cities of today's Macedonian state, would give us a good sense of the historical moments from the past. Another fact is that these photographs provide evidence about some notable buildings that no longer exist, and photographs are the only remaining traces of them.

Some of the photograph titles and what exactly was represented about Skopje in the Yildiz Albums Collection by Sultan Abdulhamid II are as follows:

"The City Skopje" – where a general view of the city is shown.[22]

"Rumelia Railway-Thessaloniki-Skopje-Mitrovica line: Skopje" – with a general view of the city with the Skopje Station. Skopje Station was one of the most important stops of the Rumelia Railways.[23]

"View of the city from the Vardar river bank in Skopje. Year: 1901 – 1902" – on this photograph part of the general view of the city of Skopje from the Vardar River bank to Skopje Castle is taken.[24]

[20] Orhan M. Çolak, Yıldız Koleksiyonu'nda ..., 58.
[21] Ibıd, 60.
[22] Library of Rare Books at Istanbul University,further LRBIU, Code: 90436-0001.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yıldız Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 162-163.
[23] LRBIU, Code: 90635-0002.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 164.
[24] LRBIU, Code: 90623- 0020b.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 165.

"Military Hospital of the Old Castle in Skopje". Year: 1901 – 1902 – showing Skopje Castle rising along the Vardar River and a view of the military hospital built next to this building.[25]

"The large tree that remained in the Vardar Region". Year: 1901 – 1902 – in which a view of a century-old tree grown by the water of the Vardar River and part of the city is represented.[26]

"Vardar Port and Burmali Mosque". Year: 1901 – 1902 – portraying the historic Stone Bridge, the symbol of Skopje, on the banks of the Vardar River and the view of the Burmali Mosque (Karlı-İli Beyi Medmed Bey) which is not standing today.[27]

"Large wall bridge over Vardar in Skopje". Year: 1901 – 1902 – here, a view of Taskopru – (Fatih Sultan Mehmed) – Stone Bridge, which is built on the Vardar River and is dividing Skopje into two parts, is shown. This bridge represents a symbol of the city.[28]

"Wooden Bridge of the Vardar River in Skopje" – depicting the wooden bridge built on the Vardar River that connected the two sides of Skopje.[29]

"Skopje Government House" – a view of the government building and Mustafa Pasa Mosque from Skopje Castle is shown.[30]

"Municipality of Skopje and the rented shops in the Bazaar " – representing the building of the Municipality of Skopje and the shops rented that were in ownership of the municipality.[31]

"The Mosque of His Excellency Sultan Murad in Skopje" – with a view of the Sultan Murad Mosque, also known as the Hunkar Mosque built by Murad II.[32]

"Murad Pasa Mosque in Skopje" – with a view of Murat Pasa Mosque located in the historic bazaar of Skopje.[33]

"Gazi Isa-Bey Mosque in Skopje" – with a view of Isa-Bey Mosque, one of the most important temples in Skopje.[34]

"Gazi Yahya Pasha Mosque in Skopje" – a view of Gazi Yahya Pasa Mosque, one of the largest historical mosques – not only in Skopje, but also in the Balkans.[35]

"Faik Pasa Mosque in Hamidiye District, which was founded for settlers in Skopje" – showing a view of Faik-Pasa Mosque which was one of Skopje's most important temples and which does not exist today.[36]

[25] LRBIU, Code: 90623- 0020a.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 166.
[26] LRBIU, Code: 90623- 0021b.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 167.
[27] LRBIU, Code: 90623- 0021a.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 168.
[28] LRBIU, Code: 90623- 0019c.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 169.
[29] LRBIU, Code: 90436-0015.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 170.
[30] LRBIU, Code: 90436-0002.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 171.
[31] LRBIU, Code: 90436-0009.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 172.
[32] LRBIU, Code: 90436-0022.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 173.
[33] LRBIU, Code: 90436-0019.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 174.
[34] LRBIU, Code: 90436-0021.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 175.
[35] LRBIU, Code: 90436-0023.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 176.
[36] LRBIU, Code: 90436-0018.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 177.

"Mehmed Bey Mosque in Skopje" – showing a view of the Mehmed bey Mosque (Burmali) from the historic Taskopru (Stone Bridge) which does not exist today.[37]

"Military Hospital in Skopje" – with a view of the military hospital built in Skopje Castle, which does not exist today.[38]

"European Key Station in Skopje" – showing the railway station as a connecting line between Skopje and Western Europe railway network.[39]

"A picture of the school teachers, officers and students taken in front of the military school-Mekteb-i Rüşdi-i Askerî opened in Skopje in 1316" – which comprises of pictures taken in front of the military school in Skopje in 1901, with teachers and students on the photo.[40]

"A prayer ceremony that was held at the Hamidije Industrial School, which was completed and built in Skopje, Year: 1897".[41]

"Award ceremony for successful students at Skopje's Hamidije School, Year: 1897".[42]

Some of the photographs from Bitola are entitled as follows:

"General view of the city of Bitola and the view of the Artillery Barracks and its training area. Year:1901 – 1902."[43]

"The general view of the city of Bitola with the view of the Ishakiye and Yeni Cami Mosques and the clocktower Saat Kule, located in the city center."[44]

"General view of the government castle in Bitola and the Ishakiye Mosque. Year:1901 – 1902" – showing the government castle in Bitola and Ishakiye Mosque with the Turkish flag on it.[45]

"A photo taken with students and teachers of the School of Civil Service, which was built and opened in Bitola."[46]

"Market Square (Bitola), Year:1901 – 1902."[47]

Some of the photographs taken in Prilep are titled as follows:

"General view of Prilep, an important Turkish-Islamic city".[48]

"Part of the view of Prilep".[49]

[37] LRBIU, Code: 90436-0025.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 178.
[38] LRBIU, Code: 90436-0004.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 179.
[39] LRBIU, Code: 90436-0013.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 180.
[40] LRBIU, Code: 779-40-0006.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 181.
[41] LRBIU, Code: 779-92-0001.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 182.
[42] LRBIU, Code: 779-92-0015.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 183.
[43] LRBIU, Code: 90623-0013a.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 184.
[44] LRBIU, Code: 779-12-0016.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 185.
[45] LRBIU, Code: 90623- 0013d.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 186.
[46] LRBIU, Code: 779-73-0042.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 187.
[47] LRBIU, Code: 90623- 0015.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 188.
[48] LRBIU, Code: 779-12-0007.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 189.
[49] LRBIU, Code: 779-12-0005.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 190.

"Monastery at Prilep" Year: 1901 – 1902, a view of the Treskavec Monastery at Prilep is represented.[50]

Regarding the city of Veles, the selected photographs are titled as follows:

"Rumelia Railways – Thessaloniki, Skopje and Mitrovica line: The entire city of Veles" - where a general view of the city of Veles, divided in two by the Vardar River, is shown.[51]

"Rumelia Railways, Thessaloniki, Skopje and Mitrovica line: the City of Veles" – showing a view of the Rumelia Railways line passing through the city of Veles, which divides the city into two parts with the Vardar.[52]

"Rumelia Railways – Thessaloniki, Skopje and Mitrovica line: Veles Tunnel" – depicting the Rumelia Railway Tunnel passing by the Vardar River and the view of mansions of Veles.[53]

Relating to the city of Štip, the photographs are titled as follows:

"Rumelia Railways – Thessaloniki, Skopje and Mitrovica line: The entire city of Veles". Year: 1901 – 1902 – where a view of the Hotin stream in the general landscape of Štip is taken.[54]

"Ancient ruins of the castle in Štip and the Bregalnica River". Year:1901 – 1902 – showing a view of the ruins of the castle on the banks of the Bregalinca River in Štip.[55]

"A broad view of the Bregalinca Valley and the large bridge near Štip". Year:1901 – 1902 – depicting a view of the large stone bridge, non-existent today, built on the Bregalnica River near Štip and its valley.[56]

Lastly, our selection for the photographs from Kriva Palanka and Dojran are titled as follows:

"A broad view of the city of Palanka". Year: 1901 – 1902 – showing a general view of the city of Palanka, divided into two with Kriva River.[57]

"A general view of the city of Dojran, located on the edge of Dojran Lake".[58]

Upon observing the photographs that we have represented in this paper, we can conclude is that they depict the general concept of the photographs which were shot at the territory of today's Macedonian state and which are included in one of the most famous album collections, called Yildiz Album Collection by Sultan Abdulhamid II. The majority of the photographs were shot in Skopje and Bitola which were the administrative

[50] LRBIU, Code: 90623- 0022.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 191.
[51] LRBIU, Code: 90635-0003.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 192.
[52] LRBIU, Code: 90635-0004.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 193.
[53] LRBIU, Code: 90635-0009.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 194.
[54] LRBIU, Code No. 90623-0003b.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 195.
[55] LRBIU, Code: 90623-0004b.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 196.
[56] LRBIU, Code: 90623-0003c.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 197.
[57] LRBIU, Code: 90623-0007b.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 198.
[58] LRBIU, Code: 90498-0006.; Sultan II. Abdülhamid Han'ın ..., 199.

centers of the provinces of Kosovo and Bitola. However, there are still photographs of smaller, but attractive places, such as Dojran and its lake, and Kriva Palanka as one of the youngest cities in this territory settled by Ottomans.

Besides showing the mosques, schools, a monastery, hospitals, castles, a government house, bridges, rivers, shops, and, largely, city views in that period, there is also a special significance evident for the most modern transportation means at the time, the railway.

Therefore, the digitization of this kind of a primary source for examining history, i.e. the photograph, yields archival heritage of regional interest which sheds light on social and cultural atmosphere in the past.

REFERENCES

Çolak Orhan M., "II. Abdülhamid Döneminde Vilayetleri Fotoğraflama Teşebbüsleri ve Fotoğrafçı Ahmed Fuad Bey", *Prof. Dr. Şevki Nezihi Aykut Armağanı*, Gülden SarıYildiz, Niyazi Çiçek, İshak Keskin, Sevil Pamuk (editors.), İstanbul 2011.

Çolak Orhan M., "Yıldız Koleksiyonu'nda Balkanlar", Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, YTB yayınları, Ankara, 2022, 57-70.

Dora Serkan, *Büyüyen Fotoğraf Küçülen Sosyoloji*, Babil yayınları, İstanbul, 2003.

Engin Özendes, *Osmanlı İmparatorluğunda Fotoğrafçılık (1839 – 1919)*, İletişim Yayınları, İstanbul, 1995.

Genç Adnan and Çolak Orhan M., *Sultan II. Abdülhamid Arşivi İstanbul Fotoğrafları,* İBB Kültür Aş-IRCICA yay., İstanbul 2008.

İnbaşı Mehmet, "Osmanlının Balkanları", Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, YTB yayınları, Ankara, 2022, 13-34.

Kanburoğlu Özer, *A'dan Z'ye Fotoğraf*, Say Yayınları, İstanbul, 2007.

Kılıç Levend, *Fotoğrafa Başlarken*, Dost Kitabevi Yayınları, Ankara, 2007.

Library of Rare Books at Istanbul University.

Özcan Azmi, "Sultan II. Abdülhamid Han ve Dönemi", Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yıldız Albümlerinde Balkanlar, YTB yayınları, Ankara, 2022, 35-56.

Özendes Engin, *Türkiye'de Fotoğraf*, Tarih Vakfı Yayınları, İstanbul, 1999.

Todić Milanka, "Ottoman Empire: European (Bulgaria, Serbia, Macedonia, Albania and Bosnia)", *Encyclopedia of nineteenth-Century Photography,* John Hannavy (ed.), Taylor& Francis Group, New York, 2008.

Zülgaip, Akkuş (editör) "Sultan II. Abdülhamid Han'ın Yıldız Albümlerinde Balkanlar", YTB yayınları, Ankara, 2022.

As attached there are some photographs from the collection:

1. “Rumelia Railway-Thessaloniki-Skopje-Mitrovica line: Skopje” – Skopje Rail Station.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90635-0002.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 164.)

2. “View of the city from the bank of Vardar in Skopje. Year:1901 – 1902”

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0020b.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 165.)

3. “Military Hospital of the Old Castle in Skopje”. Year:1901 – 1902

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0020a.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 166.)

اسکوبده واردار اوزرنده بیوك طاشلی کوپری

4. “Large wall bridge over Vardar in Skopje”. Year:1901 – 1902.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0019c.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 169.)

اسکوپیه عسکری شاهانه خسته خانه‌سی

5. “Military Hospital in Skopje”.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90436-0004.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 179.)

مناستر قصبه‌سی و طوپجی قیشله‌ٔ همایونیله تعلیم میداننك منظره‌ٔ عمومیه‌سی

6. “General view of the city of Bitola and the view of the Artillery Barracks and its training area. Year:1901 – 1902.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0013a.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 184.)

7. “A photo taken with students and teachers of the School of Civil Service, which was built and opened in Bitola.”

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 779-73-0042.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 187.)

8. “Market Square (Bitola), Year:1901 – 1902.”

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0015.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 188.)

9. “General view of Prilep, an important Turkish-Islamic city”

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 779-12-0007.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 189.)

پرلیپه جوارنده بر مناستر

10. “Monastery at Prilep” Year: 1901 – 1902, a view of the Treskavec Monastery at Prilep is represented.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0022.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 191.)

11. “Rumelia Railways – Thessaloniki, Skopje and Mitrovica line: Veles Tunnel” – depicting the Rumelia Railway Tunnel passing by the Vardar River and the view of mansions of Veles.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90635-0009.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 194.)

اشتیبده اثار عتیقه دن قلعه خرابه‌سی و بره غالینجه بوغازی

12. “Ancient ruins of the castle in Štip and the Bregalnica River”. Year:1901 – 1902 – showing a view of the ruins of the castle on the banks of the Bregalinca River in Štip.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0004b.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 196.)

پالانقه قصبه سنك منظرهٔ عمومیسی

13. “A broad view of the city of Palanka”. Year:1901 – 1902 – showing a general view of the city of Palanka, divided into two with Kriva River.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90623-0007b.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 198.)

14. “A general view of the city of Dojran, located on the edge of Dojran Lake”.

(Library of Rare Books at Istanbul University, Code: 90498-0006.; Sultan II. Abdülhamid Han’ın Yildiz Albümlerinde Balkanlar, Zülgaip Akkuş (editör), YTB yayınları, Ankara, 2022, 199.)

UDK 638.2:336.22(497.774)”18”
UDK 930.2(560):336.22(496.02)”18”

Благица Пеливанова[1] и Емил Пеливанов[2]

АНАЛИЗА НА РЕГИСТАРОТ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ СВИЛЕНА БУБА ВО НАХИЈАТА ПИЈАНЕЦ ВО СКЛОП НА ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ВО ПОСЛЕДНАТА ЧЕТВРТИНА ОД XIX ВЕК

Abstract: This article has been written based on an unknown and unpublished, until now defter for collecting the tax called tithe of silk cocoons for nahia Piyanets for financial (called rummy) 1292 year of the Hijri calendar, which corresponds to 1876 year. The register was found in the archival collections of the Oriental Department at the National Library “St. St. Kiril and Metodiy” in Sofia. The register belongs to fund 130 (Kochani) as archival unit number 4.

This defter shows that the production of silk cocoons was not popular occupation for the residents in the villages of nahiyah Piyanets in 1876 year. From a total of 31 villages in the nahiyah only 17 have data for this activity. The persons who had produced silk cocoons are 139 people, representing only 2.01% of the total number of residents from the mentioned villages in our register.

Keywords: Piyanets nahiya (area), Bitolski vilayet, sericulture, Ottoman defters (registry), villages, Ottoman tax-tithe (ushur, one tenth), silk cocoons.

[1] Специјалист по османистика и туркологија, е-адреса: pblagica981@gmail.com

[2] Помлад соработник за средување и обработка на архивски материјал во ДАРСМ – Одделение Скопје – стар и нов период, е-адреса: emil.pelivanov@arhiv.gov.mk

Основни податоци за бубарството, и појавата и развојот на бубарството во Македонија и соседните држави во составот на Османлиската Империја

Свилената буба потекнува од Кина, нејзиното одгледување е познато уште од античко време. Свилата првпат се користела во Кина, веројатно уште во 6000 г. п.н.е., но со сигурност има податоци за периодот од 3000 г. п.н.е.[3] Според кинеската легенда, царицата Кси Линг Ши[4] забележала дека кожурец од блиската црница паднал во нејзината шолја чај. Кога се обидела да го извади, видела дека ѝ дава тенка свилена нишка. Така таа го открила начинот на одгледување на свилената буба и одмотување на кожурците во 2697 година п.н.е.

Со векови оваа уметност се сметала за света и била резервирана само за цариците и сопругите на благородниците, но постепено ткаенината се распространува не само во империјата, туку и во поголемиот дел од Азија.[5]

Строгите закони предвидувале смртна казна за секој што ќе се осмелел на странците да им го открие начинот на одмотување на кожурците или да ги изнесе од територијата бубеното семе и семето од црница. На овој начин Кинезите ја чувале својата тајна повеќе од 2.000 години, по што бубарството проникнало и почнало да се шири во Јапонија и Персија.[6] Татарските карвани ги носеле прекрасните ткаенини дури до Грција и Рим, кои биле продавани по тежина во злато. Свилената облека и самите ткаенини се сметале за голем луксуз.Римјаните и Грците долго време верувале дека свилата се добива од растение.

Во Европа, бубарството било донесено дури во VI век, за таа цел византискиот император Јустинијан I[7] направил план. Околу 550-тата година пратил двајца монаси во Кина на тајна мисија. Две години подоцна, кога се вратиле, во вдлабнатините на нивните бамбусови бастуни било скриено долгоочекуваното богатство – јајцата на свилената буба. Тајната била откриена. Дошол крајот на монополот на свилата.[8] И на овој начин во Византија бубарството се развило многу брзо, оттаму е пренесено во Мала Азија, а од Арапите до Сицилија, Шпанија и северните брегови на Африка, а многу подоцна и во Франција.[9]

---

[3] Минко Петков et al., *Просветители, учени и дейци в бубарската наука*. София: Селскостопанска Академия – София, 2016,7.

[4] Михаил Иванчев, *Производство на пашкули от копринената буба и търговия с тях.* Софија, 1928,5.

[5] *Народните заняти – минало, настояще и бъдеще*. Том IX. Габрово, 2014, 200-228.

[6] Михаил Иванчев, *Производство на пашкули ...*, 7-9.

[7] Јустинијан I Велики (на латински: *Flavius Petrus Sabbatius Iustinianus*) бил император на Источното Римско Царство (Византија), владее од 1 април 527 до 14 ноември 565 година. Роден е во малото село Тауресиум, (денешно село Таор) во Византиската префектура Илирик во близина на Скупи (денешно Скопје) https://en.wikipedia.org/wiki/Justinian_I. (пристапено на 20 октомври 2024).

[8] *Народните заняти – минало, настояще*, 203.

[9] Михаил Иванчев, *Производство на пашкули ...*, 11.

Од 1854 година, производството на свила во Западна Европа почнало брзо да се намалува поради појавата на најопасната болест на бубите во тоа време - пебрина[10]. Семето произведено во Франција и Италија, бидејќи било заболено, давало многу лоши резултати, па француските и италијанските фармери дошле во Бугарија и Мала Азија за да земат од семето кое било многу поиздржливо. Но, наскоро болеста се појавила и овде. Само семето увезено од Јапонија давало подобри резултати во однос на отпорноста на болести, но поради тоа достигнувало многу повисоки цени.[11]

И населението на територијата на Западна Тракија и Македонија се занимавало со одгледување свилена буба. Свилата дошла таму уште во 6 век.[12] Производството на свила во Македонија се зачувало и во времето на Османлиската Империја.

По задушувањето на Карпошовото востание во 1689 година, Македонците, кои побегнале преку Дунав, го префрлиле производството на свила во Војводина.

Според податоците од едно салнаме[13] кој го опфаќа периодот од крајот на XIX век (1888 – 1895 година), просечното годишно производство на свилени кожурци во Битолскиот Вилает било – 611.580 гуруши,[14] а во Солунскиот Вилает – 15.483.300 гуруши. Солунскиот и Битолскиот Вилает ги зедовме за пример бидејќи поголемиот дел од денешна Македонија во тој период се наоѓал во состав на овие два вилаети.[15]

Најголемиот развој на бубарството во Македонија се случува во 30-тите години на минатиот век.[16] Пред Втората светска војна, повеќе од три милиони свилени кожурци се произведувале годишно во Кралството Југославија, поконкретно на територииите на денешна Србија и Македонија. Кралството Југославија и Македонија како дел од тоа кралство, станала трета најпродуктивна земја производител на свилени кожурци веднаш по Италија и Франција.

Производството достигнува и до 2.500.000 кг кожурци, од кои половина се одгледувале во околината на Гевгелија.[17] Но, во 1960-тите, производството на свила било прекинато. Денеска во Македонија потполно е згаснато производството на свила. Сепак, во последните неколку децении има одделни обиди за нејзино заживување.

Документот, предмет на нашето истражување, може да се вброи кон даночните регистри (*дефтери*[18]). Информациите што ги содржи биле подготвени и

[10] Минко Петков et al., *Бубарството във Врачанския край*, 44-51.

[11] Михаил Иванчев, *Производство на пашкули*, 12-14.

[12] Минко Петков et al., *Бубарството във врачанския край*, 51-55.

[13] *Салнаме* – турски збор составен од два дела (*sal* - перс. سال - година), и (*nâme* – осман.тур. и перс. نامه – збор, буква, книга), во буквален превод значи „годишно пишување“. Во Османската Империја претставувал годишен зборник, службен летопис кој почнал да се употребува од средината на XIX век. https://sh.wikipedia.org/wiki/Salname (пристапено на 16 декември 2024 година)

[14] *Гуруш, куруш* – се користел и терминот *грош*. Сребрена монета која во XIX век тежела околу 1 грам.

[15] Giiran Tevfik, Osmanlı Devletinin ilk istatistik yıllığı – 1897. Ankara,1997, 235.

[16] Иванчев, *Производство на пашкули*, 15.

[17] *Народните занаяти – минало, настояще*, 210.

[18] *Дефтер* – тетратка, регистар, дневник, список. Катастарски даночен попис кој го водело Ос-

запишани од управните совети на соодветните села кои припаѓале на *еманатот*[19], т.е. управата на *нахијата*[20] Пијанец[21]. Во овој случај, зборуваме за платен данок – *ушур*[22] за свилени кожурци.

Регистарот открива нови и досега непознати информации за занимањата на дел од населението од овие краеви – хранење на свилените буби со листови од црница. Главниот дел од истражувањето претставува анализа на информациите кои можеа да се прочитаат од документот и кои се значајни за економската историја на овој регион во последната четвртина од XIX век.

Во прилог на крајот од статијата е даден и целиот регистар.

Административната структура на Битолскиот Вилает (1875 – 1877) и нахијата Пијанец во нејзиниот состав

Битолскиот Вилает (османлиски: ولايت مناستر; турски: *Vilâyet-i Manastır*[23]) е оформен во 1874 година со центар во градот Битола.[24] Во тој период го опфаќал речиси целиот Вардарски Регион и западната територија на егејскиот дел на Македонија. Навлегува длабоко на територијата на денешна Албанија, а помал дел опфаќа и грчка територија.[25]

Во времето од кога датира нашиот *дефтер* (регистар) периодот од 1875 до 1876 година, нахијата Пијанец била во рамките на Кочанската Каза, која пак била дел од Скопскиот Санџак.

манлиското Царство од самиот негов настанок. Дефтерите содржеле податоци за селата, домаќинствата и бројот на членови (возрасни мажи и вдовци), како и за етничките групи на просторот на целото царство. Сите официјални книги на османлиската администрација и сметководство, сите записници и протоколи, како и сите поединечни акти кои имаат карактер на некој попис, список и пресметка се нарекувале дефтери. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%B5%D1%84%D1%82%D0%B5%D1%80 (пристапено на: 20 октомври 2024).

[19] Во оригиналот е употребен зборот – *emanet*, чие оригинално значење според речник е: проверено, оставено на чување; утврдување или служба; душа; гардероба (на станица).

[20] *Нахија* (арапски: ناحية, турски: nahiye) – најмала административна територијална единица во Османското Царство која обично се состои од неколку села и/или понекогаш помали градови. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9D%D0%B0%D1%85%D0%B8%D1%98%D0%B0 (пристапено на 21 октомври 2024)

[21] Пијанец – историско-географска област сместена помеѓу планините Влаина од исток, Голак од запад и ограноци од Осоговските Планини на север и долината на реката Струма, во Македонија и Бугарија.

[22] *Ушур* – десетокот е една десеттина дел од нешто, платен како придонес за верска организација или задолжителен данок на владата

[23] Манастир е називот за градот Битола во времето на османскиот период.

[24] Hugh Chisholm*, Macedonia. Encyclopædia Britannica.* (11th ed). Cambridge University Press.1911.

[25] Глиша Елезовиќ, *Кратка историја Битољског вилајета*. Београд, 1933, 43.

Скопски Санџак – (турски: *Üsküb Sancağı*) бил во состав на Битолскиот *Вилает* од 1875 до 1877 година, со центар во градот Скопје. Инаку, Скопскиот *Санџак* е формиран во средината на 16 век, поточно околу 1553 – 1554 година. Во 1875 година кога станал дел од Битолскиот *Вилает,* Скопскиот Санџак административно управувал со *казите*: Скопје, Куманово, Штип, Крива Паланка, Радовиш, Кочани и Кратово. Скопскиот санџак од 1877 година станал дел од Косовскиот Вилает.[26]

Во овој период во состав на нахијата Пијанец влегувале следните села – (*Царево Село, Грљани, Турско Габрово, Вирче, Стамер, Разловци, Град, Звегор, Тработивиште, Истевник, Панчарево, Црвник, Лешница, Луковица, Тодоровци, Цера, Селник, Драмче, Главовица, Моштица, Косевица, Каменица, Дулица, Киселица, Вратиславци, Ветрен, Костин Дол, Илиево, Очипаља, Калиманци*)**.** Со задебелени букви се селата споменати во нашиот регистар.[27]

Нахијата Пијанец до 1891 година административно била дел од Кочанската *Каза*. Во 1892 година Малешевијата заедно со Пијанечкиот Округ формирале посебна, т.н. Малешевска Каза со центар Пехчево.[28]

Статистичка анализа на регистарот

Регистарот е датиран за периодот 2 – 14 *хазиран* 1292 година по *хиџра*[29], што одговара на 14 – 26 јуни 1876 година.

Христијански села	Број на жители		Муслимански села	Број на жители	
	Христијани	Муслимани		Муслимани	Христијани
Грљани	444	/	**Калиманци**	425	175
Дулица	450	/	**Габрово**	400	/
Каменица	350	/	**Звегор**	335	/
Моштица	420	/	**Царево**	1000	520
Косевица	175	/	**Стамор**	100	30
Луковица	140	/	**Град**	560	30
Костен Дол	154	/	**Вирче**	200	130
Тработивиште	292	260			
Вратиславци	128	/			
Вкупно	2553	260		3020	885

Табела бр.1

[26] Драги Ѓоргиев, *Административната структура на Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот Вилает во втората половина на XIX век*. Прилози XLI 1-2, Скопје: МАНУ, 2010, 169-170.

[27] Васил Кънчов, *Македония, етнография и статистика*. София, 1900, 229.

[28] Истото.

[29] Исламски, муслимански или *хиџри* календар е лунарен календар, кој се состои од 12 месеци во годината и 354 или 355 дена.

Од табела бр.1 ја гледаме поделбата на селата со повеќе христијанско или повеќе муслиманско население кое живее во нив. Селото Царево е најголемото село, со претежно муслиманско население – 62,11 %, и христијанско население од 31,51 %; а селото Вратиславци е најмалото со целосно христијанско население.

Интересен е и фактот што само две од селата се целосно муслимански, осум од нив се целосно христијански, а преостанатите шест села имаат мешано население. Бројот на христијанско и муслиманско население во селото Тработивиште е речиси еднаков, додека селата Калиманци, Царево, Стамор и Град имаат многу повеќе муслиманско во споредба со христијанското население - кое е неколку пати помало.

Од оваа табела може да се забележи дека вкупниот број на христијани кои живеат во посочените села е 3438 жители – 49,87 %, а бројот на муслимани е 3280 – 47,58 %. Разликата меѓу нив е многу мала и изнесува само 158 луѓе.

Име на населеното место	Вкупен број на населението	Број на луѓето кои одгледувале свилени кожурци	Висина на плаќаниот данок-десеток за секое село
Калиманци	600	11	*2 оки 182 дирхеми*
Грљани	444	5	*1 ока 210 дирхеми*
Дулица	450	4	*2 оки 380 дирхеми*
Каменица	350	4	*4 оки 140 дирхеми*
Моштица	420	15	*9 оки 320 дирхеми*
Косевица	175	4	*1 ока 290 дирхеми*
Луковица	140	1	*200 дирхеми*
Костен Дол	154	2	*265 дирхеми*
Габрово	415	4	*230 дирхеми*
Звегор	355	20	*3 оки 323 дирхеми*
Царево	1610	19	*4 оки 25 дирхеми*
Стамор	130	9	*2 оки 50 дирхеми*
Град	590	18	*1 ока 60 дирхеми*
Вирче	330	9	*315 дирхеми*
Тработивиште	602	6	*85 дирхеми*
Коња	/	6	*1 ока 370 дирхеми*
Вратиславци	128	2	*1 ока 180 дирхеми*
Вкупно	6893	139	*40 оки 25 дирхеми*

Табела бр.2

Табела бр. 2 ни го покажува вкупниот број на жители по села, бројот на лица кои одгледуваат свилени кожурци по села и вкупниот износ на данокот *ушур* што го плаќа секое село. Најголем број на лица кои се занимаваат со одгледување свилени кожурци има во село Звегор – 20 лица или 14,38 %, а најмалку во село Луковица, само едно лице – 0,71 % од вкупниот број одгледувачи на свилени кожурци.

Може да се види дека износот на пресметаниот данок не е најголем во село Свегор, туку во село Моштица. Тамошните селани плаќаат највисок данок десеток, вкупно за целото село – 9 *оки*[30] и 320 *дирхеми*[31].

Вкупната сума на платениот данок десеток за сите села била пресметана на 40 *оки* и 25 *дирхеми*, што значи дека тие произведувале свилени кожурци во износ од 400 *оки* и 250 *дирхеми*. Од податоците се гледа дека свилените кожурци се продавале и по 15 *гроша* за *ока,* а имало и случаи кога се продавале и по 50 *гроша* за *ока*[32].

Во овој регистар информациите за секое село завршуваат со печат на неговиот градоначалник и отпечатоци од членовите на управниот совет.

Карактеристики на населението во нахијата Пијанец кое одгледувало свилена буба

Според позицијата што ја заземаат во соодветните села на нахијата Пијанец, производителите на свилени кожурци можат да се поделат во седум главни групи.

	Категории на производителите насвилени кожурци	***Број***
I.	***Претставници на религијата (молла, хоџа, дервиш, шеик, поп ....)***	***над 20***
II.	***Претставници на воениот систем (алемдар, командант на чета, спахија ....)***	***над 3***
III.	***Претставници на административната и полициската власт (баџи, чавуш, мухтар ....)***	***8***
IV.	***Цивили наградени со почесни граѓански титули (ага, ефенди ....)***	***3***

[30] *Окка, ока* – мера за тежина. Една *ока* во XIX век изнесувала 1,4 килограми.

[31] *Дирхем, дирхам* – сребрена монета која во XIX век во Османлиската Империја тежела 3.207 грама. Според денешните валути, еден грам сребро вреди 0,89 евра. Според ова, денешната вредност на дирхемот би изнесувала 2,85 евра.

[32] Петков et al., *Бубарството във Врачанския край*, 18.

V.	***Занаетчии*** ***(воденичар, градинар, меанџија, кожар, месар, цвеќар, шивач, ткајач, кафеџија ...)***	***11***
VI.	***Други*** ***(жени, вдовици, соколар, чорбаџија...)***	***6***
VII.	***Неодредени професии***	***89***

Табела бр.3

Табелата бр. 3 јасно ја истакнува најголемата група – лица без спомената професија. Застапена е со 89 лица кои претставуваат 64,02 % од вкупниот број производители на свилени кожурци.

На второ место се лицата чија општествена положба е поврзана со религијата, поточно исламската. Тие се претставени со над 20 поединци што претставуваат приближно 14,38 % од вкупниот број производители на кожурци. Повеќето од нив – 9 лица – се *молла*[33].

Најмал интерес за производство на свилени кожурци покажува групата цивилни претставници наградени со граѓански титули, со само три лица (двајца *аги*[34] и еден *ефенди*[35]), кои претставуваат 2,15 % од вкупниот број производители на свилени кожурци.

Севкупно, како заклучок, можеме да забележиме дека не се занимаваат многу луѓе со производство на свилени кожурци – 139 лица, што претставува 2,01 % од вкупниот број жители на селата наведени во регистарот.

Меѓу производителите на свилени кожурци, има и такви на кои ова им е главно занимање – 89 луѓе, или 1,16 %. А, оние кои имале дополнително занимање – 50 лица, или 0,72 %.

Значајно е да се истакне дека процентите што ги одразуваат производителите на свилени кожурци во однос на вкупното население на селата споменати во регистарот се релативни, бидејќи годината за пописот на населението направен од В. Канчов во 1893-1894 година не одговара со оваа кога бил изработен нашиот регистар.

Општо земено, јасно можеме да забележиме дека производството на свилени кожурци не било многу распространето занимање во селата на *нахијата* Пијанец во периодот од 1876 година. Од вкупно 31 село во *нахијата*, само 17 имаат податоци за оваа дејност.

[33] *Виш кадија*; ученик во медреса – духовно училиште; муслимански теолог.

[34] *Ага* е официјална титула во Османлиската Империја. Првично се користела за командантите на различните видови војски, како и за некои високи дворски позиции и за највисоките *евнуси* во дворот. Подоцна, титулата почнала да се користи за командантите на одделни воени единици.

[35] *Ефенди* е титула за учен човек или свештеник; титула за мажи во поодминатата возраст и на висока социјална положба, а исто така и за високо рангирани религиозни повозрасни луѓе. Оваа титула вообичаено се поставува по личното име.

Регистар за платен данок – ушур во нахија Пијанец за свилени кожурци

Палеографски опис на регистарот

Овој регистар е дел од архивската збирка на Ориенталното одделение при Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија. Регистарот припаѓа на фондот 130 (Кочани) под архивската единица бр. 4.

Се состои од 8 листови (I + 5 + II) со димензии 17x43,5 cm. Насловот на документот (*регистарот*) е запишан на првиот лист (Ib, verso). Текстот на документот ги опфаќа листовите од 1б до 5б.

Двата листа кои следуваат по петтиот лист се празни (неиспишани). Документот е испишан на европска хартија со многу добро обележани хоризонтални и вертикални рабови. Водниот жиг е хералдички со круна[36] и букви што го формираат следниот текст ETTORE DE RITTER и оддолу PODGORA[37].

Користено е црно мастило, а типот на писмото е *рика*[38]. По информацијата за секое село стои печатот на соодветното село. Членовите на управните одбори се потпишувале со отпечатоци од прст.

Целиот регистар е во добра состојба, испишаниот текст е исто така добро сочуван. Листовите што биле споени на средината со текот на времето се раздвоиле, но тоа не влијаело врз сочувувањето на целината на текстот.

[36] Всеволод Николаев, *Водните знаци в хартиите на средновековните документи от Българските книгохранилища*. Том I. Софија, 1954, стр. 618-619, сл. 1164/1167 (користени во текот на 1875 – 1876 г.).
[37] Исто, 629, слика 1181 (користени во текот на 1877 г.).
[38] *Рика* писмото е создадено на османска територија и претставува наједноставен тип на курзивно писмо. Преовладувало во документацијата во XIX и почетокот на XX век и било користено и во официјалната и во личната кореспонденција. Се користело секојдневно сè до воведувањето на латинската азбука во Турција во 1929 година.

Слика бр. 1 Фонд 130 (Кочани), а. е. 4, л. 1б - 2а



Слика бр. 2 Фонд 130 (Кочани), а. е. 4, л. 2б - 3а

Слика бр. 3 Фонд 130 (Кочани), а. е. 4, л. 3б - 4а



Слика бр. 4 Фонд 130 (Кочани), а. е. 4, л. 4б - 5а



Слика бр. 5 Фонд 130 (Кочани), а. е. 4, л. 5б

UDK 342.53(497.7)”1944”:341.231.14(094.2)
UDK 342.72/.73:321.7(497.7)”1944”(094.2)

Здравко Стојкоски[1]

ДЕКЛАРАЦИЈАТА НА АСНОМ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИНОТ НА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНАТА АКТУЕЛНОСТ

Abstract: This article examines the “Declaration on the Fundamental Rights of the Citizens of Democratic Macedonia”, one of the key acts adopted at the First Session of the Antifascist Assembly for the National Liberation of Macedonia (ASNOM) on August 2, 1944. The Declaration’s text is preserved in the State Archives of the Republic of North Macedonia (DARSM). Over the 80-year history of the modern Macedonian state, the principles articulated in the Declaration have often been inconsistently recognized and implemented. By reviewing the (non)applicability of these principles in the past, this article underscores their enduring relevance in the present.

Keywords: ASNOM, Declaration, human rights, democracy, Macedonia

Случувањата поврзани со формирањето на државата имаат посебно место во меморијата на секоја земја и народ. Документите што произлегуваат притоа сведочат за ставовите и намерите на државотворците, како и за карактерот на општествените односи кои се целело да бидат изградени. Во македонскиот случај, неоспорно, таков е примерот со Првото заседание на антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), одржано на 2 август 1944 година во манастирот „Св. Прохор Пчињски“ и со неговите одлуки. Донесените одлуки на заседанието го означиле конституирањето на современата македонска држава како демократска и федеративна република во рамките на социјалистичка Југославија, која по распадот на федерацијата и спроведениот референдум за

[1] Кустос за Народноослободителна борба во Македонија во Музеј на Република Северна Македонија, е-адреса: zdrstojkoski@gmail.com.

независност на 8 септември 1991 година се развива како суверена и самостојна република.

На Првото заседание на АСНОМ се донесени повеќе значајни државотворни одлуки, меѓу кои: Решение за прогласување на АСНОМ за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија; Декларација на АСНОМ за основните права на граѓаните на демократска Македонија; Решение на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава; Решение на АСНОМ за прогласување на Илинден – 2 август за народен и државен празник на македонската држава; Решение за избор на Президиум на АСНОМ; Избор на народни претставници на АСНОМ за членови на АВНОЈ (Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија); Избор на претставници предложени од АСНОМ за членови на Президиумот на АВНОЈ; Манифест од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ; Проглас од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ за одржаното заседание на АСНОМ; Решение на АСНОМ за оддавање признание и благодарност на Народноослободителната војска, како и други одлуки кои ја регулирале работата на АСНОМ и неговите тела.[2]

Сите споменати одлуки како и нивните дополнувања донесени на Второто и Третото заседание на АСНОМ, по кое АСНОМ се трансформира во Народно собрание, по што е избрана и првата влада како извршен орган, претставуваат законска основа врз која се гради уставно-правниот поредок на македонската социјалистичка република во составот на федерална Југославија. Повеќето од овие одлуки подоцна се вградени и во новиот Устав на плурална и демократска Македонија донесен во 1991 година и неговите последователни амандмани. Овој Устав во воведниот дел (Преамбулата) се повикува на „историските одлуки на АСНОМ“, поточно на „правните одлуки кои се наведени во Прогласот од Првото заседание на АСНОМ“, како што стои во актуелната верзија на Преамбулата на Уставот на РС Македонија.[3]

Имајќи го ова предвид, јасно е дека асномските начела, како во минатото така и денес, играат важна улога во дефинирањето на карактерот и односите во државата. Секоја посериозна промена на Уставот истовремено се доживува како нарушување на асномските принципи, а со тоа и на основите на државата во целина. Таков беше случајот, на пример, во време на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор од 2001 година, а сведоци сме дека истото се повторува и во последните години со склучувањето на непопуларните договори со Република Грција и Бугарија. Овие договори, меѓу другото, имплицираат на нови уставни измени како услов за македонското поблиско интегрирање во евроатлантските

[2] Актите на Првото заседание на АСНОМ, https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx (пристапено на: 26.3.2024).

[3] Устав на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx (пристапено на 26.3.2024).

организации. Тоа, од своја страна, побарува и промена на перцепциите и односот спрема некои од одлуките на АСНОМ, што за многумина е неприфатливо и се доживува како бришење на самиот АСНОМ, а со тоа и на државноста каква што ја познаваме.

Поистоветувањето на современата македонска држава, вклучително и нејзиниот опстанок, со одлуките донесени на заседанието одржано пред 80 години во манастирот „Прохор Пчињски", претставуваат само една потврда за големото емотивно и суштинско значење, коешто овој настан и исходот од него го имаат во свеста, во прв ред, на припадниците на мнозинската македонска заедница. Истовремено, тоа претставува добар повод уште еднаш да се навратиме на асномските одлуки, да го преразгледаме односот спрема нив и степенот на нивната имплементација во изминатите години на државно егзистирање во различни општествено-политички системи и околности. Интересен конкретен пример за тоа може да послужи „Декларацијата за основните права на граѓанинот", чиј карактер и значење претставуваат предмет на интерес на овој труд.[4]

Фактот што е вклучена како втора во листата донесени одлуки на заседанието на АСНОМ, веднаш по основниот државотворен акт, треба доволно да говори за важноста која основачите ѝ ја придавале на оваа Декларација, како и за вредностите според кои се замислувала изградбата на новата држава. Од насловот може да се согледа дека таа е инспирирана според сличните револуционерни и слободарски прогласи во минатото. Во прв ред, тоа е славната „Декларација за правата на човекот и граѓанинот", донесена од Француското национално собрание за време на Буржоаската револуција во 1789 година и во духот на најпрогресивните просветителски идеали на своето време. Нејзе ѝ претходи американската Декларација за независност од 1776 година, како основен државотворен акт на новата држава – Соединетите Американски Држави (САД).[5] Истовремено, Декларацијата на АСНОМ ѝ претходи на „Универзалната декларација за човековите права" усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година.[6] Декларации од овој тип можат да се сретнат и кај повеќе други држави во светот. Слични декларации во текот на НОБ донесле и некои од другите земски собранија на народите од поранешна Југославија.[7] Заедничко за повеќето вакви декларации е што поаѓаат од универзалното начело според кое сите луѓе се раѓаат еднакви. Од оваа еднаквост произлегува

[4] Анализата е направена врз основа на факсимил од текстот на Декларацијата чиј оригинал се чува во Државниот архив на Република Северна Македонија – ДАРСМ, фонд 157 „АСНОМ", к. 1, а.е. 1.157.1.16/121-123, види сл. 1.

[5] Повеќе за содржината и значењето на овие две декларации може да се види на интернет-страниците: https://www.elysee.fr/en/french-presidency/the-declaration-of-the-rights-of-man-and-of-the-citizen и: https://www.archives.gov/founding-docs/declaration, (пристапено на: 28.3.2024).

[6] "Universal Declaration of Human Rights", https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights, (пристапено на: 28.3.2024).

[7] Milivoj Bešlin, "Unutrašnja politika kompromisa: stvaranje Jugoslavije na federativnim principima u Drugom svetskom ratu 1941 – 1945", https://www.yuhistorija.com/serbian/drugi_sr_txt01.html (пристапено на: 4.4.2024).

неприкосновеното човеково право на слободен и достоинствен живот, во заедница со другите луѓе и како припадници на одредена нација/држава заснована на законитост, праведност и меѓусебна соработка. Горните принципи денес претставуваат темелни вредности врз кои се градат современите демократски општества во кои се почитуваат човековите права и слободи.



1.167.1 16/121-123

2841

ДЕКЛАРАЦИЈА

На Антифашкото собрание на народното ослободување на Македонија за основните права на граѓанинот на демократска Македонија.

1.-Сите граѓани на федерална македонска држава се еднакви и равноправни пред законите,не гледајќи на нивната народност,пол раса и вероисповедание.

2.-На националните малцинства на Македонија се осигуруваат сите права на слободен национален живот.

3.-На секој граѓанин му е гарантирана сигурноста на личноста и имотот,загарантирано е правото на сопственост и чесната иницијатива во стопанскиот живот.

4.-На секој граѓанин му е загарантиране слободата на вероисповеданието и слободата на совеста.

5.-На сите граѓани им е гарантирана слободата на говорот,печатот,собирањето,договорот и слободата на здружението.

6.-Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласување на основанието на општото,еднаквото,непосредното и личното изборно право.

7.-Правото да избираат и да бидат избрани во сите зборни тела во народната власт имаат секој граѓанин [redacted] и секоја граѓанка што наполниле 18 години,ако не се провинети за некое престапление.Додека трае народно ослободителна војна,по решенијата на АСНОМ,може да се одстапи од принципите на тајното и непосредното гласување.

Целоумните лица,како и лицата што се провинат по отношение на интересите на народно ослободителната војна се лишаваат од правата по точка 5 и 6 на оваа декларација.

8.-Должност и чест е на секој за оружје способен граѓанин без разлика на народност и вера да учествува како војник во редовите на Народно-ослободителната војска и партизанските одреди.

9.-Се забрануваат и прогонуваат сите фашистички и профашистички дејствија,кои се против слободата и независноста на братската заедница на народите во Југославија.

10.-На секој граѓанин му е загарантирано правото на жалба против решенијата на органите на власта,по начин предвиден во законот.

Секој граѓанин има право на молба и поплака кај сите државни власти.

11.-Народната власт се стара да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура како и да осигури бесплатна просвета.

Во манастирот"Св.Отец Прохор Пчињски"на Илинден 2 август 1944 година.

За Антифашкото собрание на народното ослободување на Македонија.

СЕКРЕТАР,

/Љубчо Д. Арсов/

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

/Методија Андонов Чento/

Сл. 1 Факсимил од оригиналниот документ на Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија

Пишувана по примерот на познатите декларации од тоа време, авторството на асномската Декларација му се припишува на еден од секретарите на Президиумот на АСНОМ, воедно и дипломиран правник со докторат од Универзитетот Сорбона во Париз, Владимир Полежиноски[8].

Во поглед на содржината, Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија е релативно кратка. Составена е од 11 членови кои се испишани на машина за пишување, на лист хартија на една страница. Во долниот дел од документот, на десната страна стои потписот на претседателот на АСНОМ, Методија Андонов - Ченто, а на левата страна на секретарот Љупчо (поточно Лйубчо, како што е во оригиналот) Д. Арсов. Текстот е напишан на македонски народен јазик, со кирилско писмо, кое во одредени елементи отстапува од современиот литературен јазик. Така, забележително е отсуството на буквата ј, на пример: Македониа наместо Македонија. Во други случаи на нејзиното место се употребува симболот й (пример: война, секой, йе и сл.). Во текстот не можат да се најдат ниту симболите: ќ, ѓ, љ и њ, кои како карактеристика на македонската азбука се воведени подоцна при нејзината кодификација. Место нив се употребуваат конструкциите: кй, гй, лй и нй. Исто така, на повеќе места се испушта буквата т на крајот од зборот, па среќаваме народнос, наместо народност итн. Покрај овие, видливи се и други отстапки од современиот македонски литературен јазик, чија подетална стручна и лингвистичка анализа не е предмет на овој текст. Разликите, во прв ред, треба да се припишат на расположливата печатарска техника на која е изработен документот. Дополнително, треба да се има предвид фактот што во конкретниот период сè уште не постои стандардизирана македонска литературна норма. Решението на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во државата е наведено како трета одлука на Заседанието, т.е. веднаш по споменатата Декларација, а решенијата за воведување на македонската азбука и за правописот се озаконети на 3 мај, односно на 7 јуни 1945 година.[9] И покрај наведените јазични отстапувања очигледно е дека текстот на Декларацијата, како и во случајот со преостанатите документи кои произлегуваат од Првото заседание на АСНОМ, јасно го одразуваат традиционалниот македонски говор.

Уште во првиот член доаѓа до израз прогресивниот и граѓански карактер на Декларацијата, според кој се прокламира рамноправноста и еднаквоста пред законите на сите граѓани на федералната македонска држава, без разлика на нивната народност, пол, раса или вероисповед. Ваквата тенденција се изразува и во вториот член со кој „на националните малцинства на Македонија се осигуруваат сите права на слободен национален живот“. Третиот член ја гарантира сигурноста на

[8] „Кичево – Сорбона – АСНОМ: Д-р Владимир Полежиновски, талентираниот правник што ја создаде Асномската декларација за основните права на граѓанинот“, https://akademik.mk/ (пристапено на: 31.3.2024).

[9] Види: „Службен весник на федералната единица Македонија во демократска и федеративна Југославија“, год. I, бр. 7/8 од 1 јуни 1945 и год. I, бр. 12, од 30 јуни 1945 година, https://www.slvesnik.com.mk/besplaten-pristap-do-izdanija.nspx.

личниот имот на секој граѓанин, неговото право на сопственост, како и чесната иницијатива во стопанскиот живот, додека во точка четири се гарантира слободата на совест и вероисповед. Во член пет, државата на сите граѓани им ја гарантира слободата на говор, печат, собирање и здружување. Изборното право кое го имаат избирачите се врши со тајно гласање врз основа на општо, еднакво, непосредно и лично изборно право (член шест). Според членот седум, правото да избира и да биде избран во сите тела на народната власт, го имаат секој граѓанин и граѓанка со навршени 18 години, со исклучок на лицата осудени (во оригиналот пишува провинети) за некаков престап, оние за кои се утврдило дека работеле против интересите на Народноослободителната војна како и лицата со ограничена деловна способност (во оригинал, „малоумните лица“). Граѓаните наведени како исклучок погоре биле лишени од правата кои произлегуваат од точка 5 и 6. Дополнително во овој дел, АСНОМ го задржал правото со решение да се отстапи од принципот на непосредно и тајно гласање во периодот додека трае Народноослободителната војна. Во член осум се прокламира должноста и честа, кои треба да ги има секој граѓанин, без разлика на вера и народност, кој е способен да носи оружје да учествува во народноослободителната војска и партизанските одреди. Со членот девет се забрануваат сите фашистички и профашистички дејства, бидејќи тие се против слободата и независноста на братската заедница на народите во Југославија. Десеттиот член го гарантира правото на секој граѓанин на жалба против решенијата на органите на власта, на начин кој е утврден со закон како и правото на молби и поплаки до сите чинители на државната власт. Во последниот единаесетти член, се декларира стремежот на народната власт за искоренување на неписменоста, подигнување на народната култура и осигурување бесплатно образование.

Во годините кои следувале одбележани со социјалистичкиот и самоуправен развој повеќето од декларираните заложби биле вградени во уставно-правниот поредок на Републиката. Сепак, дел од нив од различни причини биле изоставени, некои целосно запоставени, а други иако формално-правно присутни биле само делумно спроведувани во практика. Така, веднаш по зацврстувањето на власта во рацете на комунистичките авторитети се забележува отстапување од заложбите за слобода на говорот, печатот и правото на собирање и здружување. Истовремено било ограничено непосредното изборно право и тајното гласање. Последниве биле сведени на ниво кое се сметало за подобно и кое нема да го загрози воспоставениот комунистички поредок и монополот на единствената партија. Доследното инсистирање на идеолошките определби на новите власти било причина и за напуштање на заложбите за заштита на сигурноста на личниот имот, приватната сопственост и иницијатива во стопанството, кои според Декларацијата биле прокламирани како основни граѓански права. Наспроти тоа, приоритет бил даден на државната сопственост, често и преку спроведување присилна национализација и колективизација на имотот и средствата за производство. Подоцна важна улога во сопственоста добила и т.н. општествена сопственост, а во тие рамки и организациите на здружениот труд.

По распадот на социјалистичките општествени односи во почетокот на 1990-тите години, повеќето од споменатите ограничувања се надминати. Таков

е случајот со слободата на говорот и печатот, како и со правото на собирање и здружување. Во еден дел овие ограничувања биле ублажени уште во време на еднопартискиот систем, посебно во годините на либерализација на самоуправните односи карактеристични за последниот период од социјалистичкиот развој. Сепак, дефинитивното напуштање на еднопартискиот систем, демократизацијата и плурализацијата на политичките односи од почетокот на 1990-тите години, создале поволни услови за подоследно спроведување на декларираните асномски принципи во делот на политичките права и слободи, изборното право, рамноправноста меѓу заедниците и слично. Истовремено, била вратена и приватната иницијатива и сопственоста во стопанството, кои во следните години стануваат еден од основните темели на новиот либерален и капиталистички општествено-економски поредок.

Формално-правното враќање кон граѓанските определби на Декларацијата не значи секогаш и нивна целосна и доследна примена во практика. Во последните, малку повеќе од триесет години изградба на самостојна и демократска Македонија и понатаму сме сведоци на недостиг на демократски капацитети и практики, правна несигурност, неслободни или делумно слободни медиуми, кои се често зависни или под контрола на одредени политички и други центри на моќ, непочитување на човековите и граѓанските права по разни основи итн. Ваквите состојби се детектирани во повеќето извештаи на релевантни меѓународни организации кои се однесуваат на почитувањето на човековите права и владеењето на правото и демократските слободи во современите општества.[10]

Наведените состојби може да се припишат на недоволното искуство и демократската култура, како институционалното функционирање на системот така и во поширокиte граѓански практики. Во тој поглед, како фактор, треба да се спомене неволноста на политичките елити, но и голем дел од преостанатите општествени чинители и граѓанската јавност во целина за унапредување на граѓанските права и демократските односи. Под тоа секако не се подразбираат само правата што произлегуваат од различната етничка, верска или јазична припадност. Нивното почитување во едно мултикултурно општество, какво што е македонското, никогаш не било спорно, независно од идеолошкиот модел на управување. Впрочем тоа е јасно прокламирано со асномските принципи и во самата Декларација. Она што е спорно и претставува(ло) предмет на постојани општествено-политички тензии, а често и на конфликти, се однесува на формите и на степенот на остварување и практикување на овие права. Истовремено, со фокусирањето исклучиво на правата што произлегуваат од етно-јазична или верската припадност (без намера за нивно

[10] Како релевантни меѓународни организации, кои спроведуваат редовни истражувања во однос на прашањата како што се почитувањето на човековите права, владеењето на правото и степенот на демократија во одделни земји, може да се споменат: Freedom House (https://freedomhouse.org/search?f%5B0%5D=country%3A128), Amnesty International (https://www.amnesty.org/en/location/europe-and-central-asia/western-central-and-south-eastern-europe/north-macedonia/) и Советот на Европа (https://www.coe.int/web/portal/home), на чии интернет-страници можат да се најдат подетални извештаи, вклучително и за состојбите во Република Северна Македонија.

занемарување), се чини се стават во втор план, а често и целосно се маргинализираат правата што произлегуваат од преостанатите идентитетски определби, како што се: економската, социјалната, половата, родовата, еколошката и други припадности, кои исто така го опфаќаат широкиот корпус на човековите и граѓански права.

Слично може да се каже и по прашањето на просветата и културата. Неоспорен е фактот дека по ослободувањето е направен голем напредок во овие области, особено во врска со прашањето на искоренувањето на неписменоста и културната еманципација на поголемиот дел од населението. Дополнително, во социјалистичкиот период државата обезбедувала широко достапно и бесплатно образование на повеќе нивоа. Заложбите за достапно и еднакво образование за сите, што вклучува задолжително бесплатно основно образование (чл. 43 од Уставот на РСМ), како и стремежот на Републиката да ги „поттикнува, помага и штити науката, уметноста и културата“ (чл. 47), барем декларативно, претставуваат темелни вредности и на современото македонско општество, впишани и во највисокиот државен акт, Уставот на Републиката.[11] Сепак, развојот и унапредувањето на образованието и културата, како основа за изградба на едно просперитетно и одржливо општество, претставуваат сериозен предизвик со кој се соочува современата македонска држава, како во однос на средствата што се одделуваат за овие намени така и според нивото и квалитетот на образовниот процес и културната понуда, за кои сме сведоци дека заостануваат во однос на развиените европски држави.

Имајќи го предвид наведеното, може да се констатира дека Декларацијата за основните права на граѓанинот претставува еден од најзначајните документи кои произлегуваат од Првото заседание на АСНОМ и конституирањето на современата македонска држава. Со својот граѓански и прогресивен дух, оваа декларација, во голема мера е актуелна и денес. Некои недостатоци кои можат да се забележат од денешен аспект се однесуваат на одредени некоректности во терминолошкото изразување, како употребата на изразот „малоумни лица“, како и во поглед на ограничувањата на правата за одредени категории граѓани кои произлегуваат од точките пет и шест. Последново треба да се припише на моменталните воени околности и на идеолошко-политичкиот контекст во кој е донесена самата декларација. Споменатите ограничувања со време ја изгубиле својата употребна вредност со што не го оспоруваат духот на декларација во целина.

Како историски документ, „Декларацијата за основните права на граѓаните“ сведочи за широките погледи кои ги воделе македонските државотворци и нивните заложби за изградба на просперитетно, праведно и демократско општество засновано на најпозитивните хуманистички вредносни. Таа претставува потврда за стремежите и за припадноста на државата спрема демократскиот свет на односи засновани на владеењето на правото и на заштитата на човековите права. Потсетувањето на овие асномски принципи денес е особено важно ако се има предвид фактот дека споменатите универзални демократски вредности и практики

[11] Устав на РСМ, https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx.

Сл. 2. Партизанска приредба одржана во с. Белчиште по донесените одлуки на Првото заседание на АСНОМ, август 1944 година. На пропагандниот транспарент е истакната една од заложбите (членот 11) кои произлегуваат од текстот на „Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија“ (од фототеката на Музејот на РС Македонија).

и понатаму се загрозуваат и се доведуваат во прашање од страна на разни авторитарни, милитантни и други радикални идеологии. Почитувањето и унапредувањето на вредностите кои произлегуваат од Декларацијата, всушност, претставуваат и најдобрата потврда за релевантноста на АСНОМ и неговите позитивни одлуки, како во актуелниот општествен миг така и во напорите за изградба на просперитетна иднина.

Користена литература:

Вера Весковиќ-Вангели, „Асномските начела за човекови права – фактор за меѓунационално сожителство во Македонија (1944 – 1994)“, во: Евгени Димитров et al. АСНОМ – педесет години македонска држава, 1944 – 1994, прилози од научен собир одржан на 17-18 ноември 1994, МАНУ, ИНИ, Скопје 1995, с. 291-301.

Ѓорѓи Ј. Цаца, „Уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ“, во: Евгени Димитров et al. АСНОМ – педесет години македонска држава, 1944 – 1994, прилози од научен собир одржан на 17-18 ноември 1994, МАНУ, ИНИ, Скопје 1995, с. 149-162.

„Кичево – Сорбона – АСНОМ: Д-р Владимир Полежиновски, талентираниот правник што ја создаде Асномската Декларација за основните права на граѓанинот“, https://akademik.mk/.

Milivoj Bešlin, „Unutrašnja politika kompromisa: stvaranje Jugoslavije na federativnim principima u Drugom svetskom ratu 1941–1945“, https://www.yuhistorija.com/.

Новица Велјановски, „Степенот на реализација на решенијата на АСНОМ“, во: Евгени Димитров et al. АСНОМ – педесет години македонска држава, 1944 – *1994, прилози од научен собир одржан на 17-18 ноември 1994*, МАНУ, ИНИ, Скопје 1995, с. 183-193.

Посетени интернет-страници:

Amnesty International, https://www.amnesty.org

Council of Europe, https://www.coe.int

Freedom House, https://freedomhouse.org

Official website of the President of France, https://www.elysee.fr/en

Собрание на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk

Службен весник на РСМ, https://www.slvesnik.com.mk

The USA National Archives, https://www.archives.gov

The United Nations website, https://www.un.org

UDK 930.25:329.71-055.2(497.773)”1944/1953”

Ивана Хаџиевска[1]

ФОНД 904 „ОО АФЖ – РЕСЕН“: АРХИВСКИТЕ ФОНДОВИ ВО СВЕТЛИНАТА НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО 80 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА АФЖ НА МАКЕДОНИЈА (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ)

Abstract: This text presents the process of arrangement, processing and research of the Fond 904 “Okoliski Odbor na Antifashistickiot Front na zhenite – Resen (1945 – 1950); 1945 – 1969” [District Committee of the Women’s Antifascist Front]. This fond has been kept in the State Archives of the Republic of North Macedonia – Section Bitola since 1999. Its arrangement was completed in 2023. The content of the material refers to the activities of the first Macedonian mass women’s organization – the Anti-Fascist Women’s Front (AFŽ), in Resen and its surroundings. The state of preservation, study and valorization of the fond is correlated with the collective memory and the understanding of the cultural and historic significance of the AFŽ for the society today. Therefore, the commemoration of the 80th anniversary of the establishment of the AFŽ, in December 2024, is a good occasion for archivists to reflect on the institutionally kept sources, and their meaning in the map of the national and local history.

Key words: WAF, Resen, women’s movements, women’s organizations, history of women

Вовед

Во текот на 2023 и 2024 година беше среден и обработен фондот 904 „Околиски одбор на Антифашистичкиот фронт на жените – Ресен (1945 – 1950); 1945 – 1969“ (понатаму во текстот „фонд 904“; архивист-средувач: Ивана Хаџиевска). Станува збор за архивски материјал кој потекнува од околискиот

[1] М-р по историски науки. Помлад соработник за обработка на архивски материјал – нов период во ДАРСМ – Одделение Битола, е-адреса: ivana.hadzievska@arhiv.gov.mk.

округ на масовната женска организација Антифашистички фронт на жените на Македонија (1944 – 1953) (понатаму во текстот АФЖ), формирана за време на Втората светска војна, во рамките на антифашистичкото и народноослободително движење на македонскиот народ, како дел од партизанскиот отпор предводен од Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Токму поради овој историски контекст, како и поврзаноста, т.е. дејствувањето на фондообразувачот во првата и единствена масовна македонска женска организација, фондот има приоритетно значење во архивистичка и историско-историографска смисла. Впрочем, овој фонд е единствен во Одделението Битола поврзан со раните години на функционирање на АФЖ.[2] Фондот има една кутија, 160 архивски единици, една книга (Деловоден протокол од 1949 година) и вкупно 482 листа.

Во 2024 година (14-15 декември) се одбележуваат 80 години од основањето на АФЖ на Македонија, што е значаен момент за рефлексија кон архивската работа во областа на собирањето, чувањето и истражувањето на документација која произлегува од оваа организација. Токму затоа, при средувањето на фондот 904, особено внимание обрнував кон состојбата на споменатите три сегменти од архивската работа. Дополнително, на крајот од процесот на обработката на фондот, освен комплетираното научно-информативно средство, изготвив и табела за детална дескрипција на архивските единици (метаподатоци), со што се проширија можностите за истражување на историскиот контекст поврзан со фондот; исто така, табелата може да служи како основа за премин на следната фаза – дигитализација на овој важен фонд и негова достапност до истражувачите и заинтересираните странки.

Пред да се фокусирам на резултатите од средувањето на фондот 904, потребно е да се осврнам накусо на фондообразувачот, со цел да дадам претстава за каков вид организација станува збор кога зборуваме за АФЖ, а со тоа и да ја појаснам потребата од дискусија за положбата на АФЖ во културата на сеќавањето денес.

Антифашистичкиот фронт на жените на Југославија бил основан во текот на Втората светска војна, со цел да ги мобилизира жените во борба против фашистичките сили[3]. Основачката конференција се одржала на 6-8 декември 1942 година, во Босански Петровац. Според Резолуцијата, основната цел на организацијата била масовно и системско вклучување на жените во Народноослободителната војска.

[2] Поврзан фонд: Државен архив на Република Северна Македонија (натаму: ДАРСМ) – Одделение Битола, ф. 906, *Општинска конференција за општествена положба и активност на жените – Ресен (1962 – 1984)*. Во фондовите поврзани со социјалистичките органи на власт во Битола и други институции од социјалистичкиот период може да се следи дополнително развојот на АФЖ на територијата на Битола, но не се направени детални истражувања специфично за АФЖ во фондовите.

[3] Во списанието *Македонка*, во првиот број се наведени главните цели на АФЖ: „[З]ацврстување на извојуваната позиција на жените како градители на државата и утврдување на правото за масовно и активно вклучување во сите професии и во органите на власт, како и поврзување со жените од цела Југославија за заедничко решавање на „женското прашање“. Веселинка Малинска, „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија“, *Македонка*, I, бр. 1 (ноември 1944), 9-10.

Предводниците на партизанскиот отпор имале јасна визија дека борбата против фашизмот истовремено подразбира и борба за праведно општество, во кое жените би имале активна улога. Се работело за идеолошка и политичка платформа на КПЈ за рамноправноста на жените со мажите во сите сегменти на животот. По формирањето на АФЖ на Југославија, почнале да се формираат главни одбори на организацијата и на локално ниво на целата територија на Југославија.

АФЖ на Македонија било формирано по истите принципи на 14-15 декември 1944 година.[4] Според истражувањата и анкетирањето сведоци, првиот одбор бил формиран во Кавадарци, во април 1943 година, а потоа следувале и одбори во Неготино и Велес. Во септември 1944 година тука се состанале членки на Иницијативниот одбор, под раководство на Веселинка Малинска,[5] чија надлежност била формирање на Привремен главен одбор на АФЖ за Македонија, а за претседателка била поставена Мара Нацева[6]. На 15 декември 1944 година, во кино „Уранија“ (денес кино „Култура“) во Скопје била одржана Првата главна конференција на АФЖ за Македонија, на која учествувале околу 400 делегати и делегатки. Тука била конституирана организацијата, бил избран Главен одбор: со четиричлен Извршен одбор[7] и пленум од 44 членки.[8] Структурно, организацијата била дел од Народноослободителниот фронт.[9]

[4] Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, *Архиви на невидливите: Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022, 29.

[5] Веселинка Малинска (Куманово, 4 јануари 1917 – Скопје, 12 ноември 1987), учесничка во НОБ, вршителка на повеќе јавни и политички функции во социјалистичка Македонија. Прва уредничка на списанието „Македонка“ (1944 – 1946). Нејзиниот политички ангажман почнува низ активизмот во СКОЈ и низ различни партиски функции во рамките на КПЈ, на територијата на Куманово и Скопје, во 1930-тите. Во Втората светска војна, како дел од партизанското движење, била задолжена за главните курирски функции. До 1945 г. таа станала секретарка на Месниот комитет на КПЈ во Скопје, борец во Вториот скопски партизански одред, задолжена за агитпроп при Главниот штаб на НОВ и ПОМ. До крајот на војната таа била кандидатка за член на ЦК на КПМ, избрана делегатка на АВНОЈ, членка на Главниот одбор на НФ, делегатка и втора секретарка на работното Претседателство на Првото заседание на АСНОМ, како и референтка на Поверенството за информации. По ослободувањето станала секретарка на Главниот одбор на АФЖ за Македонија.

[6] Мара Нацева (Куманово, 28 септември 1920 – Куманово, 1 јули 2013), како млада текстилна работничка во Куманово, се приклучила во синдикалните организации; за време на Втората светска војна се придружила на партизанското движење и учествувала во НОБ. Во 1942 година е уапсена во Скопје од бугарските власти и интернирана во логор за жени во Асеновград, до 1943 година. Прогласена е за народен херој во 1953 година. Извршувала повеќе високи политички и јавни функции во социјалистичка Македонија.

[7] Членки на Извршниот одбор: Васка Циривири (претседателка), Лефта Јосифовска и Мара Нацева (потпретседателки), Веселинка Малинска (секретарка).

[8] Детален историјат на АФЖ на Македонија види: *Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија (1943 – 1945)*, собрала Вера Весковиќ-Вангели. Скопје: Одбор за одбележување 50 години на АФЖ на Македонија, V-XXIII.

[9] Народен фронт (1945 – 1991) – политичката масовна организација и организационата основа на структурата на комунистичката власт по Втората светска војна. Народниот фронт бил платформата преку која КПМ дошла на власт на првите избори во 1945 година.

На федерално ниво, АФЖ на Југославија имал седиште во Централниот одбор во Белград; раководството на организацијата и првите раководни кадри биле формирани од жените партизанки кои учествувале директно во партизанското движење, во воените единици, како и од постари активистки на КПЈ, кои биле детално упатени во марксистичката теорија, и советските концепти за организирање на работниците во органи на народна власт.[10] Првиот Конгрес бил одржан во 1945 година; вториот во 1948 година; и трет конгрес во 1950 година.[11] На четвртиот конгрес, во 1953 година, АФЖ се самоукинува, под предзнак на потреба за реорганизација и фузирање со Народниот фронт.[12] АФЖ ги претставувал жените на Југославија во меѓународните женски организации, бил коосновач на Меѓународната демократска федерација на жените,[13] организација вокална на светско ниво во однос на положбата на жените во колониите и третиот свет, во контекстот на блоковската поделба помеѓу западниот капиталистички и источниот – социјалистички блок.

По доловувањето на кратката историја на АФЖ, се наметнува прашањето: како денес се сеќаваме на првата масовна женска организација во македонскиот контекст?

При одбележувањето на јубилеите од формирањето на АФЖ, како и при одбележувањето важни датуми за други државотворни субјекти поврзани со Народноослободителната борба (НОБ) и државната историја, чести се декларативните заложби за „чување на спомент", од страна на официјалните политичко-институционални чинители; покрај тоа, преовладуваат и носталгичните сентименти и

[10] АФЖ бил организиран и структуриран според моделот на органот „Женотдел" во СССР, во 1920-тите години. Дел од Октомвриската револуција биле и болшевичките и феминистките, кои продолжиле со политичка дејност во првите години на формирањето на СССР. Жените во Русија добиле право да избираат и да бидат избирани во 1917 година, заедно со следните политики: либерална бракоразводна постапка, стандардизирана и упростена процедура за цивилен брак, еднаквост на сопружниците во поглед на: наследство, деца и прифаќање на презимето (Закон за семејство од 20 декември 1917). Во 1919 година бил оформен и Женски оддел на Секретаријатот на Централниот комитет – „Женотдел", за стратегиско работење и спроведување на политиките поврзани со трансформацијата на семејството: давал совети и предлагал амандмани при декретите на Централниот комитет, организирал масовни акции за решавање на неписменоста кај жените, укинување на проституцијата, ја надгледувал примената на квотите за еднакво вработување на жените во сите сектори.

[11] Види повеќе литература за историјата на АФЖ: Jelena Batinić, *Women and Yugoslav Partisans, A History of World War II Resistance*. Cambridge: Cambridge University Press, 2015; Neda Božinović, *Žensko pitanje u Srbiji u 19. i 20. veku*. Beograd: Feministička 94, 1996. Ivana Pantelić, *Partizanke kao građanke, Društvena emancipacija partizanki 1945 – 1953*. Beograd: Institut za savremenu istoriju, 2011; Andrea Dugandžić, Tijana Okić, *The Lost Revolution, Women's Antifascist Front Between Myth and Forgeting*. Sarajevo: Crvena, 2016.

[12] За причините за укинувањето на АФЖ види повеќе кај: Ивана Пантелиќ, „АФЖ: кратка историја на општествената промена", *Архиви на невидливите: Македонка Орган на АФЖ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*, уредници Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2022, 11-21.

[13] Оваа светска женска организација е основана во Париз во 1945 година, во контекстот на залагањето на женските организации низ светот за мир и солидарност (светскиот мир како женско прашање), по Втората светска војна. Идеолошки инклинирала кон Источниот блок и била најактивна во периодот на Студената војна.

соживувањето со настаните од минатото од страна на разни мнемонички чинители, на кои јубилеите им се релевантни.[14] Помеѓу овие два главни правци на сеќавањето и одбележувањето – во конкретниот случај – во пресрет на јубилејот 80 години од АФЖ, сметам дека архивските работници и историчарите имаат една медијаторска и всушност суштинска задача во процесите кои се одвиваат во културата на сеќавање, а тоа е да ја испитаат состојбата на архивските материјали и извори за АФЖ во рамките на архивската институција.[15]

Поаѓајќи токму од таа критичка точка на размислување, клучното прашање кое го испитувам во овој текст се однесува на поврзаноста помеѓу: од една страна, степенот на среденост на фондовите поврзани со АФЖ како фондообразовател; и од друга страна, потенцијалите на историографските истражувања и културолошката репрезентација на овие извори во дискурсите за сеќавање на минатото. Одговорите на ова прашање може да откријат повеќе за тоа кои се значењата на АФЖ за современото македонско општество денес, а токму тоа е суштински елемент на одбележувањето настани од историјата во едно општество. Со цел да одговорам на ова прашање, во натамошниот текст ќе ги образложам методите на работа со фондот, а исто така ќе го испитам и степенот на досегашна истраженост на изворите за историјата на АФЖ.

Мојата теза е дека најзасегнат од предизвици е пристапот на овие материјали, т.е. врската архив-истражувачи-заедници на сеќавање, а со тоа и врската помеѓу фондовите од историско и уникатно значење со професионалците и јавноста – просторот каде што се одвива културата на сеќавање поврзана со АФЖ во нашето општество. Исто така, на самиот почеток препознавам дека наведените предизвици се последица на „подистраженоста“ (uderresarched topics) и заборавот на субјекти од социјалистичкото минато, во контекст на неолибералниот идеолошки поредок на локално и глобално ниво.[16]

---

[14] Главни мнемонички чинители кои се јавуваат како носители на наративите за АФЖ се организации како Сојузот на борци и граѓаните поддржувачи на антифашистичките традиции и женските организации. Како добар најнов пример може да се наведе регионалната конференција по повод одбележување 80 години од АФЖ на Југославија, која се одржа во декември 2023 година во Бихаќ и Босански Петровац, организирана од претставнички од постјугословенските држави: *80 godina AFŽ – Antifašistički front žena*, Beograd: Fondacija Fridrih Ebert, 2024 https://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/21197.pdf (пристапено на: 1 јуни 2024).

[15] Архивите како институции се самите носители на комеморативна функција која се манифестира и при активно и при пасивно учество во политиките на сеќавање. Види повеќе: Ивана Хаџиевска, „Комеморативната функција на архивот: Архивските работници – концепциски носители на комеморативните практики и чинители во културната меморија на Битола“, *Битолски архивски хронотоп: 70 години Архив Битола*, уредник Јасмина Дамјановска. Државен архив на Република Северна Македонија: Скопје, 2024, 51-80.

[16] За политиките на сеќавање кон социјалистичкото минато по 1990-тите види ги следните истражувања: Liljana Burcar, *Restavracija kapitalizma: repatriarhalizacija družbe*, Ljubljana: Sophia, 2015; Gal Kirn, *The Partisan Counter-Archive Retracing the Ruptures of Art and Memory in the Yugoslav People's Liberation Struggle*. Berlin: De Gruyter, 2020; Gal Kirn, "How to Return to Partisan Memory?", *Identities: Journal for Politics, Gender and Culture*, 13, no. 1-2 (Winter 2016 - Summer 2017): 64-82; Latinka Perović et. al. *Jugoslavija u istorijskoj perspektivi.* Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji, 2017; Milo Petrović, *Preispitivanje prošlosti i istorijski revizionizam (Zlo)upotrebe istorije Španskog*

Дополнително, сметам дека при архивската работа и чувањето на архивските материјали, архивистите треба да го имаат предвид и аспектот на „културно-просветната дејност“ на архивите. Македонските архивисти уште во минатиот век ги дефинирале рамките на овој аспект од архивската работа низ вариететот начини за пристапност до материјалите. Целта била запознавање на граѓаните со извори кои упатуваат на контекстите и континуитетите на општествениот развој, како и поттикнување на интересот за чување и користење архивска граѓа.[17]

За да ја аргументирам поставената теза, во овој текст ќе се позанимавам со практичните аспекти при пристапот на архивските фондови кои се чуваат во ДАРСМ, а чиј фондообразувач е АФЖ. Првиот дел (1) ја образложува студијата на случај и е посветен на функционирањето на фондообразувачот – ОО АФЖ Ресен во периодот 1945-1950: организацијата и реализацијата на работата низ конкретни примери, членството и епилогот; во вториот дел (2) давам историјат на фондот: средувањето, обработката и содржината. По локалниот зум, приоѓам кон „големата слика“: третиот дел (3) претставува општ преглед на информации за степенот на среденост на фондови чиј образувач е АФЖ, нивната застапеност во поважни изданија од областа на историските науки, како и нивната видливост и присутност во поширокиte дискурси во културата на сеќавање, од 1960-тите до денес. На крајот се сумирани заклучоците од целокупното истражување.

1. Функционирањето на фондообразувачот: Околискиот одбор на АФЖ Ресен во периодот 1945 – 1952 година

Околиските одбори на АФЖ биле формирани постепено, според теренските услови. Па така, во Ресен, Околискиот одбор се формирал веќе во 1945 година, од кога и има зачувана документација[18]. Во следниот дел ќе се задржам на реконструкција на главните аспекти од функционирањето на ОО на АФЖ – Ресен, според зачуваниот архивски материјал.

Во повоениот период, веднаш по создавањето на институциите на социјалистичка Југославија, се воспоставува и структурата на АФЖ, и почнуваат да се формираат одборите. АФЖ во повоениот период функционирало како фронтовска организација, со широка и комплексна мрежа на активистки, дисперзирани и мобилизирани на цела територија на државата. На републичко ниво, во Народна Република Македонија, организацијата хиерархиски била централизирана во Главниот одбор на АФЖ на Македонија со седиште во Скопје; понатаму, се делела на градски округи, околиски округи, месни и селски одбори. Секој одбор на

građanskog rata i Drugog svetskog rata na prostoru Jugoslavije. Beograd: Udruženje Španski borci 1936-1939, 2014; Sulejman Bosto, Tihomir Cipek, *Kultura sjećanja*: 1945. Zagreb: Disput; Momir Samardžić et. al. *Politička upotreba prošlosti: o istorijskom revizionizmu na postjugoslovenskom prostoru.* Novi Sad: Alternativna kulturna organizacija, 2013.

[17] Милош Константинов, „Културно-просветната и пропагандната дејност на архивите“, *Македонски архивист*, VI, бр. 6 (1977) 5; 6, 9-10, 19.

[18] ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, *ОО АФЖ – Ресен (1945 – 1950); 1945 – 1969,* кут. 1, а. е. 269.

АФЖ ги имал следните органи: претседателство, извршен одбор, секретаријат и пленарна конференција; понатаму работата и извршувањето на задачите и сите други активности се извршувале низ секциите. Секциите варирале во својот број, а и нивното именување се менувало во зависност од локалните карактеристики каде што функционирале одборите. Од примарно значење биле секциите: Организациона секција, Културно-просветна и Пропагандна секција; Секција „Мајка и дете“ итн.

1.1 Организација на работењето

Околискиот одбор на АФЖ во Ресен бил дел од структурата и мрежата на АФЖ на Македонија, претставувана од Главниот одбор со седиште во Скопје. Сите упатства за работа и комуникација во врска со главните задачи на АФЖ доаѓале од Главниот одбор во Скопје. Според документацијата во фондот 904, поголема активност на организацијата на локално ниво се бележи од 1947 – 1948 година. Од 1948 година датира и првиот (зачуван) Годишен план. ОО АФЖ – Ресен имал најтесна соработка со Околиски одбор на НФ – Ресен, а потоа со Градскиот околиски одбор на АФЖ – Битола.

Работата на ОО АФЖ Ресен била организирана и извршувана преку следните органи: Извршен одбор, Секретаријат и Пленум/Пленарна конференција. Секој од овие органи имал претседателка-заседавач и секретарка. Претседателката на ОО АФЖ Ресен се избирала од локалното членство, на изборите за одбори, според степенот на нејзина активност меѓу жените и населението како главен критериум. За градот Ресен имало Градски одбор на АФЖ – Ресен. Во селата кои припаѓале на ресенската околија биле воспоставувани селски или месни одбори, во зависност од бројот на жени/население. Воспоставена практика на АФЖ била да се врши месечно посетување на месните и на селските одбори, согледување на нивниот начин на работа во секое место посебно со специфичните проблеми. Еклатантен пример за тоа како течел еден состанок е Записникот од состанок на Секретаријатот ОО АФЖ Ресен од 6 октомври 1949.[19] (види Прилог 3)

Месни/селски одбори имало во 40 села, а градот Ресен бил поделен на два реони:

1. Љубојно; 2. Брајчино; 3. Долно Дупени; 4. Наколец; 5. Крани; 6. Арвати; 7. Штрбово; 8. Сливница; 9. Асамати; 10. Курбиново; 11. Претор; 12. Рајца; 13. Подмочани; 14. Грнчари; 15. Сопотско; 16. Златари; 17. Кривени; 18. Лева Река; 19. Крушје; 20. Избишта; 21. Јанкоец; 22. Болно; 23. Петрино; 24. Евла; 25. Горно Дупени; 26. Лавци; 27. Горна Бела Црква; 28. Козјак; 29. Долна Бела Црква; 30. Царев Двор; 31. Долно Дупени; 32. Перово; 33. Езерани; 34. Покрвеник; 35. Шурленци; 36. Волкодери; 37. Прељубје; 38. Стење; 39. Којнско; 40. Лакочерej; и Ресен I реон/населба; Ресен II реон/населба.

ОО АФЖ Ресен работел според годишни, месечни и посебни планови на активности за директно ангажирање на жените во активности поврзани со

[19] Исто, кут. 1, а. е. 33, л. 161.

исполнување на државните цели за еманципација на жените. Станувало збор за мобилизирање, организирање и активирање на жените во секции и во теренски активности во нивните живеалишта (села и месни заедници, задруги) во читачки групи, часови за описменување и политичко активирање во заедницата и учество во органите на народната власт. Задачите на организацијата се извршувале низ работата на секции, а тие биле раководени од секретарки на секциите кои биле и одговорни пред претседателството, да рапортираат за работата на секцијата, како и да се грижат за извршувањето на задачите. Следните секции функционирале на територија на ресенската околија:

1. Организациска секција:

Оваа секција била задолжена за организирањето на извршните органи, нивното состанување, евиденција на членството и избор на активите кои имале комуникација со органите на народната власт; Извршниот одбор (ИО) се состанувал еднаш во месецот, а по потреба и вонредно; Пленумот на АФЖ (пленарна конференција) се состанувал еднаш на два месеци; селските и маалските одбори се состанувале на 15 дена. Организациската секција се грижела за агитацијата помеѓу жените, т.е за нивно приклучување во НФ и во конкретни работни или политичко-пропагандни акции во селата.

2. Секција за агитација и пропаганда/културно-просветна работа:

Оваа секција се грижела за спроведување на кампањите на АФЖ: аналфабетска кампања (описменување); спроведување на кампањата за симнување на ферецето[20]; агитација за политичките кампањи на НФ; дискусија за тековни политички теми, формирање селски библиотеки, читачки групи,[21] политички курсеви за теоретско оспособување на жените во областа на марксизмот и светска политика; прослава и одбележување државни празници (8 Март, 1 Мај, Илинден); изложби и фолклорни приредби, просветни предавања; одбележувања на историјата и јубилеите на АФЖ.

3. Привредна (sic!) (подоцна Економска) секција:

Организација на стручни курсеви за овоштарство и други локални агрокултури; популаризација на задругарството, кооперативните домови итн. организација на стручни курсеви за овоштарство и локални земјоделски култури; шивачки курсеви; мобилизирање на жените за стопанско-комунални акции во заедницата (поправка на патишта, чистење канали, градење кооперативни домови, училишта,

[20] Во јануари 1951 година бил донесен Законот за забрана на носење зар и фереце. Законот ги таргетирал жените од муслиманските малцинства, т.е. носењето ковертура, а бил во контекст на модернизационите процеси кои државата ги спроведувала во насока на еманципацијата на жената според социјалистичкиот модел. На носењето на Законот му претходела голема теренска кампања спроведувана од АФЖ и фронтовските организации, каде што низ медиумите и јавни настани се промовирал како „ослободувањето на малцинските жени од товарот на минатото“.

[21] Работните материјали биле составени од дистрибуирани списанија – органи на АФЖ, како списанието „Македонка“, „Жена данас“ и весникот „Нова Македонија“. Во Деловодниот протокол на ОО АФЖ Ресен, како и во месечните извештаи, може да се следи бројот на дистрибуирани примероци на овие материјали на територија на ОО АФЖ Ресен. ДАРСМ, ф. 904, кут. 2, кн. 1, л. 1-37.

градинки); социјални акции: мелиорација на бари, подигнување на стандардите за домување и санитарно-хигиенска едукација; популаризација на кооперативниот економски систем. Низ економската секција биле спроведувани курсеви за текстилни работнички, туристички работнички и вработување во железници.[22] Во документот кој се однесува на вработувањето во Железницата, се забележува дури и примена на политика на позитивна дискриминација. Во „Повик до ОО АФЖ Ресен за курсистки по барање на Железничката дирекција во Скопје, 26 јули 1946“ е наведено: „При приемот на курсистките нарочно [намерно, ИХ] се обраќа внимание да бидат примени што поголем број жени, бидејќи процентот на запослени [вработени, ИХ] жени е многу мал“. (види Прилог 4).[23]

4. Социјално-здравствена секција:

Во рамките на оваа секција се одржувале едукациите за зголемување на санитарните услови на живот, важни теми за родителството, односите во социјалистичкото семејство, организацијата на детските градинки (види Прилог 6); едукации за здравствени прашања, организација на детски градинки во задругите, монополите, фабриките, формирање и одржување интернати и летувалишта за деца, обработка на ниви за корист на детски домови, собирање помош при кризни ситуации (за деца на паднати борци, при природни непогоди итн.).

5. Секција „Мајка и дете“:

Оваа секција прераснала од Социјалната секција. Поспецифично се занимавала со прашањата за едукација на родилки и млади мајки, помош и советување родители, подобрување на образовните можности на децата и згрижување. Од конкретните активности, се грижеле за организирање и учество во манифестацијата „Детска недела“; одржување чести предавања во рамките на активностите на АФЖ поврзани со здравствените и хигиенско-санитарни услови на секојдневното живеење и едукација, како на пример здравствено-хигиенски и диететски совети за мајките на мали деца, со цел заштита на децата од вирусни заболувања типични за летната сезона[24]; помош за деца воени сираци, нивно згрижување во интернати и овозможување летувалишта.

Во периодот на спроведувањето на Петгодишниот план (економска стратегија на државата за индустријализација, 1947 – 1950) АФЖ ги мобилизирало жените за масовно вклучување во земјоделството и индустријата како работнички и токму во тој период оваа организација изградила повеќе градинки и јасли во селата во Ресенската Околија. Уште еден пример за важноста на женските организации

[22] Во „Месечен извештај за работата на ОО АФЖ Ресен за месец март 1948 година, со извештај за обврските за прославата на 8 март 1948 година“ се споменуваат „тековни шивачки курсеви“, исто, кут. 1, а. е. 9, л. 28-30; Во „Допис од ГО АФЖ Мак Ск до ОО АФЖ Ресен за учеснички на курс за угостителство и туризам во Тетово во периодот од 1.2-1.4.1948“, има преписка за апликантки од Ресен. Исто, кут. 1, а. е. 107, л. 293-296;

[23] Исто, кут. 1, а. е. 101, л. 273.

[24] Неколку примери за здравствено-хигиенски и диететски совети за мајките на мали деца: исто, кут. 1, а.е. 15, л. 43-44; а. е. 16, л. 45-47; а .е. 33, л. 161.

се истакнува за време на хуманитарната криза по катастрофалниот земјотрес во Скопје.[25] (види Прилог 8)

1.2 Предводничките на ОО АФЖ – Ресен: членки, претседателки, секретарки и други активистки во околијата

Во 1946 година, за одговорно лице на ОО АФЖ Ресен го среќаваме името на Милева Шушевска (Крстевска). Таа се јавува во улога на секретарка (1948) и претседателка (по 1948 година). Но, вршителките на овие функции често се менувале една со друга, така на пример на документ од 1947 година, како претседателка на ОО се јавува Николина Белчевска.[26] Неколку документи се особено важни во информирањето за бројот на членките и имињата на жените кои извршувале функции во ОО:

- Годишен план за работа на ОО АФЖ Ресен за 1948 година и Извештај со податоци за состојбата на ОО АФЖ Ресен од 25 октомври 1947[27];
- Список на членки во секциите на ОО АФЖ Ресен (sd)[28];
- Список на делегатки од ОО АФЖ Ресен за вториот конгрес на АФЖ на Македонија, избрани на 16 мај 1948 година[29];
- Список на членките на Пленумот на ОО АФЖ Ресен и на Организационото одделение од 16 мај 1948 година[30]. (Види Прилог 2).

Според податоците во овие документи, може да ги издвоиме следните жени како особено важни за функционирањето и раководството на организацијата во Ресенската Околија: Милева Шушевска (Крстевска) (чиновничка, претседателка и секретарка), Тодорка Трајчевска, Дорка Башевска, Мара Димевска (активистка, на платен список на ОО АФЖ Ресен), Српка Ковилоска (претседателка); Светла Ставревска, Мила Мицкалоска (секретар), Николина Водјаник (записничар), Милка Стојчева, Ениса Дајовска, Нала Доковска и Вангелица Цветковска. Мора да се нагласи дека во фондот претставува тешкотија да се следи кога потпишаните активистки се секретарки и претседателки, на кој орган или секција се однесува. Фондот не нуди повеќе податоци за професијата, годините и начинот на кои овие

[25] Во „Извештај за работата на Конференцијата за општествена активност на жената (КОАЖ) – Битола за периодот од 18.6.1962 до 10.1.1964“ се споменува „Широка активност за помош на жртвите од земјотресот во Скопје“ (исто, кут. 1, а .е. 159, л. 441-443); како и засебно: во „Информација за општествено-политичката активност на КОАЖ – Битола за време на хуманитарната помош по земјотресот во Скопје, 31.8.1963“ (исто, кут. 1, а. е. 13, л. 37-38).

[26] Исто, ф. 904, а. е. 1, л. 1-4.

[27] Исто.

[28] Исто, ф. 904, а. е. 128, л. 366-367.

[29] Исто, ф. 904, а. е. 129, л. 368-369.

[30] Исто, ф. 904, а. е. 130, л. 370-371.

жени се активирале и напредувале во органите на АФЖ. За повеќе биографски податоци потребна е теренска работа, мапирање релевантни соговорници/сведоци и интервјуирање. Досега таков вид на истражување не е направен во случајот со Ресенската Околија во однос на активистките на АФЖ.

Документите откриваат информации и за другите активни жени во АФЖ, и тоа во републичкото раководство. Застапени се следните имиња, важни за републичката историја на АФЖ на Македонија: Н. Цветковиќ – Главен одбор на АФЖ за Македонија (претседателка); Вера Оровчанец – Главен одбор на АФЖ за Македонија (секретарка); Љупка Ѓорѓиева – Делегатка на главниот одбор на АФЖ на Македонија (Скопје); Нада Пендаровска – КОАЖ-Битола; Ката Лахтова – претседателка на Секретаријат на КОАЖ на Македонија. Некои од овие жени, како на пример Ката Лахтова,[31] биле политичарки во социјалистичкиот период и носителки на високи политички позиции. Но, повторно, при појавата на овие имиња, се чувствува недостиг на фактографски и биографски податоци за политичарките и активистките во периодот од 1950-тите до 1980-тите години.

1.3. Еманципација во практика: конкретни примери од работата на ОО АФЖ Ресен на терен

Во овој дел ќе се осврнам на конкретните активности низ кои се материјализирале идеолошките претпоставки на општеството за еманципација на жената. Во документите кои ќе ги издвојам за таа цел може да се проследат следните клучни аспекти за одвивање на теренската работа помеѓу жените: опис на организациониот живот со вклученост на жените од селата, буџетот за работа на ОО АФЖ Ресен и неколку конкретни примери на реализирани активности.

Податоци за ОО АФЖ Ресен од 1947 година даваат опис на организациониот живот, а Извештајот за работата во текот на 1947 – 1948 година, дава квантитативни податоци за активистките. Членството бележело пораст и во 1947 година изнесувало 5.484 жени од сите етнички заедници во Околијата. Според професионалниот статус, овие активистки во најголем дел биле домаќинки и/или земјоделки, а помал дел биле чиновнички:

> „ИО на ОО АФЖ Ресен во 1947 година броел 14 членки, составен од месните секретарки, и најактивните другарки, а од малцинските жени имало само 1.
>
> Месните одбори се оформени по селата и бројат од 3 до 56 членки и се состануваат еднаш на 15 дена.

[31] Ката Лахтова (Радовиш, 30 август 1924 – 24 февруари 1995) – прва жена претседател на Собранието (функцијата ја извршувала во периодот 28 април 1984 до 25 април 1985). Од 1944 година била учесник во НОБ, и истата година станала член на Комунистичката партија на Југославија. Во НОБ била политички комесар на чета и заменик-политички секретар на баталјон. Во повоениот период вршела многубројни функции во институциите од областа на развојот на општествено-политичкиот и економскиот живот.

Бројност: Во 1946 година, членството на АФЖ броеше 3.213 членки, а во текот на 1947 се зголемило за 911 членки и сега брои 5.484, од кои 4.432 се Македонки, 619 Албанки, 371 Турчинки и 65 останати.“

(...) За изградбата на кооперативните домови АФЖ организирал 16 работни бригади само од жени.“[32]

Како фронтовска организација, ОО АФЖ Ресен поседувал свој буџет на државни дотации, кој се користел за исполнување на зададените задачи на државно ниво. Така, според „Годишен буџет на ОО АФЖ Ресен за 1950 година“, дознаваме за што биле наменети приходите и расходите во организацијата:

Приходи (годишна дотација од ГО АФЖ – Македонија – Скопје); и

Расходи (ставки: плати за АФЖ работнички; социјално осигурување; хонорари; канцелариски материјали; огрев; осветлување; кирии; патни трошоци; дневници; награди; претплата за списанија; набавка на книги, за библиотека; поправка на канцелариски материјал; разни поправки; осигурување на зградата; пропагандни материјали).[33]

Во однос на финансиите на организацијата, можам да додадам уште еден податок: на платниот список како работнички на АФЖ, за периодот јануари-јули 1950 година, биле ангажирани Тодорка Башевска и Мара Димевска.[34]

Деталите за активностите преземени во организацијата и начинот на кој се исполнувале задачите низ организацијата на работата може да се следат низ документацијата на извештаи за работата и записници од состаноци. Во фондот има вкупно 10 периодични извештаи (тригодишни и седуммесечни); и 74 (поединечни) записници и две записнички книги од состаноци на сите органи при ОО АФЖ Ресен во периодот 1946 – 1950 година. ОО АФЖ Ресен како дел од АФЖ на Македонија бил значаен чинител за политичката, социјалната и економската еманципација на жените во Ресен и Ресенско. Најголем број од директните, теренски активности на околискиот одбор на АФЖ биле насочени кон социјалните аспекти на животот на жените, т.е. нивните најголеми проблеми од социоекономска природа, во новото повоено социјалистичко општество. Во тој поглед, активности кои биле најмногу спроведувани во Ресенската Околија според документацијата може да се поделат во две групи:

Прво, активности поврзани со спроведувањето на аналфабетската кампања, со часови за образование и описменување на жените; активностите од овој вид биле особено чести. Така на пример, во „Годишен извештај за работата на ОО АФЖ Ресен

[32] Исто, ф. 904, кут. 1, а. е. 3, л. 7-11.

[33] Исто, ф. 904, кут. 1, а. е. 125, л. 359.

[34] Исто, ф. 904, кут. 1, а. е. 127, л. 361-365. Сепак, мора да се посочи дека АФЖ се декларирало против професионализација на активистките, што се сметало за негативен феномен. Во „Заклучоци од Петтиот пленум на ГО АФЖ на Македонија (1949)“ децидно е наведено: „одлучна борба против професионализмот, т.е. цела работа да ја преземаат платени професионални функционерки, и да се отвори повеќе простор за учество на поширок круг на жени од заедниците, поставување на работата сосем на доброволна база“. Исто, кут. 1, а. е. 151, л. 422-425.

за 1950 година“ стои следното известување за реализацијата: „Одржани пет пленарни собранија; најважни прашања за работа со жените: организационо зацврстување на основните одбори; политичка работа со жените; симнување на фереџето; формирање детски градинки; организација на осмомартовско натпреварување и прослава; прослава на детската недела; аналфабетска кампања, спроведување избори за основни одбори на АФЖ“.[35]

И втора група – активности во форма на учество во иницирање, организација и бригадна работа на изградба и/или отворање детски градинки во ресенските села; и учество во изградба на кооперативни домови[36]; Во 1950 година постоел и штаб за организација на изградба на градинките. Според „Записник од состанок на штабот за изградба на детски градинки при Околискиот народен одбор – Ресен, во соработка со Обласниот народен одбор на АФЖ – Битола, 22 март 1950“, на дневниот ред имало две точки: „1. Разгледување на состојбата по СРЗ за отворање сезонски детски градинки; 2. Донесување на планот за отворање градинки“[37]; еден месец подоцна, дознаваме дека биле отворени пет градинки.[38]

Во однос на политичкото ангажирање на жените надвор од проблемите во нивната заедница, има документи што сведочат дека тие низ АФЖ биле вокални и се вклучувале во прогласи, петиции и писма од меѓународен карактер, односно регионален карактер. Еден пример се однесува на Граѓанската војна во Грција: „Протестна Резолуција на ОО АФЖ Ресен од 19 мај 1948 по повод теророт кон жените партизанки во Грција“.[39] Но, и за глобални прашања: антиколонијализам, петиции за светски мир и сл.[40]

1.4 Епилог: реорганизација и трансформација на фондообразувачот

На Централно ниво, по 1953 година, АФЖ се трансформирал во Сојуз на женските друштва на Југославија, а во 1961 година оваа организација се трансформирала во конференција за општествена активност на жените на Југославија (КОАЖЈ). При овие трансформации, мрежата на организацијата се одржала, па така и на ниво на Македонија, функционирала републичка КОАЖ, која се разгранувала на локално ниво. Активноста на жените во последните две организации, главно била поврзана со културно-просветни форми на работа, а

[35] Исто, кут. 1, а. е. 5, л. 18-19.

36 Види: Исто, кут. 1, а. е. 118, л. 317-321; а. е. 148, л. 412; а. е. 2, л. 5-6; а. е. 44, л. 177-178.

[37] Исто, кут. 1 а. е. 148, л. 412.

[38] Во „Известување за одлука на ЦО АФЖ на Југославија од 28 април 1950 за спроведување избори за одбори на АФЖ на ниво на цела држава во периодот 30 јуни – 20 јули 1950 до 30 јуни до 20 јули 1950 година“, како особен успех е наведено отворањето пет градинки по селата Исто, кут. 1, а. е. 63, л. 204-214.

[39] Исто. кут. 1, а. е. 157, л. 437-438.

[40] „Допис од ОО АФЖ Ресен со извештај за конференцијата за собирање антивоени потписи од жените во Ресенската Околија за ОН [Обединетите нации, ИХ]“. Исто, кут. 1, а. е. 109, л. 299-300.

доминирале социјалните прашања поврзани со заштита на првата на мајките и децата, односите во социјалистичкото семејство и проблемите на вработената мајка и работничката.

На локално ниво, забележуваме процеси на трансформација порано. Во 1950 година, дошло до реорганизација на Народниот фронт во Ресен, што значело и фузирање на АФЖ со НФ. Промената била констатирана на состанок помеѓу двете организации одржан на 8 август 1950 година.[41] (Прилог 7) Според одлуката на НФ, АФЖ се фузирал со НФ, што значело дека АФЖ одборот останал да функционира како сектор на НФ, без свои сектори кои ги имал претходно. Од 1961 година, наследник на АФЖ – Ресен е организацијата Општинска конференција за општествена положба и активност на жените – Ресен.[42]

Според документите во овој фонд, може да се извлече еден важен и генерален заклучок за целокупната историја на АФЖ на Југославија, а тоа е дека процесите на централно ниво не се отсликувале целосно на локално ниво. Затоа, токму локалните фондови ги дообјаснуваат процесите што се генерирале на централно ниво. Имено, процесите на расформирање на АФЖ почнале уште во 1950-тите години и се обликувале од специфичноста на локалните услови на теренот. Еден показател за тоа во Ресенската Околија се честите жалби на локалните активистки во нивните извештаи, за слабите кадри (мал број на оспособени раководителки на одбори и секции). Така и трансформациите на АФЖ имале специфичности, како на пример во процесот на постепено укинување на АФЖ кое почнало во Ресен во 1950 година. Во фондот нема документи кои укажуваат на непосредното укинување и расформирање во 1953 година (кога се укинал АФЖ во цела Југославија), но и тоа како можеме да ги следиме чекорите кои воделе кон епилогот на процесот. Од 1960-тите години веќе се користи терминот КОАЖ за масовните организации кои се занимавале со женските прашања специфично.

2. Историјат на фондот

Во овој дел ќе се осврнам на состојбата на фондот 904 од преземањето во Архивот во Битола, па сè до стекнувањето на статусот „среден фонд“, методите на работа при средувањето и обработката и содржината на фондот.

Според Записникот од преземањето на архивскиот материјал од имателот од 27 ноември 1991 година, примопредавањето било извршено на 9 јули 1991 година, во просториите на Општинската конференција на Социјалистички сојуз на работниот народ (ССРН) Ресен, а материјалот бил преземен од Историскиот архив на Охрид. Материјалот бил преземен од Државниот архив – Подрачно одделение Битола на

[41] Исто, кут. 1, а. е. 25, л. 150.

[42] Види ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 906, *Општинска конференција за општествена положба и активност на жените Ресен (1963 – 1984)*.

9 декември 1999 година. Според количинскиот приказ, фондот се состоел од една кутија и една книга, вкупно 0.10 м^2.

Средувањето и обработката на фондот почна на 21 август 2023 година и траеше до 21 јануари 2024 година (Решение бр. 283 и 290). Главниот предизвик при средувањето произлегуваше од физичката состојба на архивскиот материјал. Документите потекнуваат од 1940-тите и 1950-тите години, период кога поради повоените услови, се користела хартија од „втора рака". Па така, голем број од документите, и оние пишувани на машина, како и оние пишувани ракописно со мастило или графит, со текот на времето претрпеле избледување, кое најверојатно настанало поради видот на хартијата, која се одликува со многу тенки листови. Поголем дел од документите биле изложени на влажни услови, што се препознава со влијанијата на мастилото (негово претопување на дел од листот); на поголем број од документите се забележани корозивни ефекти во пределот на горниот лев агол на листот, како последица на метални спојувалки. Овие процеси придонеле поголем број од листовите да се слепат еден за друг. Во процесот на средување на фондот, големо внимание беше посветено на спречување на овој процес понатаму.

При обработката на фондот, освен комплетно научно-истражувачко средство, беше направен и уште еден дополнителен чекор. Беше изработена и табела за детално опишување на квантитативните и квалитативните карактеристики на ниво на фонд и на ниво на архивска единица. Причината зад овој чекор произлегуваше од моето разбирање дека станува збор за материјал од приоритетно значење, кој поседува историски и културолошки својства важни за идентитетот на заедницата од каде што произлегува, и следствено, тој треба дополнително да се истражи и заштити.[43] Табелата се разгранува вертикално: според нивоа – од фонд до архивска единица; и хоризонтално – почнувајќи од следните главни полиња: идентификација, име, опис на квантитативните и содржинските карактеристики на материјалот, потеклото, периодизација, провениенција на изворниот материјал, јазик на материјалот, статус на пристап до материјалот, дигитален опис, видливост на материјалот (искористеност во јавни или научни цели). Овој начин на работа дозволува истовремено деталност и прегледност на документацијата во фондот, локацијата на чување, како и можност за идентификација на теми, поими, имиња и пребарување по клучни зборови. Уште поважно, табелата може да послужи како база за метаподатоци (meta-data), при дигитализација на фондот која би следувала во иднина.

[43] Овој чекор е инспириран од рецентните практики за заштита на архивски материјал (ам) во ДАРСМ – Одделение Битола: во рамки на дигитализација и заштита на фондот 580 „Браќа Манаки" (Endangered Archives Project: Time stands still), каде се применува принципот на детално опишување на сите нивоа на ам (meta data), според меѓународните стандарди за дигитализација. Овие стандарди на опис се особено применливи за материјал кој има приоритетно историско значење за општеството. На ниво на ДАРСМ, препознаен е и применет Општиот меѓународен стандард за опис на архивски материјал (General International Standard Archival Description – ISAD (G).

2.1 Содржина на фондот

Според видот, фондот содржи документи од тековната работа на организацијата, една диплома (образец), две тетратки – записнички книги и една книга (Деловоден протокол). Гранични години на фондот се 1945-1950, а гранични години на архивскиот материјал 1945/1969. Се состои од една кутија, 160 архивски единици со 445 листови; и една книга со вкупно 37 листови. Содржината на фондот е распределена на следните групи:

1. Планови
2. Извештаи
3. Информации и упатства
4. Записници од состаноци на ОО АФЖ Ресен
5. Пленарни состаноци
6. Избори за одбори на ОО АФЖ Ресен
7. Преписка
8. Буџет и финансии на ОО АФЖ Ресен (1950 година)
9. Список на членки на ОО АФЖ Ресен (1948)
10. ОО АФЖ Ресен и соработката со други институции и органи на народната власт
11. Материјали од одржани конференции, собранија, конгреси и други собири на АФЖ

Книга 1: Деловоден проток на ОО АФЖ Ресен за 1949 година. Во оваа книга се водени преписките и предметите поврзани со сите тековни активности во ОО АФЖ Ресен во 1949 година, по датум, содржина на предмет, лицето што го примило/решило и решение на предметот.

Фондот нуди увид во процесите на еманципација на жените на терен, во Ресен и селата што припаѓаат во Ресенската Околија, од 1945 година до 1950 година. Документите што датираат од 1960-тите години се однесуваат на соработката на ОО АФЖ Ресен со други институции на околиската народна власт, или се однесуваат на организациите што биле наследници на АФЖ, т.е. КОАЖ, и тоа со седиште во Битола и Скопје. Најстариот документ во фондот е „Упатство од ГО АФЖ на Македонија – Скопје за праќање телеграми со информации за женската активност до Меѓународната демократска федерација на жените, 2 март 1945“[44]; а последен хронолошки е „Образец од спомен диплома од КОАЖ на Македонија по Повод 25-годишнината на АФЖ на Македонија“, 14 декември 1969[45] (види Прилог 5).

[44] ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, кут. 1, а. е. 98, л. 269.
[45] Исто, кут. 1, а. е. 160, л. 444-445.

3. Изворите за АФЖ во архивската мрежа: почетоци, предизвици и потенцијали

За да биде успешна рефлексијата кон положбата на сеќавањето за АФЖ во културните и во општествените дискурси, потребно е да се направи преглед на видливоста и на присутноста на темите за АФЖ во радарот на официјалните институции, како и низ истражувачките, културните и уметничките практики.

Првите студии и објавени зборници на документи од историјата на АФЖ, во македонската историографија се јавуваат во 1970-тите години, а нивни автори/ки и уредници биле историчарите/ките од Институтот за национална историја во Скопје (ИНИ). Предводник на овој историографско-публицистички тек била историчарката Вера Весковиќ-Вангели,[46] а значаен фактор на соработка биле и женските организации – наследници на АФЖ.[47] (види Прилог 5) Уште една институција која имала централен удел во процесот бил Архивот на Македонија (денес централниот дел на ДАРСМ). Следува краток преглед на најважните публикации и истражувачки потфати во оваа област до денес. Дополнителен сегмент на овој процес било учеството на наведените чинители во одбележувањето на годишници, кое и се користело како повод за издавање тематски публикации.

Првата публикација која темелно пристапува кон изворите од историјата на АФЖ е *Зборникот на документи за учеството на жените од Македонија во Народноослободителната војна и револуцијата 1941 – 1945*, уредуван од Вера Весковиќ-Вангели и Марија Јовановиќ, во издание на ИНИ, а како коиздавач се јавува Конференцијата за општествена активност на жените на Македонија.[48] Подготовката на Зборникот била дел од програмата за одбележување во 1974

[46] Вера Весковиќ-Вангели (1933, Велес – 2007, Скопје) била македонска историчарка и долгогодишна научна работничка во високото образование. Во 1957 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје, а во 1974 година го одбранила својот докторат на Хумболтовиот универзитет во Берлин. Од 1960 година, почнала да работи во Институтот за национална Историја во Скопје (ИНИ), каде што подоцна раководела со Одделението за современа историја, исто така, го менаџирала и образовниот совет на институцијата. Во 1979 година ѝ била доделена државната награда „Златен венец“ за особени достигнувања во науката. Во 1995 година почнал нејзиниот мандат како проректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ). Повеќе за нејзината биобиблиографија види: Ивана Хаџиевска, „Жените во историографијата на проф. д-р Вера Весковиќ-Вангели: тематска библиографија“, *Револуција*, бр. 4 (2021): 24-27; Ivana Hadjievska, „Naše znanstvenice: Vera Veskovik-Vangeli – za njo je zgodovina beseda ženskega spola“, Naše znanstvenice. *Kako so ženske soustvarjale znanost v Jugoslaviji*, ed. Jovana Mihajlović Trbovc. Ljubljana: Založba ZRC, 2023, 112-123. (DOI: 10.3986/9789610507024)

[47] Станува збор за организациите наследнички на АФЖ: Сојуз на женските друштва на Македонија (1953 – 1961), Конференцијата за општествена положба на жените во Македонија (1961 – 1990); потоа Организацијата на жените на Македонија; како и жените во рамки на Здруженијата на борци и нивните активности.

[48] Вера Весковиќ-Вангели, Марија Јовановиќ, *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во Народноослободителната војна и револуцијата 1941 – 1945*. Скопје: Институт за национална историја, КОАЖ, 1976.

година, во чест на триесетгодишнината од формирањето на АФЖ на Македонија, Меѓународната година на жените,[49] триесетгодишнината од победата на фашизмот и конечното ослободување на Југославија, но публикацијата, поради специфичноста на истражувачкиот процес на архивски документи, била издадена во 1976 година, а излегла од печат во 1977 година.[50] Во посветата е запишано: „На сите знаени и незнаени (*sic*!) жени борци во Народноослободителната револуција во Македонија". Посветата ни укажува дека основната цел на уредниците била да се даде лик и глас на жените од цивилното население и учесничките во партизанското движење, и од анонимноста да бидат изведени пред „историската виделина", т.е. да бидат претставени како политички чинители во државотворните процеси – гаранција за правата, слободите и еманципацијата на жените.

За подлабоко да ги разбереме целите на уредниците и стратегиите на пристапот на институциите-издавачи и соработници во истражувањето на граѓата на АФЖ, мора да се запознаеме со времетраењето, текот и основните цели на работата при создавањето на Зборникот. Собирањето документи за негово составување почнало во 1963 година; тие се распоредени во два дела: првиот дел има 450 документи, објавени како транскрипти во целосна или скратена форма, со задржани оригинални карактеристики во однос на јазикот, а со додадени објаснувања, и дешифрирани термини; а вториот дел содржи 4.117 кратки биографски белешки за учесниците во НОБ, како и индекс на личните имиња. Уредничките порачуваат дека со објавувањето на Зборникот „ќе се пополни една празнина во историографијата на македонскиот народ и народностите". Со сите свои компоненти, Зборникот не само што „надополнувал историографска празнина", туку и го почнал патот на канонизирање на историјата на АФЖ во официјалните наративи. Овој Зборник има повеќекратно значење: ги поставува темелите на институционалното истражување

[49] Меѓународна година на жените (International Women's Year – IWY) била програма на Организацијата на Обединетите нации од 1975 година, која била во рамки на активностите за елиминирање на дискриминацијата на жените. Токму во рамките на овој настан било воспоставено празнувањето на 8 март како интернационален ден на жените. Социјалистичка Југославија се приклучила со свои делегатки кон активностите.

[50] Издавањето на Зборникот треба да се погледне и од регионален аспект. На федеративно ниво во социјалистичка Југославија, уште за време на постоењето на АФЖ, имало идеја за архивирање на историјата (Види: Renata Jambrešić Kirin, „Rodni aspekti socijalističke politike pamćenja Drugoga svjetskog rata". *Kultura sjećanja: 1945*, ur. Sulejman Bosto, Tihomir Cipek. Zagreb: Disput, 2009, 59-82). Оваа идеја се остварила делумно, на тој начин што на републичко ниво секоја од републиките собирала и објавувала материјали од историјата на АФЖ. Прв таков зборник забележуваме во 1955 година (Marija Šoljan, *Žene Hrvatske u narodnooslobodilačkoj borbi*. Glavni odbor saveza ženskih društava Hrvatske: Zagreb, 1955); потоа следувале: Bosa Cvetić, *Žene Srbije u NOB*, Nolit: Beograd, 1975; Jasmina Musabegović, *Žene Bosne i Hercegovine u narodnooslobodilačkoj borbi 1941 – 1945*. Sarajevo: Svjetlost Sarajevo, 1977; итн. Подетално види: Mira Kolar-Dimitrijević, "Najnovije knjige o sudjelovanju žena u radničkom pokretu i NOB-u*", Časopis za suvremenu povijest*, IX, br. 3 (1977): 127-131 (достапно онлајн: https://hrcak.srce.hr/219049, пристапено на 1 јуни 2024). Преглед на антологиските книги и зборници документи за учеството на жените од Југославија во НОБ, види: Вебсајт на Arhiv antifašističke borbe žena Bosne i Hercegovine i Jugoslavije http://afzarhiv.org/items/browse?collection=3 (пристапено на 1 јуни 2024).

на изворната документација на АФЖ; и објавува голем број архивски документи од различни фондови релевантни за темата, најголем дел чувани во Архивот на Македонија во Скопје.[51]

Архивот не се јавувал само како репозитор на материјалите кои истражувачите ги користеле за пишување и одбележување на историјата на АФЖ, туку и како издавач на релевантни публикации, како и предводник на процеси за собирање и чување мемоарска граѓа поврзана со учесниците и учесничките во НОБ. Во 1985 година, институцијата се јавува како издавач на публикацијата „Осми март и напредното движење на жените во Македонија“.[52] Доколку ги следиме архивските материјали за историјата на архивските одделенија, може да се заклучи дека до 1980-тите, истражувањето на историјата на АФЖ (заедно со прилозите за историјата на Народниот фронт (НФ), Народноослободителен младински сојуз (НОМС), КПЈ и мемоарската граѓа од НОБ), било на листата на приоритети, како во научноистражувачката, така и во издавачката дејност на историските архиви и на републичко и на локално ниво. Така на пример, Историскиот архив Битола во Програмата за издавачка дејност за периодот 1986 – 1990, предвидувал издавање пет тома зборници со документи, меѓу кои бил предвиден и насловот „Развитокот на КПЈ, НФ и АФЖ 1944 – 1946“, меѓутоа, оваа програма не се остварила во целост.[53]

Последен комеморативен настан за АФЖ кој бил подготвуван на официјално ниво, со учество на државни, општествени и научно-образовни фактори, бил во 1994 година, за одбележувањето на 50-годишницата на организацијата. За таа цел бил организиран специјален „Одбор за одбележување 50 години на АФЖ“, а бил подготвуван и Зборник на документи (испечатен во 1995 година; уредничка повторно била Вера Весковиќ-Вангели).

Во Зборникот се објавени 318 документи од Главниот одбор на АФЖ на Македонија, чиј фонд се чувал во Архивот на Македонија, а како што пишува во

[51] Токму затоа, рецензија за Зборникот е објавена токму во списанието Македонски архивист: Фани Буцкова, „Жените на Македонија во НОВ 1941 – 1945, ИНИ, 1976, с. 1400“, *Македонски архивист,* VI, бр. 6 (1977): 181-184.

[52] Вера Весковиќ-Вангели и Мане Маневски*, Осми март и напредното движење на жените во Македонија (1939 – 1945).* Скопје: Архив на Македонија, 1985.

[53] „Согласно чл. 37 став 6 од Законот за архивска дејност, ИАБ [Историски архив – Битола, ИХ] во периодот 1986 – 1990 година својата издавачка дејност ќе ја реализира со публикување на една едиција со наслов „Одбрани документи за историјата на македонскиот народ“. Едицијата ќе содржи непубликувани одбрани документи што се чуваат во Историскиот архив Битола, Архивот на Македонија, Институтот за национална историја и Архивите во Белград, а се од непроценлива важност за нашата историја. Документите ќе бидат обработени и ќе имаат научен коментар. Од едицијата Одбрани документи од историјата на Македонскиот народ (...) ќе се публикуваат 5 тома, кој сукцесивно ќе се публикуваат по еден годишно. Ќе бидат издадени следните томови: 1. том „Милтон Манаки“ – Фотомонографија; 2. том „Развитокот на КПЈ, НФ и АФЖ 1944-1946“; 3. том Економскиот развој на Македонија и Битолскиот Вилает во 19 и 20 век; 4. том Документи од окупаторските фондови; 5. том Кратка историја на Битолскиот Вилает од Мехмет Рефик – превод“. ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 611, *Историски архив – Битола 1951* – несреден, „Програма за долгорочната издавачка дејност на Историскиот архив – Битола 1986-1990“ (01-319/1, 20.8.1984).

воведниот дел „тие првпат се презентираат на научната и поширокатa културна и општествена јавност“.[54] Дополнително, на 24 ноември 1994 година, во Скопје, била одржана научна трибина, на која учествувале жени учеснички во НОБ, академици, професори, експерти од областа на социјалните политики и претставнички на женските организации. Во зборникот трудови од собирот, во делот посветен на дискусијата интегрално е пренесен говорот на првоборките Вера Ацева, Деса Миљовска, Уранија Јуруковска и др.[55]

Во периодот од 1995 до средината на 2000 години, интересот за АФЖ се губи од радарот на официјалните научно-образовни институции,[56] и опстојува низ дискурсите на женските организации и организациите-наследници и продолжувачи на Здруженијата на борци од НОБ.[57] Кај овие „мемориски чинители“, сеќавањето е испреплетено со активизам, уметнички и културни интервенции во просторот и неформална едукација, поврзана со (пре)испитувањето на корените на македонските женски движења и организации. Она што се раѓа од овие критички интервенции е освестување на „политиките на заборав“ кон АФЖ[58] и нивните последици врз современите идеи за еманципација на жените во Македонија. Токму во оваа констелација на судири помеѓу новите политики на паметење насочени кон ренесанса на етно-националните сентименти, од една страна, и реестаблирањето на наследството од социјалистичкиот период кај новите генерации кои во нив согледуваат општествена вредност и историско наследство кое е загрозено, се раѓа најголемиот предизвик за архивите: од една страна архивот останува главен репозиториум за изворите за АФЖ, но се раскинати врските и перспективите за користење и натамошно вреднување на материјалите во новата констелација на мемориски чинители од постсоцијалистичкиот поредок.

[54] *Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија* (1943-1945), XXIV.

[55] Милка Такева-Григоријевиќ, et al., *Положбата на жената во современите општествени текови: (материјали од научната трибина одржана по повод 50 години од Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија, што се одржа во Скопје на 24 ноември 1994 година)*, Скопје: Организација на жените на Македонија, 1995.

[56] За да се направи компарација помеѓу начините на кои се одбележувале јубилеите на АФЖ низ годините, посебно на преминот помеѓу 20 и 21 век, може да се консултираат содржините на декемвриските броеви на списанијата *Македонка* (1944 – 1952) и *Просветена жена* (1953 – 1990). Види и Прилог 5.

[57] Неколку примери: активностите на Фестивалот за култура и феминистичка акција „Прво па женско“, организиран од колективот „Тиии!Инк.“ од Скопје. На 16. издание била презентирана изложбата на уметницата Адела Јушиќ, насловена „Šta je nama naša borba dala?“ (*ФЕМоар: страв од феминизам? Едукација и акција за промоција на женските права*. Скопје: Здружение на граѓани за промоција на женската активност Тиии!Инк, 2016); активностите на Главниот одбор на Сојузот на борците на Македонија за сеќавање и негување на антифашистичките традиции; Ивана Васева, *Партизанување – траги на борбата, едновечерен изложбен настан.* Скопје: Плоштад Слобода (https://arhiva.zaum.mk/wp-content/uploads/2017/04/2017-03-30_Izlozba_PARTIZANUVANJE_tragi-na-borbata_Sojuz-na-borci_Skopje.pdf, пристапено на 1 јуни 2024).

[58] За подобро разбирање на политиките на заборав кон наследството на АФЖ во постјугословенските општества, види: Dugandžić, Okić, *The Lost Revolution*; Burcar, *Restavracija kapitalizma: repatriarhalizacija družbe;* Jambrešić Kirin, „Rodni aspekti socijalističke politike pamćenja Drugoga svjetskog rata“.

Затоа, во периодот од средината на 2000-тите години до 2020 година, релевантни за дискусијата се искуства на истражувачите со интерес кон темите за историјата на жените, т.е. нивната интеракција со архивските извори. Така, постојат примери на истражувачи кои во својата кариера активно се занимавале со прашањата за историјата на жените и правците и проблемите на еманципацијата во македонскиот контекст, низ културните и уметничките дискурси, и често ги посочуваат архивите како критички точки. Такви примери наоѓаме кај теоретичарката на уметност Сузана Милевска,[59] уметницата Лилјана Ѓузелова[60] и кај уметницата Христина Иваноска[61] – наведените бележат различни методи на интердисциплинарниот пристап при работа со архивски материјал. Во нивните истражувачки искуства, преовладуваат предизвиците поврзани со пристапноста до материјалите, нивната состојба на заштита и потребата од пополнување на историографска празнина во поглед на женските гласови од минатото.[62] Во последната деценија, теоретските и уметничките интервенции, заедно со активностите на женските организации, даваат нов импетус на интересот и општествено вреднување и актуелизирање на наследството на АФЖ и потенцирање на важноста на историските искуства како важни за платформата на современото женско движење.

[59] За искуствата при истражување на историјата на жените низ балканските архиви: Suzana Milevska, *Gender difference in the Balkans, A thesis submitted for the degree of Doctor of Philosophy Goldsmiths' College.* University of London Visual Cultures Department October 2005, 6-7.

[60] Пример: „Женска книга", самостојна изложба на Лилјана Ѓузелова (2010, Скопје). Обединува различни текстови, фотографии и документи кои претставуваат краен резултат на двегодишното уметничко и историско истражување на уметницата. Според критичарите, „Ѓузелова со својата „Женска книга" ја надополнува машката историја со едно ново, барем во нашата историографија, недопишано поглавје за женските движења. Истражување на паралелната историја, онаа помалку позната женска приказна во чие ткаење не учествувала само нејзината мајка Донка Ѓузелова туку и сите други девојки што членувале во организацијата МТЖО (Македонска тајна женска организација – една од првите женски организации што дејствувале на нашите простори во периодот од 1926 – 1941). Документи од семејната архива, но исто така и преку игнорираните документи од националната архива (поради проблематичните цели на групата против просрпската влада од тоа време). Највозбудливиот дел од проектот е новонапишаното писмо на уметницата до нејзината покојна мајка, шифрирано преку системот што мајката и други членови на групата ги користеле при пренос на пораки до притворените членови на машката Македонска младинска тајна револуционерна организација (ММТРО)." АКТО 7: *Публика* – Фестивал за современа уметност 9-12.8.2012 (каталог) https://arhiva.zaum.mk/wp-content/uploads/2019/11/2012_08_09_AKTO-7_Publika_katalog.pdf (пристапено на 1 јуни 2024).

[61] Од целиот опус на уметницата Христина Иваноска, особено релевантен пример е нејзиниот долгогодишен истражувачки проект „Документот што недостига", кој се разгранува токму околу прашањата за паметењето, односно заборавот на историјата на жените. Види: Христина Иваноска, „Уметничко истражување: Документот што недостига: 'Македонка' – еманципација, смисла и копнеж". *Архиви на невидливите*, уредници Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2022, 225-259.

[62] Осврт кон јавните политики кои ја засегаат проблематиката види кај: Билјана Котевска, „Родот, историјата и историографијата: кон родово сензитивни политики за позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија", *Архиви на невидливите*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2021, 139-160.

Токму во таа констелација на мемориските односи, се јавува последното истражување релевантно за темата. Во следниот пасус ќе бидат претставени резултатите од реактуализацијата, низ претставување на последната фаза во истражувањата на историјата на АФЖ во современиот културен и хуманистички дискурс во македонското општество.

Во периодот 2021-2022 година се реализираше проектот Архиви на невидливите, предводен од Центарот за истражување на национализмот и културата – Скопје.[63] Во 2022 година во рамки на проектот беше реализирано истражување аспекти од историјата на АФЖ: политички, социјални, образовни, книжевно-дискурзивни аспекти, низ сеопфатно истражување на првото македонско женско списание „Македонка“. Во тој проект бил дигитализиран и целосниот фонд на списанието „Македонка“[64].

По овој преглед, може да заклучиме дека историографските и архивските истражувања на историјата на АФЖ почнуваат од 1963 година. Во овој период, публикуваните зборници на документи и историографски дела главно ги третираат документите од 1945 година и првите години по основањето на АФЖ. Пад на интересот за темата се забележува во периодот по осамостојувањето на државата во 1990-тите. Нова фаза на актуализиран интерес за истражување на историјата на АФЖ се јавува по 2020 година. Во оваа фаза се направени истражувања на женскиот печат – како извор за нови погледи на историјата на жените. Во континуитет, Архивот останува главен референтен репозиториум за чување на архивското наследство на АФЖ, од публикувањето на првиот Зборник документи во 1977 година, па сè до последните истражувачки проекти, архивите се критичка појдовна точка на дискусијата за теоретско-методолошко врамување на темата АФЖ. Токму затоа, останува да прегледаме каква е моменталната состојба на фондовите чиј фондообразувач е АФЖ низ архивската мрежа.

Во Прилог бр. 1 даден е табеларен приказ на локацијата и состојбата на фондови чиј фондообразувач е АФЖ, во одделенијата на ДАРСМ. Според јавно

[63] Според официјалниот веб-сајт на проектот „Архиви на невидливите“ претставува теоретско-методолошки осмислен проект, чија цел е да понуди систематизирани извори низ кои се прикажува поширока слика за претставата на жените во наративите за македонското минато, отаде стереотипната имагологија, како и анализа на изворите во контекст на позицијата на жените во националните мастер-наративи. Истражувањето почнува од премисата за печатот од XIX и XX век како медиумски, политички и идеолошки фактор низ кој се граделе и уривале културните, националните и јазичните обрасци. Оттаму, родово димензионираниот истражувачки аспект на печатот може да придонесе за разбирање различни теми од областа на историјата на жените, социјалната историја, но и да ја збогати со аргументи и нови гледишта и официјалната национална историја. Од проектот произлегле две публикации, едукативни визуелни содржини и дигитализација на списанието „Македонка“. Види детално: https://nevidliviarhivi.mk/

[64] Резултатите од истражувањето се објавени во зборникот: Ивана Хаџиевска, Јана Коцевска, *Архиви на невидливите: Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022. За предизвиците и методите на работа со овој извор, како и за процесите ан дигитализација види во Воведот во истиот зборник. Дигитализираното списание може да се пристапи на следниот линк: https://www.nevidliviarhivi.mk/magazines/.

достапните податоци, низ архивските одделенија има вкупно 23 фондови, од нив 10 имаат статус – несреден. Три од овие фондови се однесуваат на организацијата наследник на АФЖ – КОАЖ: 906 – Ресен и 546 – Крушево; комплетен пример во поглед на хронолошкото надоврзување меѓу организациите е фондот 173 – Градски одбор на АФЖ (КОАЖ) – Прилеп (1945 – 1990). Има два фонда од истиот историски период, чиј фондообразувач не е АФЖ директно, но се однесуваат на социјалните политики и проблематики поврзани со жените: фонд 465 – Градско женско друштво за помош на жените во Скопска Околија (1952 – 1955); и фонд 270 – Женско стручно домаќинско училиште – Штип (1956 – 1957). Освен фондови, во архивските збирки спорадично се среќаваат и публикации чиј издавач бил АФЖ. На пр. во Одделението во Битола се чуваат четири броја од списанието „Македонка“ и посебната публикација „8 Март“ (1949).[65]

Можам да констатирам дека македонската историографија сè уште не произвела дела што сеопфатно (хронолошки и/или тематски), дискурзивно и компаративно ја истражуваат документацијата на АФЖ. Објавените зборници на документи во најголем дел ги третираат документите на АФЖ само од периодот 1944 – 1945 година. Дел од фондовите чиј фондообразувач е АФЖ сè уште не се средени, а со тоа и не се целосно достапни за истражувачите и за заинтересираните странки. Студијата на случај за пристап кон фондот 904 може да послужи како добар пример за потенцијалите кои би следувале по систематскиот пристап кон нивно средување, дигитализирање и истражување.

Заклучок

Со средувањето и обработката, фондот 904 е достапен за заинтересираните странки, а исто така, проширени се можностите за истражување на историјата на АФЖ. Заклучните забелешки одат во два правци: прво, архивскиот материјал осветлува историски теми од развојот на АФЖ на локално ниво; и второ, открива повеќе за функцијата на архивите како институции-чинители во сферата на културата на сеќавање.

Во поглед на историските и културните својства, овој архивски материјал нуди поглед во процесите на политичко, социјално и економско трансформирање на односите, по прашањето на положбата на жената, на самиот терен, во Ресен и неговата околина. Особено значајни се документите кои ги откриваат имињата на жените кои ги предводеле активностите за спроведување на државните кампањи на АФЖ, на локално ниво. По нивно дејство, може да се заклучи дека најголем дел од резултатите биле остварени на поле на описменување на женското население и изградбата на систем на градинки, кои пак, овозможувале вклучување на жените во економијата како работнички. Уште еден историски аспект кој го нуди фондот е и разбирањето на жените како активни учеснички во изградбата на своите општини, но и на државата, во политичка и во економска смисла. Материјалите сведочат и за

[65] ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 950, *Збирка весници (1871 – 2020),* кут. 34, а. е. 14 и 15.

лавирањето на активистките на АФЖ низ комплексниот, понекогаш противречен, пејзаж на новостекнатите политички и законски права и обврски, во турбулентните повоени години.

Во поглед на комеморативната функција на Архивот во однос на општественото значење и наследство на АФЖ, заклучокот е покомплексен. Од една страна, Архивот бил и останува главен репозиториум на историографските истражувањата за АФЖ, уште од 1963 година, кога почнала работата на првите зборници документи на темата. Во 1974 и 1994 година се забележани богати културно-академски програми за одбележувањето на формирањето на АФЖ, во чиј центар било и архивското наследство. Овие јубилеи биле збогатени со издавање зборници документи за раната историја на АФЖ. Од доцните 1990-ти, па до средината на 2000-тите години, се намалил интересот за истражување на темата и сеќавање на наследството на АФЖ. Сепак, архивскиот материјал останувал во интересот на претставниците на независната научна и културна сцена, кои проникнуваат нови, интердисциплинарни методи за аналитички пристап кон документацијата и ново обликување на нејзиното значење, во контекст на новите мнемонички чинители – женските активистички организации, последната генерација истражувачи од хуманистичките области и организациите – негувачи на антифашистичките традиции. Токму во новиот мемориски пејзаж треба да се бараат и развиваат потенцијалите на архивот како институција која гради мостови помеѓу архивскиот материјал и неговите значења како колективно добро за различни заедници во општеството.

Низ студијата на случај во овој текст, понудив аргументи кои одат во корист на тезата за општествените значења на фондот 904 за историјата на жените и домашните форми на еманципација, кои всушност се важни историски искуства за македонските жени денес. Одбележувањето на важните датуми поврзани со АФЖ на Македонија, треба да поаѓа токму од точките на историското искуство и државотворниот елемент сочинет во него и да ја избегнува декларативноста, а тоа може да се постигне само поткрепено со архивски извори.

Овие студии на случаи можат да послужат и како образец за натамошно развивање на архивските и историографските истражувања на материјал чиј фондообразувач е АФЖ, особено кај оние фондови кои не се средени и сè уште не се користени во научно-образовни и комеморативни цели. Дополнителниот чекор во однос на табеларното опишување на фондот (низ создавање метаподатоци), што го применив при средувањето на фондот, е добра основа за градење пат кон дигитализација на материјал што е историски приоритетен. Доколку првата генерација македонски историчари/ки работеле со овој материјал со цел „да пополнат историографски празнини во младата историска наука“, тогаш, последната генерација, со новите методи и технологии, има уникатна можност сеопфатно да пристапи кон аналитичко работење со изворите и критичко испитување на нивните културни и општествени значења.

Користени извори и литература

Необјавени извори

ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 611, *Историски архив – Битола 1951* – несреден

ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, *ОО АФЖ – Ресен (1945 – 1950); 1945 – 1969*

ДАРСМ – Одделение. Битола, ф. 950, *Збирка весници (1871 – 2015)*

Објавени извори

Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија 1943 – 1945) – Зборник на документи, собрала Вера Весковиќ-Вангели. Скопје: Одбор за одбележување 50 години на АФЖ на Македонија, 1994

Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во Народно-ослободителната војна и револуцијата 1941 – 1945, избор, редакција и коментар Вера Весковиќ-Вангели и Марија Јовановиќ. Скопје: Институт за национална историја, КОАЖ, 1976.

Периодика

Македонка – Орган на АФЖ на Македонија, I, бр. 1 (ноември 1944), 9-10.

Литература

АКТО 7: Публика – Фестивал за современа уметност 9-12.8.2012 (каталог) https://arhiva.zaum.mk/wp-content/uploads/2019/11/2012_08_09_AKTO-7_Publika_katalog.pdf (пристапено на 1 јуни 2024).

Буцкова, Фани, „Жените на Македонија во НОВ 1941 – 1945“, ИНИ, 1976, с. 1400“, *Македонски архивист*, VI, бр. 6 (1977): 181-184

Васева, Ивана, *Партизанување – траги на борбата*, едновечерен изложбен настан. Скопје: Плоштад Слобода (https://arhiva.zaum.mk/wp-content/uploads/2017/04/2017-03-30_Izlozba_PARTIZANUVANJE_tragi-na-borbata_Sojuz-na-borci_Skopje.pdf, пристапено на 1 јуни 2024)

Весковиќ-Вангели, Вера и Мане Маневски, *Осми март и напредното движење на жените во Македонија (1939 – 1945).* Скопје: Архив на Македонија, 1985

Иваноска, Христина, „Уметничко истражување: Документот што недостига: „Македонка“ – еманципација, смисла и копнеж“. *Архиви на невидливите: Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2022, 225-259

Константинов, Милош, „Културно-просветната и пропагандната дејност на архивите“, *Македонски архивист, IV, бр. 6* (1977): 5-19

Котевска, Билјана, „Родот, историјата и историографијата: кон родово сензитивни политики за позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата во Македонија“, *Архиви на невидливите: жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни*, ур. Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2021, 139-160

Пантелиќ, Ивана, „АФЖ: кратка историја на општествената промена“, *Архиви на невидливите: Македонка Орган на АФЖ (1944-1952), историски искуства и културна меморија*, ур. од Хаџиевска и Коцевска. Скопје: ЦИНИК, 2022, 11-21

Такева-Григоријевиќ, Милка, et al., *Положбата на жената во современите општествени текови: (материјали од научната трибина одржана по повод 50 години од Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија, што се одржа во Скопје на 24 ноември 1994 година)*, Скопје: Организација на жените на Македонија, 1995

ФЕМоар: страв од феминизам? Едукација и акција за промоција на женските права. Скопје: Здружение на граѓани за промоција на женската активност Тиииит!Инк, 2016

Хаџиевска, Ивана, „Жените во историографијата на проф. д-р Вера Весковиќ-Вангели: тематска библиографија“, *Револуција*, бр. 4 (2021), 24-27

Хаџиевска, Ивана, „Комеморативната функција на архивот: Архивските работници – концепциски носители на комеморативните праксиi чинители во културната меморија на Битола“, *Битолски архивски хронотоп: 70 години Архив Битола*, уредник Јасмина Дамјановска. Државен архив на Република Северна Македонија: Скопје, 2024, 51-80

Хаџиевска, Ивана, Јана Коцевска, *Архиви на невидливите: Македонка – Орган на АФЖ на Македонија“ (1944 – 1952), историски искуства и културна меморија.* Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата, 2022

80 godina AFŽ - Antifašistički front žena, Beograd: Fondacija Fridrih Ebert, 2024 https://library.fes.de/pdf-files/bueros/belgrad/21197.pdf (пристапено на 1 јуни 2024)

Batinić, Jelena, *Women and Yugoslav Partisans, A History of World War II Resistance*. Cambridge: Cambridge University Press, 2015

Bosto, Sulejman, Tihomir Cipek, *Kultura sjećanja: 1945*. Zagreb: Disput;

Božinović, Neda, *Žensko pitanje u Srbiji u 19. i 20. veku*. Beograd: Feministička 94, 1996

Burcar, Liljana, *Restavracija kapitalizma: repatriarhalizacija družbe,* Ljubljana: Sophia, 2015;

Cvetić, Bosa, *Žene Srbije u NOB*, Nolit: Beograd, 1975

Dugandžić, Andrea, Tijana Okić, *The Lost Revolution, Women's Antifascist Front Between Myth and Forgeting*. Sarajevo: Crvena, 2016

Hadjievska, Ivana, "Naše znanstvenice: Vera Veskovik-Vangeli – za njo je zgodovina beseda ženskega spola", *Naše znanstvenice. Kako so ženske soustvarjale znanost v Jugoslaviji*, ed. Jovana Mihajlović Trbovc. Ljubljana: Založba ZRC, 2023, 112-123 (DOI: 10.3986/9789610507024)

Jambrešić, Kirin, Renata, "Rodni aspekti socijalističke politike pamćenja Drugoga svjetskog rata". *Kultura sjećanja: 1945*, ur. Sulejman Bosto, Tihomir Cipek. Zagreb: Disput, 2009, 59-82

Kirn, Gal, "How to Return to Partisan Memory?", *Identities: Journal for Politics, Gender and Culture,* XIII, no. 1-2 (Winter 2016 - Summer 2017): 64-82

Kirn, Gal. *The Partisan Counter-Archive Retracing the Ruptures of Art and Memory in the Yugoslav People's Liberation Struggle*. Berlin: De Gruyter, 2020

Kolar-Dimitrijević, Mira, "Najnovije knjige o sudjelovanju žena u radničkom pokretu i NOB-u*", Časopis za suvremenu povijest*, IX, br. 3 (1977): 127-131 (достапно онлајн: https://hrcak.srce.hr/219049, пристапено на 1 јуни 2024)

Milevska, Suzana, *Gender difference in the Balkans, A thesis submitted for the degree of Doctor of Philosophy Goldsmiths' College*. University of London Visual Cultures Department October 2005

Musabegović, Jasmina, *Žene Bosne i Hercegovine u narodnooslobodilačkoj borbi 1941 – 1945*. Sarajevo: Svjetlost, 1977

Pantelić, Ivana, *Partizanke kao građanke, Društvena emancipacija partizanki 1945 – 1953*. Beograd: Institut za savremenu istoriju, 2011

Perović, Latinka, et. al. *Jugoslavija u istorijskoj perspektivi.* Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji, 2017

Petrović, Milo, *Preispitivanje prošlosti i istorijski revizionizam (Zlo)upotrebe istorije Španskog građanskog rata i Drugog svetskog rata na prostoru Jugoslavije.* Beograd: Udruženje Španski borci 1936-1939, 2014

Šoljan, Marija, *Žene Hrvatske u narodnooslobodilačkoj borbi*. Zagreb: Glavni odbor saveza ženskih društava Hrvatske, 195

Прилози

Прилог 1: Фондови во ДАРСМ чиј фондообразовател е АФЖ[66]

Ред. бр.	Фонд (број наслов и години)	статус	Одделение при ДАРСМ
1	466 ГЛАВЕН ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ, 1944-1950	несреден	Скопје централа
2	904 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ РЕСЕН, 1946-1950	среден	Битола
3	906 ОПШТИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА И АКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ РЕСЕН, 1962-1984	среден	Битола
4	312 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ АФЖ КРАТОВО, 1944-1950	среден	Куманово
5	313 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ АФЖ КУМАНОВО, 1947-1953	среден	Куманово
6	501 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ АФЖ КРИВА ПАЛАНКА 1945-1950	среден	Куманово
7	397 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИ (АФЖ) ТЕТОВО, 1946 – 1959	среден	Тетово
8	388 ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖИНИ (АФЖ) ТЕТОВО 1946 – 1959	среден	Тетово
9	686 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИ ГОСТИВАР, 1946 – 1952	несреден	Тетово
10	173 ГРАДСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ (КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ) ПРИЛЕП, 1945 – 1990	среден	Прилеп
11	546 КОАЖ КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ КРУШЕВО, 1951 – 1982	среден	Прилеп
12	219 ГРАДСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ, 1945-1950	несреден	Скопје
13	417 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ (АФЖ), 1945-1955	несреден	Скопје
14	465 ГРАДСКО ЖЕНСКО ДРУШТВО ЗА ПОМОШ НА ЖЕНИТЕ ВО СКОПСКА ОКОЛИЈА 1952-1955	несреден	Скопје
15	270 ЖЕНСКО СТРУЧНО ДОМАЌИНСКО УЧИЛИШТЕ ШТИП, 1956 – 1957	среден	Штип
16	141 ГРАДСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ТИТОВ ВЕЛЕС, 1946-1953	несреден	Велес
17	450 ОПШТИНСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОД ГЕВГЕЛИЈА, 1945-1950	несреден	Велес
18	635 ОКРУЖЕН ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОД ВЕЛЕС, 1945-1946	несреден	Велес

[66] Извор: Регистар на фондови, ДАРСМ https://arhiv.mk/fondovi/

19	636 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОД ТИТОВ ВЕЛЕС, 1945-1947	несреден	Велес
20	85 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОПТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОХРИД, 1944-1950	несреден	Охрид
21	86 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ СТРУГА, 1945-1950	несреден	Охрид
22	406 ГРАДСКИ ОДБОР НА АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ОХРИД , 1945-1952	несреден	Охрид
23	578 ОКОЛИСКИ ОДБОР НА АФЖ – КИЧЕВО (1945-1955)	среден	Охрид



2-904.1.130/365-366

СПИСОК

На членките на пленумот на Околискийот Одбор на АФЖ.во Ресенска Околийа како и членките на Околискийот Извршен Одбор на АФЖ.

Ред. Бр.	Од кое село ие.	Име и презиме.	Национ-алност.	Зани-майне.	Функц-ийа.	Имотно-состояние.	Рого-ние год.	Забелешка.
1/	Подмочани	Милева Шушеска	Македо.	Домак.	Секре.	Сиромаш	24год.	
2/	ГратхРесенхкхх	Дорка Башевска	"	Шивач.	Предс.	"	"	
3.	Подмочани	Зорка Мицалевска	"	Дом.	член	"		
4.	Г.Б.Црква	Муневер Меушлари	Албан.	"	" Под.Пр.	"		
5.	Бодно	Евда Богойевска	Мак.	Дом.	чл.			
6.	Ресен	Милка Стойчевска	"	Чинов.	"			
7.	Г.Дупени	Тодорка Кировска	"	дом.	"			
8.	Ианковец	Вена Саламовска	"	чинов.	"			
9.	Сопотско	Йорда Ставрева	"	дом.	"			
10.	Сопотско	Када Крумева	"	"	"			
11.	Ресен	Нада Доковска	"	"	"			
12.	Ресен	Вангелица Цветко.	"	Шивач.	"			
13.	Подмочани	Гена Илийевска	"	дом.	"			
14.	Ресен Трхйхкхкхх	Богда Трайковска	"	чинов.	"			
15.	Стейне	Велика Горгийева	"	дом.	"			
16.	Ресен	Трайанка Сарафимова	"	чинов.	"			
17.	Лубойно	Доста Казийаковска	"	дом.	"			
18.	Ресен	Милка Кочовска	мак.	дом.	член			
19.	Ресен	Ениса Дейановска	Турчин.	чинов.	"			
20.	Ресен	Лефка Дейановска	мак.	дом.	"			
21.	Ресен	Нада Бундева	"	"	"			
22.	Подмочани	Веса Кусаковска	"	"	"			
23.	Лубойно	Зуграфийа Паспало	"	"	"			
24.	Царе-Вдвор	Васа Шиндаковска	"	"	"			
25.	Дрмени	Симка Трайческа	"	"	"			
26.	Наколецк	Стойа Василева	"	"	"			
27.	Д.Дупени	Цвета Ростова	"	"	"			
28.	Брачино	Ванчойца Поповска	"	"	"			
29.	Крани	Невена Нивичова	"	"	"			
30.	Арвати	Луба Павлева	"	"	"			
31.	Штрбово	Ристосийа Рабажийева	"	"	"			
32.	Пртор	Донка Наумова	"	"	"			
33.	Д.Б.Црква	Илинка Наумовска	"	"	"			
34.	Перова	Кавиловска Српка	"	"	"			
35.	Болно х	Мила Кирева	"	"	"			
36.	Златари	Стефанка Туткова	"	"	"			
37.	Лева-Река	Кола Старковска	"	"	"			
38.	Асамати	Усейница Таилова	албан.	"	"			
40.	Лавци	Начи Речипова	"	"	"			
41.	Ресен	Зора Радеска						

16-Май 1948.год.
РЕСЕН

За Околиски Одбор на АФЖ.
/М/Шушевска/

Прилог 2: Список на членките на Пленумот на ОО АФЖ Ресен и на Организациското одделение од 16 мај 1948 година, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, кут. 1, а.е. 130, л. 365.



2.904.1.33/161

З А П И С Н И К

Составен на ден 6-X-1949 год. се следниот дневен ред:

1/Разгледување на 6-сто месечниот план и превземање на мерки
2/Закажување на состанок со околискиот извршен одбор

Состанокот беше во состав на секретаријатот во присуство на др. Одорка Трајчевска. Состанокот го раководеше другарката секретарка Милева Кротевска истиот отпочна со работа во 7-зо ч.

После образложувањето на дневниот ред се прејде на работа по дневниот ред одо првата точка разгледувајќи го планот за работа на околиски одбор на АФЖ се констатира следното: 1/за анолфабетската кампања одговорната другарка влезе во врска со просв.отсек и се направи заеднички план по кој план ќе се постапи на рабо.е .2 по однос на работата на читалечките групи до сега се преработуваа брошурите породично васпитање од Макаренко како и разни членци од "Борба" во врска со инфомбировската кампања, а од сега натаму ќе се преработуваат говорот на другаротот Тито одржан пред пионерот во Белград во чест на детската недела како и членци од борба за политичките настани кај нас и во светот како нотите над владите на ФНРЈ и СССР. 3 Во врска со предавањата по однос на секциите "Мајке и дете" ќе сторе следното: Здравствено просветно предавање ќе одржано во гр.Ресен и околиите одно предавање за борба против детските проливи преку микробната служба е одржано. 4. По однос настојување на млечни кујни во гр.Ресен до денеска ќе сторено многу повеќе што одговорна беше зафатена со припремата за детската недела. 5. Во врска со пропагандната секције одржи е еден политички семинар со агитаторскиот актив при околиски одбор на АФЖ, секретаријатот и и сите секци при околиски одбор на АФЖ, после кој се реши да се од страна на агитаторскиот актив се одржат по селата политички предавања во врска со сегашно политичко положение кај нас. Исто така одржано посебно педагошко предавање секаде во околијата, а политичко ќе одлино кое кесе одржаа вотокот на овој месец. Како курсот за трдни жени така и правното саветување ќе отпочне со работа во текот на месец октомври.

Во врска со спроведувањето на горните задачи по планот ќе се разгледа и она што е за секциите кесе раздели по секци, а она што се однесува за околиски одбор ќе се испратат на терен членови на извршниот одбор и нотите ќе се спроведат заедно на теренот.

По втората точки се определи денза одржување на состанак со извршниот одбор и тоа на 13-X-1949 год. На состанакот ќе се постави за дневен ред следниот:

1/Читање на записникот од одржаниот состанак на секретаријатот

2/Разгледување на планот за работа на околискиот одбор на АФЖ и превземање на мерки по истиот.

3. Распоредела на теренот во врска со спроведување на задачите од планот.

Одговорни за одржање на состанокот другарката Милева Кротевска и др. Дорка Трајчевска.

Состанокот заврше точно во 8 часот и 45 мин.

Записничар
Николина Водјаник с.р.

Секретарка
Милева Кротевска с.р.

Прилог 3: Записник од состанок на Секретаријатот ОО АФЖ Ресен 6 октомври 1949, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, кут. 1, а.е. 33, л. 161



До
околиски одбор на АФЖ

Драги другарки,

По барањето на генералната дирекција на железниците во Белград а во координације со железничката дирекција во Скопје Ви саопштаваме следното:

По планот за 19.8 г. предвидува се читав низ курсеви при железничката дирекција. При приемот на курсистите нарочно се обраќа внимание да бидат примени што поголем број жени, бидејки да процентот на запослените жени е многу мал.

Установени се работни места на кој ке се приемат исклучително само жени. Тие места се следните:

1. Пописивачи кола
2. колска евидентичари
3. кондуктери
4. железнички телеграфисти
5. раководители на материјалите
6. економи
7. благајници за сите врсти
8. рачуновоѓи и ликвидатори
9. книговодители
10. магационери
11. статистичари
12. транзитери и манипуланти
13. возовоѓи
14. отправници на возовите
15. саобраќајни отправници
16. транспортни отпремници
17. чувари на пругата

Курсот ке почне од 1 март и ке траје 6 месеци. Кандидатите за курсот ке бидат примени веднага ке добијат решење за поставуење со месечна плата по новата систематизација стан и храна.

Станот ке биде безплатен, а храната ке се издава по синдикална цена, која ке се ја плаќат од добиената заплата.

Во приемот нужни се следните документи:

1. Таксирана молба до дирекцијата на железниците при кадрово оделење
2. Крштелно
3. Државјанство
4. да не одговорал пред судските власти
5. Школска сведожба

Школски квалификации се нужни:

Со 4 разреда гимназија или 4 разреда основно школо. Према одговарајуѓите квалификации ке бидат распределени на разни гранки на службата.

Нека Вашата организација веднага спроведе агитација за горенаведениот курс. Прибраните молби ги испратите директно до Дирекцијата на железниците -кадрово оделење- за стореното известите го Главниот одбор на АФЖ.

Смрт на фашизамот-Слобода на народот!

За Главен одбор на АФЖ
на Македонија

/Н. Цветковић/.

Прилог 4: Повик до ОО АФЖ Ресен за курсистки по барање на Железничката дирекција во Скопје, 26 јули 1946, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, кут. 1, а.е. 101, л. 273

КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ
НА ЖЕНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

ПО ПОВОД 25-ГОДИШНИНАТА
НА АФЖ НА МАКЕДОНИЈА

ЈА ДОДЕЛУВА ОВАА

СПОМЕН ДИПЛОМА

НА

ВО ЗНАК НА ПРИЗНАНИЕ ЗА ПРИДОНЕСОТ ВО
ОСТВАРУВАЊЕТО НА РАМНОПРАВНОСТА НА
ЖЕНАТА ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО

СКОПЈЕ, 14 ДЕКЕМВРИ 1969 ГОД.

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА
АКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ НА СРМ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Прилог 5: Образец од спомен диплома од КОАЖ на Македонија по Повод 25-годишнината на АФЖ на Македонија, 14 декември 1969, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 904, кут. 1, а.е. 160, л. 445



2.906.1.15/A9

З А П И С Н И К

За одржан состанок во канцелариите на околискиот одбор на А.Ф.Ж. Ресен, на 26-VI-1949 одина.

Состанокот започна во 10 часот врз основа на следниот дневен ред:

1. Извештај од Главниот одбор на А.Ф.Ж.
   а/ од минирање на детски ранки.
   б/ екскурзии.
   в/ одржување на ранки предавања.
2. Прашање на техничкото вежбање од Тетово А.Ф.Ж.
   а/ вежбување концентрација во месецот на околискиот одбор на А.Ф.Ж.
   Во врска со точка 1а/ беше одлучено од Главниот одбор на А.Ф.Ж. и се донесе решение да се постави и почне работа по истите.

б/ Другарката Милева Цуцевска секретар на околискиот одборна А.Ф.Ж. и изнесе значењето на од минирање на детски ранки и потребата за отворање на такви во местата околија и напомена дека тоа треба да се вика како најважна точка и во најскоро време се од минираат такви ранки и тоа во селата Јанковец, Дабојно, Подмочани, Сопотско, Долно Дупени, Николец, Царев-Двор и рид Ресен. За истото се донесе решение да извикат другарки на терен од околискиот одбор, да дадат можност за од минирање на детски ранки по Т.З.З. во определените села и тоа: Милева Цуцевска само Подмочани, Боса Трајковска во село Дабојно, Николец и Долно-Дупени, Јорда Стојановска во само Сопотско, Живка Спасовска и Неда Доковска во рид Ресен, во само Јанковец Вера Стојановска, и во село Царев-Двор Дорка Вангелова. Истото да се изврши до 5-VII-1949 одина.

в/ Другарката секретарка изнесе важноста за точноста и на време одржените предавања од кои треба да се води работата и околискиот одбор на А.Ф.Ж. и се донесе решение да се увлечат работи книжки во оние месни одбори на А.Ф.Ж. во кои ќе се водат предавања за работа и од која книжки ќе се копираат извештаи на околискиот одбор на А.Ф.Ж. да се приготви тромесечен извештај и се копрати на главниотодбор на А.Ф.Ж.

г/ околискиот одбор на А.Ф.Ж. донесе решение да се дадат актите за истапување при тој одбор и да се приготви за предавање по оние села да се прочитаат резолуциите. истото да се изврши до крајот на месец јули.

2. Другарката секретарка изнесе дека треба да се извика шеснаесет вежбачки од кои да се прими вежбачкото такмичење од Тетово А.Ф.Ж. по дадените точки, а исто околискиот одбор донесе решение да се извикаат шеснаесет вежбачки на Тетово и по точките кој најмногу ќе собере предавање и вработи резолуцијата од женото во Т.З.З.

Кој повеќе ќе определи читалнички друштва во Т.З.З. и кој повеќе ќе вклучи нови членки во работата во Т.З.З. истото околискиот одбор донесе решение да се земат на 5-VII-1949 одина со следниот дневен ред:

1. Разгледување на минатите работа на одборите за кои ќе говори Милева Цуцевска.
2. Образложување на техничкото во Тетово и одбрувањето на истото, ќе говори Милка Стојановска.
3. Разгледување на донесените овластувања и напомената на истата ќе изнесе Милева Цуцевска.

Состанокот заврши во 14 часот.

Записничар,
К. Стојановска.

Секретар,
М. Цуцевска.

Прилог 6: Записник од состанок на ИО ОО АФЖ Ресен 26 јуни 1949, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 906, кут. 1, а. е. 45, л. 179.



2.904.1.25/150

Записник

Составен на ден 8-август 1950-год. за одржаниот состанок со одбор на Н.Ф. и А.Ф.Ж. на л. Градино со следниот дневен ред:

1) Реорганизација на Н.Ф.

2) Фузионирање на Н.Ф. и А.Ф.Ж.

Кошто немаше други предлози за дневен ред, то се преде на работа по точка прва од дневниот ред, по која точка говореше друг. председ. на Н.Ф. Ристов Чорохов, изнесе за реорганизацијата на Н.Ф. односно укинување на секторите кои беа офарени по разни работи, со тоа што сега во Н.Ф. останува само одбарот без активи, сем од сите активи останува само три.

Иначе тоа друг. председ. изнесе да не се мисли да ако се укинати активите, те со тоа Н.Ф. престанува со својата работа, но мешкот својата дешевно ке а продолжи како и до сега, активно ке учествува во сите работи и постовени задачи, испрашатаме на франтовски бригади во изградбата и друго.

Друг. секретарот Панчо Попов, изнесе за редовното плаштање на чеонариштата, како бисе мешката на време могла да се ликвидира без заостатоци.

На точка втора од дневниот ред, за фузионирањето на А.Ф.Ж. со Н.Ф. друг. председ. изнесе да тие два одбора се фузионират, односно АФЖ. – одбарот на мешкото останува како сектор на Народниот Фронт, без свои сектори кои ги имаше досега.

Кошто беше исцрпен дневниот ред, те со тоа состанакот беше завршен.

Записничар, [illegible]

Председател, [illegible]

Прилог 7: Записник од состанок на ОО АФЖ Ресен, 8 август, 1950. За реорганизација на НФ и фузирање на АФЖ, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 906, кут. 1, а. е. 25, л. 150.



2.204.1.13/37-38 37

ИНФОРМАЦИЈА

За општествено-политичката активност на Конференцијата за општествена активност на жените во Битола за време на земјотресот во Скопје

После добивањето на веста преку Околискиот штаб за елементарни непогоди, за настанатиот катастрофален земјотрес во Скопје, веднаш Конференцијата за општествена активност на жените целосно се вклучи во организирана акција со Општинскиот одбор на ССРНМ-Битола за прихвајање на евакуираните мејки со деца како и деца без родители од 1-14 години.

За извршување на овие конкретни задатоци, беше овикан проширен состанок на активисти од ССРН и Конференцијата за општествена активност на жените и се формираат екипи од 15-20 другарки со посебни задолженија и тоа: прихвајање и сместување на мајки со деца и збринување на деца кои се без родители. Беа формирани 9 пунктови во градот од другарки кои директно соработуваа со екипите на Социјалистичкиот сојуз во организирање на внатрешниот живот во истите обезбедување на легени, кофи, медицинска опрема, сапун и друго кои беше многу нужен во првите моменти за одржување на личната хигиена, како за децата така и за мајките. Превзомени беа и по сериозни мерки за одржување на општата хигиена во просториите одредени за спални, како и заедничките простории, кујните, трпезариите и т.н.

Една од екипите беше одредена на прихватна станица на излезот од градот за Охрид која им делеше кифли и млеко на децата.

Со помош на овие другарки излезено е во пресрет на жени-трудници, кои сакаа да абортираат сметајќи да при ваква положба, бременоста би им отежавала и во согласност на лекарите од општата болница и нивна согласност извршени се 11 абортуси.

Во соработка со Општинскиот Црвен крст поделена е облека како на возрасни така и на деца, а посебно со една акција во градот собран е материјал, како и е сошивана опрема за деца од 0-1 година, како и посебна храна за истите /лактовит, бебавит и др./

Неизостана грижата и за забавниот живот на малите. На доброволна база собрани се парични средства и се купени играчки кои внесоа посебна грижа кај децата и мајките.

Како втора етапа од активноста на Конференцијата за општествена активност на жените беше :организирање на одбори од саните

Прилог 8: Информација за општествено-политичката активност на КОАЖ – Битола за време на хуманитарната помош по земјотресот во Скопје, 31 август 1963, ДАРСМ – Одделение Битола, ф. 906, кут. 1, а. е. 13, л. 37-38.

30

-2-

евакуирани другарки како и од управата на пунктот. Овој одбор има за задаток да води сметка за целокупниот живот во тој пункт, одржување на хигиената и исхраната, запознавање на луѓето со сите одлуки донесени од органите на Извршниот совет на НЈС на Македонија Градското собрание на Скопје, Извршниот комитет на ЦК СКЈ и Македонија, како би имале јасна претстава за превземање на било какви акции од страна на локалните власти во Битола, кои акции се начелни и поврзани со горните решења, а воедно и во врска со општествено-политичките организации во градот.

Небеше помала грижата и за луѓето кои беа сместени во приватни станови. И за нив се обезбеди облека и во првите денови храна во заедничките мензи кои беа организирани во градот.

Во соработка со Народна техника организирани се прожектирање на филмови: здравни, културно-просветни и детски цртани филмови.

Во тек на извршување на оваа акција, одржани се четири состаноци во заедница со ССРНМ и Општинскиот комитет на Сојузот на младината и останалите општествено-политички организации. Работата во сите овие организации се спроведуваше координирано.

Се вложуваа секакви усилија за што поголемо гостопримство, како би се ублажил големиот бол нанесен со земјотресот на населението од град Скопје.

За да би се добила една по потполна слика ќе ја наведам и цифрата која изнесуваше над 7.000 души евакуирани во Битола. Од нив грото беше мајки со деца. Затоа покрај сместувањето и исхраната се води грижа и за запишување на децата во соодветните училишта, како во основни -осмогодишни така и од II степен.

Сите деца кои се евакуирани во овој град се запишани во училиштата.

31-VIII-1963 год.

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ-БИТОЛА

UDK 94(497.22)”1947”
UDK 325.83-05Влахов, Д.
UDK 930.85:323.15/.17(497.22:=163.3)”1947”

Евгениј Литовски[1]

ТУРНЕЈАТА НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ВО ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ 1947 ГОДИНА

Abstract: One of the key activities contributing to the cultural autonomy of the Pirin region of Macedonia was the organization of public events by mass organizations from the People’s Republic of Macedonia. These events often featured prominent individuals, politicians, and revolutionaries who had dedicated their work to the cause of a free Macedonian state. Among these figures was Dimitar Vlahov, a respected and experienced leader with a significant role in the Macedonian state. His tour of the Pirin region of Macedonia and Bulgaria was of great importance in promoting the People’s Republic of Macedonia and advancing the idea of unifying the Pirin region with the PRM within the framework of the Federal People’s Republic of Yugoslavia.

Key words: Dimitar Vlahov, Pirin Macedonia, People’s Republic of Macedonia, Fatherland Front (Bulgaria), Macedonians.

Со превратот од 9 септември 1944 година и доаѓањето на Отечествениот фронт на власт во Бугарија се исполниле нужните услови за политичко приближување до Демократска Федеративна Југославија. Добрите односи во текот на наредните неколку години довеле до потпишувањето на Бледските спогодби од летото 1947 година, каде што била договорена културната автономија во пиринскиот дел на Македонија. Во рамките на културната автономија биле опфатени разни активности како што се воведувањето на македонскиот литературен јазик и национална историја во училиштата во пиринскиот дел на Македонија, отворањето на македонските книжарници на „Македонска книга“ во повеќе градови низ пиринскиот дел на Македонија, отворањето на обласниот народен македонски театар во Горна Џумаја, но и разни посети на масовните организации од Народна Република Македонија

[1] Магистер по историски науки, кустос во НУ Завод музеј – Битола, е-адреса: litovski.evgenij@gmail.com

во пиринскиот дел на Македонија со цел популаризирање на изградбата на новата држава. Сите овие активности биле во духот на идните планови за спојување на пиринскиот дел на Македонија со НРМ, а потоа и за формирање заедничка федерација помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Отечественофронтовска Бугарија.[2]

Покрај посетите на масовните организации по разни поводи, биле организирани и посети на познати општествени дејци, револуционери, политичари, борци од Народноослободителната борба итн., чија задача била да одржуваат јавни настани на кои ќе ја пренесуваат состојбата од НРМ. На овој начин, од 24 октомври до 4 ноември 1947 година била организирана посета на Димитар Влахов[3] на пиринскиот дел на Македонија. Тој на 21 октомври 1947 година пристигнал прво во Софија, а потоа на 24 октомври 1947 година заминал за Горна Џумаја (ден. Благоевград), од каде што почнала неговата турнеја. Во составот на оваа делегација биле министерот Георги Андрејчин,[4] народниот пратеник од Разлог и активист во БРП (к) Иван Масларов и Митко Зафировски,[5] како советник во Амбасадата на Федеративна

[2] Евгениј Литовски, *Улогата на Народна Република Македонија во културната автономија на Македонците од пиринскиот дел на Македонија (1944 – 1949)*, Битола, 2023, 1-260.

[3] Димитар Влахов (Кукуш, егејски дел на Македонија, 8 ноември 1878 – 7 јуни 1953, Белград, ФНРЈ) е познат припадник на македонско националноослободително движење, културно-национален деец, општественик и државник. Член на ЦК на ВМРО во 1903 – 1904 година, основач на и претседател на Народната федеративна партија во 1908 година. По Уриетот, пратеник во отоманскиот парламент во периодот 1908 – 1912 година. Еден од авторите на Мајскиот манифест од 1924 година. Во 1925 година со левото крило од поранешната ТМОРО, ја формирале ВМРО (Обединета). Д. Влахов бил избран за претседател на Основачката конференција на оваа организација. Бил главен уредник на списанието на ВМРО (Об.) со наслов „Македонско дело“ како и главен уредник на списанието „Балканска федерација“. Автор на книгата „Предавниците на македонското дело“. За време на Втората светска војна живеел и работел во Москва, поточно во Сесловенскиот конгрес. Поради неговото искуство бил делегат на Првото заседание на АВНОЈ и бил избран за негов потпретседател. Бил делегат на АСНОМ и член на неговиот Президиум. По Ослободувањето бил член на југословенската делегација на Париската мировна конференција. Во ФНРЈ бил вршител на повеќе високи функции, како потпретседател на Сојузното собрание и претседател на Народниот фронт на Македонија. Починал во Белград на 7 јуни 1953 година. Димитар Влахов, *Мемоари на Димитар Влахов*, Скопје, 1970, 1-370; Македонска енциклопедија (Натаму: МЕ)*, МАНУ*, Скопје, 2009, т. 1, 290-291; *Личности од Македонија*, МИ-АН, Скопје, 2002, 60; Новица Велјановски, *Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност*, Скопје, 2004, 204-208.

[4] Георги Андрејчин (с. Белица, Бугарија, 20 јануари 1894 – 1950), деец на бугарското и меѓународното работничко движење. Во периодот од 1916 до 1945 година живее надвор од Бугарија, односно во емиграција, прво во Соединетите Американски Држави, а потоа во Советскиот Сојуз. Постојано бил поврзан со интернационалното комунистичко движење, а во Советскиот Сојуз извршувал разни функции. По враќањето во Бугарија кон крајот на 1945 година, прво е на чело на канцеларијата на Привременото претседателство на републиката, а во периодот 1948-1949 година е министер за надворешни работи. „Андрейчин, Георги Илиев“, *Енциклопедия Пиринский край*, т. 1, Благоевград, 1993, 20.

[5] Митко Зафировски (Гевгелија, 27 август 1907 – 4 јули 1973, Скопје), припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење во Бугарија и учесник во Антифашистичката војна во вардарскиот дел на Македонија, културно-национален и општествено-политички деец и публицист. По ослободувањето и конституирањето на НРМ станал советник и прв секретар на

Народна Република Југославија (ФНРЈ) во Софија. Д. Влахов ги посетил Горна Џумаја, Разлог, Банско, Неврокоп (ден. Гоце Делчев), Јакоруда, Белица, Св. Врач (ден. Сандански) и Петрич во пиринскиот дел на Македонија, како и Варна, Бургас и Пловдив каде што имало многубројна македонска емиграција.[6] Во Горна Џумаја, Д. Влахов бил пречекан од страна на Крсто Стојчев[7], Георги Мадолев[8] и Борис Волев.[9] Тие одржале поздравни говори за Д. Влахов и го претставиле како „заслужен борец за слободна Македонија". Д. Влахов вечерта во Г. Џумаја одржал предавање на тема Народна Република Македонија, а настанот бил придружен со настап на горноџумајскиот хор „Македонска песна" (Македонска песен). Во своето предавање Д. Влахов се задржал на ослободителната борба на македонскиот народ уште од времето на турското ропство, па сè до создавањето на НР Македонија во рамките на ФНРЈ. Воедно, ја истакнал големата помош од југословенските народи како и улогата на народот од пиринскиот дел на Македонија во народноослободителната борба на Македонија, споменувајќи плејада македонски борци од овој дел на Македонија. Д. Влахов се осврнал и на успесите на НР Македонија во петгодишниот план, на економскиот развој, како и на фактот дека 56 отсто од расходниот дел од буџетот на НР Македонија се добива од Сојузната влада на ФНРЈ, а дека 83 отсто од буџетот на НР Македонија за 1947 година се користи за економско, културно и за социјално-здравствено унапредување на земјата. Понатаму, ги истакнал улогата на Тито во текот на Втората светска војна и огромната помош што тој ја дал при ослободувањето на Македонија. Преостанатиот дел од предавањето го посветил на егејскиот дел на Македонија како и на актуелните борби што се воделе таму во текот на Граѓанската војна.[10]

југословенската амбасада во Софија во 1946 – 1947. ME..., т. 1, 546.; Велимир Брезоски, *Комунистичка партија на Македонија 1941 – 1944*, Скопје, 2003, 47-49.

[6] Државен архив на Република Северна Македонија (Натаму: ДАРСМ), ф. 1100, *Министерство за надворешни работи на ФНРЈ*, к. 2, а. е. 1.1100.2.2/ 8.

[7] Крсто Стојчев (Разлог, Бугарија, 10 септември 1910 – 19 јуни 1974, Софија, Бугарија), активен учесник во македонското националноослободително движење во пиринскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни и во антифашистичката борба 1941 – 1944 година. По Втората светска војна станал прв секретар на Обласниот комитет на БКП за пиринскиот дел на Македонија, а по Резолуцијата на Информбирото *За состојбата во Комунистичката партија на Југославија* бил тргнат од позицијата секретар на ОК на БКП. Васил Јотевски, *Националната афирмација на Македонците во пиринскиот дел на Македонија 1944 – 1948*, Скопје, 1996, 65, 70-71.; В. Јотевски, *Никола Парапунов*, Скопје, 2004, 14-56.

[8] Георги Мадолев – истакнат партизански раководител на антифашистичкото движење во пиринскиот дел на Македонија во периодот од 1941 до септември 1944 година. По Втората светска војна бил претседател на Окружниот комитет на Отечествениот фронт и еден од најдоследните борци за афирмација на националните права на Македонците во пиринскиот дел на Македонија. Поради своето несогласување со Резолуцијата на Информбирото *За состојбата во КПЈ*, бил отстранет од политичката сцена и му биле одземени сите функции. В. Јотевски, *Никола Парапунов*, ..., 57, 91-93, 96, 107, 109.

[9] Борис Волев – областен директор на Горноџумајската Област кон крајот на 1946 година. Бил еден од главните спроведувачи на пописот на населението во пиринскиот дел на Македонија одржан од 25 до 31 декември 1946 година. Евгениј Литовски, *Улогата на Народна Република Македонија*..., 65-75.

[10] ДАРСМ, ф. 766, *Димитар Влахов,* к. 6, а. е. 1.766.6.9/279-281.

Наредниот ден Д. Влахов заминал за Разлог, каде што бил пречекан од Христо Бојаџиев, претседателот на Општината. Тој изразил голема радост пред огромната маса луѓе што биле присутни на пречекот што Д. Влахов, потпретседателот на Народното собрание на ФНРЈ и претставник од НР Македонија, го посетил Разлог, бидејќи така неговите сограѓани добиле можност да го чујат овој долгогодишен борец за слободата на Македонија. Х. Бојаџиев ја истакнал НР Македонија како „гаранција за обединувањето на цела Македонија“. Д. Влахов во заблагодарувањето ја истакнал значајната улога на југословенските народи како и помошта на отечественофронтовска Бугарија во формирањето на НР Македонија. Тој накусо се осврнал на Разлог и на неговата околина, истакнувајќи дека таа област секогаш претставувала „жариште за борба против реакционерните фашистички движења“, а како пример за тоа го навел Септемвриското востание од 1923 година,[11] но и формирањето на првиот партизански одред на чело со Никола Парапунов[12]. Потоа Д. Влахов го одржал истото предавање како и во Г. Џумаја на тема *Народна Република Македонија.*[13]

На 27 октомври 1947 година Д. Влахов го посетил Банско, каде што бил пречекан од секретарот на Градскиот комитет на БРП (к), Димитар Зајков. Д. Влахов повторно го одржал своето предавање со наслов *Народна Република Македонија*, притоа говорејќи и за принципот на „братство и единство“ во ФНРЈ. Исто така, зборувал и за односите помеѓу „Вардарска и Пиринска Македонија“ објаснувајќи дека станува збор за еден народ, од една иста македонска нација, што со векови води заедничка борба за духовно и културно ослободување. Предавањето се одржало пред многубројна публика во градското кино во Банско, а по неговото завршување, говор одржал претседателот на Срескиот комитет на ОФ, Драган Хаџи Радонов, кој истакнал дека „Банско зазема значајна улога во борбите на македонскиот народ за ослободување“. На крајот, Д. Влахов бил поздравен од мајката на Никола

[11] Септемвриско востание – востаничка акција која се случила во Пиринска Македонија и која била организирана од БКП во 1923 година. Востанието било насочено против извршителите на државниот удар од 9 јуни 1923 година. Поради слабата организираност, на крајот било крваво задушено од ВМРО на Тодор Александров. Голем број од жртвите биле Македонци – комунисти од Бугарија. „Септемвриско востание во Бугарија“, МЕ, т. 1, 1351.

[12] Никола Парапунов (Мехомија (Разлог) 1 јули 1909 – 9 декември 1943, село Бараково, Горноџумајско) истакнат комунист и партизански раководител во пиринскиот дел на Македонија. Многу млад му се посветил на работничкото движење. Завршил средно техничко училиште во Софија, назначен на работа во Горноџумајскиот Округ. Член на Окружниот комитет на БРП (к). Во 1933 г. паднал во затвор, каде што одлежал осум години – до 1941. По излегувањето од затвор поставен за секретар на Обласниот комитет на БРП (к) за Горноџумајската Област и избран за член на ЦК на БКП (к). Во летото 1941 г. ја организирал првата партизанска група во Пиринска Македонија. Назначен за член на Штабот на Четвртата оперативна зона. Под неговото раководство во 1943 г. формиран Разлошкиот партизански одред „Јане Сандански“. Во декември 1943 г. кај с. Бараково, Горноџумајско (Благоевградско) убиен од полициска заседа.
В. Јотевски, *Никола Парапунов, ...*, 1-115.; *Личности од Македонија, ...*, 221; *Енциклопедия Пиринский край*, т. 2, Благоевград, 1999, 98-99.

[13] ДАРСМ, ф. 766, к. 6, а. е. 1.766.6.9/282-285.

Јонков Вапцаров,[14] Елена Вапцарова,[15] и од Богданка Христова, претставничка на Демократската младина во Банско, која ја изразила својата радост затоа што македонскиот народ ја извојувал својата слобода. Исто така, Д. Влахов бил поздравен и од Никола Голев, учесник во Илинденското востание, но и во Септемвриското востание од 1923 година.[16]

И во Неврокоп на 28 октомври 1947 година, на Д. Влахов му бил приреден голем пречек со огромен број присутни и покрај лошото дождливо време. Д. Влахов бил поздравен од претседателот на Општината, Ангел Брзев, и од претседателот на Срескиот комитет на ОФ, Крсто Дели Папазов. А. Брзев го поздравил со желби за долг живот и му посакал да доживее и обединување на македонскиот народ во заедница со другите јужнословенски и словенски народи. К. Дели Папазов, пак, истакнал дека, иако веќе постои слободна Република Македонија, сепак идеалите на Гоце Делчев и на Јане Сандански не се „целосно остварени“. Д. Влахов во своето обраќање при пречекот не одбегнал да истакне дека и покрај лошото време, големата маса луѓе што биле присутни се доказ за братскиот однос и за чувствата кон „братската“ НР Македонија и кон ФНРЈ. Вечерта Д. Влахов го одржал предавањето на тема *Народна Република Македонија*, зборувајќи и за фашистичката активност на Ванчо Михајлов и за неговата предавничка улога. Крајот на предавањето било дочекано со громогласен аплауз од полната сала. Потоа претседателот на Срескиот одбор, Георги Левков, му подарил свежо цвеќе на Д. Влахов. Од името на жените се обратила Ангела Тупарова, која истакнала дека жените во „Вардарска Македонија“ се далеку поактивни во политичкиот живот отколку оние во Бугарија и дека тие „можат само да учат од нив во тој поглед“.[17]

---

[14] Никола Јонков Вапцаров (Банско, Пиринска Македонија, 7 декември 1909 – 23 јули 1942, Софија, Бугарија) припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење во пиринскиот дел на Македонија и учесник во антифашистичката борба во Бугарија, поет, драмски автор, критичар, поет, есеист, новинар. Од 1933 г. бил член на Бугарската комунистичка партија (БКП). Во 1936 г. се преселил и живеел во Софија. Заедно со Михаил Сматракалев и Антон Попов, бил еден од основоположниците на Македонскиот литературен кружок во Софија, кој егзистирал од 1938 до 1941 г. Во Софија активно се вклучил во антифашистичкото движење организирано од БКП. Во 1941 г. го основал и раководел списанието „Литературен критик“. Учествувал во повеќе диверзантски акции во Софија и во нејзината околина. Бил уапсен на 4 март 1942 г. во Софија и подложен на жестока физичка тортура. Бил осуден на смрт без право на жалба од фашистичкиот Воен суд во Софија. Бил стрелан на стрелиштето на софискиот воен гарнизон, заедно со уште двајца Македонци, Антон Попов и Атанас Романов. „Вапцаров, Никола Јонков“, ME, т. 1, ..., 238-239; „ Вапцаров, Никола Йонков „*Енциклопедия Пирински край*“, т. 1, ..., 132-133.

[15] Елена Вапцарова (Банско, 1882 – 1969), мајка на поетот Никола Јонков Вапцаров. Како протестантка (евангелистка) го завршила двегодишното американско мисионерско (протестантско) училиште во Самоков Бугарија, а потоа извесно време работела како учителка во с. Елешница, во Костенец-бања, Вељуса и Банско. По стапувањето во брак со Јонко (Иван) Вапцаров (1909), била домаќинка, а нивниот дом станал свралиште на македонски дејци од разните политички ориентации. Во Софија, во 1960 г. била отпечатена нејзина книга со наслов „Спомени за мојот син“. „Вапцарова Везјова, Елена“, *ME*, т. 1, *...,* 239.

[16] ДАРСМ, ф. 766, к. 6, а. е. 1.766.6.9/286-289.

[17] Истото, стр. 290–294.

На 29 октомври 1947 година Д. Влахов бил во Јакоруда, каде што бил пречекан од толпа народ и од претседателот на Општината, Георги Чопев, кој го поздравил со зборовите: „Ве молам да му ги пренесете нашите топли и срдечни поздрави на нашиот братски македонски народ во Вардарска Македонија“. Потоа во полната сала на градското читалиште во Јакоруда, Д. Влахов во придружба на секретарот на Месниот комитет на ОФ, Никола Бозаџиев, повторно зборувал на тема *Народна Република Македонија*, како и во другите места што ги посетил.[18]

Истиот ден Д. Влахов заминал за гратчето Белица, каде што му бил организиран многу топол пречек. Пред насобраниот народ, поздрави кон Д. Влахов биле упатени од страна на Гоце Топалов, секретар на Месниот комитет на ОФ. Исто така, говор одржала и претставничката на жените, Елена Мушарова, како и претставникот на младинците од Белица, извесен Дулгеров. Тој изјавил дека беличката младина го следи примерот на Гоце Делчев и на Јане Сандански во стремежот за обединување на Македонија.[19]

Патот низ пиринскиот дел на Македонија Д. Влахов го продолжил посетувајќи го Св. Врач на 30 октомври 1947 година. Таму, масата луѓе собрани за пречекот држеле транспаренти со натписи како „Да живее другарот Влахов“, „Да живеат словенските народи“, „Сталин, Димитров, Тито“, „Ќе ја браниме слободата и независноста на македонскиот народ со сите сили“ итн. Претседателот на Општината Св. Врач, Васил Арнаудов, во својот поздравен говор за Д. Влахов, меѓу другото, изјавил дека „нашиот [македонскиот – б. м.] народ по Вашето раководство ги оствари идеалите на Гоце Делчев и Јане Сандански за слободна држава на македонскиот народ“. Вечерта Д. Влахов одржал предавање на тема *Борбите на македонскиот народ за национално ослободување и денешната позиција на НР Македонија* во полната сала на читалиштето во Св. Врач. Салата била украсена со огромен транспарент „Еден е Јане – царот на Пирин“. Покрај предавањето на Д. Влахов, една фолклорна група составена од млади девојки извела уметничка точка. Предавањето на Д. Влахов било поздравено од Срескиот комитет на БРП (к) предводен од Јордан Ризов. Во своето предавање Д. Влахов опширно зборувал за македонската нација и за македонскиот јазик. На честитките се придружил и Никола Хаџи Митов, секретар на Срескиот комитет на ОФ. Тој во својот говор изјавил дека пиринскиот крај го дал Јане Сандански, кој достојно се борел за слободата на „нашиот [македонскиот – б. м.] народ“, како и тоа дека се вложуваат големи напори на културен план во пиринскиот дел на Македонија, со јасна напомена дека тоа се однесува и на целиот македонски народ. По него, краток говор одржал Иван Чотев, учесник во Илинденското востание, кој изјавил: „Наша единствена желба е да ја видиме Македонија обединета во НР Македонија во рамките на ФНРЈ“.[20]

Последниот град од пиринскиот дел на Македонија што Д. Влахов го посетил,

[18] Истото, стр., 296–299.
[19] ДАРСМ, ф. 766, к. 6, а. е. 1.766.6.9/300–302.
[20] Истото, стр. 303-307; а. е. 1.766.6.8/277-278.

и тоа на 1 ноември 1947 година, бил Петрич. Тука пред насобраната толпа тој бил пречекан од претседателот на Општината, Тома Теклиев, и од секретарот на Срескиот комитет на ОФ, Стојан Христов Георгиев, кој изјавил дека пиринскиот дел на Македонија сè уште се бори против бандите на Ванчо Михајлов. Д. Влахов одржал предавање како и во другите градови, и тоа било проследено со огромно внимание од присутните. По предавањето, благодарност од името на женските друштва искажала Мара Николчева, која во својот говор истакнала дека се обраќа од името на „Македонките од Петрич“, а потоа кус поздравен говор одржал и Илија Бижов, другар и соборец на Јане Сандански.[21]

Откако завршила турнејата во пиринскиот дел на Македонија, Д. Влахов ги посетил и градовите во Бугарија каде што имало македонска емиграција, како Варна, Бургас и Пловдив. Тој пристигнал во Варна на 2 ноември 1947 година и бил пречекан од цела плејада општествени и партиски раководители, на пример, од претседателот на македонското друштво во Варна „Гоце Делчев “, Благој Христов, секретарот на „Гоце Делчев“, Георги Антонов, секретарот на Обласниот комитет на БРП (к), Груди Атанасов, секретарот на Обласниот комитет на ОФ, Петар Бомбов, народниот пратеник Стојан Павлов, претседателот на Општината, Гено Гутев итн. Истиот ден во салата на киното во Варна, Д. Влахов одржал предавање, а сцената била украсена со уметнички слики од Сталин, Тито и од Димитров. Предавањето го отворил Симо Касабов од името на Културно-просветното друштво „Гоце Делчев“.[22]

На 3 ноември 1947 година Д. Влахов заминал за Бургас, каде што на железничката станица бил пречекан од толпа народ, како и од претседателот на Општината, Казамболов, и од претседателот на Обласниот комитет на ОФ, Христо Панајотов. При поздравувањето, Казамболов изјавил дека „ќе продолжи да се зајакнува соработката помеѓу братските бугарски и македонски народи како и со преостанатите народи од ФНРЈ“. Д. Влахов одржал предавање во преполната сала на Обласната земјоделска комора, а на почетокот биле интонирани химните на Бугарија, Југославија и на Советскиот Сојуз. Како и претходно, Д. Влахов го одржал истото предавање насловено како *Народна Република Македонија*, осврнувајќи се на историјата на Македонија, на борбата на македонскиот народ за своја држава, но и на изградбата што била во тек. Меѓутоа, за разлика од она што го зборувал во другите места, тука се задржал и на улогата на македонската емиграција од Бугарија во сите тие процеси и порачал дека треба да се продолжи да се работи како и дотогаш за помагање на НР Македонија, но и на борбата на Македонците во егејскиот дел на Македонија. Откако завршило предавањето, секретарот на Срескиот комитет на ОФ, Неделчо Ралев, предложил да се изгласа една резолуција со која ќе се поддржат бледските договори и ќе се изрази решителност цврсто да се стои на антиимперијалистичкиот став против блокот на американските и британските империјалисти. Во Бургас била приредена и цела манифестација при

[21] Истото, к. 6, а. е. 1.766.6.9/308-311.
[22] Истото, стр. 312-314.

заминувањето на Д. Влахов, па така на железничката станица тој бил испратен со почесна музика изведена од воениот гарнизон, а на настанот биле присутни и голем број македонски емигранти.[23]

Од Бургас, Д. Влахов на 4 ноември 1947 година заминал за Пловдив. На железничката станица бил пречекан од видни дејци на ОФ на Бугарија какви што биле обласниот директор Демир Јанев, претседателот на Општината, Иван Перпелиев, началникот на армијата, Асен Греков, помошникот на началникот на гарнизонот, Борис Копчев, како и од претставници на Македонското културно-просветно друштво „Гоце Делчев “, меѓу кои бил и секретарот Борис Сматракалев. Тој во својот поздравен говор до Д. Влахов потенцирал дека „ние, Македонците од Пловдив, со голема љубов и радост го следиме развојот на нашата драгоцена татковина Македонија“. Од железничката станица, толпата заедно со Д. Влахов се упатила кон салата на Народниот театар, каде што требало да се одржи неговото предавање на тема *Народна Република Македонија*. Салата во Народниот театар била украсена, како и во другите градови, со слики од Сталин, Тито и од Димитров, а пред почетокот на настанот, поздравен говор одржал претседателот на Македонското културно-просветно друштво „Гоце Делчев“, Коста Ламбрев, кој нагласил дека „Македонците од Пловдив, пловдивското граѓанство и пловдивскиот Отечествен фронт, се среќни што во својата средина можат да го видат големиот македонски револуционер, работник на политичкото поле и државник, како и големиот сесловенски ДЕЕЦ[24] за мир и демократија, како и за еден од столбовите на новата ФНРЈ и еден од основачите на новата македонска држава НР Македонија“. Откако Д. Влахов го одржал своето предавање пред преполната сала, бил поздравен од секретарот на Обласниот комитет на БРП (к), Георги Костов, кој истакнал дека „благодарејќи на правилната ленинско-сталинска политика, Македонија ја добила својата национална независност“. Истиот ден Д. Влахов отпатувал од Пловдив за Софија, со цел да одржи предавање пред македонската емиграција во Софија во рамките на Собранието на Македонското културно-просветно друштво „Гоце Делчев“, кое се одржало во кино „Македонија“.[25]

Во својот извештај за патувањето низ пиринскиот дел на Македонија, Д. Влахов констатира дека целиот народ од тој крај на Македонија има желба да се присоедини кон НР Македонија. Според Д. Влахов, народот од пиринскиот дел на Македонија има една заедничка парола, а таа е: „Бараме соединување со нашите браќа од Вардарска и од Егејска Македонија во НР Македонија во сојуз со Јужните Словени!“.[26] Понатаму, тој објаснува дека и покрај тоа што во текот на повеќе децении македонскиот народ бил поделен помеѓу соседните држави, тој, сепак, ги чувствувал како братски тие народи и тежнеел да живее со нив во една заедничка политичка единица, односно држава. Таа држава, односно обединета Македонија,

[23] Истото, к. 6, а. е. 1.766.6.9/315-319.
[24] Подвлечено во оригиналот.
[25] ДАРСМ, ф. 766, к. 6, а. е. 1.766.6.9/320–334; к.8, а. е. 1.766.8.8/233-244.
[26] Истото, к. 6, а. е. 1.766.6.38/517-528.

како самостојна држава, Д. Влахов вели дека треба да биде дел од еден широк сојуз со другите балкански држави, со што би се создала балканска федерација. Тој во извештајот пишува дека тоа би се остварило преку комунистичките партии обединети во една Комунистичка интернационала.[27] Овој извештај не е адресиран, но може да се претпостави дека е пратен до ЦК на КПМ и на КПЈ.

Д. Влахов на 7 ноември 1947 година, исто така, дал опширна изјава во весникот „Танјуг“ за впечатоците од неговата турнеја низ пиринскиот дел на Македонија и Бугарија. Меѓу другото, тој изјавил: „За време на моето престојување во Бугарија, наидов на извонредно срдечен прием од страна на нашите македонски браќа, кои се чувствуваат тесно поврзани со своите браќа од Вардарска и Егејска Македонија како припадници на еден ист народ, една иста нација, како луѓе кои меѓусебно се поврзале во долгогодишната борба за ослободување и обединување. Срдечно и топло бев дочекан од браќата, кои преку мене ја изразуваа пламената љубов кон браќата во Народна Република Македонија, кои заедно со преостанатите народи на Југославија ја изградуваат својата народна држава, својата економија и својата национална култура“.[28]

По враќањето во НР Македонија, Д. Влахов пратил телеграми со благодарност до секретарот на ОК на Отечественият фронт во Горна Џумаја, Георги Мадолев, до генералот А. Греков, до секретарот на ОК на БРП (к) во Пловдив, Г. Костов, до претседателот на Македонското културно-просветно друштво од Пловдив, К. Ламбрев, до претседателот на Општината Бургас, Казамболов, до С. Касабов од Варна, како и до Васил Коларов[29] за пречекот во Софија. Во телеграмите Д. Влахов се заблагодарува за топлиот пречек во градовите, а во телеграмата до Г. Мадолев стои формулацијата „нашите браќа од Пиринска Македонија“.[30]

Како што можеме да заклучиме од извештаите од сите градови во кои престојувал, а на крајот и од неговиот извештај, посетата на Д. Влахов на пиринскиот дел на Македонија и на Бугарија била од големо значење за тамошната културна автономија, за македонскиот национален развој и за македонската афирмација. Имено, во сите градови имало голема посетеност, иако во бугарската историографија се негира тоа и се вели дека таа била постигната под „присила“ од страна на отечественофронтовските организации и на БКП. Сепак, за ова не постојат цврсти аргументи, бидејќи, од една страна, неоспорен е фактот дека постоела организација

[27] Истото, стр. 517-528.

[28] ДАРСМ, ф. 766, к. 8, а. е. 1.766.8.9/286.

[29] Васил Коларов бил секретар на ЦК на БКП (1919 – 1923), член на Извршниот комитет на Комунистичката интернационала (ИККИ) (1921 – 1943), член на Президиумот на ИККИ (1922 – 1943), генерален секретар на ИККИ (1922 – 1924), претседател на ИК на Крестинтерна (Селска интернационала) (1928 – 1943), раководител на Балканскиот лендерсекретаријат на ИККИ (1928 – 1929), директор на Меѓународниот аграрен институт во Москва, претставник на БКП при ИККИ (1939 – 1943), раководител на Задграничниот ЦК на БКП во Виена (1926 – 1927), член на Задграничното биро на ЦК на БКП (1928 – 1944). Кирил Пърличев, *Убийството на Тодор Александров*, София, 2002, 85, 181, 187-191, 193.

[30] ДАРСМ, ф. 766, к. 2, а. е. 1.766.2.88/203-207.

за пречек, а ентузијазмот на тамошното население кој е опишан во сите документи, од друга страна, не може во никој случај да се карактеризира како „присилен“.[31] Тоа го потврдува и Перо Ололовски[32] во своето дело Пиринski записи, во кое пишува дека „треба да се подвлече посетата на пиринскиот крај на познатиот и стариот македонски борец Димитар Влахов, која се претвори во моќна манифестација на единството меѓу овдешното население и народот во НР Македонија “.[33]

Користени извори и литература:

Архивски материјали:

Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ)

Фонд 1100 „Министерство за надворешни работи на ФНРЈ“

Фонд 766 „Димитар Влахов“

Подрачно одделение на ДАРСМ – Скопје

Фонд 240 „Збирка на мемоари од напредното работничко движење и НОБ 1900 – 1945, досие: Перо Ололовски“

[31] Стоян Германов, Македонският въпрос 1944 – 1989, София, 2012, 63-64.

[32] Перо Ололовски-Мијак (5 мај 1914, с. Лазарополе, Гостиварско – нема податоци) – од млади години се занимавал со разни занаети, работејќи во Скопје, Сараево и во Белград. Уште во меѓувоениот период соработувал со одредени дејци на работничкото движење. Во почетокот на мај 1941 година бил примен за кандидат член на КПЈ, а набргу потоа и за член во скопската партиска ќелија. Организирал групи на СКОЈ и собирал народна помош. Бил противник на секретарот на Покраинскиот комитет, Методија Шаторов-Шарло. Краток период раководел со партиската ќелија во Скопје по затворањето на Боге Кузмановски. По провала на партиската ќелија, на 16 март 1942 година бил уапсен од бугарската полиција и осуден на доживотен затвор. Затворската казна ја издржувал во скопскиот затвор и во Идризово. За време на издржувањето на затворската казна продолжил да дејствува како партиски работник. Со акцијата на Третата македонска ударна бригада на 29 август 1944 година бил ослободен од затворот и влегол во составот на бригадата. Бил политички комесар на чета, заменик-политички комесар на баталјон и член на баталјонското партиско биро. Во септември 1944 година бил распределен за работа во ОЗНА на Македонија, каде што бил на повеќе раководни позиции до своето пензионирање. ДАРСМ, ПО Скопје, ф. 240, *Збирка на мемоари од напредното работничко движење и НОБ 1900 – 1945*, досие: Перо Ололовски, к. 66.

[33] Перо Ололовски, Пиринski записи, 44. ДАРСМ, ПО Скопје, ф. 240, *Збирка на мемоари од напредното работничко движење и НОБ 1900 – 1945, досие: Перо Ололовски*, к. 66. Ракописот Пиринski записи на Перо Ололовски никогаш не е објавен, а во оригинал е депониран во Подрачното одделение Скопје на Државниот архив.

Литература:

Брезоски Велимир, *Комунистичка партија на Македонија 1941 – 1944*, Скопје, 2003.

Велјановски Новица, *Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност*, Скопје, 2004.

Влахов Димитар, *Мемоари на Димитар Влахов*, Скопје, 1970.

Германов Стоян, *Македонският въпрос 1944 – 1989*, София, 2012.

Јотевски Васил, *Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот пиринскиот дел на Македонија 1944 – 1948*, Скопје, 1996.

Јотевски В., *Никола Парапунов*, Скопје, 2004.

Литовски Евгениј, У*логата на Народна Република Македонија во културната автономија на Македонците од пиринскиот дел на Македонија (1944 – 1949)*, Битола, 2023.

Пърличев Кирил, *Убийството на Тодор Александров*, София, 2002.

Енциклопедии:

Енциклопедия Пиринski крај, т. 1, Благоевград, 1993.

Енциклопедия Пиринski крај, т. 2, Благоевград, 1999.

Македонска енциклопедија МАНУ, т. 1 и 2, Скопје, 2009.

Личности од Македонија, МИ-АН, Скопје, 2002.

UDK 341.71-05 Иглбергер, Л.
UDK 341.232:550.34(497.711)"1963"

Сашо Додевски[1]

ЛОРЕНС ИГЛБЕРГЕР (ЛОРЕНС ОД МАКЕДОНИЈА) – ДИПЛОМАТ И ХУМАНИСТ

Abstract: This article focuses on Lawrence "Larry" Eagleburger, an American diplomat and U.S. Secretary of State. During his tenure at the U.S. embassy in Belgrade, he organized and coordinated American aid for the rehabilitation efforts following the devastating Skopje earthquake of 1963. The aid provided was multifaceted, including medical, technical, financial, material, humanitarian, and equipment support. Due to his active involvement and prominence in diplomatic circles at the time, he was nicknamed "Lawrence of Macedonia", inspired by the popular 1960s film Lawrence of Arabia.[2] This nickname followed him throughout his diplomatic career. Eagleburger's interest in Skopje and his connection to Macedonia continued during his term as the U.S. ambassador to the Socialist Federative Republic of Yugoslavia (1977 – 1981), when he frequently visited Skopje and Macedonia.

Keywords: Lawrence Eagleburger, Skopje earthquake 1963, SR Macedonia, USA, humanitarian aid.

[1] Д-р, насловен доцент на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, е-адреса: sdodevski@gmail.com

[2] Lawrence of Arabia британски игран филм од 1962 година, базиран на личноста на Томас Едвард Лоренс, британски офицер и неговата активност на Блискиот Исток во текот на Првата светска војна.

Во 2023 година се навршија 60 години од катастрофалниот скопски земјотрес од 26 јули 1963 година. Повеќе од 80 држави од светот пратиле најразлични помош за Скопје, преку која на значителен и одлучувачки начин придонеле градот повторно да се обнови и да се изгради.[3] Практично, три фактори одиграле клучна и фундаментална улога за повторното подигање и обновување на Скопје од урнатините и катастрофата, како и неговото останување на денешната негова местоположба на постојната локација во Скопската Котлина: југословенската помош од Федерацијата и од републиките на СФРЈ; меѓународната солидарност и помош; и ангажманот и активноста на сојузното југословенско и републичкото македонско раководство.

Меѓу државите што пратиле помош за Скопје биле и САД. Во САД при тоа биле ангажирани највисоките државни институции, политички функционери и воени лица: претседателот, државниот секретар, секретарот за одбрана, секретарот за земјоделство, дипломати од амбасадата во Белград, офицери и војници на армијата.[4] Помошта била: медицинска, техничка, материјална, финансиска, во опрема, храна, облека, ќебиња, ученички материјал, уметнички дела итн. Највисоките државни политички претставници и институции на САД изразиле сочувство и понудиле помош за Скопје.[5]

Сè со цел да се избегне состојба на т.н. „култура на амнезија“,[6] вредно е по 60 години од катастрофата да се потсетиме на некои личности што одиграле значајна и битна улога во организирањето и праќањето помош за Скопје, како придонес во неговата обнова и изградба. Без сомневање, една од најзначајните личности е Л. Иглбергер.

Л. Сидни Иглбергер бил роден во градот Милвоки во државата Висконсин, на 1 август 1930 година. Се стекнал со диплома од Универзитетот во Висконсин во 1952 година и магистратура на истиот универзитет во 1957 година. Служел во армијата на САД во ранг потпоручник од 1952 до 1954 година. По дипломирањето почнал да работи во Стејт департментот и во дипломатската служба на САД, каде што извршувал високи дипломатски и политички функции. Низ неговата дипломатска кариера напредувал од најниските дипломатски позиции, па сè до највисоката, државен секретар на САД. Неговата прва позиција била политички аналитичар за Куба во амбасадата на САД во Хондурас. Понатаму, секретар во економското

[3] За меѓународната помош на Скопје се објавени повеќе публикации, книги, прилози, истражувања, монографии, зборници на документи итн.

[4] Помош дале и: невладини организации, градоначалници, приватни фирми, установи, поединци, универзитети, уметници, медиуми, македонските и југословенските иселеници и иселенички организации итн.

[5] За американската помош на Скопје се објавени повеќе публикации, книги, прилози, истражувања, медиумски и новинарски записи, статии, информации, објавени и необјавени архивски материјали итн.

[6] „Култура на амнезија“ е термин или израз конструиран од авторот на овој прилог, со значење: намерно или ненамерно постепено заборавање, губење на меморијата и бришење на историски настани, личности, појави од јавниот простор, општествениот живот, науката, културата, образованието итн.

одделение во амбасадата на САД во Белград (1961 – 1965), член на Советот за национална безбедност (1965 – 1967), специјален асистент на потсекретарот на Стејт департментот (1967 – 1969). Во администрацијата на Ричард Никсон[7] извршувал неколку позиции: извршен асистент на претседателскиот асистент за прашања од националната безбедност (1969), политички советник и шеф на политичкото одделение на мисијата на САД во НАТО (1969 – 1971), заменик-помошник на секретарот за одбрана (1971 – 1973), заменик-потсекретар во Стејт департментот за менаџмент (1975 – 1977), амбасадор во СФРЈ (1977 – 1981). Во администрацијата на Роналд Реган[8] и Џорџ Буш Постариот[9] извршувал високи позиции, помошник-државен секретар за европски и евроазиски прашања (1981 – 1982), потсекретар во Стејт департментот за политички прашања (1982 – 1984), кариерен амбасадор (1984), заменик-државен секретар (1989 – 1992), вршител на должноста државен секретар (1992). Кариерата ја завршил како 62. државен секретар на САД (1992 – 1993). И по завршувањето на својата политичка и дипломатска кариера, бил активен во политичкиот и општествениот живот на САД. Починал на 4 јуни 2011 година.[10]

Л. Иглбергер во времето на скопскиот земјотрес бил на дипломатска должност втор секретар за економски прашања во амбасадата на САД во Белград. Сведоштво за неговиот ангажман за Скопје ни дава Роберт Г. Кливленд, економски советник и директор на мисијата на УСАИД во Белград.

„Друг важен настан беше земјотресот во Скопје, главниот град на Македонија. Тоа беше застрашувачки настан, кој речиси целосно го срамни градот. Го посетивме градот колку што можеше поскоро и прativме итни пораки до Вашингтон во кои препорачувавме праќање голема помош.[11] Воено-медицинска група веднаш пристигна од Германија и изврши работи од итен карактер... Препорачавме војската да обезбеди засолниште со поставување бараки Нисен, а исто така предложивме и финансиски пакет. Бараките конечно пристигнаа, подоцна отколку што се надевавме. Тим од инженери направија одлична градежна работа под тешки околности, особено лошо време... Во мојот персонал во тоа време беше вториот секретар Лери Иглбергер, во моментов заменик-државен секретар. Го доделивме Лери како ПОЛАД на воената единица во Скопје. Тој знаеше да зборува српски. Тоа беше тешка, но суштинска работа и тој ја изврши брилијантно. Работата се заврши брзо... завршивме прилично добра работа. Можеби треба да додадам дека на Лери при неговото заминување му дадов далеку

[7] Ричард Никсон (1913 – 1994) 37. претседател на САД (1969 – 1974).
[8] Роналд Реган (1911 – 2004) 40. претседател на САД (1981 – 1989).
[9] Џ. Буш Постариот (1924 – 2018) 41. американски претседател (1989 – 1993).
[10] Biographies of the Secretaries of State: Lawrence Sidney Eagleburger (1930 – 2011) https://history.state.gov/departmenthistory/people/eagleburger-lawrence-sidney (пристапено на: 15 март 2024).
[11] Шефот на американската економска мисија во Белград г. Кливленд го разгледа Скопје, Нова Македонија, 7 август 1963, 1; Државен архив на Република Северна Македонија (понатаму: ДАРСМ) – Одделение Скопје, ф. 235, Билтени за обновата и изградбата на Скопје 1963 – 1967, кут. 2, а.е. 1, л. 284, 598–599.

најдобра оценка за неговата работа што кога било сум дал некому. Неговата последователна кариера, вклучително и амбасадор во Југославија, сигурно го потврди моето високо мислење за него.[12]

Л. Игелбергер бил поставен за POLAD,[13] лице што ќе ја организира и ќе ја координира американската помош за Скопје бидејќи во праќањето на американската помош биле вклучени Стејт департментот и Департментот за одбрана т.е. акција помеѓу двете институции.

Сведоштво за ангажманот на Л. Иглбергер ни остава и првиот странски новинар кој пристигнал во Скопје по земјотресот, дописникот на Њујорк тајмс од Белград, Дејвид Бајндер.[14]

„Ми стана јасно дека земјотресот во Скопје, иако релативно мал кога станува збор за бројот на жртвите (1.070), стана голем меѓународен настан. Тоа утро, на последниот ден од местото амбасадор во Југославија, Џорџ Ф. Кенан[15] даде безмалку половина литар крв како помош за настраданите. Лоренс (Лери) Иглбергер, тогаш службеник од понизок ранг, дежурен за време на викендот во американската амбасада во Белград, вртеше телефони за да обезбеди американската армија, осмата полска болница за евакуација со 200 лекари и медицински сестри од Рамштајн во Германија да биде пратена во близина на Куманово. Само три дена по земјотресот тие почнаа да работат. Иглбергер, кој подоцна беше амбасадор во Југославија, колегите го нарекоа Лоренс од Македонија, по над името на Томас Едвард Лоренс – Лоренс од Арабија“.[16]

При неговото именување за амбасадор на САД во СФРЈ во описот на неговата претходна активност во СФРЈ било истакнато следното: *„Кога во јули 1963 година, главниот град на Македонија го погоди катастрофален земјотрес, еден млад американски дипломат во Белград доби важна задача да ги координира сите напори на американските воени и цивилни органи за укажување помош. Лоренс Иглбергер отпатува за Скопје, каде што под шатор надвор од градот помина 60-ина дена, а*

[12] Interview with Robert G. Cleveland, Economic Counselor and Director of USAID Mission in Belgrade (1963 – 1965), June 8, 1990, https://adst.org/OH%20TOCs/Cleveland,%20Robert%20G.toc.pdf (пристапено на: 12 мај 2024).

[13] POLAD - Foreign Policy Advisor Program или Foreign Policy Advisors (познати како POLADs). Тоа е програма според која советниците познати како POLADs играат улога на координатори во ситуации каде што има потреба од заедничка акција и соработката меѓу Стејт департментот и Департментот за одбрана. Програмата функционира во рамките на Бирото за политичко-воени прашања како дел од Стејт департментот (Bureau of Political-Military Affairs) и е главниот линк за комуникација со Департментот за одбрана, https://2001-2009.state.gov/t/pm/polad/ (пристапено на: 12 мај 2024).

14 Д. Бајндер (1931 – 2019) американски новинар.

15 Џорџ Кенан (1904 – 2005) американски дипломат.

16 Д. Бајндер, Американци и Руси у разореном Скопљу, *Политика*, 25 јул 2008, https://www.politika.rs/scc/clanak/49776/ (пристапено на: 20 март 2024); Дејвид Бајндер, Американците и Русите во разурнатото Скопје, 6 февруари 2014, https://okno.mk/node/35324 (пристапено на: 10 април 2024).

тони и тони различен материјал пристигнуваа со авиони како американска помош за жртвите на катастрофата".[17]

Македонскиот новинар Љубомир Гајдов[18] во написот објавен во „Утрински весник" по повод неговата смрт ќе запише:

„Со статијата Лоренс од Македонија, тогаш највлијателниот светски политички магазин, 'Тајм' од Њујорк, во март 1977 година, го најави новиот американски амбасадор во Белград, Лоренс Иглбергер... Со алузија на прочуениот Лоренс од Арабија беше најавено враќањето на Лоренс Иглбергер поради неговата огромна улога, што како втор (економски) секретар во американската амбасада во Белград две години ја координираше американската помош од 50 милиони долари што ни ја додели претседателот Џон Кенеди за санација на последиците од катастрофалниот земјотрес од 26 јули 1963 година... Овој голем човек, единствен во американската дипломатска историја кој од почетник станал државен секретар, го запознав како новинар во весникот 'Вечер', тукушто основан да ја следи обновата на Скопје. Имав ретка привилегија одблиску да ги следам ентузијазмот, посветеноста и напорите да им помогне на преживеаните во ранетиот град да се вратат во нормален живот! Беше духовит, досетлив, неуморен, голем пријател. Бараше да му се обраќаме со Лари!...[19]*"*

За помош на Скопје била ставена во функција политиката, дипломатијата и армијата на САД. Како резултат на таа активност, како прва помош биле реализирани две мисии „Сино момче" (Blue Boy)[20] и „Враќање дома" (Home Run).[21] Л. Иглбергер учествувал во организацијата и ги координирал двете операции.

Ангажманот и активностите на Л. Иглбергер и на САД во врска со американската помош се одвивале во деновите непосредно по земјотресот, но и месеците и годините потоа.[22] Тие продолжиле и по завршувањето на претходно споменатите две мисии. При координацијата на американската помош тој одржувал редовни контакти и состаноци со тогашните сојузни, републички и локални власти.[23]

[17] "Novi američki ambasador u Jugoslaviji", *Pregled*, God. XX, Br. 1, 1977, 26.
[18] Љ. Гајдов (1943) македонски новинар.
[19] Љ. Гајдов, „Големиот пријател на Македонија", *Утрински весник*, 6 јуни 2011, 12.
[20] Американска воена полска болница која давала медицинска помош на настраданото население и била лоцирана во близина на Куманово. Работела во периодот од 29 јули до 12 август 1963 година.
[21] Американска инженериска воена единица што градела објекти за различни намени и на различни локации во Скопје, станови за сместување на населението (во Шуто Оризари), објекти за скопскиот универзитет, училишта, градинки, младински прифатилишта итн. Работела во периодот од 17 ноември 1963 до 11 февруари 1964 година.
[22] ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 235, кут. 2, а.е. 1, л. 860.
[23] Види сл. 1.

„Нова Македонија“ на своите страници го пренесува следниот запис.

„Вчера претпладне претседателот на Градското собрание Благој Попов[24] *прими група претставници од американската инженериска единица која работи на обновата и изградбата на Скопје. На приемот присуствуваше и вториот секретар на американската амбасада во Белград г. Лоренс Иглбергер, полковникот Рејмонд Клак, потполковникот Роберт Таб и раководителот на американската инженериска единица потполковникот Мун. Во подолгиот разговор, кој мина во мошне срдечна и пријателска атмосфера, гостите го информираа претседателот Попов за вонредно топлиот прием во Скопје и заемната соработка со градежната оперативa и раководните кадри на Градското собрание, кои овозможуваат да се реализираат задачите на инженерската единица на време. Благој Попов преку своите гости им упати срдечна благодарност, од името на граѓаните и Градското собрание, до американскиот народ за помошта веднаш по катастрофата и денес.*[25]

Сл. 1. Л. Иглбергер (во круг) на состанок со југословенски функционери за укажување помош за Скопје.[26]

[24] Б. Попов (1919 – 1992), македонски политичар, претседател на Градското собрание (градоначалник) на Скопје (1963 – 1969).

[25] Претставници на американската инженериска единица кај Благој Попов, *Нова Македонија*, бр. 6 декември 1963, 6.

[26] Novi američki ambasador u Jugoslaviji… 27.

Л. Иглбергер ги водел преговорите и разговорите со југословенските сојузни и републички власти во врска со реализацијата на т.н. „Фрименова понуда“, или Договор за проектот Обнова на Скопје, т.е. реализацијата на американската финансиска помош понудена од тогашниот американски секретар за земјоделство Орвил Фримен,[27] но и американската помош, генерално. Имено, секретарот О. Фримен со сопругата, придружуван од дипломати на Амбасадата на САД во Белград (најверојатно дел од делегацијата бил и Л. Иглбергер) на 9 август 1963 година, пристигнал во Скопје, каде што бил пречекан од високи државно-политички раководители на СР Македонија. По средбите, тој го обиколил разурнатиот град, се сретнал и разговарал со жителите, а ја посетил и американската болница кај Куманово. Оваа посета на висок функционер во кабинетот на претседателот Џон Ф. Кенеди[28] сведочи за политичкото значење на овој настан за американската политика во тој период. По тој повод тој ја дал следната изјава:

„Имам впечаток дека за вистинската катастрофа на Скопје може да се разбере само ако се посети овој град за да се види нејзината големина. Народот на Скопје преживеал големи стравотии и разурнувања и претседателот Кенеди и народите на САД му го изразуваат своето големо сочувство. Имав можност директно да разговарам со граѓаните на Скопје. И сакам да ја изразам својата одушевеност за држењето, духот, храброста и решеноста на овој народ. Јас сум сигурен дека со таков дух и со таква решеност Скопје ќе може да се изгради, да биде уште поубаво и поголемо. Во овој момент јас не можам во детали да кажам каква ќе биде помошта од САД. Но, можам да кажам дека сум во постојана врска со мојата влада за ова прашање. Уверен сум дека мојата влада и народите на САД сакаат да дадат конкретна помош за обновата и за изградбата на Скопје. Во врска со тоа јас ќе го известам претседателот Кенеди и американскиот народ во каква состојба се наоѓа Скопје за да може да му се даде и адекватна помош“.[29]

На заминување од посетата на СФРЈ, секретарот О. Фримен изјавил дека на претседателот Јосип Броз Тито[30] му соопштил дека САД ќе дадат финансиска помош за реизградба на Скопје во висина од 50 милиони долари (во динарски средства – 37,5 милијарди динари), и тоа 25 милиони како помош/подарок и 25 милиони како кредит/долгорочен заем.[31] САД од своите динарски средства во СФРЈ (Коунтерпарт фондови) дадоа 25 милиони долари како подарок и од истите фондови понудија 25 милиони долари кредит со вонредно поволни кредитни услови.[32]

[27] О. Фримен (1918 – 2003), секретар за земјоделство во кабинетите на Џ. Ф. Кенеди и Линдон Б. Џонсон (1961 – 1969).

[28] Џ. Ф. Кенеди (1917 – 1963), 35. претседател на САД (1961 – 1963).

[29] „САД ќе ја помогне обновата на Скопје“, Нова Македонија, 10 август 1963, 1.

[30] Јосип Броз Тито (1892 – 1980), југословенски политичар, лидер, државник и претседател на социјалистичка Југославија.

[31] „Amerika pomaže susedu – Skopju“, *Pregled*, VII/8-9, August-Septembar 1964, 62; „$50 million in U.S. aid pledged to Skopje“, *Sarasota Journal*, 12 August 1963, 12; „Председник Тито примио министра пољопривреде САД Фримена“, *Борба*, 12 август 1963, 1.

[32] Коле Јордановски, *Скопје: катастрофа, обнова, искуство*. Скопје: Матица македонска, 1993, 86.

Амбасадата на САД во Белград[33] преку координацијата на Л. Иглбергер, редовно ги следела активностите за доизградување, инфраструктурно доуредување на објектите и ставање во функција и бил во комуникација со сојузните, републичките и локалните власти. Тој ја водел координацијата и реализацијата на Фриеновата понуда и на американската помош до неговото заминување од СФРЈ во 1965 година, при што одржал низа состаноци со сојузните и со републичките власти околу прецизирањето и реализацијата на истата. На состанокот одржан на 17 ноември 1964 година во Сојузниот секретаријат за финансии било разговарано околу реализацијата на Спогодбата за изградба на станови за итно сместување во Скопје, потпишување на договорот за подарок (18,75 милијарди динари) и договорот за заем за Скопје. Според известувањето од состанокот одржан на 28 јуни 1965 година, меѓу Л. Иглбергер и претставници од сојузниот секретаријат за финансии, било најавено потпишувањето на Договорот, а користењето на овие средства било наменето за санација на 8.500 станови (12,5 милијарди динари) и расчистување на урнатините во градот (трошоци за расчистување, откуп, оштета и сместување) (6,25 милијарди динари). Договорот за подарок од 25 милиони долари (18,75 милијарди динари) бил потпишан на 13 септември 1965 година, помеѓу Агенцијата за меѓународен развој АИД на Владата на САД и Сојузниот секретаријат за финансии.[34]

Л. Иглбергер како дел од неговиот ангажман и ангажманот на амбасадата на САД за организирањето на помошта за Скопје, во разговорите со градските власти, било утврдено во знак на сеќавање, улица во Скопје да биде именувана според поранешни американски претседатели, исто така еден помал плоштад со фонтана и скопскиот водовод со Рашче да се поврзе со американската помош.[35] Токму како репрезентативни објекти изградени по предлог на американската страна од американската помош, кои и денес постојат во Скопје, се одлика, препознатлив белег и се од витално значење за главниот град се: фонтаната во Градскиот парк[36] и скопскиот водовод со изворот Рашче.[37]

За организираната помош за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје, Градското собрание на 14 март 1966 година, донело Решение за доделување спомен-плакета за особени заслуги за град Скопје на Л. Иглбергер, секретар во амбасадата на САД во Белград.[38]

[33] Ангажманот на САД за помош на Скопје продолжил и понатаму за што сведочи посетата на Скопје на новиот амбасадор на САД во СФРЈ Чарлс Берк Елбрик (1908 – 1983) на 18 и 19 мај 1964 година, каде што ги посетил објектите во Шуто Оризари и скопскиот Универзитет, „Александар Грличков го прими амбасадорот на САД во Југославија“, *Нова Македонија*, 20 мај 1964, 1; „Амбасадорот на САД кај Грличков“, *Вечер*, 20 мај 1964, 1.

[34] ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 79, Фонд за помагање на обновата на Скопје кут. 11, а.е. 1, л. 589–597.

[35] ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 79, кут. 7, а.е. 4, л. 556.

[36] К. Јордановски, *Скопје: катастрофа, обнова, искуство*... 74.

[37] *Скопје: град на солидарноста*. Скопје: Фонд за обнова и изградба на Скопје, 1975, 257; *Скопје 1963 – 1973*. Скопје: Собрание на град Скопје, 1973.

[38] *Службен гласник на град Скопје*, бр. 191, 23 март 1966, 3; ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 14, Градско собрание на град Скопје, кут. 11, а.е. 96, л. 953.

Во тој контекст биле донесени одлуки, две улици во Скопје да носат имиња на американски претседатели, Франклин Д. Рузвелт[39] (денес позната како Рузвелтова улица) и Џ. Ф. Кенеди. На седницата на Градското собрание на град Скопје, одржана на 18 март 1965 година, била донесена одлука да се именува улица во Скопје според Ф. Д. Рузвелт.[40]

Определбата да се именува улица според Џ. Ф. Кенеди била реафирмирана и при посетата на Б. Попов на Белата куќа во Вашингтон на 18 јуни 1966 година, каде што се сретнал со претседателот Л. Б. Џонсон.[41] Средбата била одржана заради искажување благодарност за ангажманот и укажаната помош на претседателот Џ. Ф. Кенеди, на САД и на американскиот народ за Скопје. Б. Попов на Л. Б. Џонсон му ја предал Повелбата за благодарност на град Скопје.[42] На средбата во Белата куќа присуствувал и Л. Иглбергер,[43] тогаш како службеник и претставник на Стејт департментот[44] во Вашингтон.[45] Во насока на реализација и финализација на оваа определба, следните неколку години активностите продолжиле. Градското собрание[46] на 15 јули 1968 година донело Одлука за именување улица „Џ. Кенеди" во Скопје која постои и денес во општина Чаир.[47] На 19 март 1970 година, Градското

[39] Ф. Д. Рузвелт (1882 – 1945) 32 претседател на САД (1933 – 1945).

[40] Службен гласник на град Скопје, бр. 165, 30 март 1965, 2; ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 14, кут. 6, а.е. 124, л. 927.

[41] Л. Б. Џонсон (1908 – 1973), 36 претседател на САД (1963 – 1969).

[42] Б. Попов на средбата со Л. Б. Џонсон истакнал: *„Американскиот придонес за постраданото Скопје и за неговата обнова ќе им остане во траен спомен на граѓаните од Скопје и на југословенската јавнос*т..." Претседателот Л. Б. Џонсон топло се заблагодарил на Повелбата. Изразил задоволство што го гледа претседателот на Градското собрание на Скопје во САД и подвлекол дека меѓународната солидарност видно дојде до израз на примерот на Скопје. Скопје послужи на делото за натамошно меѓусебно разбирање и пријателство меѓу народите од САД и Југославија, „Џонсон го прими Благој Попов", *Нова Македонија*, 20 јуни 1966, 1. Прилог за овој настан бил објавен и во Њујорк тајмс, „A Yugoslav Mayor Thanks U.S. for Aid in Earthquake", *The New York Times*, 19 June 1966.

[43] Иако авторот на овој труд не дојде до конкретен податок, претпоставка е дека при повеќедневната посета на Благој Попов на Вашингтон, лично му била врачена спомен-плакета за особени заслуги за град Скопје и на Л. Иглбергер, според одлуката на Градското собрание од март 1966 година.

[44] Сашо Додевски, „Соединетите Американски Држави и скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година" (по повод 60 години од скопскиот земјотрес), *Македонски архивист*, број 33-34, (2023), 235.

[45] Види сл. 2.

[46] Градското собрание на Скопје на 6 јуни 1966 година донело решение за образување Комисија за именување улици, плоштади, мостови, населби и други објекти, *Службен гласник на град Скопје*, бр. 202, 6 јуни 1966, 16–17. Во формирањето на фондот на имињата на улиците на Скопје посебно се водело сметка при именувањето на скопските улици да најде одраз меѓународната солидарност пројавена по катастрофалниот земјотрес од 26 јули 1963 година. Градското собрание на 19 март 1970 година донело решение со кое биле именувани над 800 улици, булевари, кејови, мостови и плоштади на подрачјето на град Скопје, Димче Зографски et al., *Имињата на улиците на Скопје.* Скопје: Собрание на град Скопје, Комисија за именување на улици, 1980, 9–11.

[47] *Службен гласник на град Скопје*, бр. 316, 6 август 1968, 3; Димче Зографски et al., *Имињата на улиците*..., 252. За именувањето на улиците Ф. Рузвелт и Џ. Кенеди била донесена уште една одлука во 1970 година, *Службен гласник на град Скопје*, бр. 403, 27 јули 1970, 5.

собрание донело Решение за именување улица „Вашингтонска“ (според главниот град на САД) која постои и денес во Општина Шуто Оризари.[48]

Сл. 2. Л. Иглбергер (прв од лево) при приемот на градоначалникот на Скопје Б. Попов (трет од десно) во Белата куќа кај претседателот Л. Б. Џонсон (прв од десно).[49]

Вкупната сума на американска помош изнесувала 2.962.430.189 стари динари, или според тогашниот девизен курс околу 3,9 милиони долари, а според денешната вредност на доларот, сумата би изнесувала околу 39 милиони долари.[50] Кон оваа сума треба да се додаде и веќе споменатиот пакет од 50 милиони долари.

Во 1977 година, Л. Иглбергер бил именуван за амбасадор на САД во СФРЈ.[51] На церемонијата на предавањето на акредитивните писма во Белград присуствувал и Лазар Мојсов,[52] тогашен заменик–државен секретар за надворешни работи на СФРЈ.[53] Неговото именување за амбасадор во СФРЈ било забележано и во тогашниот

[48] *Службен гласник на град Скопје*, бр. 403, 27 јули 1970, 13; Димче Зографски et al., *Имињата на улиците*..., 60. Во врска со именувањето улица во американската населба во Шуто Оризари од Фондот за помагање обновата на Скопје (постои во периодот 1963 – 1977) во март 1965 година, биле предложени 10 имиња: Колорадо, Конектикат, Илиноис, Индијана, Ајова, Мисури, Канзас, Мериленд, Масачусетс, Алјаска, Северна Каролина, Оклахома и Вашингтон, ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 79, кут. 11, а.е. 1, л. 554).

[49] Меморијална библиотека и музеј на претседателот Л. Б. Џонсон, во Остин, Тексас (The Lyndon Baines Johnson Presidential Library&Museum, https://www.lbjlibrary.org).

[50] ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 79, кут. 11, а.е. 1, л. 538.

[51] Види сл. 3.

[52] Л. Мојсов (1920 – 2011) македонски и југословенски политичар и дипломат.

[53] „Узлазна линија развоја односа“, *Борба*, 22 јуни 1977, 4.

македонски дневен печат.[54] По тој повод бил примен и од тогашното републичко партиско и политичко раководство и од локалните власти на град Скопје.[55] Токму поради големиот гест околу помошта за градот Скопје, Л. Игелбергер како амбасадор на САД во СФРЈ стекнал голема популарност, ја продолжил врската и интересот за Скопје и Македонија, каде што често доаѓал во посета.[56] Во едно интервју за Скопје и за Македонија тој ќе изјави: *„Не сум бил во Македонија и Скопје најмалку десет години, но се сеќавам многу добро на 26 јули 1963 година. Се сеќавам многу добро на храброста на граѓаните на Скопје по катастрофата и се сеќавам колку напорно работеа за да го изградат повторно градот. Со голема наклонетост се сеќавам и на Скопје и на Македонија“*.[57]

Сл. 3. Л. Иглбергер при предавањето на акредитивните писма во Белград на 21 јуни 1977 година. Л. Мојсов заменик-државен секретар за надворешни работи на СФРЈ (од лево), Л. Иглбергер (во средина), Стефан Дороњски[58] потпретседател и член на Претседателството на СФРЈ (од десно).[59]

[54] „Постојано подобрување на односите“, *Нова Македонија*, 22 јуни 1977, 3.

[55] Видое Смилевски претседател на Претседателството на СРМ, Ангел Чемерски претседател на ЦК СКМ, Благоја Талески претседател на Собранието на СРМ и Б. Попов претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Методи Антов претседател на Собранието на град Скопје, *Нова Македонија*, 12 јули 1977, 3; *Вечер*, 12 јули 1977, 2.

[56] За време на неговиот мандат во октомври 1977 година во Охрид, бил одржан меѓународен семинар за современата американска поезија и критика, каде што и самиот присуствувал на отворањето, „Семинар за современата американска поезија и критика“, *Нова Македонија*, 9 октомври 1977, 9; „Američko – jugoslovenska saradnja u oblasti prosvete i culture“, *Pregled*, 200/1977 – 1978. Исто така, за време на неговиот мандат е забележана динамична научна, културна и економска соработка и одржување настани и манифестации меѓу институции, компании, субјекти од СР Македонија и САД (Струшки вечери на поезијата, истражувања во Стоби и Охридско Езеро, Алкалоид Скопје).

[57] „Замина Лоренс од Македонија“, *Утрински весник*, 5 јуни 2011, 16.

[58] С. Дороњски (1919 – 1981) југословенски и српски политичар.

[59] Novi američki ambasador u Jugoslaviji…, 27.

Со Одлука на Советот на град Скопје од 8 мај 2008 година, Л. Иглбергер бил прогласен за почесен граѓанин на Скопје.[60] При одбележувањето на 45-годишнината од скопскиот земјотрес во 2008 година, била доделена плакета[61] на четворица почесни граѓани меѓу кои и Л. Иглбегер, кој од здравствени причини не присуствувал на доделувањето. Во негово име, плакетата ја примил Кристофер Хил,[62] првиот амбасадор на САД во Република Македонија.[63]

Во 2013 година во интервју за Гласот на Америка, амбасадорот К. Хил ќе изјави: *„Кога дојдов во Македонија како амбасадор во 1996-та, еден од првите луѓе на кои им се јавив во Вашингтон беше тогаш пензионираниот Лоренс Иглбергер, и тој долго ми говореше за своите сеќавања за тешко погодениот град“.*[64]

По неговата смрт во јуни 2011 година, била поведена иницијатива за именување една улица во Скопје. *„Една улица во Скопје да го носи името на неодамна починатиот поранешен државен секретар на САД, Лоренс Иглбергер, е иницијатива на управителот на „Медија принт Македонија“, д-р Срѓан Керим[65] и на редакцијата на „Дневник“... Лоренс Иглбергер, кој почина на 4 јуни на 80-годишна возраст, беше американски државник, за Македонија познат по неговата улога во дистрибуцијата на американската помош од САД по катастрофалниот земјотрес во 1963 година во Скопје. Тогаш и стана познат како „Лоренс од Македонија“. Беше голем поддржувач на земјата и се бореше за нејзиното уставно име, како и за нејзиното членство во НАТО и во ЕУ“.*[66]

„Улица во Скопје да го добие името на неодамна починатиот поранешен државен секретар на САД Лоренс С. Иглбергер, предлага министерот за надворешни работи Антонио Милошоски.[67] Иницијативата една скопска улица да се именува

[60] *Службен гласник на град Скопје*, бр. 6, 12 мај 2008 (електронско издание) (пристапено на: 15 март 2024).

[61] Во однос на доделувањето плакети на Лоренс Иглбергер, постои состојба на повторување на доделувањето на тоа признание: една плакета во 1966 година, втора плакета во 2003 година и трета плакета во 2008 година!?

[62] К. Хил (1952), американски дипломат, амбасадор на САД во Република Македонија (1996 – 1999).

[63] Плакети за четворица почесни граѓани, *Дневник*, 26 јули 2008. https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=4b26e-8f88575c28 (пристапено на: 20 април 2024).

[64] Ведран Андоновски, *Кристофер Хил: Луѓето од Скопје ми се при срцето*, Гласот на Америка, 26 јули 2013, https://mk.voanews.com/a/intrview-with-ambassador-christopher-hill-on-skopje-1963earthquake/1710731.html (пристапено на: 8 мај 2024).

[65] С. Керим (1948), македонски политичар и дипломат.

[66] Улица во чест на Лоренс Иглбергер, *Дневник*, 8 јуни 2011, https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=2e47bfbc2815b92 (пристапено на: 20 април 2024).

[67] А. Милошоски (1976), македонски политичар и дипломат.

според ценетиот американски дипломат кој се докажа како пријател на нашата земја... Иницијативата произлегува од тоа што станува збор за значајна личност, голем американски државник и поранешен кариерен дипломат, човек кој им беше советник на низа американски претседатели, од Џон Ф. Кенеди до Џорџ Буш, прочуен по својата храброст, решителност и доследност во надворешната политика...[68] *“*

Во 2012 година, Советот на град Скопје утврдил листа на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на која, под реден број 168 се наоѓа и името на Л. Иглбергер.[69]

„Има симболика и враќањето на Лоренс Иглбергер во Скопје тринаесет години подоцна како американски амбасадор во Белград... На 13.7.1977 овде во Скопје, со инж. Коле Јордановски[70] и со другите скопски пријатели заедно се сеќаваа на херојските денови на обновата... Иако многу сакаше, за жал, не успеа да дојде на четириесетгодишнината од скопскиот земјотрес. Па, ако не успеавме да му се исполни најголемата желба да говори во македонскиот парламент, се разбира, на македонски јазик, би можеле да му се оддолжиме ако идната Дипломатска академија на РМ, скопски булевар или улица го понесе името на овој голем пријател на Македонија и на Македонците...“ [71]

Л. Иглбергер, без сомневање, одигрува значајна улога во многу битен историски период во обновата, изградбата и во градењето на историската меморија за новото и постземјотресно Скопје, за скопјани и генерално за Македонија. Преку сето тоа на некој начин, тој си најде и си обезбеди заслужено место во современата историја на Скопје и на Македонија.

[68] Иницијатива за именување улица со името на Иглбергер, Дневник, 13 јуни 2011, https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&full-text=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=c-b1a8d21291c693 (пристапено на: 20 април 2024).

[69] *Службен гласник на Град Скопје*, година 2012, број. 6 (електронско издание) (пристапено на: 15 март 2024). Заклучно со подготовката на овој труд, нема информација дека е реализирана одлуката и според Л. Иглбергер сè уште не е именувана улица во Скопје.

[70] Коле Јордановски (1926 – ?) директор на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје по скопскиот земјотрес.

[71] Љ. Гајдов, „Големиот пријател на Македонија“... 12.

Користени извори и литература:

Книги и монографии:

Јордановски Коле, *Скопје: катастрофа, обнова, искуство*. Скопје: Матица македонска, 1993

Скопје 1963 – 1973. Скопје: Собрание на град Скопје, 1973

Скопје: град на солидарноста. Скопје: Фонд за обнова и изградба на Скопје, 1975

Зографски Димче et al., *Имињата на улиците на Скопје*. Скопје: Собрание на град Скопје, 1980

Архивски фондови:

ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 14, Градско собрание на град Скопје

ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 79, Фонд за помагање обновата на Скопје

ДАРСМ – Одделение Скопје, ф. 235, Билтени за обновата и изградбата на Скопје 1963 – 1967

Списанија:

Сашо Додевски, „Соединетите Американски Држави и скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година“ (по повод 60 години од скопскиот земјотрес), *Македонски архивист*, број 33-34, (2023), 217–244

Документи и фотографии:

Службен гласник на град Скопје, бр. 165, 30 март 1965

Службен гласник на град Скопје, бр. 191, 23 март 1966

Службен гласник на град Скопје, бр. 202, 6 јуни 1966

Службен гласник на град Скопје, бр. 316, 6 август 1968

Службен гласник на град Скопје, бр. 403, 27 јули 1970

Службен гласник на град Скопје, бр. 403, 27 јули 1970

Службен гласник на град Скопје, бр. 6, 12 мај 2008, (електронско издание)

Меморијална библиотека и музеј на претседателот Л. Б. Џонсон, во Остин, Тексас (The Lyndon Baines Johnson Presidential Library&Museum (https://www.lbjlibrary.org)

Весници:

Шефот на американската економска мисија во Белград г. Кливленд го разгледа Скопје, *Нова Македонија*, 7 август 1963

САД ќе ја помогне обновата на Скопје, *Нова Македонија*, 10 август 1963

Председник Тито примио министра пољопривреде САД Фримена, *Борба*, 12 август 1963

Претставници на американската инженериска единица кај Благој Попов, *Нова Македонија*, бр. 6 декември 1963

Александар Грличков го прими амбасадорот на САД во Југославија, *Нова Македонија*, 20 мај 1964

Амбасадорот на САД кај Грличков, *Вечер*, 20 мај 1964

Џонсон го прими Благој Попов, *Нова Македонија*, 20 јуни 1966

Узлазна линија развоја односа, *Борба*, 22 јуни 1977.

Постојано подобрување на односите, *Нова Македонија*, 22 јуни 1977

Нова Македонија, 12 јули 1977, *Вечер*, 12 јули 1977

Семинар за современата американска поезија и критика, *Нова Македонија*, 9 октомври 1977

Замина Лоренс од Македонија, *Утрински весник*, 5 јуни 2011

Љ. Гајдов, Големиот пријател на Македонија, *Утрински весник*, 6 јуни 2011

Интернет-извори:

Д. Бајндер, Американци и Руси у разореном Скопљу, *Политика*, 25 јул 2008, https://www.politika.rs/scc/clanak/49776/

Дејвид Бајндер, Американците и Русите во разурнатото Скопје, 6 февруари 2014, https://okno.mk/node/35324

Плакети за четворица почесни граѓани, Дневник, 26 јули 2008

https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=4b26e8f88575c28

Ведран Андоновски, *Кристофер Хил: Луѓето од Скопје ми се при срцето*, Гласот на Америка, 26 јули 2013, https://mk.voanews.com/a/intrview-with-ambassador-christopher-hill-on-skopje-1963earthquake/1710731.html

Улица во чест на Лоренс Иглбергер, Дневник, 8 јуни 2011, https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=2e47bfbc2815b92

Иницијатива за именување улица со името на Иглбергер, *Дневник*, 13 јуни 2011, https://time.mk/arhiva/?d1=01&m1=01&y1=1991&d2=31&m2=12&y2=2012&all=1&fulltext=1&timeup=2&show=1&q=%D0%BB%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%20%D0%B8%D0%B3%D0%BB%D0%B1%D0%B5%D1%80%D0%B3%D0%B5%D1%80&read=cb1a8d21291c693

Biographies of the Secretaries of State: Lawrence Sidney Eagleburger (1930 – 2011) https://history.state.gov/departmenthistory/people/eagleburger-lawrence-sidney

Interview with Robert G. Cleveland, Economic Counselor and Director of US-AID Mission in Belgrade (1963 – 1965), June 8, 1990 https://adst.org/OH%20TOCs/Cleveland,%20Robert%20G.toc.pdf

https://2001-2009.state.gov/t/pm/polad/

Списанија и фотографии:

Amerika pomaže susedu – Skopju, Pregled, VII/8-9, August-Septembar 1964, 59–64.

Novi američki ambasador u Jugoslaviji, Pregled, God. XX, Br. 1, 1977, 26–27

Američko – jugoslovenska saradnja u oblasti prosvete i culture, Pregled, 200/1977 – 1978

Весници:

$50 million in U.S. aid pledged to Skopje, Sarasota Journal, 12 August 1963

A Yugoslav Mayor Thanks U.S. for Aid in Earthquake, The New York Times, 19 June 1966

UDK 061.1:[784.4+793.31(497.771):1986/1990”
UDK 930.25:316.7(497.771):1986/1990”

Наташа Диденко[1]

САМОУПРАВНОТО ПЛАНИРАЊЕ НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО ОПШТИНАТА ОХРИД НИЗ НЕОБЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ НА САМОУПРАВНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА – ОХРИД (1986 − 1990)

A**bstract:** This paper examines self-government planning and cultural and artistic activities in Ohrid during the period from 1986 to 1990. The planned approach to cultural development enabled the continuous and multifaceted growth of cultural initiatives. On the one hand, planning facilitated the systematic satisfaction of the cultural and artistic needs of workers, citizens, and youth. On the other hand, it reduced spontaneity, ensuring a more structured and deliberate approach to cultural activities.

Kewwords: self-government planning of culture, Ohrid, self-government planning, cultural-artistic activities, music stage manifestation, House of Culture “Grigor Prličev”.

Самоуправните интересни заедници (натаму: СИЗ) се јавуваат како израз и одраз на подготвеноста на социјалистичкото општество, работните луѓе и граѓани да бидат првични носители и фактори во развивањето и изградувањето на општественото и материјалното поттикнување квалитетни процеси што се јавуваат во областа на културата, како и во поврзувањето на културата со потребите на работните организации и на општествено-политичките заедници.[2] Со донесувањето на Уставот[3] на Социјалистичка Федеративна Република Југославија[4] и Уставот

[1] Виш научен соработник/вонреден професор во ЈНУ Институт за национална историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, е-адреса:natasadidenko@yahoo.com.

[2] Томе Момировски, „КПЗ и нејзиниот пристап во културната акција и културната политика“, *Културен живот: списание за култура, уметност, општествени прашања*, IX, бр.1-2 (1969), 14-15.

[3] Види повеќе во: „Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, *Службен лист на Социјалистичка Федеративна Југославија*, бр. 9/XXX, 21 февруари 1974, 209-263.

[4] Социјалистичка Федеративна Република Југославија како државна заедница на доброволно обе-

на Социјалистичка Република Македонија (натаму: СРМ), почнува развојот на почетните форми на самоуправното планирање на културно-уметничките дејности на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, т.н. општини.[5] Во нив одлуките за остварување и задоволување на интересите и потребите на луѓето, работните луѓе ги носеле и ги реализирале во организација со основните организации на здружениот труд, месните заедници,[6] делегациите и делегатите во Собранието на општината, но и преку други органи на самоуправно здружување.[7] На тој начин, со самоуправното планирање културниот систем во нашата Република станувал сè повеќе органски дел на здружениот труд во чие конципирање било стимулирањето на сестраниот и континуиран развој на културната политика.

Со цел да се создаваат услови за порамномерен и децентрализиран културно-економски развој во Републиката, со прогласувањето на новиот Закон за подрачјата на општините во СРМ донесен на 23 јануари 1965 г.[8] била направена нова трансформација, при што територијата на СРМ била поделена на 32 општини,[9] чии главни центри станале исклучиво поголемите урбани места.[10] Меѓу нив се вбројува и

динетите народи и на нивните социјалистички републики, како и на социјалистичките покраини ја сочинувале: Социјалистичка Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија, во чиј состав биле Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово, потоа Социјалистичка Република Хрватска и Социјалистичка Република Црна Гора (Истото, 215).

[5] Види повеќе во: „Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, 209-210; „Устав на Социјалистичка Република Македонија“, *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија*, бр. 7/XXX, 25 февруари 1974, 106-161.

[6] Според Едвард Кардељ, месната заедница како специфична самоуправна интересна заедница на работните луѓе и граѓани, се појавува во местото на нивното живеење како демократски и самоуправен облик за остварување и задоволување на интересите и потребите на луѓето за кои слободно и рамноправно се договараат и за кои слободно одлучуваат. Според тоа месната заедница сè повеќе се јавува како хумана човечка заедница, односно како заедница на непосредните човечки контакти (Edvard Kardelj, *Pravci razvoja političkog sistema socijalističkog samoupravljanja*. Beograd, 1977, 117-118).

[7] „Устав на Социјалистичка Република Македонија“, 135.

[8] Со влегувањето во сила на овој закон престанале да важат Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија донесени на 12 јули 1957 и на 7 февруари 1962 г. („Закон за подрачјата на околиите и општините во Република Македонија“, *Службен весник на Народна Република Македонија*, бр. 19/XIII, 13 јули 1957, 325-334; Законот за менување на подрачјата на одделни општини во Република Македонија, *Службен весник на Народна Република Македонија*, бр. 3/XVIII, 9 февруари 1962, 34-36).

[9] Тоа се следните општини: Берово, Битола, Брод, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Идадија, Кавадарци, Кале, Кисела Вода, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струмица, Струга, Тетово, Титов Велес и Штип (Истото 19-23).

[10] Ваквата поделба, со мали и незначителни промени траела сè до 1996 година, кога Република Македонија, како самостојна држава доживеала нова административно-територијална поделба, при што била поделена на 123 општини (Никола Панов et al., *Општините во Република Македонија: Македонија – балкански бизнис центар*. Скопје: Ина комерц, 2006, 6).

Општина Охрид,[11] која како и другите општини во градовите била здружена во градска заедница како посебна општествено-политичка заедница.[12] Поради културните, природните и другите богатства таа претставувала добар предуслов за организирање културно-уметнички дејности, создавани по различни основи. Впрочем, „стимулирањето на нивниот слободен и сестран развој претставувал континуиран процес на постојано циркулирање на искуствата и наоѓање можности за сè пошироко општествено ангажирање и отворање нови простори за лично и заедничко творечко потврдување“.[13] За таа цел врз основа на Самоуправната спогодба бр. 01-2361 на 4 април 1974 г. во Општината била основана СИЗ како општинска заедница на културата.[14] Нејзините задачи биле насочени кон: 1) „остварување на основните цели и интереси во организирањето, задоволувањето на општествените, заедничките и личните потреби во областа на културата, имајќи предвид дека културното и уметничкото творештво претставуваат составен дел на единствениот процес на општествениот труд и на животот на работните луѓе во Општината“; 2) за „непосредно утврдување на политиката на развојот на културните дејности, обезбедување материјални услови на културата врз принципите на слободната размена и здружување на трудот и средствата“; 3) како и за „извршување други работи што произлегуваат од природата на односите во културата, работните луѓе во основните организации на здружен труд и другите општествено-политички самоуправни организации“.[15]

Во тој контекст, во продолжение ќе го претставиме самоуправното планирање на СИЗ на културата на Општина Охрид од областа на културното и уметничкото творештво, во периодот од 1986 до 1990 г. Со оглед на тоа што во современата македонска историска наука не се продуцирани историски трудови кои ја претставуваат улогата на СИЗ на културата на Општина Охрид како фактор за осмислување и планирање на културниот живот во општината во функција на задоволување и развивање на културно-уметничките потреби на работните луѓе, граѓаните и младината,[16] во истражувањето како примарен извор се користени необјавените архивски материјали од ДАРСМ – Подрачно одделение Охрид. Исто

[11] Охрид, влегува во групата поголеми општини во земјата, а се наоѓа во нејзиниот краен југозападен дел. Велиме поголеми, затоа што таа, покрај сувоземниот дел, во својот атар опфаќа и голем дел од површината на Охридското Езеро, која во македонските граници изнесува 229,9 км^2. Еден дел од населбите се распоредени по должината на источното охридско крајбрежје, друг дел по западните падини на Галичица, а трет дел во просторот на Охридското Поле. Општинската територија има издолжена форма и се протега во правец север-југ. На север, таа се граничи со Општина Дебарца, на исток со Општина Ресен, на југ со Поградец во соседна Албанија и на запад, овој пат по водна линија со Поградец (Види повеќе во: Истото, 226-230).

[12] „Устав на Социјалистичка Република Македонија“, 136.

[13] Борислав Наумовски, „Планот е синтеза на развојните текови на културата“, *Културен живот: списание за култура, уметност, општествени прашања*, XXX, бр. 6 (1985), 2.

[14] ДАРСМ – Подрачно одделение Охрид, ф. 518, Општински СИЗ за култура Струга, 1974 – 1980*: Извештај за работата на Самоуправната интересна заедница на културата на Општина Охрид за 1974 година*, несреден архивски материјал, л. 1

[15] Истото, л. 1- 4.

[16] Истото.

така, корисен извор ни претставуваа и критичките осврти за пристапот и развојните текови на културната политика публикувани во списанието за култура, уметност и општествени прашања *Културен живот*. Имено, преку анализата и сублимираниот пристап на користење на изворите се овозможува овој труд да нуди достапност за полезни податоци, со што се отвораат можности за понатамошни посеопфатни истражувања од доменот на културната историја на Македонија.

СИЗ за култура на Општина Охрид како општествена организација каде што работниците и другите работни луѓе ги здружувале трудот и средствата за меѓусебно да се договараат и да се спогодуваат за развојот и проблемите во областа на културата во Општината, појдовните основи во наведениот плански период ги насочувала „за максимално ангажирање на расположливите материјални, стручни, интелектуални и творечки потенцијали како основна претпоставка за задоволување на културните потреби на работниците и обезбедување континуиран развој на културно-уметничките дејности, како интегрален и своевиден белег во самоуправното социјалистичко општество“.[17] Впрочем, преку највисокиот орган на СИЗ на културата – Собранието, конституирано на 29 април 1974 г.[18] и другите самоуправни облици на дејствување, СИЗ на културата ги поддржувала сите дејности во културно-уметничката сфера, а посебно оние кои биле во системот на планските зафати, водејќи грижа за квалитетот, разнообразноста, заемноста и другите прокламирани принципи на општествената заедница.[19] Собранието статутарно го сочинувале 40 делегати од кои 20 делегати биле избрани од делегациите на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници од работните луѓе кои остварувале свои лични и заеднички потреби и интереси во областа на културата и работниците кои вршеле културни дејности на подрачјето на општината.[20]

Динамиката на културно-уметничките дејности во Општина Охрид во наведениот период претставувала интегрален дел од развојот на општината и го следела развојот на севкупните активности во стопанскиот и нестопанскиот живот. Овој период бележи умерена инвестициона активност, при што биле направени потези со кои од една страна се заштитувале, а од друга страна се продолжувал векот и функцијата на уметничките дела лоцирани на охридското поднебје како интегрален дел на општочовечкото културно богатство и природни реткости.[21] За таа цел на одредени носители на културно-уметничките дејности на подрачјето

[17] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990*, несреден архивски материјал, л. 15.
[18] Види повеќе во: ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Самоуправна интересна заедница на културата на Општина Охрид: Извештај за работата на Собранието на СИЗ на културата во 1988 г.*, несреден архивски материјал, л. 1.
[19] Истото.
[20] Истото, л. 2.
[21] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990,* л. 16, 20-21.

на Општина Охрид биле поведени одредени зафати, и тоа: а) Изградба на II фаза на Домот на културата „Григор Прличев“ – Охрид[22] (денес Национална установа Центар за култура „Григор Прличев“); б) Поведување иницијатива за дооткривање на работи, заштита и презентација на Античкиот театар,[23] изграден некаде кон крајот на III или почетокот на II век, во периодот на доцниот хеленизам, со намера да се прикажуваат драмски, музички и поетски претстави за љубителите на театарската уметност;[24] в) Археолошки зафати на локалитетот Хераклеја Линкестис,[25] во кој за време на римската окупација бил изграден театар според пропозициите за римски тип[26] на театри коишто ги пропишал искусниот градител од I век пр.н.е. Полио Витрувиј (Pollio Vitruvius);[27] г) Реставрација на најубавата македонска куќа градена од средината на XIX век − куќата на Робевци,[28] изградена во периодот 1861 − 1863 како братска куќа со два посебни стана, со посебни влезови,[29] и тоа: − левата половина на Константин Робев,[30] а десната половина на Анастас (Тасо).[31] По ослободувањето на нашата земја била заштитена како културно-историски споменик и е прогласена за Народен музеј на град Охрид. Во музејот е одржана седницата на матичната комисија за формирање на Македонската академија на науките и уметностите и се поставени темелите на највисоката научна институција на македонскиот народ;[32] д) Набавка на повеќе современи клима и друг вид уреди за заштита на архивската и музејската граѓа; ѓ) Набавка на современа опрема за функционирање на Центарот за печат и радио и е) Збогатувањето на книжниот фонд и негова употреба.[33]

[22] Истото, 20.

[23] Истото, 20.

[24] Види повеќе во: Никола Бошале, *Античкиот театар во Охрид: монографска скица*. Охрид: Летра, 2003.

[25] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990,* л. 20.

[26] Основни карактеристики на римскиот тип на градба се: Орхестра во полукруг, Ниска и длабока скена, Однапред затворен проскениум и украсен со ниши, гломазна заднина, натсводени влезови, со повеќе седишта за официјални лица, а помалку простор за претстави (Види повеќе во: Томе Јанакиевски, „Античкиот театар на почвата на Македонија“, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес: прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. бр. 13, уредник Георги Старделов. Македонска академија на науките и уметностите: Скопје, 2005, 60-61).

[27] Истото, 81.

[28] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990,* л. 20.

[29] За главен градител на куќата бил ангажиран познатиот македонски резбар и градител − Тодор Петков (1814 – 1899), кој го направил ентериерот на куќата на Робеви: таваните, долапите и другите украсни елементи биле направени во резба. Меѓутоа, за да се разликуваат резбите, за Ангеловиот дел на куќата биле повикани други мајстори − резбари од Дебар. Затоа левата половина на куќата била изработена од едни мајстори и се разликувала од другата половина, која ја работеле други мајстори и претставува втората половина на Робевата куќа (Марија Георгиева, „Куќата на Робевци − прилог кон историјата на нејзината градба“, *Историја: списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија*, XXI, бр. 2 (1985), 308, 310).

30 Константин Робев (1818 − 1900) – оставил длабоки траги во македонската преродба, наука и култура. Види повеќе во: Кузман Георгиевски, *Браќата Робевци и македонската преродба*. Охрид: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, 2008, 58-62.

[31] Повеќе за родот на Анастас (Тасо) Робев види во: Истото, 68.

[32] Истото, 313.

[33] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990,* л. 20.

За наведениот период СИЗ на културата на Општина Охрид по пат на слободна размена на трудот во работните средини и месните заедници стимулирала самодејности кои обезбедувале квалитетен културен сензибилитет, во чија содржина од приоритетно значење биле градот Охрид, Републиката, земјата и пошироко. Тргнувајќи од сознанието дека СИЗ на културата на Општина Охрид треба да ја оствари конвергенцијата помеѓу професионалната и масовната култура со истакнување на оние културно-уметнички сензибилитети кои ќе овозможат струење на нови и свежи идеи, основата на програмата ја сочинувале мултимедијални форми проткаени[34] со музичка и театарско-драмска дејност. Во тој контекст во програмската определба на СИЗ на културата на Општина Охрид биле вклучени музичко-сценските манифестации: 1) „Охридско лето“, 2) „Балкански фестивал на народни песни и игри“ и „3) Охридски старогрдски песни“.

1) Почетокот на фестивалот „Охридско лето“ бил одбележан на 4 август 1961 г., со концертот на првенката на Операта при Македонскиот народен театар – Ана Липша- Тофовиќ (1926, Сисак, Хрватска – 2012, Скопје), во пијано придружба на Ладислав Парлиќ. На концертот одржан во катедралната црква „Св. Софија“ во Охрид интерпретирала арии од Алесандро Страдела, Џоакино Росини, Георг Фридрих Хендл, Волфганг Амадеус Моцарт, Лудвиг ван Бетовен и Кристоф Вилибакд Глук.[35] Тој почеток, главно инспириран од акустиката и амбиентот на црквата „Св. Софија“, натаму се надградувал со концерти на домашни и странски уметници, со оперски и балетски претстави и со театарско-драмски содржини. За фестивалот особено е значајна 1964 г., бидејќи со формирањето на Дирекцијата на Фестивалот на 4 март истата година,[36] се регистрирал како организација која ќе работи во областа на културата и уметноста. За нејзин прв директор бил именуван писателот и културниот работник – Миле Волкановски, кој 18 години ја раководел новосоздадената институција.[37]

Од 1972 г. Фестивалот се одржува под покровителство на Собранието на Република Македонија. Тоа дало придонес, од следната година да се почне со процесот на потпишување самоуправни спогодби за финансирање на фестивалот со работни организации од цела Македонија.[38] Во 1973 г. се оформил уште еден сегмент на фестивалската програма. Станува збор за „Подиуми на млади“, каде што млади солисти од цела Југославија одржувале полурецитали.[39] Фестивалот во 1974 г. стекнал статус на „Манифестација од посебен интерес на југословенско ниво“,

[34] Дирекцијата за култура и уметност – Скопје, Културно-просветна заедница на Скопје: Програма на Скопско лето ’86, л.1.
[35] Снежана Анастасова-Чадиковска, Томе Арсовски, Фестивал Охридско лето 1961 – 1990. Охрид: Фестивал „Охридско лето“, 1990, 8.
[36] Снежана Анастасова-Чадиковска, Роза Нолчева-Ангеловска, *Meta sonorem – Зад Звукот*. Скопје: Музички издавачки центар – МИЦ, 2010, 30.
[37] Истото.
[38] Истото, 47.
[39] Истото, 54.

што давало големи можности за финансирање при размени на поголеми ансамбли – музички и театарски од сите југословенски центри.[40] Високите уметнички вредности фестивалот ги потврдил и ги заокружил во 1994 г. кога станува член на Европската фестивалска асоцијација (European Festival Association).[41] Секако, тоа не било само големо признание за Фестивалот туку и воопшто за македонската култура.

Самоуправното планирање на Општина Охрид за фестивалот „Охридско лето" во наведениот период било насочено за обезбедување континуиран програмски развој во традиционалниот термин од 12 јули до 20 август.[42] Обемот на програмата бил димензиониран во согласност со материјалните можности, водејќи сметка за содржинско-концепциските димензии и угледот на манифестацијата.[43] Како вредносен израз на културниот и општествениот развој на СРМ и југословенската заедница со својата програма, со начинот на организацијата и со сè што дозволувал да се случува околу него, во континуитет од 40 дена претставувал извонредна можност за творечка размена на уметничките вредности на народите од земјата, Европа и светот. Меѓу нив се вбројуваат: СРМ, Социјалистичка Република (натаму: СР) Словенија, СР Србија, СР Хрватска, СР Босна и Херцеговина, Јапонија, Австралија, Рим, Италија, Велика Британија, Шпанија, Романија, Унгарија, Аргентина, Венецуела, Франција, Соединетите Американски Држави, Полска, Шведска и Мексико.[44]

Имено, програмата во 1986 година ја сочинувале 39 претстави, од кои 27 биле музички и 12 драмски.[45] Како придружна активност на фестивалот во програмата бил опфатен и „Подиумот за млади" организиран во соработка со музичката младина на Македонија.[46] Во времетраење од 9 до 11 јули истата година, учествувале 3 млади уметници, по претходна извршена селекција на републичките и покраинските здруженија на Музичката младина.[47] Исто така и во следната 1987 година на програмата биле застапени 42 претстави, од кои 31 биле музички и 8 драмски. На „Подиумот за млади" учествувале 3 млади репродуктивни музичари.[48] На фестивалската сцена во 1988 година биле интерпретирани 38 приредби од кои 28 музички и 7 драмски. На „Подиумот за млади" учествувале 3 млади музичари.[49] Следната 1989 година 40 претстави, од кои 29 музички и 8 драмски. Како и

[40] Истото, 49.
[41] Види повеќе : Festival Association: Ohrid Summer Festival, https://web.archive.org/web/20110319231745/http://www.efaaef.eu/en/festivals/members/profile/44/Ohrid%20Summer%20Festival/ (прегледано на: 24 јуни 2024).
[42] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура - Охрид*: *Преглед на културните активности во 1990 година во Општина Охрид*, несреден архивски материјал, л. 11.
[43] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990*, л. 15.
[44] Подетални информации за програмата и учесниците на Фестивалот „Охридско лето" во наведениот период види во: Анастасова-Чадиковска, Арсовски, *Фестивал Охридско лето 1961 – 1990*, 147-154.
[45] Истото, 147-148.
[46] Истото, 148.
[47] Истото.
[48] Истото, 149-150.
[49] Истото, 151-152.

претходните години, на „Подиумот за млади“ учествувале 3 млади репродуктивни уметници.[50] Во 1990 година на фестивалската програма биле застапени 51 претстава, од кои 30 музички и 6 драмски. На „Подиумот за млади“ учествувале 15 уметници од земјата.[51] Од оваа година завесата на фестивалот на некој начин се спушта, бидејќи со распадот на СФРЈ и конституирањето на суверена и независна Република Македонија почнува една нова етапа во опстојувањето и развојот на оваа значајна културна манифестација.

2) „Балкански фестивал на народни песни и игри“ е основан во 1962 г., на иницијатива на Културно просветната заедница (натаму: КПЗ) на Македонија, со поддршка на Претседателството на КПЗ на Југославија и на другите заинтересирани фактори во Републиката, под неговото првобитно име „Охридски фестивал на аматерски ансамбли на народни песни и ора“.[52] Периодот од 1964 до 1967 г., бил направен прекин на фестивалот со цел да се прецизира и концепциски да се оформи неговата содржинска програма, во смисла да се одреди кој вид музика ќе биде застапена на фестивалската сцена и според кои критериуми ќе може да се учествува.[53] Во 1967 г., добил своја описна номенклатура, со која се верувало дека ќе придонесе за зачувување на автентичноста на народната култура и уметност.[54] Од 1968 г. ја продолжил својата мисија за зачувување на музичкото фолклорно творештво под името „Балкански фестивал на народни песни и игри“ − име под кое опстојува и денес.[55] Фестивалот е член на асоцијациите на Организацијата за образование, наука и култура на организацијата на Обединетите нации (УНЕСКО) и Меѓународниот совет за организациите за фолклорни фестивали и народни уметности (CIOFF).[56]

„Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во наведениот период остварувал мисија на зближување, збратимување и меѓусебно запознавање на земјите учесници на Фестивалот. Во заложбите за обезбедување континуиран програмски развој во традиционалниот термин од 3 до 8 јули настојувал да ја зачува традиционалноста во обезбедениот квалитет и да ги потврди вредностите на нашата култура во целина.[57] Во 1986 г. била реализирана програма со која бил

[50] Истото, 153-154.
[51] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура - Охрид: Преглед на културните активности во 1990 година*, л. 13.
[52] Блаже Ристовски, „Првиот балкански фестивал на народни песни и игри“, *Македонски фолклор,* II, бр. 1 (1968), 325; Наташа Диденко, „Првиот Охридски фестивал на аматерски ансамбли на народни песни и ора низ необјавена архивска фотодокументација од 1962 година“, *Гласник*, 65, бр. 1-2, 2021, 199.
[53] Истото, 50.
[54] Истото.
[55] Наташа Диденко, „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во функција за развој на културниот туризам во Охрид, Фолклористика: *Часопис Удружења фолклориста Србије*, 4, бр. 2 (2019), 50.
[56] Драгана Велковска, *Балканскиот фестивал на народни песни и игри 1962 – 2002.* Охрид: Дом на култура „Григор Прличев“, 2002, 18.
[57] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Преглед на културните активности во 1990 година*, л. 11-13.

одбележан сребрениот јубилеј на Фестивалот.[58] Во програмата на годинешниот фестивал првпат биле воведени високи признанија за оние ансамбли и групи кои покажале најдобри резултати во истражувањето, откривањето, обновувањето, унапредувањето, подготвувањето и прикажувањето на автентичното фолклорно богатство на својот народ.[59] Највисокото признание Големата статуа на Охрид − „Климент Охридски" му била доделена на италијанскиот ансамбл „И Телемани" од Агриценто, додека „Златните плакети" на Културно-уметничкото друштво (натаму: КУД) „Кола" од Стари Грабонац, СР Хрватска, КУД „Илинден" од Битола, СРМ и фолклорниот ансамбл при ОКЦ „Т. Дојчиноски" од Белчишта, СРМ.[60] Златни пакети им биле доделени и на организациите кои дале посебен придонес во афирмацијата и развојот на Фестивалот во изминатите 25 години. Меѓу нив биле: Собранието на СРМ, Собранието на Општина Охрид, Републичката заедница на културата, КПЗ на Македонија, КПЗ на Општина Охрид, Радио- телевизија Скопје, ООЗТ телевизија и ООЗТ Радио, Редакциите на весникот „Нова Македонија" и „Вечер".[61]

Фестивалската програма во следните години била насочена кон обезбедување содржини со кои се зацврстувала соработката на нашите со други уметнички состави во рамките на СФРЈ и пошироко, но и кон потврдување на неговата афирмација во земјата и во светот.[62] Преку уметничката програма и сите преостанати дејности Фестивалот ја „потврдил својата реалност на можностите за остварување разновидни културни дејности преку кои се искажувал трендот на современите текови на културата и уметноста во СРМ".[63]

3) Фестивалот „Охридски старограднски средби" е основан во 1975 г., во организација на Домот на културата „Григор Прличев" −Охрид, со цел да се продолжат традициите што датираат од пред неколку века и да се даде придонес во незаборавот на старите, автентични песни. Манифестацијата до 1990 г. вообичаено се одржувала на 22 август, во времетраење од 4-5 фестивалски вечери.[64] Во 1990 година била направена мала промена, по што фестивалот се одржал во периодот од 30 јуни до 3 јули.[65] На фестивалот му претходеле регионални натпревари на кои се вршела селекција, што всушност се покажала како мошне успешна форма за

[58] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Информација за реализација на јубилејната програма на Балканскиот фестивал на народни песни и игри − Охрид во 1986 година*, несреден архивски материјал, л. 3.
[59] Истото, л. 4.
[60] Истото.
[61] Истото.
[62] Види повеќе во: Драгана Велковска, *Балканскиот фестивал на народни песни и игри 1962 – 2002.* Охрид: Дом на култура „Григор Прличев".
[63] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Информација за реализација на јубилејната програма*, л. 3.
[64] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Преглед на културните активности во 1989 година во Општина Охрид*, несреден архивски материјал, л. 7.
[65] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1990 година во Општина Охрид*, л. 8

стимулирање на аматеризмот во сферата за зачувување на автентичното обележје на градовите.[66] Програмата на фестивалот во рамките на наведениот период се базирала врз постигнатите резултати од претходните години, со стремеж за ново зајакнување, проширување и утврдување на неговата основна концепција.[67]

Главниот носител на културниот и аматерскиот живот во целата општина и градот бил Домот на културата „Григор Прличев".[68] Преку постојните сектори ги реализирал културно-уметничките активности со финансиска поддршка од СИЗ на културата на Општина Охрид. Основата на програмата ја сочинувале мултимедијални форми проткаени со филмска, музичка, фотографска, литературна, ликовна, драмска и образовна дејност.[69] Оттука преку Кино-секторот биле прикажувани играни филмови (премиерни, репризни) во салите на кината „Култура", „Охридско езеро" и „Бавча". Репертоарот бил составен од разни жанрови, со цел да се задоволат потребите на сите возрасти на населението од Општина Охрид.[70] Неопходно е да напоменеме дека во наведениот период биле прикажувани оние филмови што можеле да се набават спрема расположливите средства на Домот и кои биле одобрени од Републичката и Сојузната комисија.[71] Според програмираните културни активности, требало да се прикажуваат и филмови во руралните средини, меѓутоа поради недостиг на финансиски средства не биле реализирани.[72]

Во Домот биле концентрирани и работеле најголем број ансамбли, КУД и други видови музички состави, меѓу кои биле: ансамблот „Бисери", вокалниот ансамбл „Охридски девојки", ансамблот „Братство и единство" („Кардешлик-Бирлик)", Народниот и забавниот оркестар и ВИС „Охридски трубадури".[73] Нивните активности биле реализирани преку Секторот за самодејности при Домот на културата „Григор Прличев". Она што сакаме да истакнеме е дека поради недоволниот број на финансиски средства кои биле издвоени за нивната работа овие музички организации не биле во можност да направат гостувања надвор од границите на Општината.[74] Во рамките на истиот сектор биле вклучени и Клубот

[66] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Нацрт-план за развој на културата во периодот 1985 − 1990 година*, несреден архивски материјал, л. 9.
[67] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1989 година во Општина Охрид*, л. 7.
[68] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Нацрт-план за развој на културата во периодот 1985−1990,* л. 9.
[69] Истото.
[70] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Преглед на културните активности во 1988 година во Општина Охрид*, несреден архивски материјал, л. 1.
[71] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Извештај за остварување на програмираните културни активности во прво полугодие на 1989 година во Општина Охрид*, несреден архивски материјал, л. 1.
[72] Истото.
[73] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Информација за состојбата, активностите и програмата на аматерските културно-уметнички дејности во Општина Охрид во 1987 година*, несреден архивски материјал, л. 2.
[74] Истото.

на љубителите на уметноста и фотографијата кој реализирал изложби, Клубот на љубителите на литературата кој својата дејност ја развивал преку реализирање литературни средби и Градскиот фотоклуб.[75] Во Домот исто така културните и општествените работници преку својот клуб организирале поголем број разговори, дебати, предавања и други популарни средби, со цел на работниот човек да му се даде дополнително знаење од сферата на науката, образованието, економско-политичкиот живот и др.[76]

Во Општината носител на културно-уметничките активности и аматеризмот претставувала КПЗ. Во тесна соработка со СИЗ на културата на Општина Охрид и други општествени субјекти, ги поддржувала сите облици на уметничко творештво, со посебна грижа кон масовноста и квалитетот на самодејните уметнички активности и дејности.[77] Со други зборови, основата на нејзината програма за работа за периодот 1986 − 1990 г. ги содржела следните активности: 1) „Координација на работата на драмските, фолклорните, музичките и ликовните дејности во Општината“[78]; 2) „Вклучување на КПЗ во циклусите на Културна акција во руралните средини (во оваа програмска основа особено значајно место заземала работата со самодејните фолклорни групи на село и напорите на аматерите од руралните средини да ги оттргнат од заборавот на времето старите народни игри, песни и обичаи)“.[79] За таа цел, со ангажирањето стручни лица од областа на фолклористиката (кореографи, етнографи, музичари) им се помагало на групите во создавањето на структурата на нивните програми и во зачувувањето на карактеристичните белези во нивното творештво и народната уметност (ракотворби, везови, украси, предмети од широка намена и др.);[80] и 3) „Интензивирање на културно-уметничките дејности во организациите на здружен труд (во рамките од овој дел на програмата на КПЗ особено внимание се посветило Работничкото КУД во текстилниот комбинат „Отекс“ при истоимениот Текстилен комбинат и „Херој Тоза Драгоевиќ“ при Застава − ХТД да бидат вклучени во сите идни плански ангажирања)“;[81] 4) „Развој на драмскиот аматеризам во Општината преку поставување нови драмски проекти, помогнати во стручно технички поглед од страна на КПЗ“;[82] 5) „Развој на фолклорниот аматеризам во градските и руралните средини“; 6) „Развој на ликовното творештво во општината преку ширењето на ликовната култура во сите општествени заедници:

[75] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1988 година во Општина Охрид, несреден архивски материјал*, л. 1-2.
[76] Истото, л. 3.
[77] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид: Информација за состојбата, активностите и програмата на аматерските културно-уметнички дејности во Општина Охрид во 1987 година*, несреден материјал, л. 5.
[78] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1988 година*, л. 11
[79] Истото.
[80] Истото.
[81] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1988 година во Општина Охрид*, л. 3.
[82] ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Преглед на културните активности во 1988 година*, л. 12.

во училиштата, работните организации, во руралните и градските средини и сл.“.[83] Во наведениот период поради нерешените материјални и просторни услови се чувствувала одредена стагнација во активностите на хоровите, мандолинските и пејачките состави кои работеле самостојно или во училиштата. За таа цел КПЗ била соочена со предизвиците претставени пред себе, а тоа е да пронајде соодветни решенија за подобрување на состојбата во периодот што следувал.[84]

На крајот, врз основа на анализата на необјавените архивски материјали, можеме да констатираме дека програмите на СИЗ на културата на Општина Охрид за развојот на културно-уметничките дејности во нашата земја во еден дел биле од формална природа, додека пак во друг дел од програмата биле декларативни, со наведување детални активности. Имено, сублимираното претставување на културно-уметничките дејности во Општината во периодот 1986 – 1990 г. покажува дека дел од нив биле заедничка и комплексна грижа не само на институциите од сферата на културата туку и на сите структури во општеството, зашто се работело за област чие значење долгорочно е неделиво од националниот и културен прогрес. Во суштината, анализата на документите покажува дека објективните околности по кои се реализирал планот на СИЗ на културата на Општина Охрид претставува стратегија, која се спроведувала во зависност од обезбедените финансиски средства и ја остварувала динамиката на утврдените цели и задачи. Имено, постоењето на претходно општествени одлуки и договори за сите важни прашања, претставува битен предуслов за развојот на културно-уметничките дејности. Оттука можеме да заклучиме дека СИЗ на културата на Општина Охрид во согласност со своите можности обезбедувала услови за остварување културно-уметнички дејности, кои опстојуваат до денес, и во современата македонска историографија се запаметени по долгогодишното опстојување и негување на својата културна традиција, издржливост и уметничка извонредност.

[83] Истото, л. 13.
[84] Истото, л. 12.

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА:

Необјавени архивски материјали:

ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ за култура Струга*, 1974-1980:

Извештај за работата на Самоуправната интересна заедница на културата на Општина Охрид за 1974 година, несреден архивски материјал л. 1-4.

ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Општински СИЗ на култура – Охрид*:

Нацрт-план за развој на културата во периодот 1985 − 1990 година, несреден архивски материјал, л. 1-9.

Насоки за развој на културата за периодот 1986 – 1990, несреден архивски материјал, 14-21.

Информација за реализација на јубилејната програма на Балканскиот фестивал на народни песни и игри − Охрид во 1986 година, несреден архивски материјал, л. 1-8.

Информација за состојбата, активностите и програмата на аматерските културно-уметнички дејности во Општина Охрид во 1987 година, несреден архивски материјал, л. 1-5.

Преглед на културните активности во 1988 година во Општина Охрид, несреден архивски материјал, л. 1-15.

Преглед на културните активности во 1989 година во Општина Охрид, несреден архивски материјал, л. 1-13.

Извештај за остварување на програмираните културни активности во првото полугодие на 1989 година во Општина Охрид, несреден архивски материјал, л. 1-10.

Преглед на културните активности во 1990 година во Општина Охрид, несреден архивски материјал, л. 1-15.

ДАРСМ – Одделение Охрид, ф. 518, *Самоуправна интересна заедница на културата на Општина – Охрид:*

Извештај за работата на собранието на СИЗ на културата во 1988, несреден архивски материјал, л. 1-7.

Дирекцијата за култура и уметност − Скопје:

Културно-просветна заедница на Скопје: Програма на Скопско лето ’86, л. 1-3.

ЛИТЕРАТУРА:

Анастасова-Чадиковска Снежана, Арсовски Томе, *Фестивал Охридско лето 1961 – 1990*. Охрид: Фестивал „Охридско лето“, 1990.

Анастасова-Чадиковска Снежана, Нолчева-Ангеловска Роза, *Meta sonorem – Зад Звукот*. Скопје: Музички издавачки центар – МИЦ, 2010.

Бошале Никола, *Античкиот театар во Охрид: монографска скица*. Охрид: Летра, 2003.

Велковска Драгана, *Балканскиот фестивал на народни песни и игри 1962 – 2002.* Охрид: Дом на култура „Григор Прличев“, 2002.

Георгиева Марија, „Куќата на Робевци – прилог кон историјата на нејзината градба“, *Историја: списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија*, XXI, бр. 2 (1985), 307-313.

Георгиевски Кузман, *Браќата Робевци и македонската преродба*. Охрид: НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид, 2008.

Диденко Наташа, „Балканскиот фестивал на народни песни и игри“ во функција за развој на културниот туризам во Охрид, *Фолклористика: Часопис Удружења фолклориста Србије*, 4, бр. 2 (2019), 50-63.

Диденко Наташа, „Првиот Охридски фестивал на аматерски ансамбли на народни песни и ора низ необјавена архивска фотодокументација од 1962 година“, *Гласник*, 65, бр. 1-2, 2021, 199-209.

„Закон за подрачјата на околиите и општините во Република Македонија“, *Службен весник на Народна Република Македонија*, бр. 19/XIII, 13 јули 1957, 325-334.

„Закон за менување подрачјата на одделни општини во Република Македонија“, *Службен весник на Народна Република Македонија*, бр. 3/XVIII, 9 февруари 1962, 34-36

„Закон за подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија“, *Службен весник на Социјалистичка Федеративна Југославија“*, бр. 2/XXI, 25 јануари 1965, 19-27.

Јанакиевски Томе, „Античкиот театар на почвата на Македонија“*, Театарот на почвата на Македонија од антиката до денес: прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, кн. бр. 13, уредник Георги Старделов. Македонска академија на науките и уметностите: Скопје, 2005, 57-86.

Момировски Томе, „КПЗ и нејзиниот пристап во културната акција и културната политика“, *Културен живот: списание за култура, уметност, општествени прашања*, IX, бр.1-2 (1969), 14-17.

Наумовски Борислав, „Планот е синтеза на развојните текови на културата“. *Културен живот: списание за култура, уметност, општествени прашања*, XXX, бр. 6 (1985), 1-2.

Панов Никола et al., *Општините во Република Македонија: Македонија – балкански бизнис-центар*. Скопје: Ина комерц, 2006.

Ристовски Блаже, „Првиот балкански фестивал на народни песни и игри“, *Македонски фолклор*, II, бр. 1-(1968), 325-327.

„Устав на Социјалистичка Република Македонија“, *Службен весник на Социјалистичка Република Македонија*, бр. 7/XXX, 25 февруари 1974, 106-161.

„Устав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, *Службен лист на Социјалистичка Федеративна Југославија“*, бр. 9/XXX, 21 февруари 1974, 209-263.

Dimitrijevič Momčilo, „Osnovna pitanja konstituisanja i funkcionisanja samoupravnih interesnih zajednica“, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Nišu*, gl. red. Momčilo Dimitrijevič. Pravni fakultet: Niš, 1976, 149-167.

Kardelj Edvard, *Pravci razvoja političkog sistema socijalističkog samoupravljanja*. Beograd: Komunist, 1977.

Festival Association: Ohrid Summer Festival,

https://web.archive.org/web/20110319231745/http://www.efaaef.eu/en/festivals/members/profile/44/Ohrid%20Summer%20Festival/ (прегледано на: 24 јуни 2024).

UDK 930.25(430.121):[347.183:004.932

David Gniffke[1]

WITH A LITTLE HELP FROM OUR FRIENDS – DIGITIZING AND INDEXING OF THE CIVIL REGISTERS (PERSONENSTANDSREGISTER) IN THE HESSIAN STATE ARCHIVES

Апстракт: Почнувајќи од 2009 година, дупликатите од матичните книги на родени, венчани и умрени се складираат во Архивот за матични книги во Државниот архив на Нојштад (Хесен) во Германија – кој претставува главна појдовна точка за истражување на генеалозите не само во Хесен туку и низ светот. Меѓународниот интерес е особено видлив во соработката со генеалошките компании во последните десетина години. Беа направени приближно 11,5 милиони дигитални копии од речиси 130.000 тома, кои сега се достапни во согласност со применливите регулативи за заштита на податоци. Во понатамошната фаза, податоците беа индексирани во повеќе од 6,41 милиони записи, кои се однесуваат на повеќе од 20 милиони лица. Проектот не ја прикажува само големата профитабилност од соработката со домашните и меѓународните партнери туку и проблемите со законскиот план и пристапот за нивно разрешување.

Клучни зборови: матични книги, дигитализација, Хесен, индексирање, граѓанска наука

[1] Hessian State Archives, Presidential Office, fundamental issues and strategic management in the areas of archival appraisal and preservation, seated in Darmstadt, Germany, with Nils Reichert its representative for the International Centre for Archival Research (ICARUS), e-mail: david.gniffke@hla.hessen.de.

Introduction

The digitization and indexing of the Hessian civil status registers is a long-term project. The co:op conferences in Marburg 2016 and RootsTech 2019 have already reported on components.[2] At the ICARUS Convention #31 in Skopje, an update was presented, giving a talk which you can read on the following pages.[3] It shows that archival heritage connects not only people across borders, but also partners. After the presentation of the civil registers and their digitization, this paper will reports on their indexation, its possibilities and challenges.

The Civil register

In 1874, civil registry offices were first introduced in the Prussian territories and extended to the whole German Empire in 1876. Their task was to register births, marriages and deaths – a task that had previously been performed by the Christian churches. However, there had already been precursors to this practice in those parts of Germany that under Napoleonic rule. These new civil registers (also called civil status registers) were kept in duplicate: In addition to the main registers at every civil registry office (Standesamt), subsidiary registers were created, which were handed over to the supervisory authorities as backup copies.[4]

In the course of the last amendment of the civil status laws in 2009, when the registry offices switched to digital register management, the Civil Register Archives (Personenstandsarchiv) for these subsidiary registers (not for the main registers) was set

[2] The documentation of the Co:op-READ-Convention in Marburg (Germany) by Elisabeth Staiger is available online at the European Archival Blog, https://coop.hypotheses.org/category/coop-read-convention-marburg (accessed: 29 May 2024), a short summary was delivered by Matthias Selm, „Automatisierte Handschriftenerkennung. Internationale Tagung im Staatsarchiv Marburg“, *Archivnachrichten aus Hessen* 16/1 (2016), p. 67–69. The Hessian State Archives were lead partner in this international project, cf. https://www.coop-project.eu/about-us/project-partners/ (accessed: 29 May 2024). RootsTech is an international conference for genealogy, hosted by the company FamilySearch in Salt Lake City (USA), cf. Andreas Hedwig, „Perspektive Familienforschung. Bericht von der RootsTech 2019 in Salt Lake City“, *Archivnachrichten aus Hessen* 19/2 (2019), p. 10–13.

[3] Since the project is running for more than 10 years and involved many colleagues, I thank Sabine Fees, Andreas Hedwig, Verena Limper, Katrin Marx-Jaskulski, Nils Reichert from the Hessian State Archives as well as Stefan Aumann and Niklas Alt from the Hessian Institute for Regional History for their contributions to the talk and the article on this subject.

[4] Cf. Section 14 of the Law on the certification of Births, Deaths and Marriages *(Gesetz über die Beurkundung des Personenstandes und die Eheschließung), Deutsches Reichsgesetzblatt*, vol. 1875, no. 4, p. 23–40, available online via https://de.wikisource.org/wiki/Gesetz_%C3%BCber_die_Beurkundung_des_Personenstandes_und_die_Eheschlie%C3%9Fung (accessed: 29 May 2024); cf. Katrin Marx-Jaskulski, „Civil Registers and their Precursors“, European Archival Blog, 21 March 2016, https://doi.org/10.58079/n4gn (accessed: 29 May 2024).

up at the Hessian State Archives in Marburg, in a new archive building in Neustadt.[5] After "continuation periods" (Fortführungsfristen) have expired, the supervisory authorities in the district administrations hand them over to the Archives, where they can be consulted in the reading room in accordance with archival regulations. The time limits are:

Death register: 30 years

Marriage register: 80 years

Birth register: 110 years[6]

The establishment of a separate archive already indicates that we are dealing with a considerable volume of records. Approximately 125,000 to 130,000 volumes spread over 1,400 to 1,500 shelf metres. Since continuation periods expire every year, the total stock is still growing, until the last paper register of civil status will be taken over in the year 2119, to an amount up to 3,000 shelf metres.

Civil registers are the most important source for genealogical research, especially for its start. They can also be used to research social history. With the help of the marginal notes, which become common from 1938 onwards, topics such as social mobility, marriage behaviour and stability of marriages, infant mortality or causes of death, but not least migration can be researched.[7] The civil registers are therefore not only a very important source for the history of the region, they also provide people around the globe with answers about their origins.

Digitizing the Civil register

It is not surprising that records with this immense source value do not only trigger local but international interest, especially for family researchers in view of the migration histories in the 20th century. How could a better access to these records be granted than via the internet? Regarding the enormous quantity, it goes without saying that a digitization of all registers could not succeed without help. In 2011, the Hessian State Archives of Marburg signed a contract with the American genealogical company FamilySearch for a partner project.[8] Three scanning stations were set up at the Civil Register Archives, where simultaneous digitization took place. Every day, an output of 15,000 images was generated by 7,500 clicks, and 10 shelf metres were moved to and from the scanning stations every week. Thus, 11.5 million images were created by 2014. Since then, the

[5] Katrin Marx-Jaskulski, „Startschuss für das Grundbuch- und Personenstandsarchiv Hessen", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 2–3.
[6] Cf. Section 5 (5) of the Personal Status Law (Personenstandsgesetz - PStG) of 19 February 2007, *Bundesgesetzblatt* I, p. 122.
[7] Cf. Marx-Jaskulski, „Civil Registers and their Precursors".
[8] Andreas Hedwig, „Die hessischen Personenstandsregister gehen weiltweit ‚online'", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 3–4.

digitized civil registers can be viewed online in the archive information system Arcinsys.[9] Beyond Arcinsys, access can be gained via the Hessian Regional History Information System LAGIS.[10] Since 2011, further registers have been handed over to the Civil Status Archive after the expiry of the continuation periods. These have been digitized again by FamilySearch since 2019 with a volume of 13,000 pieces, whereby approx. 1 million additional images have been added by now.

However, access to this information is not possible without restrictions. The continuation periods after which the registers reach the Civil Register Archives generally exceed the archival law protection period in Hesse for personal data of 10 years after death or 100 years after the birth of the respective person.[11]

The marginal notes or certificates, however, not infrequently contain personal information about third parties who may still be alive and must be protected from unrestricted inspection in accordance with their right to informational self-determination: Names, jobs and addresses of parents or spouses, information about children, including particularly sensitive ones: Notes on paternity, naming illegitimate children or information on adoptions. For on-site consultation in the reading room, this issue was solved by letting users sign a declaration of commitment to safeguard the privileged information those mentioned in the records.

In order to protect the rights of the persons concerned before the registers were made available online, a great deal of effort had to be made. Thus, the Hessian Institute for Regional History developed a special web application. Staff can use it to limit access to those certificates that contain restricted data. Once the restriction period expires, the page is automatically unlocked. With the help of this web application, employees of the Hessian State Archives were able to check 400–500 images per hour.

Indexing

After the records became available online, users asked more and more frequently when the registers would be indexed. Without knowing the place where an event took place and without having at least a vague idea of the time of the event, it is practically impossible to find a person within the millions of entries.

In 2015, a contract for a public-private partnership was initially entered between

[9] Personenstandsarchiv Hessen (Standort: Neustadt/Hessen), Detailseite, https://arcinsys.hessen.de/arcinsys/detailAction?detailid=g31726 (accessed: 29 May 2024).
[10] Hessische Geburten-, Ehe-, Sterberegister, https://www.lagis-hessen.de/pstr (accessed: 29 May 2024).
[11] Cf. Section 9 (2) of the Hessian Archives Act (Hessisches Archivgesetz – HarchivG), *Gesetz- und Verordnungsblatt für das Land Hessen* 2022, p. 493, available online via https://www.rv.hessenrecht.hessen.de/bshe/document/jlr-ArchivGHE2022rahmen (accessed: 29 May 2024).

Qidenus, a company from Vienna, and the Hessian State Archives. Based on Handwritten Text Recognition (HTR), an algorithm was trained by people with autism. Qidenus received the exclusive exploitation rights for this, including further licensing of the index, and the Hessian State Archives were to receive the rights for immediate internal use. After 4 years free use online was to be established and after 10 years the rights for passing it on to non-commercial cooperation partners as well as a share in possible surpluses ("profit sharing") was agreed upon. However, after a smaller part with very good data quality was delivered, Qidenus passed on this task due to internal issues.[12]

Subsequently, an index was created by the genealogy company Ancestry on the basis of the digitized data that was already available online, and a licensing agreement was entered with the Hessian State Archives in 2021, which allows the latter to use the data for internal administrative purposes and for research into Hessian regional history. Excerpts may be passed on for research purposes, provided they do not contain first and last names.

In 2022, the indexes of the birth, marriage and death registers were handed over to the Hessian State Archives, containing entries on nearly 6.5 million events (i.e. birth, marriage or death) mentioning over 20 million persons. They contain important metadata as well as the name of the registry office, dates of the events, names of all parties, dates of birth, and information on relationships (mother, father) as well as sex. Not included are details on occupations, religion, causes of death or notifying persons, so that statistical investigations on occupational groups, quantitative relationships of religious affiliation or causes of death cannot be carried out consistently. And because of the licensing agreement, the index is not accessible online right now. Solutions will hopefully be found soon.

Using the index, fascinating statistical investigations can be carried out in the future. If covered by the licensing rights, the popularity of first names or the frequency and distribution of surnames can be investigated. Until now, telephone or address books had to be analysed for this purpose.

The average age at marriage or death can also be examined and visualised. It is easy to show that the age of marriage in Hesse jumped after the First World War (see fig. 1). Another example is the expected average age of death, which dropped significantly during the World Wars (see fig. 2). It can also be shown for which years of life the deviations are particularly large. It has to be emphasised that this analyses is not based on a statistical subset, but on the entire available data (although it is not cleaned up completely) of the essential source.

[12] Sabine Fees, „Die Zukunft der Familienforschung. Tagung des Hessischen Landesarchivs zu neuen Trends in der Genealogie", *Archivnachrichten aus Hessen* 17/1 (2017), p. 69–70. A talk about the details by Andreas Hedwig was held at the conference „ Genealogy PLUS: Partnership, Open Access and machine-aided Indexing", 24 November 2016, within the Co:op-project and published at https://youtu.be/YZUlyS0vLis?si=FF7LHmOx0XAjMbCX (39:52 min., accessed: 29 May 2024).





Fig. 1: *Age at marriage in Hesse 1876 – 1931, © Alt/Aumann*

Fig. 2: *Age at death in Hesse 1876 – 1955, © Alt/Aumann*

Conclusion

These examples offer only a small glimpse of the potential offered by the indexing of civil status registers, as well as the challenges: legal challenges, technical challenges and variations indata quality, which still need to be overcome. It is more than clear that this project would not have been possible without the fruitful cooperation of several partners – with a little help from our friends. Focusing more on the benefits of indexing would be a great subject of future EU projects. The conditions created by ICARUS and ICARUS4all, combined with the possibilities of artificial intelligence, could hardly be better.

Literature:

Sabine Fees, „Die Zukunft der Familienforschung. Tagung des Hessischen Landesarchivs zu neuen Trends in der Genealogie“, *Archivnachrichten aus Hessen* 17/1 (2017), p. 69–70 (The periodical *Archivnachrichten aus Hessen* is online at https://landesarchiv.hessen.de/geschichte-erleben/archivnachrichten [accessed: 29 May 2024])

Andreas Hedwig, „Perspektive Familienforschung. Bericht von der RootsTech 2019 in Salt Lake City“, *Archivnachrichten aus Hessen* 19/2 (2019), p. 10–13

Andreas Hedwig, „Die hessischen Personenstandsregister gehen weiltweit ‚online'", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 3–4

Katrin Marx-Jaskulski, „Civil Registers and their Precursors", *European Archival Blog*, 21 March 2016, https://doi.org/10.58079/n4gn (accessed: 29 May 2024)

Katrin Marx-Jaskulski, „Startschuss für das Grundbuch- und Personenstandsarchiv Hessen", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 2–3

Matthias Selm, „Automatisierte Handschriftenerkennung. Internationale Tagung im Staatsarchiv Marburg", *Archivnachrichten aus Hessen* 16/1 (2016), p. 67–69

Elisabeth Staiger (ed.), Documentation of the Co:op-READ-Convention in Marburg (Germany), *European Archival Blog*, https://coop.hypotheses.org/category/coop-read-convention-marburg (accessed: 29 May 2024)

Laws:

Hessian Archives Act (Hessisches Archivgesetz – HarchivG), *Gesetz- und Verordnungsblatt für das Land Hessen* 2022, p.493, https://www.rv.hessenrecht.hessen.de/bshe/document/jlr-ArchivGHE2022rahmen (accessed: 29 May 2024)

Law on the certification of civil status and marriage (Gesetz über die Beurkundung des Personenstandes und die Eheschließung), *Deutsches Reichsgesetzblatt*, vol. 1875, no. 4, p.23–40, https://de.wikisource.org/wiki/Gesetz_%C3%BCber_die_Beurkundung_des_Personenstandes_und_die_Eheschlie%C3%9Fung (accessed: 29 May 2024)

Personal Status Law (Personenstandsgesetz – PStG) of 19 February 2007, *Bundesgesetzblatt I*, p.122

Websites:

Andreas Hedwig, „Partner-Projekte und Public Private Partnership", talk at the conference „Genealogy PLUS: Partnership, Open Access and machine-aided Indexing", 24 November 2016, 39:52 min., https://youtu.be/YZUlyS0vLis?si=FF7LHmOx0XAjMbCX (accessed: 29 May 2024)

UDK 930.25(430.121):[347.183:004.932

Дејвид Гнифке[1]

СО МАЛА ПОМОШ ОД ПРИЈАТЕЛИТЕ – ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ИНДЕКСИРАЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ (PERSONENSTANDSREGISTER) ВО ХЕСЕНСКИОТ ДРЖАВЕН АРХИВ

Abstract: Since 2009, duplicate copies of birth, marriage and death registers have been stored in the Civil Register Archives of the Hessian State Archives in Neustadt (Hesse), Germany – a central starting point for the research of genealogists not only in Hesse, but worldwide. The international interest is particularly evident in the collaborations of the last 10 years with genealogy companies. Approximately 11.5 million digital copies were created from nearly 130,000 volumes, which are now accessible in accordance with the applicable data protection regulations. In a further step, the data was indexed resulting in more than 6.41 million entries referring to over 20 million persons. The project shows not only the high profit of cooperation with national and international partners, but also the problems of their legal design and approaches for their solution.

Key Words: civil registers, digitization, Hesse, indexing, citizen science

[1] Хесенски државен архив, Канцеларија на претседателот, за основни прашања и стратешко управување на полето на архивската процена и заштита, со седиште во Дармштат, Германија, со Нилс Раихарт како претставник на Меѓународниот центар за архивско истражување (ICARUS), е-адреса: david.gniffke@hla.hessen.de

Вовед

Дигитализацијата и индексирањето на матичните книги во Хесен е долгорочен проект. Конференциите Co-op во Marburg 2016 и RootsTech 2019 веќе известија за неговите компоненти.[2] На Конвенцијата ICARUS#31 во Скопје беше претставено ажурирањето, проследено со дискусија, која може да ја прочитате на следните страници.[3] Таа покажува дека архивското наследство не ги поврзува само луѓето преку границите, туку и партнерите. По презентацијата на матичните книги и нивната дигитализација, овој труд известува и за нивното индексирање, неговите можности и предизвици.

Матични книги

Во 1874 година, управите за водење матични книги прво биле воведени на територијата на Прусија, а потоа се проширале низ целото Германско Царство во 1876 година. Нивна задача била да се заведат родените, венчаните и умрените – задача која претходно ја беа извршувале христијанските цркви. Меѓутоа, претходници на оваа практика постоеле во делови од Германија под власт на Наполеон. Овие нови матични книги се чувале во дупликати: покрај главните матични книги, во секоја управа за водење матични книги (Standesamt) се создавале помошни книги, кои се предавале на надзорните органи како резервни копии.[4]

При спроведувањето на последните дополнувања на законите за матична евиденција во 2009 година, кога управите за водење матични книги преминаа на управување со матични книги во електронска форма, Архивот за матични книги

[2] Документацијата од конвенцијата Co:op-READ во Марбург (Германија) од Елизабет Стајгер е достапна на интернат на European Archival Blog, https://coop.hypotheses.org/category/coop-read-convention-marburg (пристапено: 29 May 2024), кратко резиме беше дадено од Матиас Селм, „Automatisierte Handschriftenerkennung. Internationale Tagung im Staatsarchiv Marburg“, *Archivnachrichten aus Hessen* 16/1 (2016), p. 67–69. Хесенскиот државен архив беше главен партнер на овој меѓународен проект, cf. https://www.coop-project.eu/about-us/project-partners/ (пристапено: 29 мај 2024). RootsTech е меѓународна конференција за генеалогија, чиј домаќин е компанијата FamilySearch од Солт лејк сити (САД), cf. Andreas Hedwig, ”Perspektive Familienforschung. Bericht von der RootsTech 2019 in Salt Lake City“, *Archivnachrichten aus Hessen* 19/2 (2019), p. 10–13.

[3] Бидејќи проектот се одвива повеќе од 10 години и вклучува многу колеги, сакам да им се заблагодарам на Сабине Фес, Андреас Хедвиг, Ферна Лимпер, Катрин Маркс-Јаскулски, Нилс Раихтер од Хесенскиот државен архив, како и на Стефан Ауман и Никлас Алт од Хесенскиот институт за регионална историја за нивниот придонес во разговорите и текстот на оваа тема.

[4] Cf. Section 14 of the Law on the certification of Births, Deaths and Marriages *(Gesetz über die Beurkundung des Personenstandes und die Eheschließung), Deutsches Reichsgesetzblatt*, vol. 1875, no. 4, p. 23–40, достапно онлајн на https://de.wikisource.org/wiki/Gesetz_%C3%BCber_die_Beurkundung_des_Personenstandes_und_die_Eheschlie%C3%9Fung (пристапено: 29 мај 2024); cf. Katrin Marx-Jaskulski, ”Civil Registers and their Precursors“, *European Archival Blog*, 21 March 2016, https://doi.org/10.58079/n4gn (пристапено: 29 мај 2024).

(Personenstandsarchiv) за овие помошни книги (не и за главните книги) се смести во Хесенскиот државен архив во Марбуруг, во нова архивска зграда во Нојштад.[5] По истекот на „подолгите рокови на чување“ (Fortführungsfristen), надзорните органи на околиските власти ги предаваат на Архивот, каде што тие може да се разгледаат во читалницата во согласност со архивските регулативи. Временските рокови се:

Матични книги на умрени: 30 години

Матични книги на венчани: 80 години

Матични книги на родени: 110 години[6]

Основањето посебен архив веќе е индикатор дека се соочуваме со значително количество на податоци. Приближно 125.000 до 130.000 тома се протегаат на 1.400 до 1.500 метри полици. Бидејќи подолгите рокови за чување истекуваат секоја година, вкупниот инвентар сè уште се зголемува, сè додека не се преземе последната конвенционална матична книга во 2119 година, со што ќе се стигне до 3.000 метри полици.

Матичните книги се најважниот извор за генеалошките истражувања, особено за нивното почнување. Тие исто така може да користат за истражување на општествената историја. Со помош на маргиналните белешки, кои станаа вообичаени од 1938 година, може да се истражуваат темите како општествените движења, брачните трендови и стабилноста на браковите, смртноста кај бебињата или причините за смрт, како и миграцијата.[7] Според тоа, матичните книги не се само важен извор за историјата на регионот, туку исто така им нудат на луѓето од целиот свет одговори за нивното потекло.

Дигитализација на матичните книги

Не е изненадувачки тоа што податоците со ваква огромна вредност како извор побудуваат интерес не само на локално, туку и меѓународно ниво, особено за семејните истражувања во однос на историјата на преселбите во XX век. Постои ли подобар начин за пристап до овие податоци од интернетот? Во поглед на огромниот квантитет, се подразбира дека дигитализацијата на сите матични книги немаше да биде успешна без помош. Во 2011 година, Хесенскиот државен архив на Марбург потпиша договор за партнерски проект со американската генеалошка компанија FamiliSearch.[8] Во Архивот за матични книги се поставија три станици за

[5] Katrin Marx-Jaskulski, ”Startschuss für das Grundbuch- und Personenstandsarchiv Hessen“, *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 2–3.

[6] Cf. Section 5 (5) of the Personal Status Law (Personenstandsgesetz – PStG) of 19 February 2007, *Bundesgesetzblatt* I, p. 122.

[7] Cf. Marx-Jaskulski, „Civil Registers and their Precursors“.

[8] Andreas Hedwig, ”Die hessischen Personenstandsregister gehen weiltweit ‚online‘“, *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 3–4.

скенирање, каде што се одвиваше симултана дигитализација. Секој ден се генерираа излезни податоци од 15.000 слики преку 7.500 кликови, а 10 метри полици се пренесуваа до и од станиците за скенирање секоја недела. Така, до 2014 година се создадоа 11,5 милиони слики. Оттогаш, дигитализираните матични книги може да се разгледуваат на интернет преку архивскиот информатички систем Arcinsys.[9] Освен преку Arcinsys, пристап до нив се обезбедува и преку информатичкиот систем за хесенска регионална историја LAGIS.[10] Од 2011 година, дополнителни матични книги се предаваат на Архивот за матични книги по истекот на подолгите рокови за чување. Тие се дигитализираат исто така од FamilySearch по 2019 година, со количество од 13.000 парчиња, при што приближно 1 милион дополнителни слики се додадени досега.

Меѓутоа, не е можно да се обезбеди неограничен пристап до овие информации. Подолгите рокови за чување по кои матичните книги стигнуваат до Архивот за матични книги вообичаено го надминуваат периодот за заштита на личните податоци од архивскиот закон во Хесен, кој изнесува 10 години по смртта или 100 години по раѓањето на одредено лице.[11]

Меѓутоа, маргиналните белешки или уверенија често содржат лични информации за трети странки кои може да се сè уште живи и мора да се заштитат од неограничен пристап во согласност со нивното право на самоопределување на информирањето: имиња, работни места и адреси на родители или сопружници, податоци за деца, вклучувајќи ги и особено чувствителните податоци: белешки за татковство, набројување вонбрачно родени деца или податоци за посвојување. При разгледување на самото место во читалниците, овој проблем е решен така што на корисниците им се дава да потпишат декларација која ги обврзува да ги заштитат привилегираните податоци кои се споменати во записите.

За да се заштитат правата на засегнатите лица, пред да се овозможи пристапот до матичните книги преку интернет, требаше да се преземат одредени напори. Затоа, Хесенскиот институт за регионална историја разви специјална веб-апликација. Вработените може да ја користат за да се ограничи пристапот на уверенијата кои содржат податоци со ограничен пристап. Штом ќе истече рокот за ограничен пристап, страницата автоматски се отклучува. Со помош на оваа веб-апликација, вработените во Хесенскиот државен архив беа во можност да проверат 400-500 слики на час.

[9] Personenstandsarchiv Hessen (Standort: Neustadt/Hessen), Detailseite, https://arcinsys.hessen.de/arcinsys/detailAction?detailid=g31726 (пристапено: 29 мај 2024).
[10] Hessische Geburten-, Ehe-, Sterberegister, https://www.lagis-hessen.de/pstr (пристапено: 29 мај 2024).
[11] Cf. Section 9 (2) of the Hessian Archives Act (Hessisches Archivgesetz – HarchivG), *Gesetz- und Verordnungsblatt für das Land Hessen* 2022, p. 493, достапно на интернет преку https://www.rv.hessenrecht.hessen.de/bshe/document/jlr-ArchivGHE2022rahmen (пристапено: 29 мај 2024).

Индексирање

Откако податоците станаа достапни на интернет, корисниците сè почесто прашуваа кога ќе се индексираат матичните книги. Без да се знае местото каде се случил одреден настан и без да се има барем некаква идеја за времето на настанот, практично е невозможно да се најде одредена личност меѓу милионите записи.

Во 2015 година, првично се склучи договор за јавно-приватно партнерство меѓу Qidenus, компанија од Виена и Хесенскиот државен архив. Врз основа на можноста за препознавање на ракописи (HTR), се генерираше алгоритам од луѓе со аутизам. Qidenus ги доби ексклузивните права за негово користење, вклучувајќи го и последователното лиценцирање на индексот, а Хесенскиот државен архив требаше веднаш да ги добие правата за внатрешна употреба. По 4 години требаше да се овозможи бесплатна употреба преку интернет, а 10 години подоцна да се стекнат правата за негов пренос на непрофитни корпорациски партнери, како и на дел од можните вишоци („делба на профит“). Меѓутоа, откако беше доставен мал дел со многу добар квалитет на податоци, Qidenus се откажа од оваа задача од внатрешни причини.[12]

Потоа, генеалошката компанија Ancestry креираше индекс врз основа на дигитализираните податоци кои веќе беа достапни на интернет и се склучи договор за лиценцирање со Хесенскиот државен архив во 2021 година, со кој на Архивот му се дозволува да ги користи податоците за внатрешни административни цели и истражување на хесенската регионална историја. Одредени извадоци може да се употребуваат за истражувачки цели, под услов да не содржат имиња и презимиња.

Во 2022 година, во Хесенскиот државен архив беа предадени индексите на матичните книги на родени, венчани и умрени, кои содржеа записи за скоро 6,5 милиони настани (односно родени, венчани или умрени) каде што се споменуваат над 20 милиони лица. Тие содржат важни метаподатоци, како и името на управата за водење матични книги, датумите на настаните, имињата на сите засегнати, датумите на раѓање и информациите за семејните врски (мајка, татко), како и полот. Не се вклучени детали за професиите, религијата, причините за смрт или известените лица, па не може да се изврши конзистентно статистичко истражување за професионалните групи, квантитативните односи на религиските определби или причините за смрт. А, поради договорот за лиценцирање, индексот во моментов не е достапен на интернет. Се надеваме дека наскоро ќе се решат овие проблеми.

[12] Sabine Fees, ”Die Zukunft der Familienforschung. Tagung des Hessischen Landesarchivs zu neuen Trends in der Genealogie“, *Archivnachrichten aus Hessen* 17/1 (2017), p. 69–70. Дискусија во врска со деталите од Андреас Хедвиг се одржа на конференцијата „Genealogy PLUS: Partnership, Open Access and machine-aided Indexing“, 24 November 2016, во рамките на проектот Co:op и објавено на https://youtu.be/YZUlyS0vLis?si=FF7LHmOx0XAjMbCX (39:52 min., пристапено: 29 мај 2024).



Сл. 1: *Возраст на венчани во Хесен 1876 – 1931, © Alt/Aumann*



Сл. 2: *Возраст на умрени во Хесен 1876 – 1955, © Alt/Aumann*

Со употреба на индексот, во иднина ќе може да се спроведат неверојатни статистички истражувања. Ако се покријат со правата за лиценцирање, ќе може да се истражува популарноста на имињата или зачестеноста и распространетоста на презимињата. Засега, за оваа цел потребно е да се анализираат телефонските именици или адресарите.

Исто така може да се проучи и визуализира просечната возраст на венчавките или смртните случаи. Лесно може да се прикаже дека возраста за стапување во брак се покачила во Хесен по Првата светска војна (види сл. 1). Друг пример е очекуваната возраст на умрените, која бележи значителен пад за време на Втората светска војна (види сл. 2). Исто така може да се прикаже во кои години има особено големи отстапувања. Би требало да се истакне дека оваа анализа не се заснова на статистички пресек, туку на севкупните достапни податоци (иако нецелосно прочистени) на основниот извор.

Заклучок

Овие примери нудат само поглед во потенцијалот што се нуди со индексирањето на матичните книги, како и предизвиците: правни предизвици, технички предизвици и варијациите во квалитетот на податоци, кои треба да се надминат. Повеќе од јасно е дека овој проект немаше да биде можен без плодната соработка со неколку партнери - со мала помош од пријателите. Зголемениот фокус на придобивките од индексирањето би претставувал одличен предмет на идните проекти на ЕУ. Тешко може да постојат подобри услови од оние создадени од ICARUS и ICARUS4all, во комбинација со можностите што ги нуди вештачката интелигенција.

Користени извори и литература:

Литература:

Sabine Fees, "Die Zukunft der Familienforschung. Tagung des Hessischen Landesarchivs zu neuen Trends in der Genealogie", *Archivnachrichten aus Hessen* 17/1 (2017), p. 69–70 (The periodical *Archivnachrichten aus Hessen* is online at https://landesarchiv.hessen.de/geschichte-erleben/archivnachrichten [пристапено: 29 мај 2024])

Andreas Hedwig, "Perspektive Familienforschung. Bericht von der RootsTech 2019 in Salt Lake City", *Archivnachrichten aus Hessen* 19/2 (2019), p. 10–13

Andreas Hedwig, "Die hessischen Personenstandsregister gehen weiltweit, online"", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 3–4

Katrin Marx-Jaskulski, "Civil Registers and their Precursors", *European Archival Blog*, 21 March 2016, https://doi.org/10.58079/n4gn (пристапено: 29 мај 2024)

Katrin Marx-Jaskulski, "Startschuss für das Grundbuch- und Personenstandsarchiv Hessen", *Archivnachrichten aus Hessen* 11/1 (2011), p. 2–3

Matthias Selm, "Automatisierte Handschriftenerkennung. Internationale Tagung im Staatsarchiv Marburg", *Archivnachrichten aus Hessen* 16/1 (2016), p. 67–69

Elisabeth Staiger (ed.), Documentation of the Co:op-READ-Convention in Marburg (Germany), *European Archival Blog*, https://coop.hypotheses.org/category/coop-read-convention-marburg (пристапено: 29 мај 2024)

Закони:

Hessian Archives Act (Hessisches Archivgesetz – HarchivG), *Gesetz- und Verordnungsblatt für das Land Hessen* 2022, p. 493, https://www.rv.hessenrecht.hessen.de/bshe/document/jlr-ArchivGHE2022rahmen (пристапено: 29 мај 2024)

Law on the certification of civil status and marriage (Gesetz über die Beurkundung des Personenstandes und die Eheschließung), *Deutsches Reichsgesetzblatt*, vol. 1875, no. 4, p. 23–40, https://de.wikisource.org/wiki/Gesetz_%C3%BCber_die_Beurkundung_des_Personenstandes_und_die_Eheschlie%C3%9Fung (пристапено: 29 мај 2024)

Personal Status Law (Personenstandsgesetz - PStG) of 19 February 2007, *Bundesgesetzblatt I*, p. 122

Интернет-страници:

Andreas Hedwig, ”Partner-Projekte und Public Private Partnership“, talk at the conference „Genealogy PLUS: Partnership, Open Access and machine-aided Indexing”, 24 November 2016, 39:52 min., https://youtu.be/YZUlyS0vLis?si=FF7LHmOx0XAjMbCX (пристапено: 29 мај 2024)

ПРИЛОЗИ И МАТЕРИЈАЛИ

UDK 930.25(470+571)(093.2)(044)
UDK 929Мисирков, К.П.(093.2)(044)

Марија Третјакова[1]

АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА И ОД КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ

Со Руската Империја и со нејзиното државно-политичко и културно пространство од крајот на XIX и почетокот на XX век беа поврзани судбините на редица македонски национални дејци, кои учеа, живееја и работеа таму. Еден од најзначајните од нив несомнено е Крсте Петков Мисирков.

Како што е истакнато во „Енциклопедијата на македонската книжевност“, најбележит придонес кон проучувањето на животот и делото на Мисирков има македонскиот книжевен историчар и филолог Блаже Ристовски.[2] Собраните извори, резултат на долгогодишната истражувачка дејност, меѓу другото, во архивите на Ленинград (Санкт Петербург) и Москва, тој ги објавил во четири дела во периодот од 2005 до 2012 г.: Собрани дела I: Текстови на македонски јазик (1900 – 1905). Скопје, 2005; Собрани дела II: Печатени истражувања и статии (1898 – 1909). Скопје, 2007; Собрани дела III: Национално-политичка публицистика (1910 – 1926). Скопје, 2008; Собрани дела IV: Дневнички и мемоарски записи (1903 – 1913 – 1923). Скопје, 2012.

Освен Блаже Ристовски во архивите на Руската Федерација подолг период работел историчарот Растислав Терзиоски.[3] Во 2007 г. Државниот архив на Република Македонија објави зборник на откриени документи од Растислав Терзиоски во архивите на Руска Федерација (десет писма, говор, обраќање и меморандум – вкупно 13 документи) под наслов „Крсте Петков Мисирков, Писма: 1911 – 1917“.

И покрај постигнатото од Блаже Ристовски и Растислав Терзиоски, како

[1] Фондација за поддршка на руско-македонските односи во Москва, основач, доктор по историски науки, е-адреса: marija.tretjakova@gmail.com

[2] https://mke.iml.edu.mk/Home/Avtor/83

[3] https://www.zirm.mk/wp-content/uploads/2022/02/IST-2015-6.1-2.31-Ivanoski-M.-Rastislav-Terzioski-1932-2014.pdf

што покажаа пребарувањата низ фондовите на архивите на Руската Федерација, сè уште постојат досега непознати документи поврзани со животот и делото на Крсте Мисирков.

Со оглед на тоа, а исто така земајќи предвид дека и најмалиот детаљ од биографијата и дејноста на Мисирков имаат значење, би било пожелно да се соберат и да се објават факсимилно[4] сите расположливи архивски материјали за и од Крсте Мисирков.

Во овој прилог ги претставуваме документите (вкупно пет), кои се чуваат во Државниот архив на Руската Федерација (Государственный архив Российской Федерации – ГАРФ), а се однесуваат на Крсте Мисирков и еден прилог кон документ бр. 5 – статија на Н. Николаев „Македонија“, објавена на 15 октомври 1914 г. во весникот „Глас на Москва“ (Голос Москвы). Тие се публикуваат факсимилно и во превод на македонски јазик.

Државниот архив на Руската Федерација е формиран со уредба на Владата на Руската Федерација бр. 809 од 28 април 1992 г. како резултат на спојувањето на Централниот архив на Октомвриската револуција на СССР (Центральный государственный архив Октябрьской революции и социалистического строительства – ЦГАОР) и Централниот државен архив на РСФСР (Центральный государственный архив – ЦГА РСФСР).

Неговото формирање се совпадна со времето на либерализација на архивско-истражувачката дејност во Русија кога во периодот 1991 – 1996 г. се случуваа кардинални промени во архивската политика и практика во целост.[5]

Архивскиот материјал на ГАРФ низ годините се чувал во следните архиви, денес непостоечки, како: Московскиот историско-револуционерен архив (МИРА), кој постоел во 1918 – 1920 г.; Државниот архив на РСФСР (1920 – 1925); Рускиот странски историски архив во Прага (РЗИА, 1923 – 1945).

Како резултат на сложениот систем на реорганизација, подоцна се појави Централниот државен архив на Октомвриската револуција и социјалистичкото градење (ЦГАОРСС), кој ги чуваше документите од наведените архиви, а исто така прифати документи за државно складирање од одделенските архиви на Народните комесаријати (министерства) и највисоките органи на државната власт и управа на СССР. Малку подоцна со указ на Советот на министри на СССР од 14 декември 1961 г., ЦГАОРСС беше споен со структурата на ЦГИАМ и одново го промени својот назив во Централен државен архив на Октомвриската револуција, врховни тела на државната власт и јавната администрација (Центральный государственный

[4] Досега биле објавено факсимилно само неколку документи од архивите на Руската Федерација.
[5] Види: Козлов В., Локтева О., *Архивная революция в России (1991 – 1996)* - https://www.academia.edu/62630541/_Архивная_революция_в_России_1991_1996_Свободная_мысль_1997_1_3_4_соавтор_О_Локтева_

архив Октябрской революции СССР – ЦГАОР СССР). Последната реорганизација се случи во 1992 г. кога со одлука на Владата беше создаден Државниот архив на Руската Федерација (ГАРФ), во кој сега се чуваат над пет милиони архивски единици.

Материјалите за и од Крсте Мисирков се наоѓаат во следните фондови на ГАРФ:

– фонд 102 – „Департман на полиција при Министерството за внатрешни работи“:

Документите, од кои е формиран фондот, беа буквално спасени во виорот на Февруарската револуција 1917 г. од група политички дејци и историчари од Москва. За време на погромите тие пренесоа документи од Московскиот оддел за безбедност во Московскиот историски музеј. Така, материјалите од Министерството за внатрешни работи, департманот на полиција и разните жандармериско-полициски управи, судско-истражните органи, обвинителствата, органите за политички прогон итн. се најдоа во Московскиот историско-револуционерен архив (МИРА), формиран на 1 август 1918 г.;

– фонд 555 – „Гучков Александар Иванович, член на државниот совет, претседател на III државна дума (1910–1911), претседател на Централниот воено-индустриски комитет (1915-1917), основач на весникот ‘Глас на Москва’, министер на Привремената влада, ополномоштен претставник на организацијата ‘Црвен крст’, лидер на партијата ‘Сојуз на 17 октомври’“.[6]

Фондот беше формиран од документи преземени од Рускиот државен архив на древни документи (Российского государственного архива древних актов) во 1941 г. и од архивот на поранешниот Руски странски историски архив во Прага (РЗИА) во 1946 г. Фондот содржи ракописи и написи од А. И. Гучков, копии и оригинали на писма од и до А. И. Гучков итн.;

– фонд 579 – „Миљуков Павел Николаевич, историчар, лидер на конституционо-демократска партија, пратеник на III и IV државна дума, министер за надворешни работи во Привремената влада“:

Документите од фондот исто така се од поранешниот Руски странски историски архив во Прага (РЗИА). Тоа се научни трудови, есеи, исечоци од весници, извештаи, предавања, интервјуа за странски агенции и весници (објавени и необјавени), лична кореспонденција на П. Н. Миљуков со научни институции на странски земји, научни и јавни организации на руската емиграција, уредници на весници и списанија итн.

[6] https://www.rulit.me/books/aleksandr-ivanovich-guchkov-rasskazyvaet-read-264480-1.html
(А. И. Гучков учествувал во војната помеѓу Бурите и Британската Империја на страната на Бурите на југот на Африка; во 1903 г. – во Илинденското востание во Македонија; во Руско-јапонската војна како претставник на Црвениот крст).

Бр. 1

Извештај на началникот на жандармериската управа на Сувалската губернија (Руска Империја) за престојот на Крсте Мисирков во губернијата со цел изучување на литванскиот јазик. 1901 г.



НАЧАЛЬНИКЪ
СУВАЛКСКАГО
ГУБЕРНСКАГО
ЖАНДАРМСКАГО
УПРАВЛЕНІЯ

18 Іюля 1901 г.

№ 1639

г. Сувалки

Секретно.

18 числа Мая мѣсяца сего года въ Фредовское гминное Управленіе, Маріампольскаго уѣзда, явился студентъ филологъ С. Петербургскаго Императорскаго университета, болгарскій подданный Крестко Петковичъ Мисирко по отпускному билету ректора названнаго университета отъ 6 Мая сего года за № 5269 и свидѣтельству на право изученія литовскаго языка въ Ковенской и Сувалкской губерніи, выданнымъ тѣмъ же университетомъ отъ 3 Мая за № 5897.

Упомянутый Мисирко поселился у объѣздчика частныхъ лѣсовъ помѣщика Гавронскаго-Якубчиниса личности сомнительной въ политическомъ отношеніи и кромѣ того за время нахожденія въ районѣ по 19 Мая проживалъ 6 дней у учителя дер. Кемпишки, Фредовской гмины, Андрея Шишкевича, ѣздилъ по усадьбамъ, а также былъ два раза у извѣстнаго своего неблагонадежностью провизора Казиміра Ачинскаго въ селѣ Годлевѣ, у состоящаго подъ гласнымъ надзоромъ полиціи за государственныя

Въ Департаментъ Полиціи

Бр. 1

Извештај на началникот на жандармериската управа на Сувалската губернија (Руска Империја) за престојот на Крсте Мисирков во губернијата со цел изучување на литванскиот јазик. 1901 г.

Предмет бр. 412

Департман на полиција

Службен предмет

Студент на С.-Петербуршкиот Универзитет, државјанин на Бугарија Кресто Петковић Мисирко[в][7]

Началник на жандармериската управа **Доверливо**

на Сувалската губернија

18 јули 1901 г.

Бр. 1699

г. Сувалки

На 18 мај оваа година во Фредовската гминска управа[8] на Мариамполскиот Округ кај нас се јави Кресто Петковић Мисирко[в], студент филолог на Санктпетербуршкиот императорски универзитет, државјанин на Бугарија, дојден со патен лист издаден од ректорот на споменатиот универзитет од 6 мај оваа година бр. 5269 и дозвола за изучување на литванскиот јазик во Ковенската и Сувалската губернија издадена од истиот универзитет на 3 мај бр. 5897.

Споменатиот Мисирко[в] се смести кај надзорникот над приватните шуми на земјопоседникот Гавронскиј Јакубченис, кој е сомнителна личност во политичка смисла, и освен тоа за време на неговото наоѓање во регионот [после] 19 мај живеел: 6 дена кај учителот од село Кемпишки[9], Фредовската гмина, Андреј Шишкевич, одел по поседи, а исто така два пати бил кај фармацевтот Казимир Аглинскиј во село Годлево, кој е познат по својата сомнителност,

[7] Во текстот е Мисирко.

[8] **Гмина** (полски – gmina од gemeinde (германски, општина)) – најмала административна единица во Полска. Фреда гмина ѝ припаѓала на Мариамполскиот Округ. Центарот на Фреда гмина било село Годлево (сега е град Гарлиава (Garliava) во Литванија).

[9] За местата на Сувалската губернија види: Памятная книжка Сувалкской губернии на 1878 г. Сувалки, 1878 - https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/6/6b/Suvalki_PK_1878.pdf

преступления жителя дер. Станайце, Фредовской глины, Георгія Ясайлиса, у проживающаго при отцѣ въ дер. Тварнишки названной глины Осипа Іогенїса, личности также съ сомнительной репутаціей и у проживающаго тоже при отцѣ въ дер. Кемнишкахъ Казиміра Шибикевича.

Установивъ негласное наблюденіе за дѣятельностью и сношеніями Мисирко, я вмѣстѣ съ тѣмъ обратился 30 Мая за № 1221 въ С. Петербургское Охранное Отдѣленіе съ просьбой сообщить мнѣ имѣющіяся свѣдѣнія объ упомянутой личности, на что мною получено было сообщеніе отъ 7 Іюня за № 10270, что никакихъ неблагопріятныхъ свѣдѣній о немъ въ Охранномъ Отдѣленіи не имѣется.

По установленнымъ агентурнымъ путемъ свѣдѣніямъ дознано, что студентъ Мисирко привезъ съ собой значительное количество литовскихъ книгъ, которыя читаетъ въ присутствіи постороннихъ лицъ, при чемъ по указаніямъ, полученнымъ мною нынѣ отъ жителя селенія Годлево, Фредовской глины, Ѳомы Карамоси, что въ бытность его въ домѣ жителя дер. Юршишки-Якушишки, у котораго въ то время проживалъ студентъ Мисирко, послѣдній читалъ вслухъ литовскую книгу, въ коей встрѣ—

кај жител на село Станајце, Фредовската гмина, Георгиј Јас[???], кој се наоѓа под отворен полициски надзор за државни престапи, кај Осип Јоченис, кој живее кај татко му во село Тваркишки, Фредовската гмина, и исто така е личност со сомнителна репутација и кај Казимир Шишкевич, кој исто живее кај татко му во село Кемпишки.

Откако воспоставив прикриено следење на активностите и односите на Мисирко[в], јас истовремено на 30 мај бр. 1221 се обратив во одделот за безбедност на С. Петербург со молба да ми ги соопштат постојните информации за споменатиот, а во врска со тоа јас добив одговор од 7 јуни бр. 10270 дека никакви сомнителни податоци за него во одделот за безбедност нема.

Според информации добиени по агентурен пат, дознаено е дека студентот Мисирко[в] со себе донел многу литвански книги, кои ги чита во присуство на други лица, при што според сведочењата добиени од жителот на село Годлево, Фредовската гмина, Фома Каролис, кога тој беше во домот на жителот на село Јургенишки Јакунченис, кај кого во тоа време живеел студентот Мисирко[в], тој читал на глас литванска книга



2

чались оскорбительныя выраженія противъ русскаго правительства. На замѣчанія сдѣланныя тогда же Каролисомъ, что подобныя книги воспрещены Мисирко отвѣтилъ, что книги эти запрещаются читать мужикамъ, а ему, какъ студенту, можно.

Въ виду вышеизложеннаго, а также отсутствія неблагопріятныхъ свѣдѣній о Каролисѣ и отношеній его къ Якунчевичу, я нашелъ необходимымъ вмѣстѣ съ симъ поручить Начальнику Жандармскаго Управленія Волковышскаго и Владиславовскаго уѣздовъ произвести обыскъ у Мисирко въ порядкѣ Положенія о государственной охранѣ, Высочайше утвержденнаго 14 Августа 1881 года, о результатѣ каковаго обыска будетъ мною въ Департаментъ Полиціи донесено дополнительно

Полковникъ Леонтьевъ

во која се среќавале навредливи искази против руската влада. На забелешката направена тогаш од Каролис дека такви книги се забранети, Мисирко[в] одговорил дека овие книги се забранети за читање на селани, а на него како на студент му се дозволени.

Со оглед на гореспоменатото, а исто така на отсуството на сомнителни податоци за Каролис за неговиот однос кон Јакунченис, јас сметав за неопходно заедно со тоа да му наредам на началникот на Жандамерската управа на Волковишскиот и Владиславовскиот Округ да изврши претрес кај Мисирко[в] согласно Уредбата за државна безбедност прифатена на 14 август 1881 година, за резултатите од претресот јас дополнително ќе го известам Департманот на полиција.

Полковник [потпис] Леонтјев

52284

7-АВГУСТА 1901 Секретно. 3



НАЧАЛЬНИКЪ
СУВАЛКСКАГО
ГУБЕРНСКАГО
ЖАНДАРМСКАГО
УПРАВЛЕНІЯ

1 Августа 1901 г.

№ [redacted]

г. Сувалки.

Студентъ Крестко Мисирко пробывъ въ дер. Гришкабуда, Владиславовскаго уѣзда, съ 10-15 число минувшаго Іюля мѣсяца возвратился въ дер. Застянки, Маріампольскаго уѣзда, откуда 20 числа того же мѣсяца выѣхалъ со всѣми своими вещами въ Гродненскую губернію, гдѣ по свѣдѣніямъ намѣренъ былъ поселиться у какого то священника.

Въ виду таковыхъ обстоятельствъ сдѣланное мною распоряженіе о производствѣ у него обыска не могло быть исполнено, а потому объ исполненіи сего я обратился къ Начальнику Гродненскаго Губерн-

Въ Департаментъ Полиціи

Началник на жандармериската управа **Доверливо**

на Сувалската губернија

1 август 1901 г.

Бр. 1828

г. Сувалки

Студентот Крестко Мисирко[в] престојувал во село Гришкабуда, Владиславовскиот Округ, на 10-15 јули се вратил во село Засцјанки, Мариамполскиот Округ, од каде што на 20-ти истиот месец заминал со сите свои ствари за Гродненската губернија, каде што, според информациите, имал намера да се смести кај некој свештеник.

Со оглед на таквите околности, издадената наредба од мене да се изврши претрес кај него, не можела да биде спроведена, па затоа за нејзино извршување јас се обратив до началникот на Гродненската жандармериска управа.



скаго Жандармскаго Управленія.

О чемъ въ дополненіе къ представленію моему отъ 18 Іюля сего года за № 1699 Департаменту Полиціи донести честь имѣю.

Полковникъ [illegible]

За што имам чест да известам во дополнување кон веќе соопштеното на 18 јули оваа година со бр. 1699 во Департманот на полиција.

Полковник [потпис] Леонтјев

ГАРФ. Ф. 102. Оп. 229. Особ. отд. 1901 г. Д. 412

Бр. 2

Предмет, формиран од Департманот на полицијата при Министерството за внатрешни работи на Руската Империја, во врска со барањето на К. Мисирков за дозвола за издавање „месечно списание на централното наречје на македонските Словени под наслов ‘Вардар’“. 1904 г.



Конфиденціально.

М. В. Д.

Въ Департаментъ Полиціи.

ГЛАВНОЕ УПРАВЛЕНІЕ ПО ДѢЛАМЪ ПЕЧАТИ.

26. Октября 1904 года.

№ 11321.

Проживающій въ городѣ Бердянскѣ, преподаватель Бердянской женской гимназіи, Кресто Мисирковъ ходатайствуетъ о разрѣшеніи ему издавать въ городѣ Одессѣ, съ дозволенія предварительной цензуры, подъ его редакторствомъ, ежемѣсячный журналъ на центральномъ нарѣчіи македонскихъ славянъ подъ названіемъ "Вардаръ".

Вслѣдствіе сего Главное Управленіе по дѣламъ печати имѣетъ честь покорнѣйше просить Департаментъ Полиціи сообщить имѣющіяся въ Департаментѣ свѣдѣнія о личности просителя, присовокупляя, что по поводу изложеннаго ходатайства имѣетъ съ симъ сдѣлано сношеніе съ г. Таврическимъ Губернаторомъ.

За Начальника Главнаго Управленія по дѣламъ печати, Члена Совѣта

За Правителя Дѣлъ -

Бр. 2

Предмет, формиран од Департманот на полицијата при Министерството за внатрешни работи на Руската Империја, во врска со барањето на К. Мисирков за дозвола за издавање „месечно списание на централното наречје на македонските Словени под наслов 'Вардар'". 1904 г.

Досие

Музејскиот омаж е замислен како блиска средба на посетителот со детето, поетот, академикот, но и човекот Анте Поповски, раскажана на автентичен начин преку музејски предмети. Композициската поставеност одлучивме да ја обликуваат четири тематски целини, кои методолошки беа конципирани пред сè хронолошки, но во некои делови и синхрониски, со цел нарацијата и експозицијата на музејските предмети да бидат структурирани така што би се избегнале евентуални повторувања на некои настани, а визуализацијата и комуникацијата на посетителот со музејската содржина би била ефективна. Првата тематска целина што ја поставивме ја илустрира континуираната синергија помеѓу пишаниот збор и уметноста, раскажувајќи ни сторија за едно пријателство, преку портретот на Анте Поповски, од истакнатиот уметник Коле Манев, изработен во техника масло на платно во 1998 г.[16] Потоа почнува да се раскажува животната сторија, во која посетителот се запознава со потеклото на авторот, родното место од реканскиот крај с. Лазарополе. Ова е местото коешто го обликувало поетот, создавајќи трајни синапси за убавината на

[13] Во истражувањето е остварена соработка со Тања Викентиќ, кустос од Народен музеј Аранѓеловац, кон која изразуваме благодарност.

[14] Државен архив на Република Северна Македонија – Одделение Охрид, (понатаму во текстот ДАРСМ – Одделение Охрид), фонд 4.752 „Струшки вечери на поезијата“ (Список на членови на Совет на СВП, 24.2.1966; Решение за именување членови на Совет на СВП, 8.1.1967, Записник од I седница на Советот на СВП, 1.2.1978; Преглед и програма на СВП – 1979), несреден фонд и фонд 4.753 „Велестово“.

[15] Поопширно види: Данијела Трајкова-Крстиќ, Омаж за... 14 (каталог).

[16] Види сл. 3 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија: Владо Кипријановски, ММБ.

босоногото детство, традицијата, историјата и скромниот секојдневен живот.[17] Во потрага по подобра егзистенција семејството накратко се преселува во Охрид, потоа во Скопје, па с. Црневец – Битолско и Битола. Средното образование го завршува во битолската Гимназија, а од тој период се и првите ангажмани на Анте Поповски како соработник во радиото, телевизијата, членувањето во литературни дружини, односно ангажманите за „Млада литература“, „Радио Скопје“, „Нова Македонија“, „Разгледи“, „Современост“ и „Друштвото на писатели на Македонија“. Во 50-тите години на XX век, ги почнува студиите, прво на Филозофскиот факултет во Белград, а потоа на Медицинскиот факултет во Скопје[18]. За време на студентските денови Анте Поповски ја публикува и првата збирка поезија „Одблесоци“ во 1955 г. со која го најавил неколкугодишниот период во кој тој паралелно ќе ги негува хуманата професија медицина и поезијата. Но, докторот по општа медицина, по публикувањето на втората стихозбирка „Вардар“, која имала широка популарност и прифатеност, како од публиката така и од критиката, во 1958 г. ќе ја направи трајната определба по која книжевноста ќе заземе централно место во животната определба.

Композицијата со книжевно творештво и лични предмети ја сочинуваат различни тродимензионални музејски предмети, како: џебен часовник „Sekonda“, очила, наливно перо, машина за пишување „UNIS tbm De Luxe“, нож за отворање писма, а како страстен љубител на тутунот, во композицијата се изложени и пури „Corps Diplomatique“.[19] Овие предмети, ненаметливо преку својата музејност, нè внесуваат во креативниот авторски процес, доближувајќи нè до секојдневието на човекот зад перото. Во оваа композиција се истакнува и „Париската тетратка“ – која всушност е ракопис на последната книга „Две тишини“, издадена во Скопје, постхумно во 2003 г.

Третата композиција е претставена преку фотографии што во музејски контекст се опсервираат како предмети кои покрај визуелниот аспект имаат и историска, документарна содржина. Тие ја илустрираат животната сторија на тогаш младиот Анте Поповски, кој живее во динамично време како книжевник, но и ангажиран општествен работник на високи раководни функции. На нив се портретирани работни средби, соработки со Јосип Броз Тито, Киро Глигоров, Борис Трајковски, архиепископот охридски и македонски Доситеј, Блаже Конески, Димитар Митрев, Ацо Шопов, Петар Хаџи Бошков, Димитар Кондовски и други значајни личности од науката, образованието, уметноста и општествениот живот. Во овој период ги нотираме сите неизбришливи траги, кои тој ги има оставено во развојот на тогаш најголемата новинско-издавачка куќа НИП „Нова Македонија“ (26. 6.1970 до 9.11.1973 г.),[20] „Струшките вечери на поезијата“ (понатаму СВП),[21] но и во македонската кинематографија, вршејќи ја функцијата генерален директор

[17] Види сл. 4 – Личен фонд „Анте Поповски“, дигитален материјал отстапен од семејството, јуни 2023 г.
[18] Види сл. 5 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија: Владо Кипријановски, ММБ.
[19] Види сл. 6 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија – Владо Кипријановски, ММБ.
[20] Види сл. 7 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија – Владо Кипријановски, ММБ.
[21] Види сл. 8 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија – Владо Кипријановски, ММБ.

во тогаш единствената државна продукциска куќа во Македонија „Вардар филм“ (1974 – 1982 г.).[22]

Во последната композиција доминираат многубројни награди и признанија кои и денес сведочат за валоризација на неговото севкупно творештво на највисоко ниво. Во неа се изложени престижни национални награди, како: „Браќа Миладиновци“, „Кочо Рацин“, но и меѓународната награда за најдобра песна, добиена постхумно во 2019 г., односно предметот „Медал 4° Concorso di Poesia IL PARNASO Angelo LA VECCHIA“.[23] Овие музејски предмети раскажуваат дека поезијата и уметноста се универзални јазици кои не познаваат граници, бариери и се моќна инспирација и денес за многу автори кои го негуваат монументалниот влог на Анте Поповски.

Изложените музејски предмети во „Омажот за Анте Поповски“ несомнено се од историска важност за македонската историја, јазик и култура. Тие автентично и документарно портретираат повеќе од половина век активно творење и сестрано дејствување на академикот Анте Поповски, кој беше мобилизатор на севкупната македонска културна сцена афирмирајќи ја на национално, но и на меѓународно ниво.

На свеченото отворање на изложбениот дел беше промовиран каталог, кој има отворен пристап и е поставен на веб-страницата на музејот https://mmb.org.mk/publikacii/. Веста за промоцијата на Омаж за Анте Поповски во форма на донација на лични фондови заедно со донацијата за Матеја Матевски беше пренесена од повеќе печатени медиуми и телевизии. На крајот би истакнале дека изложбениот дел предизвика позитивно општествено влијание кај потесната публика – претставниците на културниот и општествениот живот, но и кај поширокатa публика.

[22] Поопширно види: Атанас Чуповски, „Анте Поповски и „златната доба“ на Вардар филм“, Зборник на трудови на научен симпозиум „Антево дело - непресушен изворник на мислата и речта, Страдун, Скопје, 2019, 41-66.

[23] Види сл. 9 – Личен фонд „Анте Поповски“, фотографија – Владо Киприjановски, ММБ.

Избор на илустрации:

Сл.1 Изложбен дел во постојаната поставка на НУ Музеј на македонската борба за самостојност посветен на донации од втората генерација македонски книжевници – Анте Поповски и Матеја Матевски.

Сл. 2 Медал „Мермер и звуци“ изработен во стилизиран релјеф со полукружен назив „Смотра на југословенски уметности Аранѓеловац – Србија“, Аранѓеловац, 1975 г., И/534.

Сл. 3 Портрет на поетот Анте Поповски, од уметникот Коле Манев, масло на платно, Скопје, 1998 г., И/553.

Сл. 4 Семејна фотографија на која се претставени малиот Анте со мајка му Невена и татко му Аврам Поповски во традиционална мијачка носија, 1932 г. дигитален материјал отстапен од семејството, јуни 2023 г.

УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ

РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Д-р МИХАИЛ Д. ПЕТРУШЕВСКИ

ДЕКАНОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Д-р БОЖИДАР НИКЕТИЌ

ПРОМОТОРОТ

Д-р ДИМИТАР АРСОВ

ПОТВРДУВААТ СО СВОИТЕ ПОТПИСИ И СО УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ПЕЧАТ

ДЕКА

Поповски А. Анте

ДОКТОР ПО МЕДИЦИНА

Сл. 5 Диплома за завршено високо образование „Доктор по медицина“ со број 195, Скопје, на 28.12.1957 г., И/515.

Сл.6 Композиција на дел од лични предмети, Париска тетратка – последната книга „Две тишини“ во ракопис, уметнички обликуван нож за отворање писма и лично пенкало.

Сл. 7 Златна плакета, доделена на Анте Поповски
за придонес во развојот и афирмацијата на весникот „Нова Македонија“
по повод 50-годишниот јубилеј на весникот „Нова Македонија“, Скопје, 1994 г., И/540.

Сл. 8 Композиција од награда –
Плакета „Браќа Миладиновци“, за книгата „Провиденија“, Струга, 1995 г. И/513;
Плакета „25 години 1962 – 1986“ од „Струшките вечери на поезијата“, Струга, 1986 г., И/530;
Благодарница постхумно издадена по повод 50-годишнината од СВП, Струга, 2011 г., И/529.

Сл. 9 Композиција од награди „Кочо Рацин“ е доделена од Работничкиот совет на книгоиздателството „Македонска книга“ за збирката песни „Сина песна“, 1984 г., И/537 и меѓународната награда „Медал“4° Concorso di Poesia IL PARNASO Angelo LA VECCHIA“, добиена постхумно, И/536.

UDK 930.25:050(497.7)

Васко Дукмеџиев[1]

СПИСАНИЕТО „МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ“ 1972 – 2024

Abstract: One of the most significant milestones in the development of archival activity in Macedonia occurred with the launch of a professional journal by the Society of Archivists. In late 1971, archival workers formed an initiative committee and established the first editorial board. They named the journal "Makedonski Archivist"(Macedonian Archivist), aiming to address issues related to both archival theory and practice. The first issue of the Macedonian Archivist came out in May 1973.

Keywords: Macedonian Archivist, State Archives of Macedonia, journal, publication, archival information, professional development.

Списанието „Македонски архивист“ го издава Државниот архив на Република Северна Македонија формиран врз основа на Указот бр. 3/6-II-1951 (6 јануари 1951 г.) најпрвин со името Државна архива. Президиумот на Народното собрание на НРМ донел закон за државни архиви и врз негова основа, на 1 април 1951 година е формирана Државната архива на НР Македонија.[2] Создавањето на ДАНРМ претпоставувало решавање низа сложени и суштински проблеми поврзани со архивската дејност во НР Македонија. Приоритетна дејност на архивот отсекогаш била да ја прима, евидентира, чува и заштитува архивската граѓа во архивските депоа. Покрај собирањето, чувањето и заштитата, архивскиот материјал првпат

[1] Советник во Одделението за истражување, домашна и меѓународна соработка во ДАРСМ.

[2] Јасмина Дамјановска, Бранислав Светозаревиќ, *Печат на времето 70 години: Државен архив (1951 – 2021)*, Скопје, Државен архив на Република Северна Македонија, 2021. стр. 2. Во периодот од 1951 до 1963 г. оваа институција се нарекуваше Државна архива на Народна Република Македонија; во периодот од 1963 до 1965 г. таа беше Државна архива на Социјалистичка Република Македонија; во периодот од 1965 до 1999 г. се нарекуваше Архив на Македонија, во периодот од 2000 г. наваму го носи името Државен архив на Република Македонија, денес Државен архив на Република Северна Македонија. Мрежата на поединечни архиви во Република Македонија се нарекува – ДАРМ – Подрачна единица со името на градот каде што е лоцирана.

во државата требало да се обработува според меѓународни пропишани стандарди. Така обработените архивски фондови станувале достапни и за научни цели. Една од задачите на Архивот е и публикување архивски материјал и научно-информативни средства. Притоа Архивот од самиот почеток се ориентирал кон објавување архивски материјал што е од значење за историјата на македонскиот народ и Македонија. Архивот досега публикувал повеќе од 200 едиции, зборници и монографски трудови базирани на архивски документи.

Позначаен чекор во развојот на архивистичката дејност во Македонија е почнувањето на издавање стручно списание на Друштвото на архивските работници. Кон крајот на 1971 г. е свикан иницијативен одбор од искусни архивски и научни работници, кој меѓу другото одлучил да се формира првата редакција, а редакцијата ги утврдила името на списанието и неговата содржина, односно прашањата што ќе се обработуваат во него. Така, било одлучено името на ова „гласило на Друштвото на архивските работници“ да биде „Македонски архивист“. Притоа, редакцијата упатила писмо до архивските работници, во кое меѓу другото се вели: „Нашата дамнешна желба за создавањето можности за издавање гласило на македонските архивски работници веќе станува стварност“. Понатаму во писмото стои: „Стручното архивистичко списание ќе ги третира главно следните прашања: статии и расправи од архивската теорија и практика; статии и расправи од помошно-историските науки; публикување архивска граѓа; објавување научноинформативни помагала и описи на архивска граѓа; архивска техника; архивистички вести; прикази; библиографии. Првиот број на „Македонски архивист“ излегол од печат во мај 1972 г.[3] Прва статија била со наслов „Некои остварувања на архивот на Македонија и главните правци на идното дејствување“ напишана од Димче Стојанов-Мире.[4] Негова основна цел била да ја обелоденува работата и достигањата на архивистичкото поле. Излегувало еднаш годишно, во тираж од 1.000 примероци. Неговото финансирање било од страна на Државниот архив и од собраните средства од неговата продажба. Годишната претплата за списанието изнесувала 20 југословенски динари во 1972 година. Неговата основна цел била да се обелоденува работата и достигањата на архивистичкото поле. Списанието требало меѓу другото да овозможи и развој и нови искуства меѓу стручниот архивски и научен кадар. Главно тоа требало да ги опфати следните прашања – статии и расправи од архивската теорија и практика и статии и расправи од помошно-историските науки. Во првиот број на Архивист од 1972 г. (види сл. 1), редакцискиот одбор со главниот уредник броеле само тројца членови.[5]

[3] Истото.

[4] *Зборник на документи: (1926 – 2011).* Државен архив на Република Македонија [избор и предговор Марјан Димитријевски, Скопје, 2011, стр. 382. Димче Стојанов-Мире бил осумнаесет години директор на Архивот на Македонија од 1960 до 1978 г., и се смета за еден од основоположниците на Архивот и на архивската служба во Македонија. Роден е во Прилеп на 10 октомври 1910 г. Основно училиште и гимназија завршил во Прилеп, а во 1935 година завршил Филозофски факултет во Белград. Бил член на АСНОМ од неговото формирање во манастирот „Прохор Пчињски“.

[5] Тодор Талески „Кон првиот број на „Македонски архивист“, Македонски архивист, година прва, 1972 г.

Списанието излегувало сè до 1992 година со последниот број 19 (види сл. 2), откако потоа настанала долгогодишна пауза со неговото издавање.

По дваесет и три години. Државниот архив повторно го активира списанието „Македонски архивист“ со бројот 20 (види сл. 3). Списанието сега веќе во континуитет секоја година излегува во печатен или електронски број. Во првиот број кој настанал по прекинот имало четворица уредници, кои биле воедно и редакциски одбор. Последниот број на „Македонски архивист“ е бројот 33-34 од 2023 година (види сл. 4), кој се издава официјално како стручно меѓународно списание од областа на архивистиката и историјата. Во рамките на списанието „Македонски архивист“ се издаваат статии „за поширок круг научни работници, истражувачи и читатели. Во списанието во голем број се застапени и статиите на вработените од Државниот архив. Во почетокот тие повеќе пишувале на стручни теми, односно за работи кои би им помогнале за решавање на проблемите во архивот.[6] Така, на пример, во бројот на „Македонски архивист“ од 1974-75 година дури две статии од вкупно десет објавени статии се поврзани со совети за унапредување на работата во архивот, и двете напишани од Тодор Талески.[7] Односно Списанието на Друштвото на архивски работници бил еден вид прирачник за вработените. Како што се развивала и се унапредувала архивистиката во Државниот архив така гледаме дека стручните теми како совети или планови за унапредување се сè помалку, а расте бројот на теми претежно од фондовите што извршителите ги работат или ги обработиле. Со објавувањето средени фондови се придонесува информациите преку списанието полесно да стигнат и до пошироката јавност.

Во списанието се објавуваат трудови од архивската теорија и практика, теорија и методика на проучување и користење на пишаните историски извори (документи), трудови од архивската едукација, претставување на архивските фондови од Државниот архив и од други архиви. Потоа статии со историска содржина, прилози, материјали, хроники патеписи, сеќавања, критики, биографии, рецензии, соопштенија во чија подготовка или осврт е користена архивска документација. Во списанието се објавуваат трудови на македонски јазик и на еден од светските јазици (англиски, француски, германски и руски јазик). Трудовите објавени во списанието се категоризираат како трудови објавени во меѓународно научно списание и се со меѓународна редакција. Списанието е запишано во Меѓународната база на податоци. Списанието се објавува во печатена и (или) електронска верзија. Во печатена

[6] Тодор Талески, „Одбирање на архивска граѓа од регистратурскиот материјал во работните организации“, *Македонски архивист*, Скопје, 1974, бр. 3-4, стр. 5.

[7] *Зборник на документи: (1926 – 2011).* Државен архив на Република Македонија [избор и предговор Марјан Димитријевски, Скопје, 2011, стр. 382. Тодор Талески е роден 5 февруари 1927 г. во Прилеп. Гимназија завршил во родниот град, а во учебната 1947/48 се запишал на Историската група на Филозофскиот факултет во Скопје. Во меѓувреме, во периодот на 1950 година го завршил курсот за архивисти во Дубровник, кој го организирала ЈАНУ во Загреб. На работа во Државната архива на НРМ стапил на 1 април 1951 година како нејзин раководител. Потоа станува и прв в.д. директор, директор и помошник-директор на ДАРМ (1951 – 1960), втемелувач на институционалниот развој на националната архивистика и на архивската мрежа во Македонија.

форма списанието се објавува во тираж од 150 примероци. Негови примероци се дистрибуираат во позначајните библиотеки, факултетите и Институтот по историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје.

Од 2016 година, односно од бројот 21, списанието може да се преземе и од официјалната страница на Државниот архив. Издавањето на списанието е со средства од Државниот архив, со донации и спонзорства. Списанието има главен уредник и редакциски одбор. Главниот уредник се именува од директорот на Државниот архив, а од редот на вработените се избираат членови за Редакцискиот одбор. Во четиригодишниот мандат на Редакцискиот одбор, на почетокот на секоја година се именува нов главен уредник. Редакцискиот одбор го сочинуваат тринаесет члена, и тоа: главниот и одговорен уредник од редот на вработените во Државниот архив, технички уредник од редот на вработените на Државниот архив, членови од редот на вработените во Државниот архив, ЈНУ Институт за национална историја, Институт за историја при Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, музејски институции и други експерти од архивистиката и од историските науки. Осуммина членови се од Македонија, а другите петмина членови на редакцискиот одбор се од други држави. Комисијата за издавачка дејност при Државниот архив на Македонија е должна секоја година да објави повик за прибирање предлози за списанието „Архивист“.

Сл. 1

Архив на Македонија
Скопје
Чс.II.305/1992,19
дбл.
АКЕДОНСКИ
АРХИВИСТ
СКОПЈЕ 1992

Сл. 2


Државен архив на
Р. Македонија - Скопје
Чс. II 305/2015
Бр 20
МакедонскИ
АрхивисТ
Број 20
2015
ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Македонија

Сл. 3

ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Северна Македонија
архивисти
историја
документи
архивистика
МАКЕДОНСКИ
АРХИВИСТ
Број 33-34
2023

Сл. 4

UDK 930.25(497.774)”1954/2024”

Марија Дурлова[1]

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 70-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА БИТОЛСКИОТ АРХИВ И ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФСКОТО ИЗДАНИЕ „БИТОЛСКИ АРХИВСКИ ХРОНОТОП – 70 ГОДИНИ АРХИВ БИТОЛА“

Архивските јубилеи се настани на кои го славиме подемот на институцијата Архив, им оддаваме почит на сите генерации на архивски работници кои ја почнале и ја усовршувале архивската дејност. Воедно тие се можност да се преиспитаат приоритетите, да се развие нова визија за унапредување на архивската работа, да се извлечат поуки и да се пратат пораки. За вработените од Одделението на Државниот архив – Битола одбележувањето на седумте децении постоење на битолскиот Архив беше настан од големо значење. Обврската да се организира достојно претставување на институционалната меморија на седумдецениското постоење беше вистински предизвик во кој тим од архивисти минаа многу месеци во проучување на историјатот на битолскиот Архив.

Концептот за настанот беше осмислен од тимот за подготовка, во состав Гоце Стојановски – раководител на Одделение Битола, Марија Дурлова – советник, Димитар Ѓоргиевски – помлад соработник и м-р Ивана Хаџиевска – помлад соработник. Идејната замисла беше јубилејот да се одбележи со два настани споени во еден. Првиот, свечен дел, посветен на прослава на седумдецениското постоење, и вториот промоција на монографското издание „Битолски архивски хронотоп – 70 години Архив Битола“. И двата дела имаа цел да го слават битолскиот архивски работник како носител на архивската дејност во градот.

На 29 мај 2024 година, во еден од најрепрезентативните објекти во Република Македонија – Офицерскиот дом во Битола, се одржа свеченото прославување на седумдеценискатa работа. Настанот беше коорганизиран со Europe House - Битола, која е составен дел на Мисијата на Европската Унија во Македонија. Во

[1] Советник-инспектор во Одделение за инспекциски надзор во ДАРСМ – Одделение Битола, е-адреса: marija.durlova@arhiv.gov.mk.

првиот свечен дел се слушнаа излагањата на почесните гости на настанот, кои зборуваа за значењето на нашиот Архив, градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, НЕ Петра Дрекслер – амбасадор на Сојузна Република Германија и в.д. директорот на Државниот архив м-р Христа Најданов.

Во воведното излагање раководителот на битолското Одделение Гоце Стојановски истакна: *„Со гордост и со длабока емоција ја отворам оваа свеченост посветена на одбележувањето на 70-годишнината од нашиот и ваш Архив во Битола. Овој момент не е само момент на радост и славење туку е и доказ за нашата трајна посветеност за зачувување и истражување на нашето наследство.*

Во текот на овие седумдесет години, нашиот Архив ја надмина својата првична улога на обичен склад на документи за да стане светилник што ја осветлува богатата таписерија на историјата на нашата заедница. Преку посветените напори на неговиот персонал изминативе децении, со секоја страница зачувана во неговите ѕидови и со секој збор внимателно испишан, нашиот колективен наратив оживува.

Почитувани присутни, на 26 мај 2024 година не се одбележува само годишнината од основањето на битолскиот Архив туку се прославува и секоја пресвртница постигната во изминатите седум децении. Време е сите да размислиме и да им оддадеме почит за непоколебливата посветеност на оние што ја негуваа и ја поттикнуваа оваа институција напред.

Денес, не само што му оддаваме почит на нашето минато туку и ја потврдуваме нашата цврста посветеност во обликувањето на иднината. Денешниов настан служи како доказ за нашата продлабочена почит кон минатото и нашата непопустлива желба да исцртаме нови хоризонти“.

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски, меѓу другото, истакна: *„Успешната и среќна иднина можеме да ја градиме само врз столбовите на почит кон минатото, искористување на знаењата, искуствата и делата создавани низ годините.*

Животот на еден град не почнува од нас како поединци и не завршува со нас, но генерациите кои доаѓаат по нас, мора да знаат што сме направиле, како што ние продолжуваме од местото каде што застанале нашите предци.

Тоа се однесува на развојот и на изградбата на градот низ годините, на развојот на културата и фотографската дејност, неизбежно споменувајќи го делото на браќата Манаки, како и многу други области кои се граделе и се менувале низ годините.

Токму во овој контекст една од посебно значајните институции во нашиот град е Државниот архив, во кој се сочувани, соодветно складирани и заштитени фотографии, документи и друга документација, која ни овозможува да можеме сите ние да видиме дел од минатото, да го зачуваме сето тоа и денес, но и да оставиме трајни записи кои ќе се користат во иднина“

Присутните ги поздрави Н.Е. Петра Дрекслер – амбасадор на Сојузна Република Германија, која истакна: *„Една држава живее преку нејзините институции. Многу често слушам критики за овдешните институции, но тоа што го видов во битолскиот Архив барем мене ми остави впечаток дека има светли изгледи.*

Архивот ни подготви мала изложба од браќата Манаки, некои од тие фотографии биле направени со германските војници кои биле присутни тука, тоа било дел од историјата на градот и потсетување на болните заеднички точки што сме ги имале. Иако денес односите меѓу нашите две држави се многу поразлични, сепак овие траги од минатото треба да се направат видливи и да се покажат, бидејќи само оној кој ќе го согледа минатото може да ѝ се посвети на сегашноста“.

Во рамките на свечениот дел в.д. директорот на Државниот архив м-р Христа Најданов се обрати со пораки за улогата на Архивот во општеството, за заштита на архивскиот материјал, процесите на дигитализација и европскиот имиџ што го добива Архивот.

Раководителот на Одделението Битола им оддаде почит и признание за вложениот труд во унапредувањето на архивската дејност, на сите пензионирани архивски работници кои беа присутни. Сепак, настанот беше посветен на нив и на сите претходни генерации архивски работници.

Во вториот дел од настанот беше промовирана монографијата „Битолски архивски хронотоп – 70 години Архив Битола“. Промоцијата почна со обраќање на еден од нејзините рецензенти д-р Јасмина Дамјановска, која меѓу другото истакна: *„Но, не губам надеж кога гледам млади колеги како овие битолчани. Посакувам овој нивни труд да го прочитаат барем неколкумина државници, затоа што верувам дека ќе им се разгори желбата за помошта која му е неопходна на Државниот архив.*

Монографијата дава увид во развојот на самиот архив, во развојот на стручната дејност, научноистражувачката дејност, комеморативаната функција на Архивот, заштитата на архивскиот материјал, библиографскиот омаж на архивските работници, регистарот на фондови и сл.

Авторите на изданието Гоце Стојановски, Марија Дурлова, Димитар Ѓоргиевски и м-р Ивана Хаџиевска ја претставија монографијата осврнувајќи се на развојот на архивската дејност, научноистражувачката работа, комеморативната функција на Архивот и заштитата на архивскиот материјал преку примерот на заштитата на првиот архивски фонд прогласен за културно наследство – Браќа Манаки.

Целта на публикувањето на монографското издание беше да ги запознае читателите со битолскиот архив, да ги претстави најзначајните моменти од неговата работа, да ја истакне функцијата на Архивот во општеството и да го запознае

читателот со постигнатите досегашни резултати. Монографијата е наменета за јавноста, и со тоа заслужува голем тираж, со цел да биде подостапна за стручната јавност и да сведочи во иднината за ентузијазмот на генерациите архивисти кои биле дел од оваа институција. Изданието им оддава почит на сите претходни генерации кои ја создале и ја издигнале институцијата на повисоко ниво, но и ги поттикнува идните генерации архивисти, како и надлежните институции да ја надоградуваат архивската дејност.

Настанот беше збогатен со панел-дискусија на четворица дискутанти – истражувачи, соработници на битолскиот Архив, кои ги споделија своите искуства од Архивот. М-р Игор Старделов од Кинотеката на Македонија, м-р Бисера Бијелиќ-Стојчевска од приватното средно училиште Саба – Битола, м-р Евгениј Литовски еден од најмладите истражувачи во битолскиот Архив, како и највозрасниот меѓу нив проф. д-р Александар Стерјевски, доајен во историската наука, говореа за своите контакти со архивската дејност и за искуствата со професионализмот на вработените.

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12)

ИЗЛОЖБИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ ВО 2024 Г.

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12)

РАДОСТ ПРОСЛАВАТА – ДУХОВНА ПРКОС НА НАРОДОТ (ОДБРАНИ ЕТНОГРАФСКИ ФОТОГРАФИИ ОД БРАЌАТА МАНАКИ)

На 19 јули 2024 во изложбениот простор на НУ Музеј – Битола се отвори изложбата „Радост Прославата – духовна пркос на народот (одбрани етнографски фотографии од браќата Манаки)“ организирана и реализирана во рамките на фестивалот „Илинденски денови“. Изборот на фотографии и концептот за изложбата го направи Државниот архив – Одделение Битола (Душан Божиновски, Марија Дурлова, Христина Котеска-Дријовска и Димитар Ѓоргиевски), а идејата ја реализираа „Илинденски денови“ и Центарот за култура Битола. Изложбата беше поставена во Музејот до 31 јули 2024 година.

TIME STANDS STILL
PRESERVING THE MANAKI LEGACY
Endangered Archives Programme
ARCADIA

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12)

TIME STANDS STIIL

На 30 септември 2024 година, кристалната сала на Офицерскиот дом во Битола, како и неговите прекрасни коридори во приземните простории беше местото каде што битолскиот Архив го прослави успешно завршениот проект за дигитализација на творештвото на браќата Манаки, со завршен настан и изложба. На настанот говореа градоначалникот на Битола д-р Тони Коњановски, директорката на Државниот архив д-р Наташа Котлар-Трајкова, раководителот на битолскиот архив Гоце Стојановски, како и дел од архивистите – учесници во проектот.

Фондот „Браќа Манаки“, кој се чува во битолскиот Архив е најзначајната група на архивски материјали во македонските архиви. Била донесена во Архивот во 1965 година, почитувајќи ја личната желба на Милтон Манаки. Значењето на овој фонд за целиот Балкан е големо. Затоа овој фонд беше прогласен за културно наследство од страна на македонската Влада во октомври 2023 година, а тоа е прв архивски фонд кој го доби овој статус.

Сите активности во овој проект беа изведени од 10 архивисти од битолскиот Архив: Гоце Стојановски – проект-менаџер, координаторите на проектот Димитар Ѓоргиевски и Марија Дурлова и членовите на тимот Нуртен Алијевска-Омерова, Душан Божиновски, Јасна Велеска, Марија Врангалоска, Катерина Груевски, Христина Котеска-Дријовска и Ивана Хаџиевска. Тимот помина низ серија обуки и се квалификува за примарно чистење и основна заштита на фотографскиот материјал, скенирање и фотографирање архивски материјал, обработка на скенираниот материјал и креирање метаподатоци во согласност со ISAD(G) стандардот. Зададените задачи беа изведени со висок квалитет и секој член на тимот придонесе кон постигнувањето на главната цел на проектот. Искуството и практиките научени од овој проект, во последните две години, придонесуваат кон создавање уште попрофесионални архивски работници. Битолскиот архив сега има тим кој во иднина може да се соочи со уште поголеми предизвици.

Исходот е 25.865 дигитални датотеки, или околу 5.000 повеќе од планираните. Дигитализираните материјали опфаќаат 6.563 негативи стаклени плочи, 1.351 план филмови, 10.981 оригинални фотографии и 3.867 листови документи. За сите овие дигитализирани материјали се изработени метаподатоци со вкупно 6.886 внесови.

Дигиталните фајлови, покрај веб-страницата на британската библиотека, се подготвени за користење од истражувачите во битолскиот Архив. За нив се изработени метаподатоци, на македонски и англиски јазик во согласност со ISAD(G) стандардот.

Записник од првата седница на извршниот одбор на градскиот Народно ослободителен одбор од 4 ноември 1944 година

Манифестација по ослободувањето на Битола

Граѓани на Битола го слават ослободувањето на 4-ти ноември 1944 година.

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12)

БИТОЛА СЛОБОДНА!

На 4 ноември 2024 година Државниот архив – Одделение Битола заедно со Општина Битола во рамките на одбележувањето на големиот јубилеј, 80 години од ослободувањето на градот Битола, ја промовираа изложбата „Битола слободна!“ Изложбата прикажа дотогаш необјавени документи и фотографии од настаните во периодот непосредно пред ослободувањето на градот, како и деновите помеѓу 4 и 7 ноември, кога имало јавни манифестации на антифашистичкиот отпор. Изложбата беше конципирана и уредена од Марија Дурлова, Гоце Стојановски и Димитар Ѓоргиевски.

Документарен филм „Кон минатото и сегашноста:
80 години слободен Велес – Титов Велес - Велес“

НОЕМВРИ 08 | ПОЧЕТОК 19.00 | ЛОКАЦИЈА ЕВРОПСКА КУЌА

ДРЖАВЕН АРХИВ

НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

ОРГАНИЗАТОР:
ОПШТИНА ВЕЛЕС,
ДРЖАВЕН АРХИВ – ОДДЕЛЕНИЕ ВЕЛЕС,
НАРОДЕН МУЗЕЈ И ЛБ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12).

80 ГОДИНИ СЛОБОДЕН ВЕЛЕС – ТИТОВ ВЕЛЕС – ВЕЛЕС КОН МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА

„Во овој момент, во ова историско место (Св. Прохор Пчински) и на овој историски ден – Илинден, кога објавувам да е отворено првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија, душата ми е преполнена со радост и пред премрежините очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица, заплускујат е целата македонска земја, сакајќи да измијат од македонскиот народ десетвековниот ропски срам – од пропаста на Самоиловата држава, за да се роди денеска, светла и слободна македонска држава“ – вака на 2 август 1944 г., отворајќи го Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија во манастирот „Св. Прохор Пчињски“, најстариот делегат, велешкиот учител и илинденец Панко Брашнаров го огласил раѓањето на „нова, светла и слободна македонска држава“.

Неговиот Велес го надмина петвековното турско владеење, ги надмина Балканските војни, ги надмина Првата и Втората светска војна. И повторно се изгради, а Саат-кулата, куќата на Касапови, Којник и старата градска архитектура, црквата „Св. Пантелејмон“ и многу други „преживеани“ паметници, останаа да говорат и 80 години подоцна за едно минато време, за гемиците, за Кочо Рацин, за сите велешки борци за национална слобода, за трговците и занаетчиите, за спортските друштва, за музичките и театарските групи, за првите кина, за велешките фабрики...

Историската галерија од мноштво настани, појави, процеси и личности кои придонеле за националното и културното зреење на македонскиот народ, овој град ќе ја збогати и со еден посебен и специфичен сегмент – периодот од ослободувањето на градот од фашистичката окупација на 9 ноември 1944 година кога во вардарскиот дел на Македонија веќе беше прогласена современата македонска држава, Демократска Федерална Македонија, како дел од југословенската федерација и

периодот по распадот на федерацијата и референдумот за осамостојување на Република Македонија од 8 септември 1991 година.

Во современата македонска држава почна да се развива како Велес, од 11 октомври 1946 г. продолжи како Титов Велес и повторно од 1996 г. како Велес. Се соочи и со државно- централистичкото управување, со промената на сопственичките односи како секвестрација, експропријација, национализација, се соочи со аграрната реформа и задругарството, со самоуправниот социјализам и со условите на самоуправувањето. Силно ги почувствува назадувањето на економијата на ниво на државата, појавата на невработеност од поширок размери и другите социјални проблеми. Велес ја плати цената на форсираната индустријализација без соодветна акумулација.

Го избра својот прв татко, Дончо Мирчевски, со кој почна предводењето на првата народна локална власт како претседател на првиот Градски народен одбор. Локалната власт ја предводеа многумина и секој од нив даде свој белег, своја слика за Велес.

Ова историско време е обележано со огромните зафати на обновата на стопанската и другата инфраструктура, со масовната промена во поседовната структура на земјиштето и во сопственичките односи воопшто, со создавањето институции за развој на македонската национална просвета, култура итн.

Заживеаја индустриските објекти, како фабриката за масло „Благој Ѓорев“, крзнарската индустрија „Димко Митрев“, претпријатието за преработка на тутун, металската индустрија „Браќа Кошулчеви“, фабриката „Жито Вардар“, фабриката за порцелан „Борис Кидрич“, фабриката за талк, производство на тули и вар „Киро Ќучук“, топилницата за олово и цинк „Злетово“, Хемиската индустрија Велес, фабриката за производство на предено и конец „Ветекс“, агрокомбинатот „Лозар“ итн., од кои најголем дел се соочија и со својот крај, но ги оставија својот жар и шарм многу подалеку од Велес.

Пет децении важеше за значајна градска зона на прехранбената, текстилната, металната и кожарската индустрија, како и на индустријата на неметали и производството на градежни материјали. При крајот на осумдесеттите години, во услови на целосна општествена криза, кога се бараа излезни патишта за нов развој на стопанството и на политичкиот систем, почна процесот на демократизација, најпрво изразен низ воспоставување политичка плуралистичка демократија, а потоа во промените на сопственоста.

Со сите тие подеми и падови, Велес добива нова слика, нови градби, ја зголемува и својата градска зона. Со инфраструктурното уредување тековно добива различен лик. Изградени се современи улици и патишта, училишта, градинки, здравствени домови, болница, театар, спортска сала... Старата градска архитектура се надополнува со новите современи градби. Се продолжуваат и културните традиции во сите области на уметноста. Тука се и непрекинато течат меѓународните манифестации „Рацинови средби“, фестивалот на античка драма „Стоби“, ликовната колонија „Еко арт“, сликарската колонија „Мал формат“, фолклорниот фестивал и др.

Спортот го почувствува овде и подемот и падот, но не се заборавија фудбалските, ракометните, одбојкарските, кошаркарските и стрелачките клубови, постигнувањата на велосипедистите, кајакарите, велешките пингпонгари, борачите, планинарите, шахистите, играорците и сл.

Но, ништо од името и делото на Велес доколку не постојат „институции на меморијата“, како Државен архив, Музеј и Библиотека. Што и да барате, од каде и да сакате да почнете со Велес, овие места на меморија ќе ви ги понудат темелите на истражувањето.

Во чест на 80 години слободен Велес, од АСНОМ до денес, овие институции понудија ретроспектива од падовите и подемите на Велес низ повеќе од 500 архивски документи и фотографии.

Тоа се институциите кои се градеа напоредно со изградувањето на градот и тековно го следеа понатаму. Максимално се потрудија да не заборават ништо и никого, трајно врежувајќи ги идентитетот, името, јазикот, историјата, културата, традицијата, фолклорот на своите сограѓани.

Така докажаа како се чува локалната историја за да можат достојно да ги изговорат зборовите – ЧЕСТИТ ЈУБИЛЕЈ, ВЕЛЕС!

Велес 1918 – 1941 г.

Саат-кулата во Велес, 1918 – 1941 г.

Велес под урнатините на почетокот на Втората светска војна

Единиците на 42. и дел од 41. и 50. народноослободителна дивизија во слободен Велес, 9 ноември 1944 г.

Велес во обидите за издигнување од пепелта, 1944 г.

ТЕЛЕГРАМА

Телеграма до Дончо Мирчевски, претседател на Градскиот народноослободителен одбор за одржување на изборите во Велес, 1944 г.

Одобрение за велешката Гимназија да се именува како Гимназија „Кочо Рацин“, Велес, 10 март 1945 г.

Пренос на посмртните останки на Кочо Рацин во Велес, 1945 г.

Закон за преименување на името на градот Велес во Титов Велес, донесен од Президиумот на Народното собрание на НРМ, Скопје, 10 октомври 1946 г.

Пуштање во употреба на фабриката за порцелан „Југпорцелан“,
20 ноември 1954 г.

Свиларскиот комбинат „Нонча Камишова“,
Титов Велес, 1956 – 1970 г.

Решение за формирање локална радиостаница
Титов Велес, 31 јануари 1964 г.

Активности на Црвениот крст во Титов Велес, 1960 г.

Одлука за основање институција „Рацинови средби“, Титов Велес, 22 јануари 1966 г.

Изградба на браната на езерото „Младост“

Решение за утврдување општ интерес за изградба на кампнаселба на езерото „Младост“, 5 мај 1970 г.

Велес 1970-тите

Железничката Колска работилница во Велес,
1975 – 1977 г.

Пренос на посмртните останки на борците од НОБ од црквата „Св. Пантелејмон“ до спомен-костурница, 9 ноември 1979 г.

Пуштање во употреба на фабриката Хемиска индустрија Велес,
29 април 1980 г.

Спортски младински игри во Титов Велес, 1980-тите.

Одлука за прогласување на селото Горно Врановци за меморијален споменик на природата, 24 септември 1984 г.

ВАРДАРСКИ ГЛАС

ШТАФЕТАТА НА МЛАДОСТА ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

СРДЕЧЕН И ТОПОЛ ПРЕЧЕН

ОПШТИНСКИ СИНДИКАЛЕН СОВЕТ

Доградба на распределбата

Штафетата на младоста во Титов Велес, 3 април 1985 г.

Интернационален фолклорен фестивал во Велес


МАНИФЕСТ
Македонски народе! Македонци и Македонки!
Браќа и сестри на нашата поробена ама никогa
вдлокорена татковина!
ИЗЛОЖБА
„АСНОМ - ИЗРАЗ НА СУВЕРЕНАТА ВОЛЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПРАВО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ“
13 – 20 НОЕМВРИ 2024 Г.,
НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
СМРТНА ФАШИЗАМОТ
СЛОБОДА НА НАРОДОТ
ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Северна Македонија
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА
1948

UDK 930.25(497.7)(083.824)(093.2)(084.12)

АСНОМ – ИЗРАЗ НА СУВЕРЕНАТА ВОЛЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПРАВО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ

80 години од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија

Државотворната историја на македонскиот народ, оваа, 2024 година одбележува значаен јубилеј – 80 години од одржувањето на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија – АСНОМ. Борбата за своја државност, македонскиот народ ја води со децении и векови, напоредно со онаа за посебен историски развој, национален идентитет, јазик и култура. Историската низа од процеси и настани бележи отпор и стихија, подвизи и повлекувања, дилеми и превирања, притисоци и самостојна борба. Во текот на Антифашистичката војна, македонскиот народ отпочнал народноослободителна борба, најпрвин со поединечни и скромни вооружени противокупаторски акции, но набргу развил масовно ослободително движење со јасни политички цели за создавање македонска држава.

Во вакви околности, на 2 август 1944 година се одржува Првото заседание на АСНОМ, кое со своите решенија и документи, влегува во историјата како позитивен и препознатлив национален настан. Неговите одлуки изнесуваат содржина од историски карактер, со што се поставени темелите на македонската држава. Деведесетте делегати на Првото заседание на АСНОМ, избрани од сите краеви на етногеографска Македонија, од сите социјални слоеви, вери и националности, усвоиле девет историски одлуки, од кои повеќето се со државотворно значење за Македонија. Такви се: 1. Решението за утврдувањето на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно тело и највисок орган на државната власт на Македонија; 2. Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во Македонија; 3. Решението за прогласување на 2 август за државен празник (национален празник)

на Македонија и 4. Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓаните на Демократска Македонија. Овие решенија претставуваат државотворни акти со политичко и историско значење. Оттука Асномскиот Илинден е континуитет на Илинден од 1903 година.

На првото заседание, АСНОМ избрал и Президиум од 17 члена, подоцна дополнети со уште четири. Претседател на Президиумот е Методија Андонов-Ченто. Првото заседание со своите одлуки и решенија е, несомнено, висок дострел на македонската борба за независност и држава, макар што таа држава е прогласена како суверена – само на дел од македонската територија. Значајно е да се одбележи дека АСНОМ во периодот помеѓу август 1944 година и април 1945 година функционира како извршно и врховно законодавно тело на македонскиот народ, а потоа се оформило во Народно собрание на Македонија.

Второто заседание на АСНОМ, или Првото вонредно заседание на АСНОМ, се одржало по ослободувањето на Македонија од 28 до 30 декември 1944 година во Скопје. Ова заседание на АСНОМ носи неколку решенија, меѓу кои и Решението за основање суд за судење по престапите против македонската национална чест. Тој суд бил за дела што не биле предвидени во редовното законодавство, а биле направени за време на војната. Пред сè, работел на дела во врска со соработката со фашистичките окупатори и со носителите на антимакедонски кампањи. Во март 1945 година, Лазар Мојсов бил назначен за народен обвинител во Судот на националната чест на Демократска федеративна (ДФ) Македонија.

Третото заседание на АСНОМ, познато и како Второ вонредно заседание се одржало од 14 до 16 април 1945 година. Биле разгледани извештаите за работата на Президиумот на АСНОМ и на неговите поверенства во периодот меѓу заседанијата, како и резултатите од првите избори организирани во март 1945 година. Воедно, биле усвоени конститутивните акти: Законот со кој АСНОМ се преименува во Народно собрание на Македонија и Законот за Народната влада на Македонија. За прв претседател на Владата на Демократска Федеративна Македонија е избран Лазар Колишевски, секретар на ЦК на КПМ.

Со преименувањето на АСНОМ во Народно собрание на ДФ Македонија и со формирањето на првата Влада на ДФ Македонија на 16 април 1945 година, почнува периодот на административно-централистичко управување и на етатизација, во кој, освен кон обновата и изградбата на земјата, активностите се насочени и кон јакнењето на федерацијата и на нејзината власт. Односно, во периодот по ослободувањето и префрлувањето на АСНОМ во Скопје (второ и трето заседание на АСНОМ) настануваат неколку битни процеси: спојување на партиските и државните органи со очигледна насока кон монопартизам (КПМ), отстранување на сите граѓански, автономни, стручни или угледни кадри од власта и политиката, репресија и послушност преовладуваат во новиот систем. А, Декларацијата за

основните права на граѓаните на Демократска Македонија од Првото заседание на АСНОМ (битен уставотворен документ) е неформално укината во 1946 година со усвојувањето на новиот Устав на Народна Република Македонија. Нејзиниот автор (В. Полежиноски), како и повеќето други членови на Президиумот на АСНОМ, по ослободувањето ќе бидат остро санкционирани. Но, наспроти еднопартискиот и федерално-централистичкиот поредок, македонската држава сепак успеа да мобилизира добар дел од човечкиот, природниот и стопанскиот потенцијал за развој и бележи повеќе значајни економски, социјални и културно-научни постигнувања. Изградени се значајни индустриски и стопански капацитети, патна и комунална инфраструктура, подигнат е животниот стандард на населението. Националните научни, високообразовни, културни и медиумски установи – Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Македонското радио и телевизија (МРТВ), Македонската академија на науки и уметности (МАНУ), НИП „Нова Македонија“, театрите, издавачките установи, бележат успешен придонес на националната култура и афирмација во југословенската заедница, но и во светот.

Поаѓајќи од сето ова, како научноистражувачки форум, а по повод осумдесетгодишниот јубилејот, се определивме кон државотворната историја на македонскиот народ претставена преку АСНОМ и нејзино јавно прикажување по пат на тематска изложба. Материјалот за изложбата потекнува од фондот „АСНОМ“, заведен во Државниот архив на РС Македонија под број 157, опфаќа 22 архивски кутии од кои само еден нивни дел е објавен во 7 книги, односно на околу 4.000 страници. Оваа документарна ризница сведочи дека АСНОМ, вториот Илинден, останува најзначајна страница на македонската нова историја и инспирација во натамошното пишување на националната историја!

д-р Наташа Котлар-Трајкова,
в.д. директор на Државниот архив на РС Македонија

По повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ

Пред осум децении, на историскиот Илинден, 2 август 1944 г., во тишината на духовниот амбиент на манастирот „Свети Прохор Пчињски“, громогласно одекнал државотворниот восклик на делегатите на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Македонија (АСНОМ). Тоа е восклик на константната македонска иницијација и револуционерен израз на себството, самобитноста, сувереноста, државноста, уставотворноста, биднината и иднината.

АСНОМ е минатата, сегашната и идната борба за дигнитетот и правото на самоопределување на македонскиот народ. Тоа е и „искрена солидарност и мир меѓу балканските народи“ и „полна слобода и рамноправност на сите народности во Македонија“.

АСНОМ е трајно сеќавање и оддавање почит на нашите револуционери – илинденци од 1903 г. и 1944 г. Воздигнат во „народен државен празник на македонскиот народ и македонската држава“, Илинден ги симболизира херојствата, подвизите и жртвите за „земјата на нашите покојници – многубројни народни херои, коишто паднаа и ги посеаја коските по цела Македонија“.

Во АСНОМ е вградена нашата историска меморија и вековни традиции, преточени во генерациската борба за македонската држава и македонството, која траела, трае и ќе трае.

Затоа треба одново да продреме во суштината на воведниот говор на Панко Брашнаров на Првото заседание на АСНОМ, во неговата преполнета духовна манифестација на радоста од изборената слобода и државност. Да погледнеме преку „премрежените очи“ на Брашнаров и да согледаме како на Илинден 1944 година „се раздвижиле сите реки од Пчиња до Вардар до Места и до Бистрица, заплискувајќи ја целата македонска земја, сакајќи од македонскиот народ да го измијат десетвековниот ропски срам од пропаста на Самоиловата држава, за да се роди денеска нова, светла и слободна македонска држава“.

По осумдесет години моќно го чувствуваме и споделуваме тогашниот восхит на нашите асномци, остварувајќи ја „идеалната дружба на старите илинденци, на Гоце Делчев и на денешните илинденци, младата македонска војска, и поставените темели за остварувањето на идеалот, на две поколенија, на две епохи – слободна, обединета Македонија“.

Одбележувајќи ја јубилејната годишнина од АСНОМ, неопходно е постојано да го реосознаваме моќниот повик содржан во Манифестот до македонскиот народ дека „од тешките борби и пролеаната крв на најдобрите македонски синови излегува денес првото Народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во ПРВАТА СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува. За прв пат после Самоила македонскиот народ створи своја собствена држава...“

АСНОМ обврзува да го продолжиме заветот на илинденците и да не отстапиме од традициите и историското наследство, на кои тие се повикувале градејќи ја државата. Бидејќи Илинден не е само нашето македонско минато, туку е нашата постисторија!

Како што ќе напише Павел Шатев, Илинден се и „идеите, принципите на ВМРО, заветот на Гоце Делчев, Даме Груев, Ѓорче Петров и другите основачи на Организацијата“ тоа се „сите невољи, маки, страдања, сите човечки и материјални жртви, кои се дадоа пред и за време на Илинденското востание се само еден прелудиум на македонската мартирологија... која македонскиот народ храбро ја поднесе и со ретко самоодрекување до последен момент...“ Илинден е мартирологијата на Македонецот.

АСНОМ е и Декларацијата за основните права на граѓанинот на демократска Македонија, борбата за еднаквост и рамноправност на сите граѓани, без оглед на „народност, пол, раса и вероисповедание“, загарантирани права на „слободен национален живот“, на „личноста и имотот“, на „сопственост и часната иницијатива во стопанскиот живот“, слобода на „говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на дружението“, лично изборно право, образование.

АСНОМ е и „слободата на савеста“ и на слободното писание и говор на свој „народен македонски јазик“, со историска посебност и вековна генеза, кој се „заведуе како службен јазик“ во македонската држава.

Затоа, мора да бидеме достојни на нашите асномци и гордо да го издигнеме „уште повисоко знамето на Гоце Делчев“ и на сите наши илинденци. Бидејќи илинденската епопеја е „решеноста да не бидиш роб на никого, да заживееш како слободен народ“ и да покажеш колку е силна тупаницата за извојување на „праведната борба за слобода“.

АСНОМ е и антифашизмот, македонскиот херојски подвиг и залог во победата на демократска Европа. Тоа се паднатите македонски жртви за принципите и вредностите на кои денес почива современа Европа и светот. Тоа е и повод за траен спомен за илјадниците македонски Евреи – жртви на фашизмот – историска порака која предупредува ужасите на фашизмот никогаш да не се повторат.

Двата Илиндена се и одговорот на негациите, оспорувањата, тенденциите за бришење на идентитетската свест за македонството, на предисторијата и постисторијата на Македонецот.

Затоа, АСНОМ и Илинден се опстојбата на Македонија и Македонците. Тоа нѐ обврзува на самопочит доколку сакаме да сме почитувани од другите. Да го следиме АСНОМ во генерацискиот аманет: „Уште повеќе зацврснете го единството на целокупниот македонски народ преку Народно-ослободителниот фронт на Македонија – единството, кое ти овозможи создавање на македонската држава, единството, које ќе ти ја сочува таја држава!“

АСНОМ повикува да се респектираме помеѓу себе, за да бидеме респектирани од другите како држава, народ и нација.

Бидејќи АСНОМ е и македонскиот влог во Денот на Европа.

Илинден е македонскиот национален код. Да бидеш тоа што си, свој на своето. Тоа е секојдневна борба за македонството, за човековите права и вредности.

Илинденското современие е нашата надеж и перспектива за иднината.

Илинденската и асномската борба траела, трае и ќе трае. Тоа е генерациски завет на нашите македонски државотворци дека историјата постојано нѐ поставува „пред судбоносна проба“ за зачувување на државноста:

Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме!“

проф. д-р Митко Б. Панов,
директор на Институтот за национална историја

АСНОМ – КАМЕН-ТЕМЕЛНИК НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ

„МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ,

Од тешките борби и пролеваната крв на најдобрите македонски синови излегува денес првото Народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во ПРВАТА СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува. За прв пат после Самоила македонскиот народ створи своја собствена држава; за прв пат македонскиот народ ќе се осети во Македонија како во своја куќа; за прв пат тој стана не дребна пара во сметките на грабежливите сили, ами слободен народ во слободна држава.“

МАНИФЕСТОТ ОД ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД,
1944, 2 август, манастир „Св. Прохор Пчински“

На 2 август 1944 г., отворајќи го Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија во манастирот „Св. Прохор Пчински“, најстариот делегат, велешкиот учител и илинденец Панко Брашнаров го огласил раѓањето на „нова, светла и слободна македонска држава“.

Делегатите на Првото заседание на АСНОМ, избрани од сите краишта на Македонија, усвоиле девет одлуки, од кои четири биле државноконститутивни акти: Решение за прогласување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт во демократска Македонија; Декларација за основните човекови права на граѓанинот во Македонија; Правилник за работа на АСНОМ; Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава; Решение на АСНОМ за формирање Законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ; Решение за формирање комисија за утврдување на престапите на окупаторите и нивните слуги; Решение за одобрување на решенијата и задолженијата земени од ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор; Решение за оддавање благодарност на Народноослободителната војска; Решение за прогласување на Илинден за државен празник.

Со овие акти биле поставени темелите на македонската држава, како федерална единица во состав на Демократска Федеративна Југославија.

АСНОМ се конституирал во врховно законодавно и извршно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија.

Бил формиран Президиумот на АСНОМ, како носител на извршните, но и на законодавните надлежности. Претседател на Президиумот станал Методија Андонов-Ченто.

За поефикасно вршење на извршните ингеренции, на 6 август 1944 г. во рамките на Президиумот на АСНОМ биле формирани осум поверенства. За повереници биле назначени: Панко Брашнаров (за информации), Киро Петрушев (за внатрешни работи), проф. Епаминонда Поп Андонов (за просвета), инж. Лазар Соколов (за народно стопанство и обнова), Богоја Фотев (за финансии), Страхил Гигов (за соопштенија и градежништво), Ацо Петровски (за социјална политика) и Петар Пирузе (за судство).

Од 28 до 30 декември 1944 г. се одржало Второто заседание на АСНОМ, познато и како Првото вонредно заседание. На Второто заседание биле присутни потпретседателот на Националниот комитет за ослободување на Југославија Едвард Кардељ, претседателот на Отечественииот фронт на Бугарија Добри Терпешев, претставници на советската воена мисија и англоамериканската воена мисија. Биле ислушани извештаите на поверенствата при Президиумот на АСНОМ и се одржале дискусии врз нивна основа. Второто заседание донело неколку одлуки: за зголемување на членовите на Президиумот од 22 на 32, за создавање „специален суд за суденје на престапленията против македонската национална чест“ и др.

Од 14 до 16 април 1945 г. се одржало Третото заседание на АСНОМ, познато и како Второ вонредно заседание.

На Третото заседание на АСНОМ биле разгледани извештаите за работата на Президиумот и на неговите поверенства во периодот меѓу заседанијата. Особено позитивно биле оценети првите избори (март 1945 г.), како први слободни избори.

На Третото заседание на АСНОМ биле усвоени следните акти: „Изменение и дополнение на Правилникот за работата на Антифашиското собрание на Народното ослободуење на Македонија“; „Закон за укинуењето на решението на АСНОМ за создаване на суд за суденје на престапленијата извршени против македонската национална чест од 30 XII 1944 година“; „Законот за изменение и дополнение на решението на АСНОМ за создаванје на суд за суденје на престапленија извршени против македонската национална чест од 16 април 1945 година“; „Закон за заклетвата на народните претставители на Народното собрание на Македонија“ (заклетвата гласела: „Ја, Н. Н., се колнам во честа на својот народ, дека верно и безуморно ке служам на народот, дека сите свои должности ке ги вршам свесно и праведно, чувајќи и бранејќи ги тековините на народноослободителната борба, за среќа и напредок на Македонија и Демократска Федеративна Југославија“); „Закон за спречуење на шпекулацијата“; „Закон за овластуење да се донесе закон за универзитетот во Скопје“; „Закон за овластуење да се донесат уредби за високите школи и академии“; „Закон за Народната Влада на Македонија“.

На третото заседание, АСНОМ бил преименуван во Народно собрание на Демократска Федеративна Македонија и била избрана првата влада, како извршен орган на Демократска Федеративна Македонија (од март 1946 преименувана во Народна Република Македонија).

Со тоа бил заокружен процесот на конституирање „нова, светла и слободна македонска држава“ и афирмирањето на државната и националната самобитност на македонскиот народ.

Целта на изложбата е да се прикаже низ документи и фотографии споменатиот процес на конституирање „нова, светла и слободна македонска држава“, а со тоа одново да се истакнат идеалите на АСНОМ врз кои се темели државата.

Документите за изложбата во поголем број се преземени од фондот „АСНОМ“, заведен во Државниот архив на РС Македонија под број 157. Фондот се состои од 9.426 листови распределени во 1.840 архивски единици, кои се чуваат во 22 архивски кутии.

Создавањето на фондот има своја историја.

На 27 февруари 1960 г. Димче Стојанов-Мире, директен учесник и народен претставник на Првото заседание на АСНОМ, член на Президиумот и повереник за просвета на Второто заседание на АСНОМ, шеф на кабинетот на претседателот на Првата влада на Федерална Македонија, ги отстапил клучните записници од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, програми од Президиумот на АСНОМ, поздравни говори, телеграми, реферати и решенија на АСНОМ од 2 август 1944 г.

На 21 јуни 1968 г. Архивот презел четири архивски кутии со документација, поврзана со АСНОМ, од Институтот за национална историја – Скопје.

На 18 април 1975 г. првиот потпретседател на Президиумот на АСНОМ, првиот претседател на Владата на Демократска Федерална Македонија, Лазар Колишевски, му отстапил на Државниот архив големо количество архивска граѓа од трите заседанија на АСНОМ, што е фиксирано со записникот 08-321/1-75.

На 10 јули 1984 г. Славко Поп Атоски, делегат на Првото заседание на АСНОМ, ги отстапил брошурите од Првото заседание на АСНОМ, Манифестот на АСНОМ, прогласи, сеќавања и др.

Со формирањето на фондот „АСНОМ“ Државниот архив на РС Македонија е главниот „чувар“ на меморијата за АСНОМ.

Заедно со ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, Државниот архив учествува во создавањето на меморијата за АСНОМ преку објавувањето зборници на документи (едицијата „АСНОМ“ и др.), монографии, конференции, изложби.

АСНОМ е местото на меморијата на македонскиот народ, симбол, кој го обединува општеството и дава ориентири за натамошен развој.

Со изложбата двете „институции на меморијата“ (ДАРСМ и ИНИ) ја одбележуваат 80-годишнината на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.

„МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ, БРАЌА И СЕСТРИ!

Да се сачуват печалбите на сегашната борба, мобилизирајте ги сите снаги за изградувајнето на нашата држава и направете од неа сретна татковина на среќен народ.“

МАНИФЕСТОТ ОД ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ДО

МАКЕДОНСКИОТ НАРОД,

1944, 2 август, манастир „Св. Прохор Пчински“

д-р Јасмина Дамјановска,

раководител на Одделение во Државен архив на РС Македонија



Писмо на ЦК на КПЈ до ПК на КПЈ за Македонија за организирање на НОФ и понатамошните активности за вооруженото востание, 15 март 1942 г.



Телеграма од Светозар Вукмановиќ-Темпо за формирањето на Првата македонско-косовска бригада, 11 ноември 1943 г.

Борци од одредот „Гоце Делчев“, април 1943 г.

Борци од Битолско-преспанскиот одред „Даме Груев“ на Галичица, 1943 г.

Група борци и раководители на Втората македонска ударна бригада, март 1944 г.

Записник од првата седница на проширениот иницијативен одбор за свикување на АСНОМ за: Проширување на Иницијативниот одбор; Одобрување на донесените решенија на Главен штаб за Македонија и на Иницијативниот одбор и на дадените согласности на АВНОЈ; Предлог за праќање претставник во Иницијативниот одбор при АВНОЈ и при Врховниот штаб на Југославија итн., Положај, 30 април 1944 г.

Дел од делегатите на Преспанското советување, с. Отешево, Преспа, 2 август 1943 г.

Споменикот во чест на Преспанското советување во с. Отешево.

Борци на баталјонот „Мирче Ацев“ во слободно Кичево, ноември 1943 г.

Народна веселба на плоштадот во Куманово по одржаниот митинг за пристигнувањето на членовите на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и Президиумот на АСНОМ, 25 ноември 1944 г.

Програма на Првото заседание на АСНОМ, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.

Составот на Президиумот на АСНОМ избран на Првото заседание на АСНОМ, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.



Делегати на пат за манастирот „Прохор Пчињски“ и Првото заседание на АСНОМ (од десно на лево: Михајло Апостолски, Светозар Вукмановиќ-Темпо, Павле Илиќ, Бане Андреев, Борко Темелкоски)

Решение на Првото заседание на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.



Решение донесено на Првото заседание на АСНОМ за прогласување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.

Делегати на Првото заседание на АСНОМ, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.

Решение на Првото заседание на АСНОМ за прогласување на Илинден – 2 август, за народен државен празник на македонската држава, манастир „Прохор Пчињски“, 2 август 1944 г.



Решение на Президиумот на АСНОМ за поделба на Македонија на области, околии и општини, с. Рамно, Кумановско, 6 август 1944 г.

Решение на Президиумот на АСНОМ за именување лица за организирање НОО во Македонија, с. Рамно, Кумановско, 6 август 1944 г.

Командантот на Главниот штаб на Македонија Михајло Апостолски и Вера Ацева во обиколка на единиците на долината на реката Вардар, декември 1944 г.

Решение на Президиумот на АСНОМ за отворање гимназии во поголемите градови и учителската школа, с. Горно Врановци, Велешко, 3 ноември 1944 г.

Генерал Михајло Апостолски пред борците на Третата македонска народноослободителна бригада, август 1944 г.

Решение на Президиумот на АСНОМ за организирање оддел за аграрна реформа и државни имоти, економски, земјоделски, бактериолошки, ветеринарен и геолошки институт во Скопје при Поверенството за народно стопанство и економска обнова на Президиумот на АСНОМ, Скопје, 15 декември 1944 г.

Указ на Президиумот на Народното собрание на Македонија за именување на Владата на Демократска Федерална Македонија на чело со Лазар Колишевски, Скопје, 16 април 1945 г.

Пренесување на посмртните останки на загинатите борци и високи раководители на ЈНА, Скопје, септември 1945 г.

DOKUMENTE OSMANE PËR
HISTORINË E MAQEDONISË

1954
2024
ГОДИНИ
70 ГОДИНИ БИТОЛСКИ
АРХИВСКИ ХРОНОТОП

FORMULLAR
i
BUXHETIT
АЛБАНСКИ ДОКУМЕНТИ
ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕФЕКТУРА ДЕБАР
(1941 – 1944)
ТОМ 2

1954
2024
70
ГОДИНИ
АРХИВ ВО ВЕЛЕС

UDK 930.25:02(497.7)”2024'

ПУБЛИКАЦИИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ

(список на објавените трудови во 2024)

– „Османлиски документи за историјата на Македонија: пописи од XIX век 1832/1833, Скопски санџак, Скопска каза за ромското христијанско-исламско и еврејско население како и христијанското занаетчиско население. Т. II, кн. 2 “, зборник на документи, редакција: д-р Аднан Шериф;

– „Албански документи за историјата на Македонија, Префектура Дебар (1942 – 1944)“, том II, зборник на документи, редакција: м-р Ирфете Ибраими;

– „70 години битолски архивски хронотоп – 70 години Архив Битола “, автори Гоце Стојановски, Марија Дурлова, Димитар Ѓорѓиевски, Ивана Хаџиевска;

– „70 години Архив Велес – најзначајниот меморијален центар на културното наследство (1954 – 2024) “, автор д-р Јасмина Дамјановска.



UDK 930.25:005.551(497.7)"2023/2024"

ХРОНИКА НА НАСТАНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ
во периодот декември 2023 – ноември 2024

1. Директорот на Архивот на Федерацијата на Босна и Херцеговина, м-р Хајрудин Чуприја, на 14 декември 2023 г., го посети Државниот архив. Притоа се сретна со заменик-директорот на Државниот архив, д-р Музафер Бислими, кој го запозна со органограмот, структурата и начинот на функционирањето на Државниот архив. Оваа средба меѓу претставниците од двете институции е значајна во реализирањето понатамошни чекори на соработка меѓу Државниот архив и Архивот на Федерацијата на БиХ. На состанокот се разгледа можноста за потпишување меморандум за конкретна соработка, со цел почнување меѓусебна соработка во областа на истражувањето, дигитализацијата, размена на стручни лица и заеднички идни проекти од кои ќе произлезат публикации и изложби.

2. На 27 декември 2023 година во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите во Македонија е промовирано делото: „Книга за меморија: Ученици и студенти Евреи од гр. Скопје (1919 – 1943)", приредена од д-р Ленина Жила, д-р Александар Манојловски и д-р Јасмина Дамјановска. На настанот свое обраќање имаа директорот на Државниот архив, д-р Емил Крстески, и директорот на Институтот за национална историја, д-р Митко Панов. Изданието е заеднички проект на двете институции и претставува биографски речник за ученици и студенти Евреи од градот Скопје, за чија подготовка се користени фондови на Државниот архив.

3. На 25 јануари 2024 година излезе од печат новиот двоброј на меѓународното списание „Македонски архивист" бр. 33-34 во издание на Државниот архив за кое авторите покажаа огромен интерес за објавување текстови. Анализа на историски извори, сеќавања за настани од историското минато, претставување на архивските фондови, скопскиот земјотрес од 1963 година низ архивските материјали, архивската едукација со ученици и студенти, странски искуства во архивското работење, историја на секојдневниот живот на македонската заедница во Австралија се дел од

содржините на списанието со 280 страници, кое го прават прифатливо за љубителите на културно-историското минато, учениците од средното образование, студентите по општествено-хуманистички науки и воопшто истражувачите.

4. На 25 јануари 2024 година беше публикувано делото „Грчки документи за историјата на османлиска Македонија (крај на XIX и почеток на XX век)“ од д-р Димитар Љоровски. Овој зборник на документи претставува дополнување на широкиот спектар објавена странска документација преведена на македонски јазик за историјата на Македонија. Читателите преку собраните 121 документ во зборникот ќе имаат можност да се запознаат со сложениот мозаик на општествено-економските, социјално-политичките, религиозно-образовните односи кои во посочениот период постоеле во Османлиската Империја, вклучувајќи ја и османлиска Македонија.

5. На 26 јануари 2024 година се промовираше последното издание „Претседателство на СФРЈ (1980 – 1991) Документи за Македонија, Разговори за распадот на СФРЈ (јануари-март 1991 година)“, со кое всушност, се завршува четиритомната серија „Архив на Јосип Броз Тито“ (1941 – 1991) – документи за Македонија.

6. На 26 јануари 2024 година се промовираше делото „Спомени и материјали за Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ (1941 – 1945), Сеќавања од учесници во Националноослободителната борба и антифашистичка војна на македонскиот народ во Битола и Битолско“, том 1, книга 2, кое претставува продолжение на проектот почнат во 2021 година. Во втората книга се наоѓаат спомените на триесет и шест борци од Битола и Битолско, кои претставуваат архивски материјал депониран во Државниот архив – Одделение Битола. Борците биле припадници на Македонското националнослободително и комунистичко движење од кои најголем дел биле политички затвореници. Нивните спомени се презентирани во оригинална форма од страна на редакторите, кои притоа изготвиле вовед за развојот на антиокупаторската борба во Битола и Битолско.

7. На 4 март 2024 година, во посета на Државниот архив беше г. Брајан Колодијчек, директор на Центарот на мисионерите на милосрдието „Мајка Тереза“ од Сан Диего, САД, кој предводи истражувачки тим за ликот и делото на светицата Мајка Тереза. Во рамките на посетата беше одржан работен состанок со директорот м-р Христа Најданов, раководителот на Сектор, Светлана Успрцова и раководителот на Одделение – Скопје, Татјана Алексовска-Сапунџиоска, на кој стана збор за различни можности за идни соработки и за концепти за натамошни истражувачки активности во Државниот архив.

8. На 18 март 2024 година во Државниот архив беше потпишан Меморандум за соработка меѓу директорот на Државниот архив, м-р Христа Најданов, и директорот на Институтот за национална историја, д-р Митко Панов, со кој заедничката соработка ќе се прошири во иднина.

Меморандумот беше долгогодишна потреба на вработените од двете сродни институции, а склучувањето е во прилог на постигањата на македонската историска наука.

9. Државниот архив, Националната и универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ и Музејот на современа уметност заеднички се вклучија во проектот „Едукација на стручни лица од областа на заштитата на културното наследство во апликација на модерни технологии и техники за заштита на материјали на хартија“ финансиран од Taiex инструментот (Technical assistance instrument exchange instrument) на Европската комисија. За таа цел на 20 март 2024 година беше потпишан Меморандум за соработка во НУБ „Свети Климент Охридски“ од страна на тројцата директори на институциите со кој се предвидуваат низа активности за реализација на проектот, чиј координатор е НУБ „Св. Климент Охридски“.

10. На 6 мај 2024 година во посета на Државниот архив беше амбасадорот на Обединетото Кралство и Северна Ирска, Н.Е. Метју Лосон, при што оствари работен состанок со директорот, м-р Христа Најданов. На состанокот директорот се заблагодари за целосната поддршка која ја дава амбасадата во насока на развој на архивската дејност. Државниот архив пред извесен период прими британска донација во опрема и материјали за Одделението за конзервација и реставрација на архивски материјал, кое беше посетено од амбасадорот и во рамките на посетата му беа презентирани резултати од процесот на работа.

11. Учество на Државниот архив на Саемот на книгата, кој се одржи од 18 до 24 април 2024 г. во „Арена СЦ Борис Трајковски“ претставувајќи ја својата издавачка дејност со околу 40 изданија за историското минато, вклучувајќи монографии и зборници на документи.

12. На 30 мај 2024 година Одделението на Државниот архив – Битола го одбележа седумдесетгодишното постоење, во Офицерскиот дом во градот Битола. На настанот свое обраќање имаше в.д. директорот на Државниот архив, м-р Христа Најданов, германската амбасадорка, Н.Е. Петра Дрекслер, градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, како и раководителот на Одделението, Гоце Стојановски. Воедно на настанот беше промовирана и монографијата насловена „70 години битолски архивски хронотоп“ подготвена од архивски професионалци при што беше промовирана од рецензентот.

13. На 7 јуни 2024 година, директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија, м-р Христа Најданов, заменик-директорот д-р Музафер Бислими и државниот советник за средување и обработка на архивски материјал, д-р Аднан Шериф, присуствуваа на настан по повод 75-годишнината од формирањето на Главната дирекција на Државните архиви на Република Албанија во Тирана.

14. На 19 јуни 2024 година, во седиштето на НАТО во Брисел, се одржа

состанок на Архивскиот комитет на Алијансата, на кој присуствуваше и делегација од Државниот архив. М-р Христа Најданов, директор на Државниот архив, заедно со претставниците од преостанатите земји членки на НАТО, на овој настан имаше можност да дискутира за процедурите за класификација, декласификација и достапност на архивските документи произлезени од активностите на Алијансата. Главниот акцент на оваа сесија на Архивскиот комитет на НАТО беше ставен на заштитата на личните податоци, дигитализацијата и метаподатоците, како и новите технологии и вештачката интелигенција.

15. На 27 јуни 2024 година во Истанбул, во Конгресниот центар на Генералната дирекција на Државните архиви при Претседателството на Република Турција свечено беше отворена изложбата со наслов: „Документи и фотографии за Македонија во османлискиот период“. Оваа изложба е плод на традиционално добрата соработка на Државниот архив на Република Северна Македонија и Генералната дирекција на Државните архиви при Претседателството на Република Турција, а ја отворија м-р Христа Најданов и проф. д-р Угур Унал.

16. На 24 јули 2024 година се објави вториот том од зборникот документи со наслов „Албански документи за историјата на Македонија – Префектура Дебар од 1941 до 1944 година“ од авторот м-р Ирфете Ибраими. Зборникот составен од 164 документи настана како резултат на неколкугодишно научно истражување во Гене¬ра¬лна¬та дирекција на архивите во Република Албанија при што опфатените документи првпат се преведуваат на македонски јазик со вметнати коментари во фусноти, а на крајот се поместени сите факсимили. Избраните документи од горенаведениот период се однесуваат на тетовскиот, гостиварскиот, дебарскиот, кичевскиот и струшкиот крај.

17. На 6 август 2024 година во просториите на Државниот архив, м-р Димитар Богески свечено ја презеде функцијата заменик-директор од проф. д-р Музафер Бислими, кој досега ја извршуваше таа функција. Имено, со Одлука на Владата од седницата одржана на 30 јули 2024 година, м-р Димитар Богески беше именуван за в.д. заменик-директор.

18. На 9 август 2024 година во просториите на Државниот архив, д-р Наташа Котлар-Трајкова свечено ја презеде функцијата директор од м-р Христа Најданов, кој досега ја извршуваше таа функција. На чинот на примопредавањето, двајцата разменија мислења околу актуелните состојби и приоритетите на Државниот архив во иднина. Имено, со Одлука на Владата од седницата одржана на 30 јули 2024 година, д-р Наташа Котлар-Трајкова беше именувана за в.д. директор.

19. На 30 август 2024 година на покана од д-р Јасмина Николиќ, директор на Историскиот архив на Пожаревац и уредник на списанието на Историскиот архив на Пожаревац – „Записи“, м-р Димитар Богески, заменик-директор на Државниот архив на Република Северна Македонија, и Светлана Успрцова, раководител на

Сектор за истражување, меѓународна и домашна соработка и публикување архивски материјал, учествуваа на состанок на Редакцискиот одбор на списанието „Записи“, односно неговиот тринаесетти број, кој се одржа во Пожаревац, на 30 август 2024 година, а подоцна оствариja работна средба со потпретседателката на Меѓународниот центар за архивско истражување (ICARUS), д-р Влатка Лемиќ.

20. Во просториите на Исламската верска заедница на 3 септември 2024 година беше одржан работен состанок на кој присуствуваа претставници од двете институции: директорката на Државниот архив д-р Наташа Котлар, државниот советник м-р Емилија Роп, раководителот на Сектор Светлана Успрцова, како и помладите соработници Назмије Куртиш и Блерта Емини, од страна на ИВЗ реис ул улема Шаќир еф. Фетаху, генералниот секретар Ирсал Јакупи, шеф на кабинет Абдулкерим Исени, директор на Халал Стандард Дритон Дикена и д-р Омер Мумин.

21. На 13 септември 2024 година директорката на Државниот архив, д-р Наташа Котлар-Трајкова оствари работна средба со г. Џонатан Меколом, директор на Family Search International, надлежен за активностите на оваа организација на територијата на Европа и Блискиот Исток. Family Search International е генеалошка организација, со седиште во Солт Лејк Сити, Јута – САД, посветена на собирање, чување и споделување документи од цел свет, кои се однесуваат на семејната историја. На средбата беа разгледани можностите за добивање поддршка за Државниот архив од страна на Family Search, пред сè во процесот на дигитализација на архивските документи поврзани со семејната историја.

22. На 7 октомври 2024 година Директорот на Државниот архив, д-р Наташа Котлар-Трајкова оствари работна средба со претседателот на македонското друштво „Илинден“ од Тирана, Никола Ѓурѓај. На средбата беше разговарано за намерите за потпишување Меморандум кој би опфатил повеќе проекти кои ќе се реализираат во иднина. Двајцата соговорници заклучија дека е потребно да се формира архивски фонд како посебен вид соработка кој би ја опфаќал историјата на македонските организации и дејноста на видни македонски активисти од соседна Албанија.

23. На покана на директорот на Хрватскиот државен архив, д-р Динко Чутура, д-р Наташа Котлар-Трајкова, директор на Државниот архив, на 29 октомври 2024 година, во Загреб, учествуваше на Состанок на директорите на државните архиви-сукцесори на поранешна СФРЈ, во врска со имплементацијата на Анексот Д од Спогодбата за сукцесија, кој се однесува на заедничкото архивско наследство од поранешна СФРЈ.

24. Поаѓајќи од потребата за средби на вработените од Државниот архив со цел размена на ставови и стручни дискусии за унапредување на архивската дејност, новото раководство иницираше одржување на Прво општо советување за архивските работници. Советувањето се одржа на 5 ноември 2024 година, во НУ Музеј на македонската борба за самостојност во присуство на архивисти од централниот дел на ДАРСМ и неговите девет одделенија од другите градови.

25. На 13 ноември 2024 година Државниот архив како ризница на историското наследство во државата и научноистражувачка институција зеде учество во одбележувањето на 80-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Архивски професионалци во соработка со претставници на Институтот за национална историја – Скопје ја подготвија изложбата „АСНОМ – израз на суверената волја на македонскиот народ за остварување на неговото право на самоопределување“.

26. На 25 ноември 2024 година во Марибор на Универзитетот Alma Mater Europaea е отворена 34. конференција – Меѓународни архивски денови 2024 и 18. Меѓународно архивско училиште, што траеше до 30 ноември 2024 година. Организатори на овие настани се Меѓународниот институт за архивистика од Трст и Марибор (International institute for Archival Science of Trieste and Maribor), Универзитетот Alma Mater Europaea и Историскиот архив на Европската Унија, со седиште во Фиренца, Италија, а коспонзор на настанот е Европската Унија.

27. Во интерес на истражувачите на економската и стопанската историја на Република С. Македонија, Државниот архив и Народната банка почнуваат со операционализација на Меморандумот за соработка потпишан во 2023 година. На 29 ноември 2024 година, директорот д-р Наташа Котлар-Трајкова и претставникот на Народната банка, Вилма Трајковска, утврдија динамика на истражување и дигитализирање на архивските материјали кои се однесуваат на банките и банкарските организации од државата.

IN MEMORIAM

М-р Јован Кочанковски

На 23 септември 2024 година, по кратко боледување, на 93-годишна возраст во Битола почина м-р Јован Д. Кочанковски.

Роден е во с. Смилево, Демир Хисар, во 1931 година. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје 1972 г. Во 1992 г. на истиот факултет магистрирал на тема „Битола и Битолско во НОБ 1941 – 1944“. Работел како професор во неколку училишта во Битола од 1953 до 1976 г. Бил директор на ОУ „Тодор Ангелевски“ – Битола. Во периодот 1976 – 1982 бил директор на Историскиот архив во Битола. Од 1982 до своето пензионирање во 1990 година бил секретар на Општинска самоуправна интересна заедница за култура и информирање. Бил надворешен соработник на Просветно-педагошката служба во Битола (1959 – 1961) и еден е од основачите на ДНУ – Битола во април 1960 г., сега МНД. Бил член на Управниот одбор и потпретседател на ДНУ (1976 – 1983) и двапати член на научниот совет на МНД. Соработувал во весникот „Просветен работник“ и списанијата: „Просветно дело“, „Историја“, „Македонски архивист“ и „Архивски преглед“. Коавтор е на учебници по Историја за VII одделение, и тоа 15 изданија на македонски, 9 на албански и 7 на турски јазик; Историска читанка за VII одделение, 8 изданија на македонски, 3 на албански и 2 на турски јазик; учебник по Историја за II клас гимназија: 3 изданија на македонски, 1 на албански и 1 на турски јазик и Историска читанка за II клас гимназија, издадени во периодот од 1961 до 1991 г. Автор и коавтор е на преку 100 библиографски единици од областа на историјата, наставата по историја и архивистиката. Коавтор е на хрониката „Ѓавато“ Битола, 1964 г. и на монографиите: „Илинден и илинденските традиции“ Битола, 1979; „Даме Груев, Скопје, 1982; „Бистрица“, Битола, 1985; „Дихово“, Битола, 1985; „Битолско-

преспанскиот партизански одред Даме Груев (1942 – 1944)“, Битола 1998 г. и др. Автор е на монографиите „Тодор Ангелевски-Строгов“, Битола, 1987; „Битола и Битолско во НОБ и антифашистичка војна (1941– 1945)“ во два тома, Битола, 2007 и др. Посебен интерес во јавноста предизвика неговиот труд Странски дипломатски претставништва во Битола во зборникот „Творештвото на браќата Манаки“, Скопје, 1996 г. како и трудот Македонската историографија за последната средба на Гоце Делчев со Даме Груев и за Даме Груев на Смилевскиот конгрес 1903 г. Со свои прилози учествувал на повеќе научни симпозиуми, тркалезни маси, конгреси и др. Бил член на редакции во списанијата „Историја“ (1979 и 80), „Македонски архивист“ (1982 и 1983), списанието на ДНУ Битола „Прилози“ и други изданија од историски карактер во Битола. Општествена верификација за неговата работа се над триесеттина признанија меѓу кои се: Општинска награда „4 Ноември“ во 1968 и 1999 г.; Спомен-плакета на „Просветно дело“ 1970 г.; Плакета на ДНУ од Битола 1970; Награда „Климент Охридски“ 1976 г. и Орден на трудот со сребрен венец.

Во периодот додека бил директор на Историскиот архив Битола, продолжил трендот на унапредување на архивската дејност. Значајно внимание се посветило на издавачката дејност и на публикувањето на архивскиот материјал. Во негово време се пуштила во употреба новата наменска зграда на Историскиот архив – објект во кој и денес е сместено Одделението Битола.

ИН МЕМОРИЈАМ

Петар Зајковски

Петар Зајковски е роден во Скопје, на 4 август1957 година. Основно, средно и високо образование завршил во Скопје. Средно гимназиско образование завршил во „Георги Димитров“, а високо образование на Институтот за историја при Филозофскиот факултет на УКИМ. Во Архивот се вработил на 1 март 1987 година на определено време како технички соработник (архивски помошник) приправник, во лабораторија за микрофилмување, а на 1 август 1987 година на неопределено време во Одделението за евиденција и заштита на архивска граѓа (депо).

Во текот на својата дејност на полето на архивистиката има постигнато големи резултати. Постапното совладување на стручните дејности, почнувајќи од почетната скала, па сè до најсложените активности, придонесе да стане комплетен и истакнат архивски работник.

Благодарејќи на стручната и практична ангажираност, речиси во сите клучни области (како технички соработник во Одделението за евиденција и заштита на архивски материјал, како технички соработник – оператор во АОП, самостоен стручен соработник во Одделението за истражување, публикување и информации, раководител на Одделение за евиденција и заштита на архивски материјал и како раководител на Секторот за заштита на архивски материјал) архивистичката дејност на Зајковски постигна максимален дострел во наши услови. Тоа овозможи да даде огромен придонес не само во реализирањето на многубројните сложени задачи во архивот, туку и во стручното оспособување и усовршување на помладиот архивски кадар.

Петар Зајковски имаше огромни познавања од областа на архивистиката, имаше големо трпение и несебичност во извршувањето на работните задачи и затоа беше ангажиран на низа сложени и одговорни задачи во Одделението за евиденција и заштита на архивски материјал – депо, како што се редовните и доверливи приеми на архивски материјал од правни и физички лица, во изборот и контролата на архивски материјал пред издавање за користење, во разни акции за евидентирање, лоцирање и заштита на архивскиот материјал, извршување на работите во врска со давање информации и користење архивски материјал од страна на домашни и странски истражувачи за потребите на државните органи и граѓаните, учество во подготовките на архивски изложби, учествува и во разни комисии, како: комисија за утврдување подолги рокови за користење архивски материјал, комисија за откуп и подарок на архивски материјал, комисија за прием на архивски средени и обработени фондови, комисија за селекција и прием на нови вработени во ДАРМ. Ангажиран е и како член на работна група за информатичко општество и медиуми, офицер за заштита на лични податоци и информации од јавен карактер. Учествува во изработката на архивски водичи во ДАРМ. Тековно низ годините држеше предавања на средношколци и студенти од Институтот за историја при Филозофскиот факултет, за историјатот и дејноста на архивот. Беше познат и како колега кој несебично се вложи во давањето на стручна помош на непосредните извршители во одделенијата на архивот.

За работните задачи што ги вршеше Петар Зајковски се бараа високи критериуми заради нивната сложеност, деликатност и одговорност, односно преку неговата дејност корисниците на архивскиот материјал се запознава со значењето и улогата на Архивот, како и тоа дека за вршењето на овие задачи се бараше високо стручно звање.

Ќе остане забележан како еден од најголемите познавачи на целокупниот сочуван фондовски материјал во архивските депоа.

Со огромна почит и незаборав кон неговото дело!

ИН МЕМОРИАМ

Владимир Ѓорѓиевски

Владимир Ѓорѓиевски важеше за бескомпромисно принципиелен правник, секогаш на страната на правдата и законот. Вработените го паметат како вработен кој целосно одговора на описот „строг, но правичен“ секогаш на страната на прописите и законите. Исклучително прекрасна личност, која имаше колегијатен и пријателски однос со сите вработени.

Владимир Ѓорѓиевски е роден на 21 мај 1958 година во Битола, а во Кичево завршува основно и средно образование – гимназија. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје, правосудна насока.

Од 1995 година до 1997 година работел како адвокатски приправник во адвокатска канцеларија.

Во 1998 година го положил правосудниот испит.

Од 1999 година до 2001 година работел на правни работи во Дрвна индустрија „Копачка“ ДЕОО увоз-извоз Кичево.

Од 1.12.2001 до 30.6.2022 година работеше во Државниот архив, и тоа на следните работни позиции:

– Советник во Одделението за инспекциски надзор

– Советник за внатрешна ревизија

– Советник за изработка на нормативно-правни работи во Секторот за општи работи

– Раководител на Секторот за општи и правни работи.

Борец и креатор за голем дел од законските и подзаконските акти, уредби и правилници кои се користат и до ден денес во Државниот архив.

Колегите ќе го паметат како исклучително квалитетен правник, со својата работа оставил свој белег во Државниот архив, одличен човек со кој секој сакал да соработува, бидејќи секоја правна дилема била решавана за рекордно кратко време од негова страна.

Слава му

Издавач / Publisher:
Државен архив на Република Северна Македонија/
The State Archives of the Republic of North Macedonia

За издавачот / For the publicher:
Наташа Котлар-Трајкова / Natasha Kotlar-Trajkova

Лектура / Editor:
Маргарета Карајанова / Margareta Karajanova
Евгенија Стојанова / Evgenija Stojanova

Превод на текстови на англиски јазик /
Translation from Macedonian into English:
Блерта Емини / Blerta Emini
Благоја Бошковски / Blagoja Boshkovski

Ликовно – графичко обликување и компјутерска обработка /
Art, graphic design and computer processing:
Јован Стојановски / Jovan Stojanovski

Печати / Printed by:
Европа 92, Кочани / Evropa 92, Kochani

Формат / Format:
Б 5 / B 5

Тираж / Impresion:
100

архивистика

историја

документи

архивистика
историја
архивистика
документи
историја
историја
документи
документи

ISSN 0350 - 1728